Ванчо Ѓорѓиев

# АНАСТАС ЛОЗАНЧЕВ

*Издавач:*
Филозофски факултет – Скопје

*За издавачот:*
Горан Ајдински

*Уредник:*
Ратко Дуев

*Рецензент:*
д-р Зоран Тодоровски

*Лектура:*
Здравко Ќорвезировски

*Дизајн на корица:*
Кочо Фиданоски

*Компјутерска подготовка:*
Војислав Саракински

*Печати:*
Бомат Графикс – Скопје

*Тираж:*
500

Изданието е објавено со финансиска поддршка на
Министерството за образование и наука на Република Македонија

---

CIP-каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

325.83-05Лозанчев, А.
929Лозанчев, А.

ЃОРЃИЕВ, Ванчо
Анастас Лозанчев / Ванчо Ѓорѓиев. - Скопје : Филозофски факултет, 2014. - 283 стр. ; 21 см

Библиографија: стр. 275-

ISBN 978-608-238-049-0

а) Лозанчев, Анастас (1870-1945)

COBISS.MK-ID 96927754

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

Ванчо Ѓорѓиев

# АНАСТАС ЛОЗАНЧЕВ

Скопје, 2014


А. Лозан
Бившия членъ отъ главния
щабъ на Илинденското възстание
и неговъ организаторъ

# Содржина


7 Уводни редови
19 Битола – родниот град на Лозанчев
31 Потекло и созревање
41 Македонската револуционерна организација
49 Анастас Лозанчев во македонското револуционерно движење 1894–1898 година
87 Анастас Лозанчев во македонското револуционерно движење 1898–1902 година
127 Судбоносното прашање
181 Лозанчев по поразот на Востанието: од Битола до Софија
213 Нови надежи – нови разочарувања
231 Немирен спокој
237 Анастас Лозанчев во Втората светска војна
255 Лебедовата песна на Анастас Лозанчев
259 Индекс
275 Преглед на користени извори и литература

# Уводни редови

„Језуитската формула: целта ги оправдува средствата, е наполно прифатлива од мене (... не без исклучок)“.[1]

(А. Лозанчев до К. Прличев, 1902 г.)

„... Кога ги читам повеќето од тие книги,[2] не ги сфаќам нападите на кои сум изложен, директно, или индиректно, и велам дека по Цончев и Сарафов, кои повеќе или помалку се напаѓани можеби со право и заслужено, јас сум најнапаѓаниот од лагерот на централистите и велам „за право на Бога“, без да сум виновен, ниту за јота. Според мене, три се причините за да бидам така безмилосно напаѓан: 1. зашто имам остар јазик и бидејќи по природа сум отворен и справедлив, тешко на оној, кој ќе потпаднеше под моите стрели, а такви се мнозина; 2. зашто не можев да ја поставам на тепсија „Автономијата на Македонија“; 3. зашто ... останав жив. Било определено да не се поарчам, иако многу често сам си ја барав бељата. Ако бев заминал при другите, тогаш, ако не бев еднаков со најголемите, барем ќе бев непосредно до нив. Јас сум скромен по природа човек и деец, но, не е нескромно ако кажам дека никој не направил повеќе од мене за Битолскиот округ.

Парадокс. Сите се гордееме со ‘Илинден’, но за катастрофата по Илинден е виновен само Лозанчев и никој друг. Јас велам: славен ден е Илинден, иако не успеавме! Кој што сака нека каже, но Илинден не беше зло, што ќе останеше од нашата славна Организација?

Во поправките,[3] извадоците и сл. на ‘Спомените’ и др. има многу острини, дури и за многу видни дејци. Такви ќе следуваат

---

[1] 36 години във ВМРО. Спомени на Кирил Пърличев, съставител и редактор Кирил Пърличев, София 1999, 390.

[2] Се однесува на објавените спомени на македонските револуционери, запишани од Љубомир Милетич, потоа на книгите од Христо Силјанов, како и на разни други материјали во врска со македонското револуционерно движење кои биле објавени до 1936 година.

[3] Станува збор за личните забелешки на Анастас Лозанчев на веќе објавените материјали за македонското револуционерно движење кои се запишани под наслов: „Поправки, извадки, критики и размишления върху спомените

и во моите ‘Спомени’. Би можел поглатко, со поодмерени изрази да го кажам речиси истото, што го кажувам со моите острини ... но, во таков случај, во моето пишување немаше да се препознам дека тоа сум јас“.[4]

(Воведните зборови на Лозанчев кон ‘Спомените’, 1936)

„И до ден денешен, по повеќе од 30 години, сум напаѓан за мојот став за Востание... Ја прифаќам врз мене целата одговорност или колку што може да понесат моите плеќи, и ги прашувам живите коишто и денес ме напаѓаат: Дали Организацијата во својата 40-годишна дејност има пославни дела од Солунските атентати и Илинденското востание... Ако Востанието во 1903 година не успеа, кој може да ме увери дека на пример ќе успееше во 1905, или во 1910 година, или кога било ќе успееше повеќе... Всушност Востанието успеа, ние предизвикавме вмешување на европските држави, но, како и секогаш, не бевме доволно умни и предвидливи да го искористиме ова вмешување... во 40-годишниот живот на нашата Организација испакнаа мнозина, макар и мали Гарибалдовци, но ниеден најмал Мацини... Белки ние живите што останавме од онаа славна епоха, останати живи не по наша вина, како и сите Македонци, ќе бидеме среќни да ги видиме Битола, Охрид, Костур и други како и цела Македонија, слободни“.[5]

(А. Лозанчев, Зошто бев за востание, „Ил. Илинден“, 1937)

„Треба да се знае едно нешто, г-не професор, важно е кој изработил една машина, важно е и кој ја конструирал таа машина, но еднакво важно е и кој ја пуштил таа машина во движење. Мртво железо, мртва материја, би била таа машина, ако не биде пуштена во движење. Јас зедов учество при изработката на плановите на ВМОРО. Јас зедов учество при организирањето на таа Организација. Организирањето на Илинденското востание се должи првенствено на мене, а потоа на кој и да е друг“.[6]

(А. Лозанчев до проф. Г. П. Венев, 1942)

---

на разни воийводи и деийци, както и на други книги и статии, третиращи въпроси на ВМОРО, направени от Анастас Лозанчев, София, 15. XII.1936 г“. (Види: Христофор Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев, член на главния щаб на Илинденското въстание, София 2007, 437-592).

[4] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев ..., 59.

[5] А. Лозанчевъ, Защо бѣхъ за въстание, Ил. Илинденъ, IX/3 (83), София 1937, 8-9.

[6] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 398.

***

Горниве иницијални фрагменти, извлечени од неколку ракописи на Анастас Лозанчев, директно нѐ внесуваат во профилот на личноста, која е предмет на проучување во трудот што следува. Не случајно, на прво место го поместивме исказот на А. Лозанчев од кој се гледа неговата макијавелистичка наклонетост (Целта ги оправдува средствата). Практикувањето на макијавелистичкиот принцип, особено при широко прифатена општествена цел, колку некому може да му донесе индивидуален престиж при задоволувањето на личната амбиција, толку повеќе (порано или подоцна), може да предизвика отворена осуда на неговите постапки. Неоспорно, на Анастас Лозанчев му се случило второто. Токму поради тоа, Лозанчев до крајот на животот бил опседнат од критиките за неговите постапки при донесувањето на одлуката за Востание во 1903 година. Покрај тоа, Лозанчев се чувствува и омаловажен зашто не бил вброен меѓу „големците“ во македонското револуционерно движење.

Засегнат од критиките, Анастас Лозанчев во триесеттите години од XX век започнува да раскажува и да запишува спомени, да пишува критики и статии, да собира материјали. Сето тоа го прави за да ги оправда мотивите за своите постапки во врска со прашањето за Востание, но и да ја докаже исправноста на своите постапки. Притоа ни малку не води сметка при изборот на методите, јазикот и стилот. Напротив, Лозанчев дури е горд на својот остар јазик. Тој честопати неосновано се расфрла со обвиненија, омаловажување и оспорувања на другите, притоа манифестирајќи дури и малограѓански манири. При обидот да се самоамнестира, Лозанчев вешто од одбрана преминува во напад. Користејќи ја временската дистанција, а во меѓувреме и афирмацијата на Илинденското востание, Лозанчев критиките во врска со одлуката за Востание настојува да ги девалвира на начин што речиси сите заслуги за Востанието во Битолскиот округ, започнува да си ги припишува првенствено себеси. Истовремено со право укажува на една парадоксална ситуација: од една страна критики за одлуката за Востание, а од друга величање на Илинденското востание?! Со овој резон А. Лозанчев поставил едно извонредно методолошко прашање, или подобро кажано укажал на една методолошка стапица во која и денес запаѓаат мнозина историчари, поради еднострано гледање на процесите во македонското револуционерно движење.

Како Анастас Лозанчев се најде на обвинителната клупа? Неоспорен е фактот дека А. Лозанчев во својство на претседател на Битолскиот окружен комитет за време на Солунскиот конгрес (јануари 1903 година), бил најголем гласноговорник за Востание во Македонија во 1903 година. Меѓутоа, факт е дека одлуката за Востание е донесена едногласно и е потпишана од сите делегати. Реализацијата на оваа одлука во Битолскиот револуционерен округ е канализирана низ Смилевскиот конгрес (мај 1903), каде што Лозанчев бил само еден од мнозинството делегати кои биле за Востание. Ако го имаме предвид присуството на авторитетниот Даме Груев и славољубивиот Борис Сарафов на конгресот во Смилево, тогаш слободно може да констатираме дека Лозанчев немал шанси да се наметне како фактор со пресудно влијание. Иако А. Лозанчев, заедно со Д. Груев и Б. Сарафов, бил избран за член на Главниот штаб, неговото влијание е второстепено. За тоа доволно зборува фактот што Груев и Сарафов врз основа на овластувањето од Смилевскиот конгрес, како членови на Главниот штаб, сами го утврдиле датумот за почеток на Востанието, па дури потоа го информирале Лозанчев.

По поразот на Востанието, поголемиот дел од војводите на теренот, во согласност со одлуката за демобилизација, заминале за Бугарија. Анастас Лозанчев останал во Битолскиот вилает, каде што се задржал до крајот на летото 1904 година, кога бил принуден да ја напушти земјата и да замине за Бугарија.

Љубомир Милетич – професор на Софискиот универзитет, сфаќајќи ја важноста на историскиот момент и опасноста по животот пред која биле исправени македонските дејци, кон крајот на 1903 година започнал да ги запишува нивните спомени. Прв на столчето пред него се нашол ресенскиот војвода Славејко Арсов. Со текот на времето на столчето пред Љ. Милетич се изредиле мнозина војводи, но и истакнати раководители од македонското револуционерно движење, како Даме Груев, Ѓорче Петров, Борис Сарафов, Иван Гарванов, Јане Сандански и други. При крајот на 1904 година, професорот Милетич го поканил и Анастас Лозанчев да ги раскаже своите спомени. Меѓутоа, Лозанчев премолчено ја игнорирал поканата.[7]

[7] Во врска со тоа Лозанчев пишува: „При една средба со проф. Милетич, кој веќе ги беше запишал 'Спомените' на многу војводи и други дејци, ме покани и мене, да му ги раскажам и јас моите спомени. Јас ниту одреков, но ниту се одзвав на поканата. Бев болен, нервите растроени, не ми беше пријатно да се занимавам со тоа“ (Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев ..., 59).

Запишаните материјали, Љ. Милетич почнал да ги објавува од 1925 година во едицијата „Материјали за историјата на македонското ослободително движење". Во меѓувреме, во Бугарија започнало да се објавуваат разни материјали за македонското револуционерно движење со посебен акцент на Илинденскиот период (Зборникот Илинден, „Илустрација Илинден" и други). Поради актуелноста на темата, спомени од преживеаните дејци почнал да запишува и Бојан Мирчев. Во исто време, некои од преживеаните дејци почнале сами да ги запишуваат своите сеќавања. Во 1933 година, Христо Силјанов го објавува првиот том од своето капитално дело „Ослободителните борби на Македонија". Тоа е прв сериозен и тематски заокружен труд, каде што авторот врз основа на објавената, но и необјавена мемоарска литература и достапната документација, го разработува македонското револуционерно движење заклучно со Илинденското востание. Интересно е тоа што Христо Силјанов, како современик на настаните за кои пишува, и еден од поборниците за Востание, во висок степен ги акцептира ставовите на одделни личности кои имаат критички однос кон постапките на Анастас Лозанчев при донесувањето на одлуката за Востание. Згора на тоа, Силјанов не го вбројува Лозанчев во редот на капиталците од Организацијата.

Во објавените материјали до средината на триесеттите години од XX век, критиките на адреса на Лозанчев генерализирано се сведуваат на следново: Лозанчев заминал на конгрес во Солун каде што бил еден од најгласните за Востание, претходно без да се консултира со војводите и со другите раководители во Битолскиот револуционерен округ; поради тоа бил критикуван на Смилевскиот конгрес, но тој се правдал дека одлуката е донесена од ЦК; и дека помеѓу Лозанчев и претседателот на ЦК – Иван Гарванов постоел претходен договор за Востание.[8] Слични констатации (во негативна конотација) во врска со улогата на Лозанчев при носењето на одлуката за Востание се среќаваат и во мемоарската литература која тогаш сè уште не била објавена, па и во онаа што настанала подоцна.[9]

---

[8] Види: Спомени: С. Арсов, П. Кљашев, Л. Џеров, Г. П. Христов, А. Андреев, Г. Папанчев, Л. Димитров, (стручна редакција: Иван Катарџиев), Скопје, 1997, 82, 96, 97, 237, 242, 300; Ѓорче Петров, Спомени. Кореспонденција (вовед, коментар и редакција: проф. Љубен Лапе), Скопје, 168–169; Христо Силянов, Освободителните борби на Македония, том I, (фототипно издание), София 1983, 199–200, 239,

[9] Види: Революционната борба в Битолския окръг, Спомени от Георги п. Христов, София 1953, 45–48; Тома Николов, Спомени от моето минало, състави-

Изнесените критики длабоко ја засегнале суетата на Лозанчев. Во 1930 година, Бојан Мирчев го наговорил Лозанчев пред него да ги раскаже своите спомени.[10] При објавувањето на спомените, Б. Мирчев во предговорот укажува дека при нивното запишување Лозанчев бил „крајно возбуден" и оти бил свесен за својот остар јазик, поради што инсистирал спомените да бидат објавени само по неговата смрт.[11] Покрај тоа, Б. Мирчев ги предупредува читателите да имаат предвид дека Лозанчев бил една од најкриткуваните личности, поради што е остар на јазик и до „крајна мера субјективен" кон определени дејци, при што особено се нафрла врз Груев, „со кого на секој чекор сака да дели мегдан".[12]

Делумното отворање пред Б. Мирчев, не го ослободило Лозанчев од чувството на обвинет. За тоа било потребно време, но и поволни политички услови. Меѓутоа, времето сѐ уште течело против него. Така, кога во 1933 година, Х. Силјанов го објавил првиот том од „Ослободителните борби на Македонија", Лозанчев не нашол никаква утеха за себе. Веќе во 1934 година, бугарската влада ја забранила ВМРО на Ванчо Михајлов. Се чини, за Лозанчев со тоа настапил поповолен политички момент. Опседнат од „обвиненијата" против него, но растоварен од политичкиот страв од ВМРО–михајловистичка, Лозанчев во 1936 година сам пишува спомени и критики на веќе објавените материјали за македонското револуционерно движење. Спомените што Лозанчев овојпат ги запишал сам, претставуваат проширена и дополнета варијанта на веќе раскажаното пред Бојан Мирчев (некои делови дословно се повторуваат). Со оглед на фактот што спомените се пишувани под силни импресии од објавените критики, тие повеќе прилегаат на пресметка со веќе објавеното, отколку на вистински спомени со нова содржина. При читањето на овие спомени, дури и

---

телство, предговор и белешки: Александър Пелтеков, София 1989, 125; Димитар Мирчев, Спомени, (предговор и редакција д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2010, 105.

[10] Види: Мирчев Боян, Спомени на някои активни дейци на македонското революционно движение (Ан. Лозанчев, Гр. Ст. Попев, М. Хаджимишев), Известия на Института за БАН, София 1956, 482–497); Македония в пламъци. Освободителните борби на българите от Македония в спомени на дейци на Вътрешната македоно-одринска революционна организация, Андон Кьосето, Анастас Лозанчев, Григор Попев, Аргир Манасиев, Христо Пасков, Мите Хаджимишев, Кърсто Лазаров, Екатерина Паница, записал Боян Мирчев, съставителство: Ива Бурилкова, Цочо Билярски, София 2003, 97–110.

[11] Македония в пламъци..., 97.

[12] Исто.

малку упатените во проблематиката ќе забележат дека Лозанчев го практикува стилот: нападот е најдобра одбрана. Оттука, при таква констелација, субјективноста е на прво место.

Покрај спомените, Лозанчев пишува забелешки на веќе објавените материјали за македонското револуционерно движење.[13] Низ напишаното во овие материјали, Лозанчев по секоја цена настојува да исчепка факти за оправдување на своите постапки при донесувањето на одлуката за Востание, а во исто време да ги искритикува и да ги нападне другите.

Свесен за напишаното и за евентуалната контрареакција, Лозанчев во воведните белешки ќе запише неговите книшки да се користат „откако мене ќе ме нема, така што тогаш не ќе можам да протестирам, кој што сака нека прави со нив – нека ги изгладува, нека ги оправа“.[14] Очигледно, Лозанчев бил свесен за конфузијата што може да произлезе од неговите спомени, па затоа жешкиот костен го оставил на совеста на идните истражувачи.

А. Лозанчев спомените ги завршил на 15 декември 1936 година. На 21 декември, копии од нив депонирал во архивот на Илинденската организација, а на 30 декември во Македонскиот научен институт.[15] Двете институции издале соодветни документи за приемот на ракописите. Во документите е нагласено дека во согласност со желбата на Лозанчев, материјалите ќе бидат отворени по неговата смрт.[16]

---

[13] Во тој контекст, Лозанчев ги разгледува спомените на: Славејко Арсов, Пандо Кљашев, Лука Џеров, Георги Поп Христов, Ангел Андреев, Лазар Димитров, Даме Груев, Борис Сарафов, Јане Сандански, Христо Чернопеев, Иван Анастасов Грчето, Петар Јуруков, Никола Пушкаров, Ѓорче Петров, Михаил Герџиков, Христо Татарчев и Алексо Стефанов (сите од едицијата: Материјали за историјата на македонското ослободително движење). Покрај тоа Лозанчев разгледува повеќе материјали од Зборник Илинден објавени во периодот од 1921 до 1929 година. Притоа особено се задржува на статиите „Пред прагот на 1903“ ; „Прелудија на Илинден“ и „Дали беше неодложно Востанието во 1903“ од Христо Поп Коцев. Покрај тоа, А. Лозанчев ги анализира и книгите „Писма и исповед на еден четник“ и „Ослободителните борби на Македонија, т. 1) од Христо Силјанов, потоа на книгата „Илинденското востание и поуките од него за сегашните македонски револуционери“ од Димо Хаџи Димов. (За овие осврти на Лозанчев види: Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 437–592.)

[14] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 59.

[15] Исто, 68.

[16] Исто, 69–70.


МАКЕДОНСКИ
НАУЧЕНЪ ИНСТИТУТЪ

INSTITUT SCIENTIFIQUE
MACÉDONIEN

№ ..........

София, 30. 12. 1936 г.

До Господина
А. Лозанчевъ
тукъ

Въ канцеларията на Македонския
наученъ институтъ се получиха Вашите
спомени – запечатани съ Вашия
печатъ – които, съгласно желанието
Ви, ще се отворятъ следъ Вашата
смъртъ.

Расписка од Македонскиот научен институт
за примени спомени од Анастас Лозанчев

Откако ги депонирал спомените, повлечениот Лозанчев решил да излезе во јавноста. Во март 1937 година, тој првпат јавно се огласил на страниците на „Илустрација Илинден“ со статијата „Зошто бев за Востание“.[17] Овој текст претставува сумарна варијанта на изложеното со спомените во врска со прашањето што му тежело долго време. Низ текстот, Лозанчев настојува да ги објасни околностите и мотивите зошто во 1903 година бил за Востание. Користејќи ги временската дистанца и популарноста на Илинденското востание, Лозанчев дури ги оспорува оцените за неуспешноста на Востанието. Имајќи го предвид вмешувањето на Големите сили преку Мирцштегските реформи, тој истакнува дека Востанието било успешно, но дека раководството на Организацијата не било доволно мудро да го искористи тоа.[18] На крајот, Лозанчев изразува надеж дека можеби тој, како и мнозина Македонци, ќе имаат среќа да ја видат Македонија слободна. Текстот завршува со паролите: Да живее Македонија! Да живее Илинден!

Вистинска еуфорија кај Анастас Лозанчев настапува во Втората светска војна. По брзиот пробив на германската воена ма-

[17] Види: А. Лозанчевъ, Защо бѣхъ за въстание..., 8–9.

[18] Во врска со тоа, Лозанчев пишува: „Всушност Востанието успеа, ние предизвикавме вмешување на европските држави, но како и секогаш не бевме доволно умни и предвидливи да го искористиме ова вмешување ... Овде треба да истакнам дека во 40-годишниот живот на нашата Организација испакнаа мнозина, макар и мали Гарибалдовци, но ниеден најмал Мацини“ (А. Лозанчевъ, Защо бѣхъ за въстание ..., 9).

шинерија на Балканот и уште побрзата капитулација на Кралството Југославија, фашистичка Бугарија, со дозвола на Германија, го окупирала поголемиот дел од територијата на Македонија. За да го зацврстат и прошират своето влијание во окупираните краишта, бугарските власти го искористиле влијанието на македонските емигрантски организации во Бугарија со профашистичка ориентација, особено Илинденската организација, која претходно стекнала предзнак на чувар на илинденското наследство. Во прилог на Бугарија, која настојувала да се претстави како „ослободител" на овој дел од Македонија одело и незадоволството на македонското население против поранешниот српски режим, кој жестоко се пресметувал со сите македонски појави. За популаризирање на „ослободителната" мисија на Бугарија, во функција била ставена и Илинденската организација. Оваа организација во 1942 година, по повод 39-годишнината од Востанието, својот XII редовен конгрес го закажала за 2 август во Битола. На Конгресот како маскота бил поканет и Анастас Лозанчев – единствениот ветеран од Главниот штаб на Илинденското востание. Без сомнение, Лозанчев во тоа видел огромна можност за амнестија од сите критики и триумфално самопромовирање како најзаслужен деец за Илинденското востание.

Генерално, Конгресот минал во знакот на фашистичката идеологија и бугарската „ослободителна" мисија во Македонија. Анастас Лозанчев пред Конгресот настапил со реч за Илинденското востание и за неговото значење.[19] Во својата реч, Лозанчев ја промовирал идејата за подигање „Споменик на Илинденското востание" во Битола. За реализација на идејата, донирал 10 000 лева при локалната власт во Битола, кои требало да послужат како основа за создавање посебен фонд за подигање на Споменикот.[20] Во времето на престојот во родниот крај, Лозанчев учествувал во сите манифестации за одбележување на Илинден. Притоа ги посетил Смилево, Цапари и Охрид.

Непосредно пред Конгресот, но и по неговото одржување, Лозанчев воспоставил комуникација со повеќе поранешни дејци од Илинденскиот период, со намера да ги мобилизира за собирање материјали за историјата на македонското револуционерно движење. Во тоа време Лозанчев, понесен од еуфоријата, без ни-

---

[19] Види: Илинденъ. Какъ се достигна до Илинд. въстание и неговото значение, Ил. Илиндеъ, XV/ 3 (143), София 1943, 1-3.

[20] Исто, 3; Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 394.

малку скромност, ја пласира приказната дека лично тој ја пуштил во движење машината на ВМРО.[21]

По поразот на фашистичките сили и конституирањето на НР Македонија како рамноправна единица во југословенската федерација, Анастас Лозанчев повторно се нашол на крстопат. Во своето претсмртно завештание, тој повторно негодува поради критиките во врска со Илинденското востание, но од друга страна го поздравува создавањето на македонската држава и прогласувањето на Илинден за државен празник,[22] меѓутоа патем упатува забелешки за македонските национални и културни тенденции.

Од изнесеново дотука се чини дека Анастас Лозанчев е најсоодветната личност низ чијшто животопис може да се понудат одговори на повеќе отворени прашања и поинаку да се погледне на повеќе контроверзии од историјата и историографијата на македонската револуционерна борба од крајот на XIX и почетокот на XX век. Иако А. Лозанчев е една од најкритикуваните личности во историографските трудови за Илинденскиот период, досега за него сѐ уште не постои ниту еден монографски труд, па дури ниту една статија.[23]

---

[21] Оваа приказна Лозанчев ја пласира во писмата до Симеон Радев, професорот Венев и Ѓорѓи Поп Христов. Види: Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 395, 398, 407.

[22] Во врска со тоа, во своето претсмртно завештание Лозанчев пишува: „И до ден денешен, по 42 години, се фрлаат укори, особено од дејците на ВМРО одовде Вардар за предвременото подигање на Илинденското востание, како и за неговите безрезултати ... Парадоксална вистина е што напади и укори се испраќаат од сите страни кон Востанието, а пак нека ми каже некој, кој било, кое дело на ВМРО е поголемо од него и дали не е вистина дека сите се гордееме со него ... Јас сум радосен што Македонската држава го прифати 'Илинден' за народен празник. Илинден го заслужува тоа". (Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 379-380).

[23] Значаен придонес за проучувањето на Анастас Лозанчев и на неговите погледи за македонското револуционерно движење претставува објавувањето на неговите кратки спомени што Бојан Мирчев ги запишал во 1930, а ги публикувал во 1956 година. (Види: Мирчев Боян, Спомени на някои активни дейци на македонското революционно движение ..., 482–497). Истиот текст во 2003 година под редакција на И. Бурилкова и Ц. Билјарски е преобјавен во книгата „Македония в пламъци ....", 97-110. Меѓутоа, многу повеќе во тој поглед направил Христофор Цавела. Во книгата од Цавела покрај тоа што се поместени спомените кои Лозанчев ги запишал сам, се објавени и критиките и исправките од Лозанчев на порано објавените спомени и други материјали во врска со македонското револуционерно движење, како и извесен број документи. (Види: Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев ..., 1-781).

За да се испише биографијата на Анастас Лозанчев, треба да се навлезе во суштината на македонското револуционерно движење, особено во Битолскиот вилает. Тоа пак, пред сѐ, значи да се пишува за Илинденското востание, а особено внимателно да се анализираат сите околности при донесувањето на одлуката за Востанието. Последново се налага самото по себе, бидејќи Анастас Лозанчев е најспомнуваната личност (во негативна конотација).

Кој бил Анастас Лозанчев? Каде е неговото место и која е неговата улога во револуционерното движење во Битолскиот револуционерен округ? Дали само една личност (колку и да била авторитарна) можела да го наложи, или, пак, да го одложи Востанието?! Дали по поразот на Востанието само врз една личност треба да легнат сите обвиненија поради наводната предвременост; или дали само една личност (колку и да има заслуги) има право Востанието да си го припишува како свое дело, откако тоа добило масовен историски публицитет и станало дел од колективната свест на народот?! Очигледно, низ Лозанчев се отвораат многу прашања. Повеќето од нив не ги поставуваме поради некаква тенденција, или претензија, туку тие едноставно се наметнуваат од мемоарската литература, документацијата и постојната историографија. Колку ќе одговориме на овие и на другите прашања кои се тесно поврзани со оваа проблематика, толку полесно ќе успееме да се доближиме до историската реалност и да ги прифатиме нештата, такви какви што биле, без оглед колку тоа ни се допаѓа или колку се вклопува во шаблонизираните знаења и толку полесно ќе се ослободиме од воспоставените стереотипи.

# Битола – родниот град на Анастас Лозанчев

Родното место на Анастас Лозанчев – градот Битола е сместен во западниот дел на котлината Пелагонија, во подножјето на планината Пелистер. Градот од Османлиите бил наречен Манастир.

Во 1820 година, за време на реформските процеси за модернизација на Османлиската Империја, Битола станала административно седиште на Румелискиот ејалет.[1] Оттогаш, Битола добила административно и воено стратегиско значење за овој дел од Империјата. Тоа само по себе повлекувало извесен развој на градот. Во шеесеттите години од XIX век во Османлиската Империја започнал процес на нова административно-териоријална реорганизација.[2] Дотогашната поделба на Империјата на ејалети требало да се замени со вилаети, како најкрупни административни единици. Промените предвидувале поголема децентрализација на управната власт, одвојување на воената од граѓанската управа и воспоставување граѓански судови покрај постојните шеријатски. Овој проект бил подготвен врз основа на европското законодавство, особено на францускoто,[3] но во него се отсликуваат османлиските специфичности. Воспоставувањето на вилаетскиот систем се одвивало бавно, со многу експериментирања. Токму поради тоа, базичната мрежа на вилаетскиот систем на територијата на Османлиска Македонија била поставена дури во почетокот на осумдесеттите години од XIX век.

Битолскиот вилает првпат на историската сцена се појавил во 1873/74 година.[4] Меѓутоа, во 1878 година Битолскиот ви-

---

[1] Љубен Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, II дел (трето дополнето и проширено издание), Скопје 1975, 18–20.

[2] Скендер Ризај, Управно-политичке реформе у Македонији (Косовском, Битољском и Солунском вилјаету) 1875–1881, Зборник: Македонија во Источната криза 1875–1881, Скопје 1978, 167; Ahmed Aličić, Uredba o Organizaciji vilajeta 1867, Prilozi za orijentalnu filologiju, XII-XIII/1962–1964, Sarajevo 1965, 219.

[3] A. Aličić, Uredba o Organizaciji vilajeta..., 219.

[4] Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893-1903), второ издание, Скопје 1982, 66.

лает бил укинат.[5] Тогаш териториите од вилаетот кои влегувале во рамките на Битолскиот санџак биле припоени кон Солунскиот вилает, а другите кон Косовскиот. Следната 1879 година, Битолскиот вилает одново бил воспоставен.[6] Оттогаш па до крајот на османлиското владеење, Битола е постојано административно седиште на истоимениот вилает. Во времето на воспоставувањето и опстојувањето на вилаетот, честопати биле вршени промени во смисла на зголемување или намалување на бројот на санџаците, казите и нахиите.[7] Кон крајот на XIX век, Битолскиот вилает во себе опфаќал 5 санџаци: Битолски, Дебарски, Корчански, Елбасански и Серфиџески.[8] Притоа во Битолскиот санџак влегувале казите: Битолска, Прилепска, Леринска, Охридска и Кичевска. Во Дебарскиот санџак влегувале казите: Дебар (Горни Дебар), Долни Дебар, Мат, Река (Горна и Долна Река) и Малесија. Во Корчанскиот санџак влегувале казите: Корча, Костур, Колоња и Старова. Елбасанскиот санџак имал три кази: Елбасан, Грамош и Пеќин, додека во санџакот Серфиџе влегувале следниве кази: Серфиџе, Кожани, Кајлари, Гребена, Еласона и Населица.[9]

Според некои информации, Битолскиот вилает зафаќал површина од околу 32 000 квадратни километри, на кои живееле околу 800 000 – 900 000 жители.[10]

Највисок претставник на власта во Вилаетот бил валијата, кој бил назначен од султанот. Тој управувал со граѓанските, финансиските, политичките и полициските работи во Вилаетот. Валијата бил должен да ги спроведува одлуките на централната власт и во согласност со овластувањата да управува со вилаетот.[11] Иако во валијата навидум била концентрирана сета цивилна власт, фактички таа била ограничена од централната власт.[12] Практикувањето на власта во Вилаетот се спроведувало преку широк бирократски апарат,[13] кој најчесто бил неефикасен и корумпиран.

---

[5] Исто, 68.

[6] Исто.

[7] Исто, 66–70; 82–86.

[8] Исто, 82.

[9] Исто, 83–85.

[10] Исто, 81.

[11] A. Aličić, Uredba o Organizaciji vilajeta..., 222.

[12] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 74.

[13] Исто, 70–75.

Покрај административен, Битола била и воен центар. Во 1843 година Битола станала седиште на III армиски корпус. Со текот на времето, поради постојаното комплицирање на воено-политичките услови на Балканот, бројот на воените сили во Битолскиот вилает постојано се зголемувал.[14]



Панорама на Битола

За побрза комуникација со главните центри во Империјата, но и со надворешниот свет, Битола релативно рано била поврзана со нив преку телеграфски линии. Така, во 1885 година функционирале четири телеграфски линии: 1) Битола–Воден–Солун и натаму кон Истанбул; 2) Битола–Охрид–Елбасан–Тирана–Скадар–Улцињ и натаму кон Австрија; 3. Битола–Валона–Италија–Франција и Англија; и 4) Битола–Прилеп–Велес–Скопје и натаму кон Косово, Србија и Босна. Покрај тоа, низ Битола минувала магистралната телеграфска линија која ја поврзувала Англија со Индија.[15]

Во 1894 година била пуштена во промет железничката линија помеѓу Битола и Солун.[16] Со тоа бил олеснет и забрзан транспортот на стоки и луѓе помеѓу Солунското пристаниште и Битола. Покрај економското, железничката линија имала и воено-стратегиско значење, бидејќи овозможувала побрзо префрлање на значајни воени ефективи во овој дел од Империјата.

[14] Исто, 77–80.

[15] Исто, 76.

[16] Историја на железниците во Македонија, Скопје 1973, 68.

Поради административна, економска и военo-стратегиска важност на Битола, почнувајќи од втората половина на XIX век, во градот биле отворени повеќе конзуларни претставништва на Големите сили и на соседните балкански држави.[17]

Паралелно со нараснувањето на значењето на градот, се зголемувал и бројот на жителите. Битола била особено привлечна за жителите од околните села, но и за оние од соседните градови. Вилаетскиот центар не само што давал можност за економски просперитет, туку истовремено нудел и поголема лична безбедност и заштита. Поради отсуството на официјална статистика заснована врз стандардизирана методологија, податоците за бројот на населението во Битола се различни. Постојните податоци особено се нереални, контрадикторни и тенденциозни во поглед на етничкиот карактер на населението. Оттука, тие не треба да сметаат за меродавни. Преку нив единствено може да се следи прирастот на населението, политичките тенденции и интересите на разните составувачи на статистиките и секако флуктуацијата на населението од една во друга конфесионална заедница.

Според австроунгарскиот конзул П. Окули, во 1872 година Битола имала 29 900 жители,[18] од кои речиси половината зборувале словенски јазик, а останатите биле Турци, Албанци, Власи, Цигани и други. Според една статистика од бугарско потекло, во 1873 година во Битола живееле 6 000 муслимани, 17 000 Бугари, 2 800 Власи, 1 000 Албанци и 2 500 Евреи.[19] Наспроти тоа, Александар Синве, кој главно се потпира на грчки извори, во 1878 година пишува дека во Битола живееле 23 400 Грци.[20] Според бугарскиот етнограф и статистичар Васил К’нчов, кој се повикува на османлиските нуфу книги од 1889 година, кон крајот на XIX век во Битола живеле 31 257 жители.[21] Според К’нчов во османлиски-

---

[17] Јован Кочанковски, Странски дипломатски претставништва во Битола, Зборник: Творештвото на браќата Манаки, Скопје 1996, 174–184, Душан Хр. Константивнов, Битола 1903, Битола 1983, 22–24.

[18] Македония през погледа на австрийски консули 1851–1877/78, том III, София 2001, 29; Mazedonien in der Wahrnehmung Österreichischer Konsuln 1851-1877/78, Herausgegeben von V. Paskaleva, Band III, Sofia 2001, 29.

[19] Македония и Одринско. Статистика на населението от 1873 г. София 1995, 106–107.

[20] A Synvet, Les Greks de l’ Empire ottoman: Etude statistique et ethnogphique, Constantinopole, 1878, 57.

[21] Васил Кънчов, Избрани проиведения, т. 1, София 1970, 375. Меѓутоа, на друго место, В. К’нчов пишува дека Битола има 37 000 жители. Притоа, од нив 10 000 биле христијани (Бугари), 10 500 Турци, 1 500 Арнаути (муслимани),

те книги биле точни само нуфузите за Евреите, кои броеле 5 084 души. Од другото население, околу 8 500–9 000 биле муслимани, а 17 000–17 500 христијани.[22] Притоа муслиманското население го сочинувале Турци и Арнаути, без да може точно да се утврди бројот на едните или на другите. Христијанското население го сочинувале Бугари, Власи, Арнаути и Цигани. Од нив, околу 9 500 биле Бугари, 6 500 – Власи, а другите Арнаути и Цигани. Покрај тоа, според К'нчов во Битола имало 15–20 фамилии Грци и 4–5 семејства Ерменци и околу триесетина странски поданици од разни народности. Христијанското население било групирано во три општини: бугарска, грчка и влашка.[23]

Според Димитар Мишев – секретар на Бугарската егзархија – во 1905 година христијанската заедница во Битола во конфесионален поглед ја сочинувале 8 844 Бугари–егзархисти, 6300 Бугари–патријаршисти (гркомани), 72 Бугари–патријаршисти (србомани), 36 Бугари–протестанти, 100 Грци, 7 200 Власи, 120 Албанци и 120 Цигани.[24]

Според Бернард Лори, во почетокот на XX век Битола броела околу 40–45 000 жители и се вбројувала меѓу поголемите османлиски градови на Балканот.[25] Според истиот автор, населението било многу разнообразно како во религиозен (муслимани, христијани и евреи) така и во јазичен поглед (словенојазични, гркојазични, туркојазични, албанојазични, влахојазични, јудеошпански и ромски).[26] Притоа ниту една група (јазична или религиозна) не можела да претендира на доминантно мнозинство; следствено на тоа, Б. Лори заклучува дека Битола е место на „исклучително богато и сложено меѓусебно сожителство".[27]

Информациите за бројноста на населението го наметнуваат и прашањето за неговиот состав. Само бегол поглед врз постој-

7 000 Власи, 5 500 Евреи, 2 000 Цигани, и 500 разни други. (Васил Кънчов, Избрани произведения, т. 2, София 1970, 536). Ваквите контрадикторности како во поглед на бројот на вкупното населние, така и поглед на етничката и конфесионалната припадност, јасно укажуваат колку може да им се верува на статистичките податоци од тоа време.

[22] В. Кънчов, Избрани произведения..., т. 1, 57.

[23] Исто.

[24] D.M.Brancoff, La Macédoine et sa Population Chrétienne, Paris 1905, 166–167.

[25] Бернар Лори, Архаичност и модерност на формите на насилие в Македония по времето около Илинденското въстание (1903). 100 години от Илинденско–преображенското въстание (1903 г.), Сборник доклади от международната научна конференция, София 26–27 септември 2003, София 2003, 156.

[26] Исто.

[27] Исто.

ните статистики, создава впечаток на една неверојатно измешана средина од верски, етнички и јазичен аспект. Таквата измешаност директно влијае врз општествените, политичките и културните тенденции во градот и неговата околина. Се чини дека Битола поради својата местоположба и разнообразност на населението е најтипично место каде може да се согледаат сите аспекти на политичките и културните влијанија и тенденции во тогашна Македонија. Тоа е последица на пропагандниот натпревар кој бил инспириран, стимулиран и раководен однадвор, а одвнатре овозможен преку османлискиот милет систем.

Османлиска Македонија била земја каде што директно се преплетувале и се судирале интересите и територијалните претензии на балканските земји Грција, Бугарија и Србија. Спомнативе земји, повикувајќи се на некакви „историски права“ за оправдување на своите претензии и мобилизирање на повеќе внатрешни „национални“ сојузници, развиле силни пропагандни активности. Целна група на која претендирале трите држави било православното христијанско население, кое во основа не било ниту грчко, ниту бугарско, ниту српско, иако соодветните држави преку своите пропагандни институции настојувале да го докажат токму тоа. Покрај нив, на пропагандното поле за „своја народност“ во Македонија заиграла и Романија. Оваа земја поради својата местоположба, иако немала директни територијални претензии кон Македонија, играјќи на картата на Власите, всушност вршела притисок врз Бугарија за територијална компензација во Добруџа. Со оглед на бројноста на влашкиот елемент во Битола, овој град била идеално место за тоа.

Спомнативе пропаганди дејствувале преку црквите, училиштата и други хуманитарни институции. Тие финансиски помагале при градба и обнова на цркви и училишта, обезбедување црковна и училишна литература, финансиска издршка на училишта и учители, финансирање на интернати за ученици, доделување стипендии за школување во земјата и странство, отворање болници и финансирање лекари и слично. Така, елементарните верски, просветни и други потреби на македонското христијанско население биле користени за наметнување национална свест според потребите на спонзорите. Во оваа пропагандна трка по „македонските души“ бил ангажиран огромен финансиски и интелектуален потенцијал од соодветните земји. Истовремено со разни субвенции бил мобилизиран значаен дел од локалните првенци и интелектуалната елита. Успехот на секоја пропаганда

зависел од влогот, понудата и неофицијалната поддршка од официјалните власти.

Пропагандниот натпревар во Македонија прераснал во бескомпромисна војна за секое село, за секоја црква и училиште, за секоја христијанска душа, сеедно жива или мртва. Притоа честопати се случувало определени лица повеќепати да ги променат покровителите, а во едно исто семејство да се најдат тројца браќа од три различни „националности". Со таквите апсурдни ситуации се соочиле повеќемина надворешни (независни) посетители на Битолскиот крај. Така, англискиот филантроп Хенри Ноел Брејлсфорд, кој по Илинденското востание го посетил Битолскиот вилает, меѓу другото, пишува: „Не е ретко да се најдат татковци кои самите официјално се Грци, но (тие, б.н.) се подеднакво горди што на свет носат 'грчки', 'српски', 'бугарски' или 'романски' деца".[28]

Уште покарактеристичен пример за „националното тројство" во Битола во едно исто семејство дава американскиот авантурист, новинар, публицист и воен разузнавач Фредерик Мур, кој во бурната 1903 година ја посетил Битола. Примерот што го наведува Мур тече вака: „Во една друга пригода нè посети еден попросветлен Македонец. И тој беше Бугарин, или барем така рече. Ни кажа дека има и двајца браќа, од кои едниот беше Србин, а другиот Грк. Тука првпат го забележав оној чуден феномен кој преовладува во многу места во Македонија. Бев збунет и запрашав како е можно такво нешто. Македонецот се насмеа и рече дека произлегува од истакнато семејство, а заради влијанието што со себе го носи конвертирањето, Србите му дале неколку лири на еден од браќата за да стане Србин, а Грците наддале повеќе од сите останати цркви за постариот брат".[29]

Кога станува збор за мотивите и леснотијата при преминувањето од една во друга „националност", мошне сликовито зборува примерот што го регистрирал Х. Брејлсфорд на пазарот во Битола при разговорот со еден имотен селанец кој добро зборувал грчки, иако било очигледно дека тоа не бил негов мајчин јазик. На прашањето од Брејлсфорд дали неговото село е „грчко" или „бугарско", селанецот одговорил: „Па сега е бугарско, но пред четири години беше грчко." Изненаден од тоа, Брејлсфорд дополнително прашал „Како се случи тоа чудо?" – Селанецот одго-

---

[28] Хенри Ноел Брејлсфорд, Македонија. Нејзините народи и нејзината иднина (превод од ангиски: Љубица Јанешлиева и Виолета Христовска), Скоје 2003, 162.

[29] Frederick Moore, The Balkan trail, London 1906, 147.

ворил: „Па сите ние сме сиромашни луѓе, но сакаме да си имаме наше сопствено училиште и поп кој ќе се грижи за нас како што треба. Порано имавме грчки учител. Му плаќавме 5 фунти годишно и му дававме храна, додека грчкиот конзул му плаќаше уште 5 фунти, но немавме наш сопствен поп. Делевме еден со уште неколку други села, но тој беше многу неточен и неодговорен. Појдовме кај грчкиот владика да му се пожалиме, но тој одби да стори нешто за нас. Бугарите слушнаа за ова, дојдоа и ни дадоа предлог. Рекоа дека ќе ни дадат поп кој ќе живее во селото и учител на кој ништо не треба да му плаќаме. Па, господине, нашето село е сиромашно, и така, се разбира ние станавме Бугари".[30]

Во контекст на таквата „национална флуктуација" која немала никакво суштинско значење и чувство за национална припадност, Брејлфорд ја наведува и досетката на еден француски конзул во Македонија, кој на шега му рекол дека со фонд од милион франци би се „нафатил да ја направи француска цела Македонија", притоа проповедајќи дека Македонците се потомци на француските крстоносци кои во дванаесеттиот век го освоиле Солун, а другото ќе го сторат франците.[31] Овој пример веројатно не е плод на досетката на конзулатот, ниту пак на некаква иронична имагинација на Брејлсфорд. Напротив, тоа е сурова реалност, која е резултат на потребите на македонскиот човек во неговите очајни надежи за подобар живот. Оттука не само како Французи, туку Македонците биле подготвени да се изјаснат и како Американци за трошка човекови добра. Така Ф. Мур изнесува уште една интересна приказна кога еден божем Бугарин посакал да стане Американец. Приказната тече вака: „Во мисијата (протестантска, б.н.), постојано доаѓаа посетители, а понекогаш тоа беа многу чудни луѓе. Едно утро пред вратата на мисијата се појави еден запуштен локален жител заедно со својата потиштена жена и две мизерни деца. Стоеја во редица и покорно поздравуваа со прекрстени раце врз своите празни стомаци. Излеговме за да ги распрашаме што е работата и ја слушнавме следнава приказна, што не е невообичаена. Човекот, за несреќа, бил Бугарин и поради тоа злодело бил фрлен в затвор во времето на општото апсење на неговиот народ. Во времето на издржувањето на казната, дуќанот му бил ограбен од башибозуците и сега немалое ни каде да живее, ниту пак некој му давал работа. Оние што вработуваа Бугари беа

[30] Х. Н. Брејлсфорд, Македонија. Нејзините народи и нејзината иднина..., 162-163.

[31] Исто, 63.

осомничени за симпатии кон востаниците. Овој Бугарин се пријави во мисијата за да види колку пари ќе добие, ако тој и неговото семејство станат Американци. Мисионерите му објаснија дека протестантската црква не дава мито и други световни награди за конвертитите, како што тоа го прават грчката, бугарската, српската и романската црква и му кажаа дека тој нема да стане Американец, дури и ако реши да се приклучи кон протестантската црква. Мисионерите сепак му дадоа на човекот неколку меџидии. Но, тие му објаснија дека тоа е само подарок, а не мито со што и го натераа да ја напушти протестантската црква“.[32]

Според милет системот, населението во Османлиската Империја првобитно (до појавата на балканските државни национализми) се идентификувало според верската припадност на муслимани и христијани. Таквата глобална идентификација заснована исклучиво врз верска основа наспроти другиот во некои позафрлени делови на Македонија, кои не биле зафатени од пропагандните институции, опстојувала дури и во почетокот на XX век.[33]

Според милет системот, православното население што било под јурисдикција на Цариградската патријаршија било евидентирано и сметано за „Рум милет“, без разлика на неговата етничка или јазична припадност. Со оглед на фактот што Цариградската патријаршија била под грчко културно влијание, по појавата на грчкиот национализам, терминот „Рум милет“ станал синоним за „Грк“ без разлика на етничката припадност. По создавањето на Бугарската егзархија (1870 г.), населението што поминало под нејзино духовно покровителство, било евидентирано и третирано како „Булгар милет“. Овој термин под влијание на

---

[32] F. Moore, The Balkan trail..., 146–147.

[33] Така, на пример, Х. Н. Брејлсфорд е еден од малкутемина странски посетители на Македонија кој сфатил дека пресудна улога врз „националното“ определување на населението имале црковно-просветните институции. За да ја провери својата теза дека „националното“ изјаснување во Македонија не се должи на некаква традиционална свест, Брејлсфорд собрал неколку момчиња од едно зафрлено планинско село во Охридско, каде што немало ниту свештеник, ниту учител и каде што никој не знаел да чита. Притоа ги однел момчињата пред Самуиловата тврдина во Охрид и ги прашал: „Кој го изградил оваа место?“ – Одговорот бил „Слободните луѓе“. По ова Брејлсфорд прашал: „А кои биле тие?“ на што уследил одговор „Нашите дедовци“. По овој одговор Брејлсфорд дополнително прашал: „Да, но биле ли тие Срби или Бугари или Грци или Турци?“ – Одговорот бил: „Тие не биле Турци, туку биле христијани“. (Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 159-160).

бугарскиот национализам и интензивната вестернизација на милет системот бил изедначен со терминот „Бугарин", кој не претставува етноним, туку синоним за означување на сите припадници кон Бугарската егзархија, независно од нивната етничка припадност.[34]

Поради словенскиот јазик кој се практикувал во црковно-просветните институции на Бугарската егзархија, поголемиот дел од македонското православно население почнало да пристапува кон Егзархијата, напуштајќи ја Цариградската патријаршија, каде што се практикувал грчкиот јазик. Оттука двете православни цркви се нашле во меѓусебен конфликт за исти верници. Од друга страна, бидејќи Србите немале своја црковна институција во Османлиската Империја, не можеле да претендираат на официјален милет. Поради тоа по појавата на Егзархијата, а особено по создавањето на Кнежеството Бугарија, Србите биле принудени да бараат концесии од Цариградската патријаршија за српската пропаганда во Македонија, наспроти бугарската. Романската пропаганда, пак, која претендирала на влашкото население во Македонија, дошла во судир со грчката пропаганда. Оттука била иницирана повремена соработка помеѓу романската и бугарската пропаганда наспроти грчката. На тој начин, Османлиска Македонија била претворена во вистинска арена каде што се судирале националистичките пропаганди на повеќе балкански земји. Османлиските власти, играјќи на картата раздели и владеј, свесно го поттикнувале пропагандното ривалство, притоа како по правило секогаш поткрепувајќи ја послабата страна, за сметка на посилната.

Битола била место каде што до полн израз доаѓале сите внатрешни противречности во Османлиска Македонија. Генерално, од едната страна биле муслиманите, кои независно од своето етничко и социјално потекло се идентификувале со државата и се јавувале како нејзини бранители. Муслиманите за главен дестабилизирачки фактор и носител на сите несреќи во Империјата ги сметале христијаните. На другата страна било православното христијанско население, кое поради надворешните пропагандни влијанија, не било хомогенизирано околу една идеологија. Христијаните кои биле поделени во повеќе конфесионални заедници, од една страна се стремеле за ослободување од османлиската власт, но во исто време за свои ривали (дури и за поголеми непријатели од Османлиите) ги сметале припадниците на другата (противста-

[34] Ванчо Ѓорѓиев, ВМРО 1893–1903. Поглед низ документи, Скопје 2013, 19.

вена) православна заедница. Од оваа констелација настрана останале Евреите кои единствено се раководеле од своите економски интереси, без да пројавуваат политички тенденции.

Во Битола најголемо ривалство се чувствувало помеѓу приврзаниците на Патријаршијата и Егзархијата. Патријаршиската (грчка) заедница кон крајот на XIX век се потпирала на малкумина Грци кои ги претставувале духовната и просветната елита. Во основа, мнозинството патријаршиски приврзаници биле Власи и еден дел од македонското словенско население кое останало лојално на Патријаршијата. Наспроти тоа, Егзархиската (бугарска) заедница ја сочинувало македонското словенско население, кое првенствено поради јазикот ја отфрлило јурисдикцијата на Цариградската патријаршија. Интересен е фактот дека во тоа време сред влашкото население во Битола се засилила романската пропаганда, па така значаен дел од Власите започнале да ја отфрлаат јурисдикцијата на Цариградската патријаршија и да формираат одделни општини со тенденција да стекнат статус на милет. Српската пропаганда, иако во овој дел од Македонија во споредба со другите била релативно слаба, под закрила на Патријаршијата започнала да создава јадра кои подоцна станале основа за т.н. српска партија.

Во таков амбиент, кон крајот на XIX век, Македонската револуционерна организација била единствениот фактор кој преку идејата за „Автономија на Македонија“ и девизата „Македонија на Македонците“ настојувала да ги мобилизира сите незадоволни елементи од името на слободата.

# Потекло и созревање

Анастас Лозанчев е роден на 8 април 1870 година во семејството на Диме и Анча (Анна) Лозанчеви во Битола.[1] Анастас е првородениот син во семејството. По него, Диме и Анча добиле уште 5 синови,[2] меѓутоа, три од децата умреле релативно мали, така што останале Анастас, Кирил и Христо.[3]

Диме Лозанчев – татко му на Анастас, поседувал голема куќа во Јени (Ново) маало покрај реката Драгор. Куќата на Лозанчев била двокатна со застаклен балкон и голем двор со овошни дрвја.[4] Диме Лозанчев бил имотен човек, кој добро се снаоѓал во повеќе дејности. Тој се занимавал со крчмарство, трговија, земјоделство, изнајмувал ниви и градини на исполица на безимотните, тргувал со градинарски семиња, една година дури извезувал пијавици за Марсеј, произведувал свилени кожурци и друго. Поради својата трговија, Диме Лозанчев често патувал за Истанбул и за Белград.[5] Активно учествувал во црковно-училишните работи во Битола, а делумно бил инволвиран и во Демирхисарскиот заговор.[6] Во неговата куќа во почетокот на 1881 година привремено засолниште нашле Диме Чакре и неговиот брат Михајле.[7] Анастас како дете, честопати од својот татко слушал за подвизите на браќата Чакреви против одделни Турци-насилници. Истата година во куќата на Диме Лозанчев се криел и Николица војвода. Подоцна, кога Николица бил фатен, пред власта признал за врските со Диме Лозанчев. Поради тоа власта извршила претрес во куќата на Диме во потрага по компромитирачки материјали. Сето тоа се случувало пред очите на 11-годишниот Анастас и неговите помали браќа. Откако не било пронајдено ништо компромитирачко, Диме Лозанчев го собрал целото семејство (децата, сопругата, трите сестри и неговата мајка) и кон кајмакамот се обратил

---

[1] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 60.

[2] Исто, 62.

[3] Исто, 74, белешка 8.

[4] Исто, 73, белешка 3.

[5] Исто, 60.

[6] Повеќе за тоа види: Историја на македонскиот народ, книга втора, Скопје 1969, 103–106; Историја на македонскиот народ, т.3, Скопје 2003, 131–134.

[7] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 60.

со следниве зборови: „Кајмакам ефенди, сите овде се мое семејство и само од мене го очекуваат своето преживување. Ве молам, ако сум виновен, веднаш да бидам казнет, а доколку не сум виновен, веднаш да бидам ослободен".[8] Во отсуство на какви било докази, Диме Лозанчев се извлекол без консеквенци.

Независно од претресот во врска со случајот Николица, Диме Лозанчев не престанал во својата куќа да прибира луѓе кои дејствувале како опоненти на власта. Така, во 1882 година, во куќата на Лозанчеви околу 2-3 месеци престојувал Димитар Штерјов од Русе, кој под форма на собирање материјали како некаков дописник, всушност од името на македонските комитети од Бугарија вршел револуционерна проповед. Од него малиот Анастас научил да игра карти.[9]

Со оглед на фактот што Диме Лозанчев се занимавал со повеќе дејности, младиот Анастас имал можност да согледа дека претприемчивоста е клуч за успех во животот и за остварување на зацртаните цели. Покрај тоа, Анастас уште како дете во својата куќа имал можност да се сретне со повеќемина бунтовници кои отворено ѝ пркоселе на османлиската власт за да го согледа значењето на конспиративноста. Влијанието од претприемчивиот татко и средбите со бунтовниците нашле директен одраз врз подоцнежните определби и начин на дејствување на Анастас, како на приватен, така и на револуционерен план.

По завршувањето на основното образование во Битола, Анастас Лозанчев во учебната 1883/84 година се запишал во Солунската егзархиска гимназија „Св. Кирил и Методиј".[10] Оваа гимназија речиси од основањето (1881 г.) постојано била центар на „револуционерни пулсации".[11] Со текот на времето таа прераснала во вистински расадник на револуционерни идеи, кои особено дошле до израз по појавата на македонското револуционерно движење.[12] Низ ученичките клупи на оваа просветна институција поминале повеќето македонски револуционери. Меѓу нив се вбројуваат: Ѓорче Петров, Пере Тошев, Даме Груев, Петар Поп Арсов, Гоце Делчев, Борис Сарафов и многу други.[13]

---

[8] Исто, 62.

[9] Исто.

[10] Исто, 81.

[11] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 117.

[12] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната република. Дамјан Груев и македонското револуционерно движење, Скопје 2010, 23.

[13] Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт. Македонското револуционерно движење во Солунскиот вилает (1893–1903), Скопје 2003, 110.

Всушност, бранувањата во гимназијата започнале во 1882/83 година, кога нејзин директор бил Божин Рајнов, а претседател на училишниот совет бил Трајко Китанчев. Двајцата, поради своите либерални погледи во однос на училишното дело, следната година биле отстранети од гимназијата.[14] За нов директор бил назначен Георги Кандиларов,[15] кој бил вистински послушник на Егзархијата. Неговиот режим предизвикал незадоволство и ученички бунтови. Тогаш Ѓорче Петров како ученик, покрај тоа што пишувал дописки против директорот, се зафатил и со подготовка на една брошура против Гимназијата. Дел од овие материјали паднале во рацете на директорот.[16] Поради тоа, а и поради општата бунтовна атмосфера, во почетокот на 1885 година од гимназијата биле исклучени четиринаесет ученици, меѓу кои Ѓорче Петров и Пере Тошев.[17]

Во таков амбиент во Солунската егзархиска гимназија се нашол Анастас Лозанчев. Негови соученици биле: Христо Матов, Иван Николов (подоцна ѓакон Јосиф), Христо Поп Коцев, Тодор Лазаров, Александар Чакаров, Петко Сарафов (брат на Борис Сарафов) и други.[18] Анастас Лозанчев во своите спомени не зборува ништо за ученичките бранувања. Веројатно како новодојден во Гимназијата тој немал контакти со постарите ученици, или пак стоел настрана од таквите настани. Од спомените на Лозанчев дознаваме дека за време на престојот во Солун читал литература со револуционерна содржина.[19] Во спомените што ги раскажал пред Б. Мирчев, Лозанчев вели дека во Солун завршил петти клас, по што се вратил во Битола.[20] Меѓутоа, во спомените што ги запишал сам, пишува дека во Солун престојувал во учебните 1883/84 и 1884/85 година.[21] Притоа додава дека следел петти клас, но Гимназијата не ја завршил, бидејќи за време на испитите се

[14] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 23.

[15] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 117.

[16] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 40.

[17] Славко Димевски, Просветната политика на Егзархијата и училишните бунтови во Македонија, Скопје 1960, 22–24; Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 40.

[18] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 81. Во спомените што ги раскажал пред Б. Мирчев, Анастас Лозанчев од своите соученици ги наведува само имињата на Христо Матов, Јосиф Ѓакончето и Алексадар Чакаров. Види: Македония в пламъци. Спомени на Анастас Лозанчев..., 98.

[19] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 81.

[20] Македония в пламъци. Спомени на Анастас Лозанчев..., 98.

[21] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 81.

разболел и ја напуштил. Поради таквата контрадикторност во Спомените, при недостиг на релевантна документација, не може да утврдиме дали Анастас Лозанчев во Солунската гимназија престојувал една или две учебни години и дали ги дал класните испити за петти клас.

По враќањето во Битола, петнаесетгодишниот Анастас Лозанчев, како највозрасен син во семејството, во согласност со традицијата, бил должен да му помага на татко си околу семејното стопанство. И покрај тоа, Анастас наоѓал време за самообразование. Поради интересот кон знаењето читал разни книги, па дури без никакви стручни помагала почнал да го изучува францускиот јазик преку паралелно користење на две библии, од кои едната на француски, а другата на бугарски јазик.[22]




Рекламна табла на фото-ателјето на Анастас Лозанчев

Поттикнат од претприемчивиот дух во семејството, Лозанчев во 1887 година заминал за Софија. Таму го изучувал фотографскиот занает во ателјето на продворскиот фотограф Иван Карастојанов.[23] Изборот да се изучува фотографскиот занает, а подоцна и професионално да се занимава со оваа ретка професија во тогашна Османлиска Македонија, укажува на чувството за претприемништво. Лозанчев во Спомените истакнува дека престојот во Софија го прекинал од здравствени причини. Во Софија, не само што се запознал со тајните на фотографскиот занает, туку имал можност да ги согледа сите аспекти на животот во една штотуку ослободена држава.

Во 1889 година Анастас Лозанчев тргнал за Виена, а патем поминал во Белград, каде што купил фотографски апарат.[24] По

[22] Исто, 81.

[23] Исто. Види и белешка 25 на стр. 112.

[24] Исто. Фотоапаратот што го купил Анастас Лозанчев бил од марката „Цајс – 1824“. Инспириран од фотографиите на Анастас Лозанчев што ги правел со овој фотоапарат, Христо Ламбров Руков од с. Косинец – Костурско, во 1906 година таков фотоапарат купил во Софија за 360 златни лева (Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 112, белешка, 28).

враќањето во Битола, Анастас Лозанчев отворил сопствено фотографско ателје. Занаетот, чаршијата и семејниот статус на Анастас не само што му овозможиле да се запознае со еснафскиот живот во Битола, туку и да воспостави контакти со луѓе од разновиден социјален и општествен статус.

По двегодишна работа, Анастас се разболел и, како што вели во Спомените, по совет од лекар, престанал да се занимава со фотографскиот занает.[25] Доследниот читател ќе забележи дека ова е третпат во кариерата на младиот Анастас како тој здравствената состојба ја наведува како причина за прекин на кариерата. Бидејќи станува збор за индивидуално и навистина чувствително прашање, нашата забелешка не треба да се сфати како некакво прејудицирање, меѓутоа, сепак би укажале дека „здравствената состојба“, а понатаму и „нервното растројство“, е аргумент што често го среќаваме во спомените на Анастас Лозанчев во моменти на пресврт?!

По оставањето на занаетот, Анастас Лозанчев решил да си ја проба среќата во просветната дејност, како даскал. Со оглед на фактот што завршил само петти клас гимназија, во согласност со егзархиската практика, Анастас можел да стане учител само во некое основно селско училиште. Како син на зафатен битолски граѓанин кој имал влијателна улога во битолската егзархиска црковно-училишна општина, назначувањето на Анастас за учител не би требало да претставува некаков проблем. Како и да било, во 1891/92 учебна година, Анастас Лозанчев станал учител во Смилево.[26] Покрај него, тогаш во Смилево учителствувале Неделко Дамјанов и Лазар Котев. Истата година во родното Смилево за учител бил назначен и Дамјан Груев[27] – главен иницијатор за создавањето на Македонската револуционерна организација. Фактот што во Смилево тогаш имало дури четворица учители, не само што говори за големината на селото, туку и за интересот за образование.

Уште во времето на студирањето во Софија, Дамјан Груев имал оформени идеи, во чија основа лежел ставот дека ослободувањето на Македонија е возможно единствено преку создавање револуционерна организација.[28] По враќањето во татковината,

---

[25] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 81.

[26] Исто.

[27] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 68.

[28] Исто, 53-66; Повеќе за револуционерната ориентација на Даме Груев до создавањето на Македонската револуционерна организација види: Револуцио-

непосредно пред назначувањето во Смилево, Д. Груев во летото на 1891 година во Битола, заедно со Лука Џеров, Неделко Дамјанов, Никола Дуртанчев и Никола Кочов се обидел да формира „Учителски сојуз“[29] со чисто „револуционерни цели“.[30] Меѓутоа, овие намери биле осуетени од претседателот на егзархиската црковно-училишна општина во Битола, архимандритот Козма Пречистански.[31] Имајќи го предвид горкото искуство при назначувањето за учител и малата и конзервативна средина во Смилево, Даме Груев воопшто не се обидел да врши некаква револуционерна проповед. Несомнено, „родното Смилево било мало за големите идеи на Груев“.[32]



Даме Груев

Даме Груев во своите Спомени само телеграфски спомнува дека кога учителствувал во Смилево го поддржувал и вечерното училиште за возрасни врз „чисто просветна дејност“.[33] Д. Груев притоа воопшто не ги спомнува колегите учители, вклучително и Лозанчев. Всушност, тоа не е од некаква аверзија кон А. Лозанчев, туку тоа е општа карактеристика на спомените на Д. Груев. Тој и за многу суштински прашања од круцијално значење зборува сосема лаконски, или воопшто не ги спомнува. Наспроти тоа, Анастас Лозанчев, чија суета сериозно е засегната од Даме Груев (многу подоцна, по смртта на Груев), во секоја пригода и на секаков начин настојува да ја девалвира неговата примарна улога во македонското револуционерно движење. За да биде поубедлив во тоа, Лозанчев

нерната идеја и дејноста на Даме Груев до формирањето на МРО (1890-1893), Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје 2008, книга 61, 249–265.

[29] Към борбитѣ въ Югозападна Македония (Кичевско, Битолско, Леринско, Преспанско, Дебърско). По спомени на Лука Джеровъ, Г. П. Христовъ, А. Андреевъ, Г. Папанчевъ и Л. Димитровъ, София 1926, 5.

[30] Спомени на Дамянъ Груевъ, Борисъ Сарафовъ и Иванъ Гарвановъ, (съобщава: Л. Милетичъ), София 1927, 9.

[31] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 10.

[32] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 68.

[33] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 10.

изнесува разни обвинувања и пикантерии на адреса на Д. Груев, дури и за оној период кога меѓу нив реално немало причини за некакво ривалство.

Оттука, Лозанчев во своите Спомени вели дека Даме Груев во Смилево им направил лош впечаток. Покрај тоа, Лозанчев додава „Нашите разговори со Д. Груев го немаа оној отворен револуционерен карактер, како што тој им придава во своите Спомени“.[34] Ова е класичен пример за конструкција од страна на Анастас Лозанчев. Погоре констатиравме дека Даме Груев во спомените за учителствувањето во Смилево, освен што кажува дека го поддржувал вечерното училиште врз „чисто просветна дејност“, воопшто не ги споменува своите колеги, ниту пак какви било разговори со нив со „револуционерен карактер“. Овој момент (а такви ги има многу) во Спомените на Лозанчев го потенцираме за да укажеме не само на неговата некоректност кон определени лица, туку и на неговата невнимателност при креирањето на определени конструкции.[35]

Како што одминувале годините, Лозанчев станал уште потенденциозен кон одамна починатиот Д. Груев. Најверојатно тоа е предизвикано од појавата на вториот том на „Ослободителните борби на Македонија“ од Христо Силјанов, кој излегол од печат во 1943 година.[36] Во оваа книга, како и во првиот том кој излегол пред десет години, Лозанчев повторно не се пронашол себе, а наспроти тоа го иритира местото што му е доделено на Д. Груев од страна на Силјанов. Оттука, во декември 1943 година, Анастас Лозанчев, кој не се задоволил со сето она што дотогаш го изрекол

---

[34] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 81.

[35] При своите напади врз Груев, Лозанчев манифестира и малограѓанштина. Меѓу другото, во врска со Д. Груев, Лозанчев ќе го запише и следново: „ Д. Груев го познавам од 1883 г., кога беше со црвената доламка над колената. Тогаш, по залагање на татко ми, Диме Лозанчев, постапи во први клас на четворокласното училиште во Битола и како стипендијант во пансионот на истото училиште. Татко ми во тоа време беше училиштен настојател и член на пансионската комисија“ (Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев ..., 81.). На друго место во типичен малограѓански дух, Лозанчев за Д. Груев ќе го запише и следново: „Дојде Даме во Битола и за кратко време видов дека Даме си останал стариот Даме – горд, надуен, со високо мислење за себе, тој беше Мијак - смилевец. Сите смилевци се горделиви, а тој беше чист пример за горделивост. За смилевци, велат дека дури и амалинот треба да биде смилевчанец, кој не е Мијак тој е ’латор’ што е еднакво на долен човек ’алчак’“. (Даме Груев. Живот и дело, сборник, част I, предговор, съставотелство и бележки: Цочо В. Билярски, София 2006, 294).

[36] Хр. Силяновъ, Освобдителнитѣ борби на Македония, томя втори, София 1943.

на адреса на Д. Груев, сочинил еден текст во кој покојниот е претставен во крајно негативен контекст.[37] Притоа овде Лозанчев ја дополнил и приказната за нивното едногодишно соучителствување во Смилево. Во врска со тоа, Лозанчев овојпат меѓу другото пишува: „Во 1891 год. Даме се појави во Смилево, неговото родно село. Јас бев учител таму со двајца мои другари. Го чекавме ден, два и најпосле се видовме. Даме чекал прво ние да го посетиме, меѓутоа ние тројцата немавме абер ... Подоцна дознавме дека ја напуштил Софија поради убиството на Белчев. Надуен, горд, со своето држење ни направи лош впечаток како нам на учителите, така и на свештениците и на селаните. Ништо ново не слушнавме од Даме... Даме се задржа само една година во своето село. Против него се кренаа селаните. Селскиот кмет Стојчо Дуков имаше подготвено 'арзавал' (изјава) до валијата против Даме со мотиви – безбожништво и задевање на невестите. При една случајна средба со кметот, јас го убедив да не ја даде изјавата, откако го убедив дека јас сам ќе зборувам со Дамета за да го напушти учителското место во своето село, како и што се случи“.[38]

Бидејќи Д. Груев во своите спомени за конкретниот период воопшто не го спомнува А. Лозанчев, а последниот 3-4 децении по смртта на првиот изнесува разни обвинувања на адреса на Даме, јасно е дека станува збор за тенденција која е предизвикана од фрустрација. Оттука, иако сметаме дека за таквите пикантерии е излишен натамошен коментар, сепак ќе додадеме уште нешто. Прво, од спомените на Лозанчев не можеме да забележиме дека помеѓу него и Д. Груев во тој период имало некаков личен конфликт. Доколку постоело такво нешто, Д. Груев веројатно не би го ангажирал Анастас Лозанчев во 1894 година при поставувањето на основите на Организацијата во Битола, а последниот сигурно не би прифатил каков било ангажман по покана од првиот. И второ, доколку поради однесувањето на Д. Груев против него се кренале соселаните на чело со кметот и селскиот свештеник (како што пишува Лозанчев), тогаш како е возможно подоцна Смилево да прерасне во бастион на македонското револуционерно движење во Битолскиот округ, каде што Анастас Лозанчев се чувствувал толку комотно и безбедно за да го закаже таму одржувањето на Конгресот на кој била донесена одлуката за Илинденското востание што тој си го припишува како свое дело?!

---

[37] Види: Даме Груев. Живот и дело, (сборник) част I ..., 293–306.

[38] Исто, 293–294.

Како и да било, следната учебна година (1892/93), Даме Груев станал учител во Прилеп,[39] а Анастас Лозанчев во селото Могила.[40] За преместување од Смилево во Могила, А. Лозанчев лично интервенирал кај архимандритот Козма – тогашен претседател на егзархиската црковно-училишна општина во Битола.[41] За учителствување во Могила, Лозанчев не споменува ништо, освен дека по завршувањето на учебната година се вратил во Битола, каде што повторно му се посветил на фотографскиот занает, со кој останал да се занимава до почетокот на Востанието во 1903 година.[42] Овојпат Анастас Лозанчев не ги наведува причините за напуштањето на учителската кариера и повторното враќање кон фотографскиот занает. Веројатно, тоа го сторил откако сфатил дека лебот потешко се заработува како учител по битолските села, отколку како фотограф во битолската чаршија.

За периодот 1890/1891 Анастас Лозанчев прилично неопределено пишува дека со Лука Џеров, Неделко Дамјанов и Коле Алтипармаков зборувале за започнување револуционерна борба. Патем додава дека биле под влијание на револуционерните четива, како оние во „Записките“ од Захариј Стојанов и „Под иго“ од Вазов, но наспроти тоа со Д. Груев не размениле „ниту збор“ по овие прашања.[43] Тенденцијата на Анастас Лозанчев за девалвација на покојниот Д. Груев не само што е повеќе од очигледна, туку се чини дека таа ги поминува границите на пристојност. Иронијата да биде поголема, подолу во истиот ракопис, А. Лозанчев пишува дека кога зборувале за започнување борба против Турците: „не знаевме како да ја започнеме таа борба. Никој дотогаш не можеше да ни го посочи патот, по кој треба да одиме“.[44] Всушност, човекот кој го посочил патот не само за Анастас, туку

---

[39] За учителствувањето на Д. Груев во Прилеп и неговата активност во тој период види: В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 69–78.

[40] Анастас Лозанчев во своите спомени откако зборува за учителствувањето со Груев во Смилево, продолжува да пишува дека следната година тој заминал учител во Могила, а Д. Груев станал учител во Смилево, што очигледно е грешка. (Види: Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 81). Додека во ракописот од 1943 година, Анастас Лозанчев пишува дека следната учебна година тој заминал за Могила, а Даме „посакал да остане учител во своето село“, што исто така не одговара на вистина. (Даме Груев. Живот и дело, (сборник) част I..., 294).

[41] Даме Груев. Живот и дело, (сборник) част I..., 294.

[42] Х.Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 81.

[43] Даме Груев. Живот и дело, (сборник) част I..., 294.

[44] Исто.

за цела Македонија, Лозанчев намерно го опсипува со разни невистини.

Во меѓувреме, Анастас Лозанчев на 18-годишна возраст за свое хоби го одбрал ловот,[45] па дури станал и страстен ловџија. Ловот, присуството во чаршијата и краткотрајното учителствување, му дале можност да се запознае со луѓе со различни професии и од различен социјален статус кои подоцна му ја олесниле работата во македонското револуционерно движење.

[45] Х.Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 103.

# Македонската Револуционерна Организација

1. По Берлинскиот конгрес од 1878 година, Балканот во својот историски развој зачекорил во нова фаза – фаза која го најавила блискиот крајот на османлиската доминација на европска почва, а воедно и воведот во идниот балкански заплет. Берлинскиот конгрес санкционирал значајни промени на геополитичката карта на Балканскиот Полуостров. Со ревизијата на Санстефанскиот договор биле создадени трибутарното Кнежество Бугарија и автономната провинција Источна Румелија.[1] Србија, Црна Гора и Романија се стекнале со независност, а првите две и со територијално проширување.[2] Австро-Унгарија добила право на окупација на Босна и Херцеговина и право на воен гарнизон и воено-трговски патишта во Новопазарскиот санџак,[3] така што османлиската администрација таму останала формално.[4] Со тоа им бил отворен патот на австроунгарските експанзионистички намери кон југ, респективно кон Македонија. Османлиската власт по Берлинскиот конгрес останала реална во Албанија, Косово и Македонија, кои со престолнината Истанбул биле поврзани преку еден тесен појас низ Тракија.

Според решенијата на Берлинскиот договор, за Македонија како и за останатите делови на европска Турција бил предвиден член 23 од Договорот. Според него, Империјата била обврзана во своите европски вледенија да воведе реформи врз основа на посебни статути, аналогни на Критскиот органски устав од 1868 година.[5] За реализирање на оваа обврска, Високата порта била задолжена да формира „специјални комисии“ кои требало да подготват статути за „секоја провинција“.[6] Пред усвојувањето на конечната одлука за овие проекти, Портата била обврзана да поба-

---

[1] Международни актови и договори 1868–1918, съставител: С. Стефанова, София 1958, 155–159.

[2] Исто, 162–166.

[3] Исто, 161.

[4] Михајло Миноски, Политиката на Австро-Унгарија спрема Македонија и македонското прашање 1878–1903, Скопје 1982, 237.

[5] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том први, Скопје 1982, 238–239.

[6] Исто, 239.

ра мислење од Европската комисија за Источна Румелија.[7] Во врска со оваа одредба интересно е тоа што, иако станува збор за „провинции", тие се подведени под заедничкиот именител „европска Турција". Под овој општ термин влегува и територијата на Македонија, која во административен поглед била поделена во три вилаети: Солунски, Битолски и Косовски (Скопски).




Балканот според Берлинскиот конгрес

Во април 1880 година, Комисијата при Високата порта, во согласност со одредбите од член 23 од Берлинскиот договор, го издала „Законот за вилаетите",[8] кој сериозно отстапувал од Критскиот органски устав. Овој закон, откако претрпел мали „козметички" модификации од Меѓународната комисија, бил доставен за верификација пред Високата порта како „Нов закон за европските вилаети". Со усвојувањето на овој закон, османлиската држава формално ги симнала од себе обврските кои произлегувале од член 23 од Берлинскиот договор. Спомнатиов закон, иако имал многу недостатоци, никогаш не бил целосно спроведен.[9] Токму поради тоа, подоцна, членот 23 од Берлинскиот договор станал

[7] Исто.

[8] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 11.

[9] Британските конзули во Македонија 1797–1915, Документи (редакција м-р Драги Ѓоргиев, избор и превод м-р Драги Ѓоргиев и Зорица Божиновска), Скопје 2002, 220; Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 113.

појдовна основа во политичките барања на македонското револуционерно движење.[10]

По Берлинскиот конгрес, Големите сили, иако декларативно се изјаснувале за зачувување на целоста на Османлиската Империја, оваа политика ја компромитирале уште на почетокот.[11] Во натпреварот за колонии и економско-политичка доминација во светот, односите меѓу Големите сили добиле поинаков тек. Со оглед на тоа што центарот на политичките противречности од Балканот се поместил во другите делови на светот, ставовите на Големите сили во однос на европска Турција[12] биле наполно подредени на нивните глобални интереси. Во овој период, европските сили започнале да се групираат во два противставени блока – како носители на првиот глобален конфликт. Во однос на Балканот, а во тој контекст и кон Македонија, нивната политика генерално се сведувала на привремено зачувување на постојното статус кво.

Османлиската Империја, чувствувајќи ги противречните интереси меѓу европските сили, настојувала да лавира меѓу едните и другите, притоа вешто избегнувајќи ги преземените обврски. За да ги избегне комплицираните ситуации, повремено самата предлагала незначителни реформи. Во таква констелација, македонското прашање не добило особен третман. По Берлинскиот конгрес, приматот на најзаинтересирани страни на Балканот и понатаму го имале Австро-Унгарија и Русија. Двете земји декларативно изјавувале дека се за зачувување на постојното статус кво,[13] но под овој изговор секоја од нив настојувала да ги култивира просторот и амбиентот според своите интереси. Така, со спогодбата од 1897 година двете земји иако изјавиле дека се за зачувување на постојното статус кво во европска Турција, при евентуална промена на ситуацијата допуштале создавање албанско кнежество, а во контекст на Македонија, прејудицирале нејзина по-

---

[10] Во врска со неспроведувањето на спомнатиов закон во Мемоарот на Внатрешната организација, меѓу другото, пишува: „При сите свои недостатоци, ако беше добросовесно приложен, ќе создадеше нова ера за христијаните во Македонија ... тој ќе обезбедеше широк простор за културен развој ... неговите недостатоци ќе се поправеа... но тој, едноставно беше зафрлен во торбата на турската архива“. (Македония и Одринско 1893–1903. Мемоаръ на Вътрѣшната организация, 1904, 10).

[11] Минчо Семов, Великите сили и българския национален въпрос, София 1991, 130.

[12] Види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 13–16.

[13] Vladimir Šulek, Diplomatska historija centralnih sila 1882–1915, t.1, Zagreb 1938, 125–126.

делба меѓу балканските држави, при што требало да се задржи принципот на рамнотежа на силите.[14] Во меѓувреме, Русија, која била зафатена со проблемите на Далечниот Исток, за да се обезбеди од евентуален австриски пробив кон југ, играјќи на картата на словенството и на православието, иницирала српско-бугарско приближување за сметка на Македонија,[15] како противтежа на австриските аспирации кон Југ.

Ако се имаат предвид глобалните интереси на европските сили, тогаш лесно ќе го сфатиме нивниот приод кон реформските потфати во Османлиска Македонија, кои биле преземани првенствено како мерка за превенирање на немирите и неутрализирање на македонското револуционерно движење.[16] Во тој контекст, делумно исклучок претставува Велика Британија, која поаѓајќи од своите интереси, поотворено се застапувала за автономија на Македонија во рамките на Османлиската Империја.

Во меѓувреме, младите балкански земји: Бугарија, Србија и Грција, повикувајќи се на некакви „историски права", манифестирале силни територијални претензии кон османлиското наследство на Балканот, во чиј центар се наоѓа Македонија. Спомнативе земји, свесни за своите потенцијали и противречни интереси кои се вкрстувале во Македонија, во последните децении на XIX век започнале преговори за поделба на сферите на влијанија.[17] Меѓутоа, поради преголемите апетити на преговарачките страни, преговорите во тој период не донеле конкретни договори. Самиот факт што трите земји повеле меѓусебни преговори за поделба на Османлиска Македонија, недвосмислено говори дека секоја од нив ѝ го признавала правото на другата. Токму тоа го делегитимира наводното „историско право" на секоја од нив и ги открива нивните завојувачки претензии кон земјата и народот за кои тврделе дека се нивни, но во исто време биле подготвени да ги поделат со другите.[18] Од друга страна, спомнативе земји за

---

[14] Види: Александар Христов и Јован Донев, Македонија во меѓународните договори 1875–1919, Скопје 1994, 139–148.

[15] Прв конкретен чекор во тој правец претставува српско-бугарската спогодба од 1897 година. Види: Михајло Војводић, Србија у међународним односима крајем XIX и почетком XX века, Београд 1988, 124-126; Михајло Миноски, Македонија во билатералните и мултилатералните договори на балканските држави 1861-1913, Скопје 2000, 117-118.

[16] Види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 17-27.

[17] Исто, 31-48; Далибор Јовановски и Катерина Тодоровска, Македонија меѓу Белград и Атина 1892-1899, Скопје 2013.

[18] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903. Поглед низ документи..., 11.

обезбедување алиби за своите претензии во Македонија и за придобивање на внатрешните „национални“ сојузници за своите каузи развивале силни пропагандни активности меѓу македонското христијанско население.

2. Во такви услови, кон крајот на XIX век, созревале младите македонски интелектуалци кои станале организатори и носители на македонската револуционерна борба. Повеќето од нив, своето образование го стекнале во бугарските егзархиски училишта, каде што потоа станале учители. Само малкумина се образувале во европските земји, но и тие претежно работеле во егзархиските просветни институции. Соочени со македонската реалност и загрижени за иднината на својата татковина, младите патриоти излезот од османлискиот македонски лавиринт го гледале преку создавање революционерна организација и кревање едно општо востание, како единствено средство за притисок врз дипломатијата и свртување на нејзиното внимание кон Македонија.

Основачкиот состанок на Македонската революционерна организација (МРО) бил одржан на 23 октомври /4 ноември 1893 година во Солун.[19] На состанокот учествувале: Даме Груев, Петар Поп Арсов, Иван Хаџи Николов, Христо Татарчев, Андон Димитров и Христо Батанџиев. Тогаш шестемина се оформиле како група, без никакви формалности. Конкретното конституирање на МРО било на 5 јануари 1894 година, за време на Коледарската ваканција.[20] Тогаш биле утврдено името на Организацијата, политичката цел и средствата за постигање на целта. На јануарскиот состанок, спомнативе шестмина се прогласиле за членови на Централниот комитет. Притоа, за претседател на ЦК МРО бил избран Христо Татарчев, а за секретар и благајник Даме Груев. Истовремено Петар Поп Арсов бил задолжен да подготви нацрт-устав за Организацијата и да напише една книшка за разобличување на бугарската политика и пропаганда во Македонија.[21]

На јануарската конститутивна средба било решено Организацијата да се именува како Македонска револуционерна организација со која ќе раководи централен македонски револуционерен комитет. При дефинирањето на целта, основоположници-

[19] Повеќе за тоа види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 127–130; В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 79–89.

[20] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 130.

[21] Види: Вардарски (Петар Поп Арсов), Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници (превод, редакција, предговор и коментар: Ванчо Ѓорѓиев), Скопје, 2006.

те на Организацијата како појдовна основа го имале член 23 од Берлинскиот договор. Меѓутоа, според Х. Татарчев, откако овој член им се видел прилично апстрактен, решиле да го заменат со една „попластична фигуративна формула – автономија на Македонија во нејзините географски и етнографски граници".[22]

Идејата за автономија на Македонија била прифатена од тактички и прагматични причини. При утврдувањето на целта, творците на МРО тргнале од сложеноста на македонското прашање. Ним им биле познати меѓународните обврски на Османлиската Империја и ставот на Големите сили за зачувување на постојното статус кво на Балканот. Покрај тоа, тие ги чувствувале претензиите на соседните балкански држави кон Македонија и последиците од дејствувањето на нивните пропаганди. Оттука, автономијата во дадениот момент изгледала како најпогодно решение за македонското прашање од повеќе причини: 1. Идејата за автономија на Македонија имала меѓународна поткрепа во чл. 23 од Берлинскиот договор; 2. Со автономија на Македонија, формално-правно не се нарушувал територијалниот интегритет и суверенитетот на Османлиската Империја; 3. Околу идејата за автономија на Македонија полесно можело да се обедини поголемиот дел од разединетото македонско население; 4. Со идејата за автономија на Македонија се очекувало да се амортизираат аспирациите на соседните балкански држави од каде што се очекувала морална и материјална помош.

Иако идејата за автономија на Македонија не добила поширока елаборација во официјалните акти на Организацијата, повеќе аргументи упатуваат на тоа дека зад автономниот принцип се криела идејата за независна македонска држава,[23] која требало

---

[22] Д-р Христо Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революционна организация като митологична и реална сщност (съставители: Цочо Билярски и Валентин Китанов), София 1995, 25.

[23] Во весникот „Право" на опозицискиот Врховен македонски комитет, кој во овој период неофицијално ги застапувал ставовите на Организацијата во една статија од 1902 година, пишува: „Внатрешната револуционерна организација ќе му даде на секој да разбере дека работи за единството и независноста на Македонија како слободна држава на Балканскиот Полуостров. Таа организација давала и во иднина ќе дава докази, дека не е агент на ниту една балканска држава, туку агент само на македонската слобода и независност. Со таквите докази, таа постепено ќе ги отстранува племенските разлики во Македонија и ќе го организира идниот иако разнообразен, но способен да се самоуправува, мирно и тивко, македонски народ. (Вътрешната революционна организация. Мѣсни прѣчки, Право, II/31 (39), 22.09.1902, 3.

да дојде како втора етапа.[24] Така во 1905 година, Организацијата преку својот орган „Революционерен лист“ отворено ќе обзнани дека „Автономна Македонија од Организацијата се сфаќа како самостојна држава“.[25] Оттука не случајно, Организацијата уште во својот зародок во 1894 година од проегзархиските средини била маркирана како „сепаратистичка“,[26] а нејзините протагонисти за „сепаратисти“.[27] Како и да е, според првиот Устав на Организацијата е утврдено дека нејзината цел е „придобивање на полна политичка автономија“ (член 1) до која треба да се дојде преку едно „општо повсемесно востание“ (член 2).[28]

МРО била внимателна и при мобилизирањето на членството. Со оглед на фактот што творците на МРО произлегувале од егзархиските средини, а поголемиот дел од македонското христијанско население било под духовно покровителство на Бугарската егзархија, во почетокот било решено членството да се регрутира меѓу тие средини.[29] Меѓутоа, интересно е дека при врбувањето на членството биле прифаќани оние личности кои биле критички настроени кон егзархиската црковно-просветна политика во Македонија.[30] Според сведоштвата на основоположниците и според првиот Устав на Организацијата од 1894 година, нејзин член можел да биде секој „Бугарин“.[31] Во согласност со османлискиот милет-систем, ваквата номинацијата подразбира: секој припадник кон Егзархијата. Меѓутоа, според Уставот на ТМОРО, кој е изработен по Солунскиот конгрес (1896 г.), е предвидено дека член на Организацијата може да биде секој „Македонец и Одринец“. Според истиот Устав, Организацијата се изјаснила и за премавнување на „шовинистичките пропаганди“, кои го делат и го ослабуваат македонското и одринското население во неговата борба про-

---

[24] Види: Ванчо Ѓорѓиев, Автономијата – тактика или цел на МРО, Зб. 100 години Илинден 1903-2003, прилози од научен собир одржан на 6-8 мај 2003, том I, МАНУ, Скопје 2005, 257–264; В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893–1903. Поглед низ документи..., 12–15.

[25] Офицйална притурка. Революционненъ листъ, 2 юни 1905, 3.

[26] Никола Зографовъ, Строежа на живота, София 1927, 44.

[27] Вардарски, Стамболовштината во Македонија..., 51; 59; 73; 78; 80; В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903. Поглед низ документи...,47; 118.

[28] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903. Поглед низ документи..., 56.

[29] Исто, 14-15.

[30] Мѣрки за засилване на революционната организация. (Изъ записките на Ив. Х. Николовъ) , Ил. Илинденъ, 2 (72), София 1936, 6.

[31] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., 26; В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903. Поглед низ документи..., 56.

тив заедничкиот непријател.[32] Терминот Македонец во овој Устав се користи во политичка, а не во етничка смисла.[33] Меѓутоа, определбата за борба против шовинистичките пропаганди сугерира тенденција за обединување на македонското население под името „Македонец" околу идејата за автономија на Македонија.

Според официјалната документација, се забележува дека Организацијата била воздржана, или пак прагматично тактизирала во врска со националното прашање. Некои сегменти од ова прашање делумно биле отворени во 1902 година во кругови блиски до Организацијата и со учество на нејзини протагонисти. Во тој период отворено почнало да се зборува за „независна политика, чисто македонска",[34] потоа за унија со Римокатоличката црква,[35] за отцепување од Егзархијата и за формирање самостојна црква со изговор дека се обновува Охридската архиепископија,[36] а населението ако треба да се именува како „македонски славјани".[37] Во исто време во весникот „Право" на опозицискиот Врховен македонски комитет, кој ги застапувал ставовите на Организацијата, почесто почнува да се користи терминот „македонски народ". Така, во еден текст од 1902 година, пишува: „Внатрешната револуционерна организација не може и не треба да се солидаризира со погледите на патриотите надвор од сферата на Македонија, зашто таа не може и не треба да го смета македонскиот народ за кал, од кој може да се прави денес едно, утре друго, без да се плаши дека ќе се претвори во пепел и прав".[38]

Како и да е, Организацијата иако пројавила тенденција за обединување на македонското население (независно од неговата етничка, јазична и конфесионална припадност) околу идејата за автономија на Македонија, резултатите на тој план биле скромни. Таа доминантно била прифатена од македонските егзархисти, а само делумно кај патријаршистите и влашкото население.[39]

---

[32] Види чл. 2 и 4 од Уставот на ТМОРО, (В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903. Поглед низ документи..., 106.

[33] Ванчо Ѓорѓиев, Македонија во османлискиот период, Македонија милениумски културно-историски факти, т. 4, Скопје 2013, 1934.

[34] Ефтим Спространов, Дневник, т.1 (1901–1907), София 1994, 104.

[35] Исто, 153–154.

[36] Исто, 154–157.

[37] Исто, 155.

[38] Право, II/36 (44), 01. 11. 1902.

[39] В. Ѓорѓиев, Македонија во османлискиот период..., 1935.

# Анастас Лозанчев во Македонското Револуционерно Движење 1894–1898 година

1. МРО била поставена врз централистичка основа, врз строго конспиративни начела. Најгоре стоел Централниот комитет, а нему му биле подредени окружните комитети, ним им биле потчинети околиските, а најдолу стоеле месните (селски) комитети. Воспоставувањето на организациската мрежа на територијата на Македонија се одвивало внимателно, но сигурно. Вкоренувањето на револуционерната идеја помеѓу македонското население налагало макотрпна, конспиративна и пред сè апостолска активност. Најпрво требало да се продре во душата на секој поединец, да се искорени неговиот поданички менталитет, да му воскресне духот и самодовербата, па дури потоа да се поведе во вооружена борба за автономија на Македонија.

Првите членови биле врбувани помеѓу учителите, еснафите, учениците од горните класови, свештениците и селаните. За привлекување на членство се практикувале разни методи на агитација како: критика на егзархиската црковно-просветна политика во Македонија; организирање на вечерни и неделни училишта наводно за елементарно описменување на возрасните, каде што всушност се вршела револуционерна агитација преку предавања за ослободувањето на балканските земји, за француската револуција, за обединувањето на Италија и Германија, војната за независност на САД и слично.

Личните, квалитативните и професионалните особини на корифеите на МРО, како и нејзината поставеност, претставувале солидна гаранција за успех.[1] Бидејќи центарот на Организацијата бил во Солун, нејзината прва активност била насочена во градот и околните села. Како први јадра од каде што почнала да разжарува револуционерната идеја биле Солунската машка егзархиска гимназија, книжарницата на Иван Хаџи Николов, Вардарската црква и Бошњак ан на прилепчанецот – Васил Мончев.[2] Творците на МРО за кусо време успеале да привлечат повеќе членови и симпатизери, да отворат Вечерно и Неделно училиште за возрас-

---

[1] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 143.

[2] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 146-147.

ни, па дури преку своите приврзаници да ги добијат изборите за егзархиската црковно-училишна општина во Солун.[3]

По првичните успеси во Солун, следело просевање на револуционерното семе во внатрешноста на земјата. Организирањето на првите комитети на МРО во внатрешноста на Македонија е поврзано со името на Дамјан Груев. Летото 1894 година, Груев ја напуштил коректорската работа во Солун и презел една голема обиколка во која биле опфатени: Штип, Кавадарци, Прилеп, Битола, Охрид и Струга.[4] За време на двомесечната обиколка, Даме Груев користејќи ги своите поранешни познанства и препораките од веќе зачленети во Организацијата (по потекло од внатрешноста) формирал комитети во местата што ги посетил.

Првиот комитет во внатрешноста на Македонија бил организиран во Кавадарци (Солунски вилает). При оваа обиколка, Даме Груев ги поставил основите на МРО и во Битолскиот вилает. Всушност, првиот комитет во Битолскиот вилает Груев го основал во Прилеп.[5] Од таму заминал за Битола. Таму се сретнал со Пере Тошев – негов познајник и соидејник по ослободителната идеја од времето на заедничкото учителствување во Прилеп. Пере Тошев во тоа време бил без работа и живеел кај своите браќа банкари.[6] Најверојатно тогаш Даме Груев се сретнал и со Анастас Лозанчев со кого претходно заедно учителствувале во Смилево. Овде веднаш ќе забележиме дека Анастас Лозанчев во своите спомени и други писанија по секоја цена настојува не само да ја маргинализира, туку и целосно да ја негира улогата на Д. Груев при формирањето на првиот комитет на МРО во Битола, но тоа

---

[3] Поопширно за првите активности на МРО во Солун види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 143-149; В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 105-118.

[4] Види: В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 118-130.

[5] Исто, 120-121.

[6] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 12. Присуството на П. Тошев во Битола за време на посетата на Д. Груев го посведочува и Григор Попев кој исто така учествувал при формирањето на првиот комитет таму. (Македония в пламъци. Спомени на Григор Попев..., 113). Меѓутоа, Анастас Лозанчев кој настојува да ја оспори улогата на Д. Груев при формирањето на комитетот во Битола, во спомените што ги раскажал пред Б. Мирчев, вели дека П. Тошев во Битола како учител дошол во месец ноември при што наместо во 1894 стои 1893 година, што очигледно е грешка. (Македония в пламъци. Спомени на Анастас Лозанчев..., 99). Додека пак во спомените што ги запишал сам, вели дека П. Тошев во Битола дошол кон крајот на октомври 1894 година. (Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 113).

го прави на еден многу конфузен и контрадикторен начин.[7] Оваа тенденција кај А. Лозанчев, сигурно не е мотивирана од тоа што

[7] Така, А. Лозанчев во спомените што ги раскажал пред Б. Мирчев, кога зборува за Ресенското советување, вели дека дотогаш освен неколку посветени поединци, не постоеле организирани комитети и дека за почетокот на Организацијата во Битолскиот округ треба да се смета Ресенското советување. Меѓутоа, веднаш потоа, Анастас Лозанчев вели дека Организацијата во Битола започнала со доаѓањето на Пере Тошев во ноември 1894 (кај Лозанчев стои 1893 г., што е грешка) со кого се запознале на свршувачката на Григор Попев. Притоа забележува дека Д. Груев за да го засегне него во своите спомени како први посветени членови во Битола ги спомнал Никола Алтипармаков и Неделко Дамјанов за кои Лозанчев тврди дека лично тој ги покрстил. Поради тоа, Лозанчев нагласува дека прв посветен член во МРО во Битола бил лично тој, а потоа Пере Тошев, Ѓорѓи Пешков и Глигор Попев. Меѓутоа, мошне интересно е што Лозанчев не спомнува кој ги посветил во Организацијата. Ако тој бил прв, логично се наметнува прашањето кој го посветил? Дали тоа не бил Даме Груев?! Малку подолу, Лозанчев откако директно го негира искажувањето на Груев дека основите на МРО во Битола биле поставени со неговото доаѓање, вели дека тие во тоа време веќе „дејствувале на самостојна нога", а тоа значи дека имало некаква организација. Последново пак, воопшто не му пречи на Анастас во следната реченица да каже дека „организираната борба" во Битола започнала „малку покасно". Очигледно, поради тенденцијата по секоја цена да го маргинализира Д. Груев, Анастас Лозанчев запаѓа во контрадикторна ситуација. (Види: Македония в пламъци. Спомени на Анастас Лозанчев..., 99).

При негирањето на улогата на Д. Груев, Анастас Лозанчев со тек на времето станува уште потенденциозен и поконфузен. Така, во спомените што сам ги запишал, кога зборува за Ресенското советување, Анастас пишува дека таму се зборувало дека било време да се започне со револуционерна пропаганда, да се набават книги со револуционерна тематика, но дека немало никакви заколнувања. Меѓутоа, подолу во текстот, Лозанчев пишува дека по враќањето од Ресен, тој (Анастас), Даме Груев, Григор Попев, Александар Хаџи Панов, Трајко Доревски и уште неколкумина, меѓу кои и татко му на Анастас, „започнатата работа" весело ја прославиле на нивниот бостан крај Битола со истрели од пушки и револвери и со песни. Одбегнувајќи го прашањето за формирањето на првиот комитет во Битола, А. Лозанчев, овој пат пишува дека револуционерната активност во Битола започнала во октомври 1894 со доаѓањето на Пере Тошев. Недоследниот Лозанчев покрај тоа додава дека кога тој го прашал Д. Груев како да започнат со работа, како да се агитира и слично, последниот не сакал ништо да му каже. Наспроти тоа Пере Тошев му објаснил подробно како треба да се работи и агитира. (Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 113-114). Во сличен стил А. Лозанчев на XII редовен конгрес на Илинденската организација кој се одржал во 1942 година по повод 39-годишнината од Илинденското Востанието, меѓу другото истакнал дека иако тој за револуционерната идеја зборувал со Даме Груев за време на Ресенското советување, револуционерната активност во Битола започнала во октомври 1894 година од „денот" на неговото запознавање со Пере Тошев. (Илинденъ. Какъ се достигна до Илинд. въстание..., 1.

Д. Груев во своите спомени не го наведува како еден од учесниците при формирањето комитетот на МРО во Битола, иако за тоа на повеќе места сериозно забележува, туку поради нарушените меѓусебни односи во подоцнежниот период.



Анастас Лозанчев

Како и да е, за историската наука воопшто не е спорна улогата на Даме Груев при воспоставувањето на првите комитети на МРО во Битолскиот вилает. Единствено отворено е прашањето дали комитетот во Битола бил основан пред Ресенското советување, или веднаш по него.[8] Според нас, по сè изгледа комитетот на МРО во Битола бил формиран кон крајот на август 1894 година, за време на првиот престој на Д. Груев во Битола, а по Ресенското советување, најверојатно во согласност со усвоените одлуки, овој комитет бил издигнат на ниво на Окружен комитет.[9]

Григор Попев, еден од учесниците при формирањето на првиот комитет во Битола, вели дека конститутивната средба се одржала кај него дома, при што на средбата учествувале: Даме Груев, Пере Тошев, Анастас Лозанчев, Ѓорѓи Пешков и се разбира Григор Попев како домаќин. Тогаш Пере Тошев го избрале за претседател на комитетот, Анастас Лозанчев за секретар, Григор Попев за благајник, а Ѓорѓи Пешков за член советник.[10] Според Г.

---

[8] Во мемоарската литература постојат противречности околу прашањето дали комитетот на МРО бил формиран пред, или по Ресенското советување. Така, според спомените на Даме Груев, Христо Татарчев и Ѓорче Петров се добива впечаток дека комитетот на МРО во Битола бил формиран пред Ресенското советување. (Види: Спомени на Дамянъ Груевъ..., 12-13; Първиятъ централенъ комитетъ на ВМРО, Спомени на д-р Христо Татарчевъ, (съобщава: Љ. Милетичъ), София 1928, 104; Ѓорче Петров, Спомени. Кореспонденција..., 50-51. Меѓутоа, според Григор Попев комитетот на МРО во Битола бил формиран по Ресенското советување. (Македония в пламъци. Спомени на Григор Попев..., 113). Според Анастас Лозанчев, како што веќе изнесовме погоре, комитетот на МРО во Битола почнал да функционира по доаѓањето на Пере Тошев во октомври, или ноември 1894 година. (Македония в пламъци. Спомени на Анастас Лозанчев..., 99; Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 113-114). Види: Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 170; 174-175,

[9] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 121; 129.

[10] Македония в пламъци. Спомени на Григор Попев..., 113.

Попев, тогаш била усвоена и шифрирана азбука за чија основа била земена изреката: „чуднейши Стамболов хвърка“.[11]

Неделко Дамјанов, еден од споменуваните лица во спомените кај Д. Груев и Анастас Лозанчев, исто така потврдува дека за време на престојот на Груев во Битола, тие ја прифатиле неговата идеја и формирале месен комитет.[12] Даме Груев меѓу првите членови на Организацијата во Битола ги споменува: Пере Тошев, Григор Попев, Ѓорѓи Пешков, Доревски, Неделко Дамјанов, вкупно „околу десетина души“, но притоа не го споменува Анастас Лозанчев.[13] Меѓутоа, Анастас Лозанчев, поради негативниот став кон Груев, овој момент го заобиколува, но во своите писанија на Даме му „накалемува“ приказни, какви воопшто не постојат во неговите спомени.[14]

---

[11] Исто.

[12] Во врска со тоа Н. Дамјанов си споменува: „Груев имаше некаква внатрешна сила која му придаваше, незаменлива власт на апостол. Вообичаено започнуваше со шеги, кои што ги засмејуваа малку собраните и создаваа атмосфера на срдечност и доверба. Како прва задача да му беше од душата на секого да ја протера бојазноста, а потоа неговата приказна постепено добиваше сила на незаменлива сугестија. Самиот тој беше толку убеден во вистините кои што ни ги соопштуваше и многу веруваше во успехот на започнатото, поради што во неговото кротко и достапно слово не можеше да се долови ниту сенка од колебливост. И можеби затоа што самиот веруваше толку искрено, му поверувавме веднаш и ние и само по две или три средби му го прифативме предлогот, го формиравме месниот комитет“. Според: Йорданъ Бадевъ, Даме Груев (живот и дело), София 1943, 44-45.

[13] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 12-13.

[14] Така на пример, Анастас Лозанчев во спомените што ги раскажал пред Б. Мирчев, меѓу другото вели: „Даме, за да ме засегне, во спомените соопштува дека еден од првите членови на Организацијата во Битола бил Никола Алтипармаков и Неделко Дамјанов. А истите беа посветени во делото, не од Даме, туку од мене“. (Македония в пламъци. Спомени на Анастас Лозанчев..., 99). Додека пак во своите забелешки кон Спомените на Д. Груев, Лозанчев пишува „Спомнатите лица на стр. 9 и 13 од Спомените на Даме се посветени од мене“. (Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 475). Ние ќе одбележиме дека двете искажувања на Лозанчев се типичен пример за конструкција. Прво, Даме Груев во своите спомени не го споменува Никола Алтипармаков. Второ, другите спомнати лица, Груев ги вбројува како први членови на Организацијата во Битола, но никаде не вели дека тој ги заколнал, за потоа Лозанчев да го тврди спротивното. Што се однесува пак до забелешката кон стр. 9 од Спомените на Д. Груев, во конкретниот случај, спомнативе лица, Даме ги наведува во контекст на „Учителскиот сојуз“ од 1891 година, а не на Организацијата. Згора на тоа Д. Груев, ниту за нив не вели дека ги заколнал. Оттука, ваквите подметнувања од Лозанчев, допол-

Оставајќи ги на страна, противречностите кои произлегуваат од недореченостите во мемоарската литература и тенденциозните негирања кај А. Лозанчев, факт е дека кон крајот на август, или најдоцна во почетокот на септември 1894 година, по иницијатива на Груев во Битола бил формиран комитет на МРО, чиј што претседател бил Пере Тошев, а Анастас Лозанчев бил негов секретар.


Пере Тошев

За време на престојот во Битола. Д. Груев го поканил во Организацијата и својот познајник од студентските денови, Никола Наумов (тогаш инспектор на селските училишта), но тој како скептик не верувајќи во некаков успех не прифатил.[15] Додека, Трајче Доревски од Ресен (тогаш учител во Битола) како мечтател за некакво „perpetuum mobile“,[16] се занесувал со идејата прво да се обучи за летање со балон, па потоа да се вклучи во ослободителното дело.[17] Таквите идеи не му биле далечни ниту на скромниот Пере Тошев. Тој при разговорот со Д. Груев, покренал некои принципиелни прашања околу средствата за постигање на целта, бидејќи како индивидуалист ги боготворел личните подвизи и во тоа време тешко можел да се помири со идејата за општонародно востание.[18] Независно од почетните илузии за брзо ослободување, од идејните талкања и воздржаноста и недовербата кај поединци, Битолскиот окружен комитет со тек на времето прераснал во вистински бастион на македонската револуционерна бор-

нително ја разголуваат неговата фрустрација, а во исто време во висок степен ги обезвреднуваат неговите спомени.

[15] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 13.

[16] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., 35.

[17] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 13.

[18] „За него само личноста воопшто има значење, бидејќи таа ја твори историјата, а не масите. Анархистичките дејствија – бомбацилакот, ја беа завладеале неговата душа. Секое друго средство за него беше неефикасно за борба против Турција и поради таа причина тој беше настојувал час поскоро да се испратат луѓе во странство за да го изучат тоа искуство“. (Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., 35).

ба. Оттука, првиот претседател на ЦК МРО, д-р Христо Татарчев, за неговата историска улога ќе запише: „Под раководство на Пере Тошев, Анастас Лозанчев, Григор Попев, Ѓорѓи Пешков и др., битолскиот крај се развиваше бавно, меѓутоа планомерно и затоа достигна до онаа морална и материјална подготвеност, која со својата издржливост и самопожртвуваност го восхити светот во историскиот момент Илинден 1903 год., со што создаде славна епопеја како Македонецот – востаник знае да умира за слободата на својата родина“.[19]

2. Квалитативен импулс за развојот на Македонската революционерна организација во Битолскиот вилает претставува Ресенското советување.[20] Ова советување било иницирано од ЦК МРО,[21] за да се разменат мисли со посветените и да се изнајдат нови содржини за натамошно дејствување на Организацијата.[22] Притоа како повод било искористено осветувањето на новоизгра-

---

[19] Спомени: И. Х. Николов, Д. Груев, Б. Сарафов, Ј. Сандански, М. Герџиков, Х. Татарчев, (редакција: Иван Катарџиев), Скопје 1995, 342, (натаму: Спомени на Х. Татарчев).

[20] Х. Татарчев овој собир го третира како прв конгрес на Организацијата. Види: Спомени на Христо Татарчев ..., 335 и 340; (Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., 35). Меѓутоа, според Анастас Лозанчев „во Ресен немало никаков конгрес, зашто дотогаш немаше Организација, а само одделно организирани лица и може да се каже дека таа започна од тогаш. Тоа се однесува за Битолско“ (Македония в пламъци. Спомени на Анастас Лозанчев..., 99). На друго место Лозанчев во врска со тоа ќе запише: „Собир може да се каже дека имаше, но не и конгрес“, (Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 113.) Слично на него, Григор Попев вели: „Тврдењето дека при осветувањето на црквата во Ресен се одржал конгрес не одговара на вистината, зашто ниту во Охрид, ниту во Струга, Ресен и Битола во тоа време немаше револуционерни комитети: (Македония в пламъци. Спомени на Григор Попев..., 112). Според Иван Хаџи Николов собирот во Ресен имало „карактер на состанок на посветени и непосветени, и не може да се смета како собир – конгрес“, (Спомени на И.Х. Николов..., 55). За собир во Ресен, а не за конгрес зборува и Тодор Станков, (Тодоръ Станковъ, Нѣкога и сѣга (спомени на преживелци), Съборътъ във гр. Ресенъ, по случай освещаването на новата черква „Св. Кирилъ и Методий“ на 15 августъ 1894 г. Първа сбирка на револювионната организация, Ил. Илинденъ, г. 3/7 (27), София 1930, 3). Додека Д. Груев во своите спомени вели дека за Ресен заминал по повод „осветувањето на црквата“ притоа воопшто не го споменува собирот, (Спомени на Дамянъ Груевъ..., 13). Оттука, тврдењето на Х. Татарчев дека тогаш бил одржан Првиот конгрес на МРО, е неиздржано. Веројатно, Татарчев го глорифицира Советувањето како Конгрес, бидејќи тоа се одржало во нивната куќа.

[21] Спомени на И.Х. Николов..., 55.

[22] Д. Димески, македонското националноослободително движење..., 171-172.

дената егзархиска црква „Свети Кирил и Методиј“ во Ресен, кое се случило на верскиот празник Успение на Пресвета Богородица на 15/27 август 1894 година.[23] Традиционално на такви несекојдневни настани се случуваат големи народни собири. Токму овој момент ЦК МРО решил да го искористи како превез за организирање на едно пошироко советување со веќе ангажираните активисти на МРО во Битолскиот вилает.

За таа цел од Солун допатувал претседателот на ЦК МРО, д-р Христо Татарчев. Истовремено, заради организациски активности, во овој крај подолго престојувал секретарот и благајник на Организацијата – Даме Груев. Тоа што клучните личности на Организацијата потекнувале од овој крај (Татарчев од Ресен, а Груев од блиското с. Смилево), е дополнителна предност и олеснителна околност. Оттука, како организатори и раководители на советувањe се јавуваат Даме Груев и Христо Татарчев. Така, Григор Попев соопштува дека тој и Александар Хаџи Панов во Ресен биле лично поканети од Даме Груев.[24] За таа цел, Александар Х. Панов од Прилеп допатувал во Битола, а оттаму заедно со Анастас Лозанчев и Григор Попев заминале за Ресен. Анастас Лозанчев за Ресен го понел и својот фотографски апарат со кој за време на осветувањето на црквата, ја фотографирал со толпата народ пред неа.

По завршувањето на церемонијата за осветувањето на црквата, истиот ден на 15/27 август 1894 година започнало Ресенското советување, кое траело три дена. Советувањето се одржало во куќата на Татарчеви.[25] На советувањето учествувале: Христо Татарчев, Даме Груев, Анастас Лозанчев, Ѓорѓи Пешков, Александар Чакаров, Григор Попев, Александар Хаџи Панов, Тодор Станков, Атанас Мурџев, Славејко Стрезов, Трајко Доревски,[26] а можеби и други.[27]

---

[23] Т. Станковъ, Нѣкога и сѣга... 1-3; Спомени на И. Х. Николов..., 55.

[24] Македония в пламъци. Спомени на Григор Попев..., 112.

[25] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 171.

[26] Исто, 172-173.

[27] Покрај наведените, низ мемоарската литература се провлекуваат и имињата на Никола Наумов, Пере Тошев, Андреј Љапчев, Петар Поп Арсов и Андон Димитров. (Види: Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 172, белешка 166). Меѓутоа, ако за првите тројца постои реална можност да присуствуваат во Ресен и на Советувањето, тогаш за последните двајца, таквата можност речиси е исклучена.





Осветување на црквата Св. Кирил и Методиј
(фотографии направени од А. Лозанчев)

Според имињата на учесниците и местата од каде што доаѓале (Битола, Охрид, Ресен, Струга и Прилеп), очигледно е дека Советувањето имало „привидно регионален карактер“, меѓутоа усвоените одлуки „ги надминуваат регионалните рамки и се однесуваат на МРО во целина“.[28]

По тридневна дебата, според Х. Татарчев на Советувањето биле донесени следниве одлуки: 1. Македонија да се подели на револуционерни реони (окрузи) и во секој од нив да се постави соодветно авторитетно лице; 2. Материјални средства за ослободителното дело да се собираат не само од членовите Организацијата, туку и од симпатизери на делото; 3. Во црковно-училишните институции: општини и училишта (било егзархиски, било општински) да провлечат колку што може свои луѓе, или симпатизери на делото; 4. Засилување на револуционерната пропаганда со месни весници и револуционерна литература.[29] Покрај тоа на советувањето станало збор за засилување на месните комитети и проширување на нивната активност, како и за вооружување на членството, ако не друго, барем со револвери.[30]

По советувањето, Д. Груев заедно со Александар Х. Панов и Григор Попев заминал за Охрид, а од таму за Струга. Притоа, за да ѝ дадат посилен блесок на својата мисија, тројцата се облекле во арнаутски алишта, набавиле чифтиња и револвери. Така стокмени, Анастас Лозанчев ги фотографирал,[31] со што го овековечил моментот. Облеката, оружјето и фотографирањето биле во функција на револуционерната пропаганда. Во врска со тоа, Г. Попев вели дека со тоа сакале да покажат „ете гледајте нѐ, ние станавме четници“.[32]

По завршувањето на Ресенското советување, Анастас Лозанчев заедно со А. Љапчев, заминал на прошетка низ Преспанско. Притоа го посетил Сливнишкиот манастир и селото Герман каде што ги фотографирал остатоците од старата црква во која се чувала спомен плочата поставена од цар Самуил во чест на неговите родители.[33] Од таму преку с. Наколец заминал на островот

[28] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 172,

[29] Спомени на Х. Татарчев..., 340.

[30] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., 35.

[31] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 113.

[32] Спомени на Григор Стефанов Попев, Зб. Даме Груев 1871-1906, (истражување и материјали), Битола 1981, 104.

[33] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 113.

Св. Ахил, каде што ги разгледал остатоците од тврдината и црквата „Св Ахил". Покрај тоа, за време на обиколката А. Лозанчев ги посетил изворите на Преспанското Езеро, местото од каде што неговите води истекуваат кон Охридското Езеро, потоа селата Конско и Шурленци. Откако го обиколил Преспанско, Анастас Лозанчев се вратил во Ресен каде што повторно се сретнал со Даме Груев, Александар Х. Панов и Григор Попев, кои штотуку се вратиле од обиколката на Охрид и Струга. Од таму заедно тргнале за Битола.[34]



Даме Груев, Александар Хаџи Панов и Григор Попев,
фотографија направена од Лозанчев

Анастас Лозанчев, Даме Груев, Александар Х. Панов и Григор Попев по враќањето од Ресен, вечерта ја минале заедно на

[34] Исто.

бостанот на Лозанчеви, кој се наоѓал во околината на градот. Понесени со ентузијазмот поради „започната работата“ ноќта ја миналe весело со песни и истрели од чифтиња и револвери.[35] Меѓу славениците бил и татко му на Анастас, Диме Лозанчев, кој бил многу среќен и весел. Меѓутоа, набрзо потоа Диме Лозанчев се разболел, а по неколку денови починал.[36] Оттогаш Анастас Лозанчев, како најстар син, во согласност со традицијата требало да ја преземе врз себе сета одговорност како за водење на семејното стопанство, така и за целото семејство.



Фотографија на црквата во с. Герман, направена од Лозанчев

3. Битолскиот окружен комитет по Ресенското советување пројавил засилена активност за спроведување на одлуките од Советувањето, за привлекување на ново членство во редовите на Организацијата и формирање на месни комитети по околните места. Притоа секој од членовите на Окружниот комитет во согласност со професијата и средината во која се движел настојувал да даде максимум. За таа цел, биле интензивирани контактите помеѓу членовите на окружниот комитет. Анастас Лозанчев како секретар на окружниот комитет често контактирал со претседателот на комитетот – Пере Тошев. Средбите помеѓу нив најчесто се одржувале во станот на Пере Тошев, кој се наоѓал во пансионот на

[35] Исто.

[36] Исто.

Битолската егзархиска гимназија.[37] Тивкиот и скромен Пере Тошев со својата повлеченост наполно му конвенирал на темпераментниот и нервозен карактер на Анастас Лозанчев.[38]

Во овој почетен период од развојот на Организацијата, иако формално била извршена распределба на функциите во окружниот комитет, всушност работите течеле врз другарска основа и заемна доверба, без официјални формалности.[39] Другарскиот дух и довербата во секој поглед ја олеснувале работата. Дејноста на Битолскиот окружен комитет, особено се засилила со активирањето на Ѓорче Петров, што најверојатно се случило до крајот на 1894 година.[40]

---

[37] Тома Николов, Спомени от моето минало, (съставителство, предговор и бележки: Александър Пелтеков), София 1989, 52-53; Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 113; 115.

[38] Анастас Лозанчев во своите спомени за Пере Тошев пишува: „Со него за прв пат се сретнав на свршувачката на Гр. Попев. Изгледа со својата пргавост и разиграност му направив впечаток, бидејќи уште истата вечер ме покани на средба во пансионот и оттогаш веќе започнавме интензивна работа по револуционерната дејност. (Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 113). Додека во своите први спомени што А. Лозанчев ги раскажал пред Б. Мирчев вели: „Пере Тошев не беше силен како организатор и тој можеше да влијае само на тесен круг на луѓе. Штом ќе го анализираше некого психолошки и ќе утврдеше дека е погоден за работа, тој го привлекуваше кон себе и му даваше дух, додека другите правеа обратно. Пере Тошев беше многу издигната личност во Организацијата. Грешката на Пере беше во неговиот карактер ... Тој можеше да влијае само на одделни личности, бидејќи не поседуваше дарба за реч. Пере не можеше дури да пишува добро ... Пере Тошев беше до краен степен молчелив, но избувлив, не давајќи пет пари за никој“... (Македония в пламъци. Спомени на Анастас Лозанчев..., 99).

[39] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 55; Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 115.

[40] Ѓ. Петров во Спомените вели дека во Битолскиот комитет формално се вклучил еден месец по неговото конституирање. (Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 55). Меѓутоа во мемоарската литература постојат различни искажувања околу годината на вклучувањето на Ѓ. Петров во МРО. Така, А. Лозанчев во првите спомени вели: „Пере, иако близок со Ѓорче, не сакаше тој да биде примен во Организацијата. Тие двајцата тогаш живееја заедно во пансионот. Ѓорче влезе во Организацијата две години подоцна“, што значи во 1896 година. (Македония в пламъци. Спомени на Анастас Лозанчев..., 99). Меѓутоа во подоцнежните спомени во врска со приемот на Ѓ. Петров во Организацијата, А. Лозанчев пишува: „Во истата година (1895 г., б.н.) во Организацијата се присоедини Ѓорче Петров, кој дотогаш, иако беше информиран за сè, се држеше настрана. Тој знаеше сè, зашто со Пере Тошев, живееја во една соба како надгледувачи во пансионот, а само јас го посетував Пере, три пати дневно“. (Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев...,

Меѓу првите активности на Окружниот комитет во Битола било собирањето на финансиски средства и основање на почетен фонд како основен услов за сите понатамошни активности. За таа цел, според Анастас Лозанчев, првопосветените членови во Организацијата на почеток внеле по една турска лира за основниот финансиски фонд, а дури потоа ја утврдиле висината на годишната членарина за сите.[41] Според Ѓорче Петров, новопримените во Организацијата при „крштавањето“ биле должни да внесуваат по половина лира годишна членарина,[42] како и да издвојат определена сума согласност со својата волја и материјалната положба.[43] Бидејќи членарината и доброволните прилози не можеле да ги задоволат финансиските потреби на Организацијата, во сог-

115); Григор Попев во врска со приемот на Ѓ. Петров во Организацијата вели: „Централниот комитет во Солун не се согласуваше Ѓорче Петров да влезе во Организацијата. Го обвинуваа, дека кога бил во Скопје, дека се пројавил како заштитник на Егзархијата. Пере Тошев беше за приемот на Ѓорче Петров во Организацијата и најпосле кон крајот на 1896 година од Солун дадоа согласност тој да биде примен за член на комитетот“, (Македония в пламъци. Спомени на Григор Попев..., 115). Истата грешка, како Г. Попев ја прави и Х. Татарчев кога вели „кон крајот на 1896 година кон делото се присоедини ѝ Ѓорче Петров, а до тоа време бил ноторен противник на Организацијата“. (Д-р Христо Татарчевъ, Спомени отъ миналото, Сб. Илинденъ, София 1922, 18). Меѓутоа, Татарчев на друго место го потврдува општопознатиот факт дека Ѓ. Петров за време на Велигденската ваканција во 1896 година учествувал на Солунскиот конгрес како член на Централниот комитет. (Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., 41). Што се однесува за времето на прием на Ѓ. Петров во Организацијата, како и за неговото наводно дотогашно противење, Анастас Лозанчев во своите забелешки кон Спомените на Ѓ. Петров пишува: „Вистина е дека Ѓ. Петров се присоедини кон нас во Битола во 1895/1896 година, но никогаш од 1894-1896 година не бил наш противник, како што кажува докторот. (Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев...,515. Поаѓајќи од неоспорниот факт дека Ѓ. Петров во првата половина на 1896 година веќе бил член на Централниот комитет, како и неговите сведоштва за развојот на МРО во Битола во текот на 1895 година, и секако исказот дека тој во Организацијата се вклучил еден месец по основањето на комитетот во Битола, не ни останува друго, освен по кој знае кој пат да констатираме дека хронологијата е прва жртва во мемоарската литература. Поради тоа ги отфрламе горните искази и сметаме дека Ѓорче Петров во Организацијата се вклучил најдоцна до крајот на 1894 година.

[41] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 114.

[42] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 51.

[43] По овој овој основ, според Ѓ. Петров, Григор Попев во касата на Битолскиот окружен комитет внесувал и до 150 турски лири годишно. (Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 54). Меѓутоа, А. Лозанчев, тоа го негира. (Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 500).

ласност со Уставот и одлуките од Ресенското советување, Битолскиот окружен комитет во потрага по пари во име на ослободителното дело, започнал да се обраќа до побогатите лица, првенствено трговците. Така, на Ничо Биолчев, преку негови пријатели му биле побарани пет лири, а тој дал три, при што се „нафатил дека ќе дава и повеќе, кога ќе се увери дека има сериозно нешто“.[44] Прибирањето на средства на овој начин не одело секогаш глатко. Во некои случаи Организацијата прибегнувала кон закани со оружје. Така на пример, Григор Попев по барање на ресенскиот комитет, со револвер му се заканил на Трајче Радев (татко на Симеон Радев), бидејќи одбил да ја внесе побараната сума во касата на Организацијата.[45]

Битолскиот окружен комитет, есента 1894 година, во согласност со третата одредба од Ресенското советување, пристапил кон провлекување на свои луѓе во егзархиските црковно-училишни општини. За време на изборите за егзархиската црковно-училишна општина, Анастас Лозанчев со поддршка на Ѓорче Петров и еснафите, успеал да провлече млади луѓе - нивни симпатизери, во управата на Битолската егзархиска општина.[46] Така, за 1894/95 година за членови на училишната комисија при Егзархиската црковно-училишна општина биле избрани Мише Велков и Ѓорче Петров.[47] Кон крајот на ноември 1894 година, училишниот инспектор – Ѓорче Петров, во протоколите на Битолската егзархиска општина е регистриран како секретар на општината и на училишната комисија.[48] Од друга страна, Мише Велков кој бил влијателен меѓу битолските „аристократски“ семејства преку Тома Николов се зближил со Пере Тошев и Ѓорче Петров.[49] На тој начин бил затворен кругот помеѓу членовите привразници на МРО во Битолската егзархиска црковно-училишна општина. Таквата инфилтрација во егзархиската управа во Битола, а особено во нејзината училишна комисија, била од извонредно значење за Битолскиот окружен комитет.

Окружниот комитет во Битола набрзо ја реализирал и четвртата одлука од Ресенското советување. За засилување на револуционерната пропаганда кон крајот на 1894 годината, под ре-

---

[44] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 54.

[45] Македония в пламъци. Спомени на Григор Попев..., 114.

[46] Д. Димески, Македонското националноослободително движење...., 178.

[47] Исто, 240.

[48] Исто, 178.

[49] Т. Николов, Спомени от моето минало..., 51-52.

дакторство на Пере Тошев и Анастас Лозанчев, илегално почнал да излегува хектографираниот весник „На оружје“.[50] Подоцна обврската за уредувањето на весникот ја презел Ѓорче Петров,[51] како најпогоден за таа работа.[52] Весникот се вадел во мал тираж (30-40 броја), кои потоа биле распраќани во внатрешноста на вилаетот. Хектографирањето на весникот се правело кај Анастас Лозанчев.[53] Бидејќи станува збор за илегален лист со револуционерна содржина, насочен против власта и државата, очигледно е дека Анастас Лозанчев свесно презел голем ризик врз себе. При еден претрес кај него, благодарение на присебноста, А. Лозанчев за малку не станал жртва на својата „издавачка“ дејност. Кога полицијата влегле кај него, Лозанчев ладнокрвно ги прибрал листовите од весникот и ја сокрил пастата за хектографирање.[54] За засилување на агитација била обезбедена литература со револуционерна содржина која постојано кружела помеѓу членовите и симпатизерите на Организацијата.[55]

Членовите на Битолскиот окружен комитет со ентузијазам пристапиле кон привлекување на нови членови во Организацијата. Со тоа придонеле за нејзино ширење не само во Битола, туку и на територијата на целиот вилает. Така Анастас Лозанчев лично ги покрстил: Никола Алтипармаков, Неделко Дамјанов[56] Ристо Самарџиев,[57] Никола Кочов,[58] и други. Интересни сведоштва за тоа ни оставил ѓакон Тома Николов, кој исто така бил покрстен од А. Лозанчев.[59] Т. Николов како поддржувач на „конзервативната“ (проегзархиска) страна во Битола, на неколку пати во станот на Пере Тошев ги затечел Анастас Лозанчев и Ѓорѓи Пешков како шепотат меѓу себе,[60] но поради групацијата кон која гравитирал немал доверба кон нив. Тома Николов со А. Лозанчев се познавал од ученички денови од Солун, но не бил близок со него бидејќи

[50] Македония в пламъци. Спомени на Григор Попев..., 114; (Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 114).

[51] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 53.

[52] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 115.

[53] Исто, 114.

[54] Исто, 115.

[55] Н. К. Майски, Изъ споменитѣ ми за Пере Тошевъ, Ил. Илинденъ, VI/1-2 (51-52), София 1933, 6-8.

[56] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 113.

[57] Исто, 115.

[58] Исто, 424.

[59] Т. Николов, Спомени от моето минало..., 53.

[60] Исто, 52.

тој бил „нервозен и избувлив“.[61] Од друга страна, Т. Николов одел на имenден кај Диме Лозанчев (татко на Анастас), бидејќи тој бил првенец и влијателен човек во Јени маало и своевремено учествувал во борбите по црковното прашање.[62] Независно од првичните предрасуди, Т. Николов набрзо бил подготвен и покрстен во Организацијата лично од А. Лозанчев. Наскоро Тома Николов станал клучна фигура при официјалното покрстување на ново примените членови во Битола. Со дозвола на Анастас Лозанчев, кој му бил претпоставен, Тома Николов најпрво ги подвел под клетва слугите во црквата „Света Богородица“. На тој начин во спомнатава црква биле создадени услови за свечено покрстување на другите пред евангелие, крст, кама и револвер. Откако било уредено прашањето со прислужниците во црквата, Анастас Лозанчев и Ѓорѓи Пешков, подготвените членови за прием во Организацијата почнале да ги испраќаат на покрстување кај Т. Николов.



Тома Николов

Значајна улога при ширењето на Организацијата меѓу еснафите во Битола во прво време одиграле и Григор Попев, Ѓорѓи Пешков и Христо Чемков.[63] Во тој поглед Пере Тошев поради својата затвореност и пребирливост,[64] се ограничил на помал број на луѓе. Со активирањето на Ѓорче Петров, Битолскиот окружен комитет во тоа време се чини го добил најсилниот агитатор сред еснафските средини, но и помеѓу селаните.[65] Ѓорче како „матица“ ги вртел околу себе селаните и еснафите. Неговиот стан кој бил отворен за сите го добил епитетот „Крива круша“, бидејќи на таквата наводно секој можел да се качи.[66] Од друга страна Пере Тошев и Ѓорче Петров како прилепчани служеле како обединувачка алка помеѓу битолските и новодојдените при-

[61] Исто.

[62] Исто, 53.

[63] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 53.

[64] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 181.

[65] Види: Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 52.

[66] Т. Николов, Спомени от моето минало..., 52.

лепски еснафи.[67] Со тек на време мрежата на МРО почнала да се шири кон Леринско, Костурско, Кичевско, Ресенско, Крушевско и Прилепско.[68]

За ширењето и зацврстувањето на МРО во Битолскиот вилает, значајна заслуга има и самиот Анастас Лозанчев. Тој под превезот на фотографскиот занает имал можност да ги посетува околните градови и села. Така во 1895 година А. Лозанчев ги посетил Прилеп и Кичево.[69] Ползата од таквите обиколки била двострана. Работејќи како подвижен фотограф, Лозанчев за период од само 2-3 месеци заработувал финансиски средства за издршка на семејството, речиси за цела година.[70] Од друга страна, фотографот Анастас, при овие обиколки, како секретар на окружниот комитет одржувал контакти со околиските комитети, а во местата каде што немало такви самиот ги формирал.[71] Според А. Лозанчев во текот на 1895 година, речиси во сите градови и во повеќе села постоеле раководни тела кои била во постојана врска со окружниот комитет во Битола. Притоа кореспонденцијата се водела со шифрирана азбука, а за пишување се користело невидливо мастило или хемиски моливи.[72] Од своја страна окружниот комитет во Битола одржувал редовни врски со ЦК МРО во Солун. Тајната кореспонденција со Солун била одржувана преку неколку трговци „гркомани“, лични пријатели на Анастас Лозанчев.[73]

---

[67] Според Т. Николов, битолските еснафи со завист гледале кон прилепчани кои отвориле трговски фирми во Битола и започнале да им конкурираат во трговијата, бидејќи своите стоки ги набавувале директно од Солун. Прилепчани дури им станале конкуренти и на крупните трговци (гркомани) од кои битолските трговци земале стока на ситно. (Т. Николов, Спомени от моето минало..., 51).

[68] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 53.

[69] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 115.

[70] Исто.

[71] Според Т. Николов, А. Лозанчев како фотограф во 1894 година го посетил Кичево „додека кичевчани немаа видено фотографија“. Тогаш, Лозанчев меѓу првите во тајните на Организацијата го посветил својот поранешен соученик од Солунската гимназија јероѓакон Јосиф, инаку еден од браќата во манастирот „Пречиста“, а во исто време и учител во петокласното училиште. Всушност тој станал и прв раководител на комитетот во Кичево. (Т. Николов, Спомени от моето минало..., 89). Овде ќе забележиме дека за разлика од Т. Николов, кој посетата на А. Лозанчев на Кичево ја сместува во 1894 година, самиот Лозанчев вели дека тоа било во 1895 година.

[72] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 134.

[73] Исто.

Поради конспиративни причини, според Правилникот на МРО,[74] новопримените членови биле организирани во десетки. Притоа секој член ги познавал само членовите на својата група и началникот, кој од своја страна го познавал само својот претпоставен од комитетот. На пример Николов, чиј што претпоставен бил Анастас Лозанчев, добивал и извршувал наредби само од него. Наспроти тоа, иако дружел со Пере Тошев, подолго време не смеел да му каже дека бил заколнат во Организацијата.[75] Поради таквиот конспиративен карактер се случувало определени поединци, или цели групи да бидат подложени на агитација од други членови, без да знаат дека истите веќе биле покрстени од друг.[76]

Битолскиот окружен комитет, имајќи ја предвид конфесионалната измешаност на теренот, и покрај уставните ограничувања (член можел да бидат само егзархист) во однос на приемот на членството, релативно рано почнал да се отвора и за патријаршистите (гркомани).[77] Со тоа всушност била прејудицирана одлуката на Солунскиот конгрес од 1896 година, кога Организацијата широко се отворила за сите незадоволни елементи, без разлика на нивната етничка и конфесионална припадност.

Во врска со тоа А. Лозанчев во 1945 година ќе запише дека Организацијата постигнала голем успех во гркоманските села. Според него, „во најтешки времиња за четите, (тие. б.н) подслон наоѓаа во тие села. Ниту, ветувања, ниту заплашувања од страна на грчките митрополити и конзулства не можеа да ги отргнат од соработка со Организацијата и четите“.[78]

---

[74] Види: В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903. Поглед низ документи..., 61-63.

[75] Т. Николов, Спомени от моето минало..., 54. Во контекст на тоа Т. Николов пишува: „сите посветени без да се познаваат, се препознаваа по својата самоувереност и сјајот на лицата ... секој беше готов да се жртвува за делото и за своите другари“ (Исто).

[76] Така на пример, Ѓ. Петров кога агитирал пред Христо Самарџиев од Битола, последниот не му кажал дека бил посветен во делото. Следниот ден, кога Ѓорче повторно се јавил кај него, Самарџиев му открил дека тој претходно планирал да го покрсти него. (Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 55). Всушност Х. Самарџиев, претходно бил покрстен од Анастас Лозанчев. (Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 115.)

[77] „Во Битола се појави уште тогаш прашањето дали да примаме гркомани во Организацијата. Решивме да ги примаме, но со голема претпазливост, со голема резерва за да не нè издадат на грчкиот владика. Имаше многу наши пријатели – другари кои беа во пријателски врски со млади гркомани, за кои допуштаа дека може да станат добри работници“. (Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 57).

[78] Х. Тзавела, Спомени на Анастас Лозанчев..., 383.

Ослободителната идеја, спакувана под девизата „автономија на Македонија“, до која треба да се дојде преку едно општо востание кое треба да предизвика вмешување на Големите сили и нивен притисок врз Османлиската Империја во прилог на посакуваната цел, за обичниот човек претставува сувопарна апстрактна категорија. Обичниот човек агитацијата полесно ја прифаќа кога ќе почувствува нешто конкретно, кога апстрактните формули ќе добијат опиплив материјален израз. Не случајно творците на МРО при покрстувањето на ново примените членови во Организацијата, одлучиле тоа да биде свечен и симболичен чин пред евангелие, кама и револвер. Оттука, набавката на првите количини на оружје пред сè револвери, колку и да било симболично, имало огромен морален ефект.[79]

Всушност, револверот и камата во прво време биле основни статусни симболи за секој револуционер. Битолскиот окружен комитет во согласност со своите можности релативно рано се впуштил по илегална набавка на револвери, а потоа и на пушки. Според А. Лозанчев, во Битолскиот округ најпрво почнале да се купуваат црногорски револвери, по некој лебел и наган, а од време на време и по некој Колтов браунинг.[80] Покрај тоа, започнало да се набавуваат и пушки мартинки, најпрво од локално производство: тетовски и дебарски.[81] Всушност, првата тетовска мартинка била купена за 2,3/4 турски лири и таа останала кај Анастас Лозанчев сè до Востанието во 1903 година, кога прв пат била искористена.[82] Заради поголема одговорност кон оружјето, ново примените членови биле должни да се вооружат сами, а доколку материјалната состојба не им го дозволувала тоа, тогаш одговорноста за вооружувањето ја преземал комитетот. Оружјето не само што ја зголемила самодовербата кај членството, туку во исто време го зголемил престижот на Организацијата во очите на обичниот човек, а покасно и кај нејзините непријатели.

---

[79] „Решивме да почнеме да купуваме оружје, прво револвери. Првата потреба за револвери се појави кога се установи да има револвер при давање на клетва. Имаше потреба за револвери и за куририте ... Се јави неосетно желба кај сите членови, секој да си носи револвер – како знак на револуционер – револвер и кама ... револверите послужија како очигледен доказ дека има сериозни револуционери на дело, а не само на зборови. Ова нешто многу ѝ помогна на агитацијата. (Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 54).

[80] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 134.

[81] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 54).

[82] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 114.

4. Во 1895 година во македонското револуционерно движење се вплеткал нов – надворешен фактор (Македонскиот комитет од Софија), кој оттогаш постојано ќе ги комплицира и усложнува работите во и онака заплетканото македонско прашање. По падот на режимот на бугарскиот премиер Стефан Стамболов во 1894 година, во Бугарија се создале поповолни услови за политичко дејствување на бројната македонска емиграција. Особено поттикнувачки за раздвижувањето на македонската емиграција влијаело разгорувањето на ерменската криза и активирањето на европската дипломатија во врска со спомнатово прашање. Чувствувајќи го моментот, македонските друштва во Бугарија, за да извршат притисок врз европската дипломатија и Османлиската Империја, кон крајот на 1894 година започнале да организираат јавни собири за поддршка на ерменското движење, но всушност барале спроведување на реформи во Македонија врз основа на член 23 од Берлинскиот договор. Во исто време започнал процес за обединување на сите македонски друштва во единствена организација.[83] За таа цел во март 1895 година, во Софија бил одржан Првиот македонски конгрес, при што македонските друштва се обединиле под капата на новосоздадениот Македонски комитет.[84] Тогаш била утврдена и целта на Македонскиот комитет „придобивање за населението во Македонија и Одринско политичка автономија – приложена и гарантирана од Големите сили“.[85] За постигање на ова цел, Комитетот предвидел легални (политички) и нелегални (воени) средства: агитација преку печатот, одржување на митинзи, испраќање на меморандуми до Големите сили, соработка со бугарските политички кругови што ја поддржуваат целта на комитетот, како и мерки „диктирани од силата на околностите“.[86] Последново подразбира уфрлање на чети во Македонија

[83] Во Повикот за испраќање на делегати за првиот македонски конгрес, меѓу другото стои: „Македонци! Македонскиот комитет со предвид на сериозната положба на нашата татковина и веќе подигнатото ерменско прашање, смета како неопходно потребно да свика едно општо собрание на сите Македонци од Княжеството, Романија и сл. за да се осмисли нашето организирање и понатамошното заедничко дејствување за подобрување на положбата на нашите браќа во Македонија и Одринскиот вилает во согласност со член 23 од Берлинскиот договор“. (Княжеството България и македонския въпрос. Протоколи от конгресите на Върховния македоно-одрински комитет 1895-1905, съставител: Цочо В. Билярски, София 2002, 44).

[84] Повеќе за тоа види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 181-187.

[85] Величко Георгиев и Стайко Трифонов, История на българите 1878-1944 в документи, том I, 1878-1912, част втора, София 1996, 360.

[86] Исто, 361.

и провоцирање на судири со османлиските власти. Во Македонскиот комитет членувале македонски емигранти, а помалку Бугари. Повеќето од нив биле искрени македонски патриоти, но во него се вовлекле и доверливи луѓе на бугарската политика, разни кариеристи, авантуристи, случајни сопатници на македонското дело, па дури и стари арамијски војводи. Инволвирањето на таквите профили во оваа организација директно се одразило врз нејзината активност и воопшто врз натамошниот развојот на македонското движење.

Уште додека траел процесот за обединувањето на македонските друштва, почнале да се подготвуваат чети, кои пролетта 1895 година започнале да навлегуваат во османлиска Македонија, првенствено во североисточните предели. Подготовката и навлегувањето на четите потајно било поддржувано од бугарската влада и кнезот. Така, поткрепувајќи ја активноста на македонската емиграција, официјалните бугарски кругови, всушност го злоупотребиле патриотското чувство на емигрантите за притисок врз Османлиската Империја и европската дипломатија за меѓународно признавање на кнезот Фердинанд и за добивање на нови берати за егзархиски владици во Македонија. Кога остатоците од разбиените чети почнале да се враќаат од Македонија, бугарските власти, кои во меѓувреме добиле позитивни сигнали за своите барања, започнале да ги приведуваат четниците, овој пат за да создадат впечаток пред надворешниот свет дека Бугарија е конструктивен фактор, но и дека клучот за македонското прашање се наоѓа во Софија.[87]

Битолскиот вилает, иако географски е подалеку од границата со Бугарија, сепак делумно бил засегнат од провокацијата на Македонскиот комитет. Во март 1895 година во Прилепско пристигнала шестчлена чета под водство на стариот арамиски војвода Димо Дедото. Четата имала намера да го убие прочуениот разбојник Расим, меѓутоа наместо него, по грешка го убила бегликчијата Ахмед. Поради ова убиство избила т.н. Дреновска афера.[88] За време на истрагата во врска со овој случај биле приведени 45 лица претежно од Прилепско. Меѓу нив се нашле и активисти на Организацијата. Битолскиот валија Абдул Керим паша го искористил овој случај за организирање на масовна акција за приби-

[87] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 188-192.

[88] Повеќе за Дреновската афера види: Димитар Димески, Аферите во Битолскиот вилает 1895-1903, Скопје 1993, 9-24.

рање на илегалното оружје меѓу христијанското население во битолско, прилепско и кичевско.[89] Големата акција за прибирање на оружјето не била толку за елиминирање на разбојништвото во регионот, туку за заплашување на населението и спречување на евентуални нереди поради очекуваниот прилив на чети од Бугарија. За камуфлирање на репресијата при собирањето на оружјето, власта распишала потерница по разбојникот Расим. Иронијата да биде поголема последниот набрзо сам им се предал на властите.[90] Како и да е, поради авантурата на четата на Димо Дедото која била испратена од Македонскиот комитет, во Битолскиот вилает биле осудени дваесетина лица. Меѓу нив се нашле и лица на Македонската революционерна организација, бидејќи имале контакт со четата. Всушност тие биле осудени за туѓа идеја, бидејќи не ја знаеле задната намера на испраќачите на четата. Благодарение на конспиративниот дух во кој биле заколнати, сепак не дошло до провала на Организацијата на која вистински ѝ припаѓале.

Набрзо по Дреновската афера, османлиските власти во Кичевско успеале да фатат тројца „комити“ од една петочлена чета, која исто така навлегла од Бугарија.[91] Летото 1895 година, кога четите од Бугарија навлегле во североисточна Македонија, Македонскиот комитет испратил неколку анонимни повици со револуционерна содржина во Битолскиот вилает. Еден таков проглас бил адресиран дури до патријаршискиот пелагониски митрополит, кој веднаш го доставил до вилаетските власти.[92] За парализирање на востаничката провокација која доаѓала од Македонскиот комитет во Софија, османлиските власти не само што го засилиле военото присуство во североисточна Македонија на границите кон Бугарија,[93] туку дури издале наредба за мобилизација на редифите од прв ред во Битолскиот вилает.[94] Покрај тоа, властите презеле мерки за ограничување на движењето на егзархиските владици и училишни инспектори и слично. Така, според весникот Право, вилаетските власти од Битола, на охридскиот егзархиски владика – Григориј му забраниле да ги посетува битолските села. Забрана за движење по битолските села му била изрече-

[89] Исто, 15.

[90] Исто, 17.

[91] Д. Димески, Македонското националноослободително движење...., 196.

[92] Исто.

[93] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 195.

[94] Д. Димески, Македонското националноослободително движење...., 197.

на и на егзархискиот училишен инспектор – Ѓорче Петров.[95] Провокацијата на Македонскиот комитет од летото 1895 година во североисточна Македонија, која неосновано е покриена со терминот „Мелничко востание" не наишла на поддршка кај месното население. Уште пobледо било нејзиното влијание во Битолскиот вилает. Неколкуте арамиски чети кои се појавиле таму, освен што ја подигнале внимателноста кај властите, не предизвикале речиси никаков ефект кај населението. За политичката ситуација во тоа време во Битолскиот вилает, српскиот конзул Д. Боди во извештајот од 15 јули 1895 година пишува: „во вилаетот владее мир и не се забележува никакво политичко движење кое би стоело во врска со бугарските комити, а народот ниту бара, ниту му паѓа на памет да дига востание, кое Кнежеството Бугарија од свои лични интереси би сакало со сила да го предизвика и создаде, пуштајќи во европските весници гласини... дека Востанието веќе пламнало".[96]

Во меѓувреме, ЦК МРО со љубопитност го следел активирањето на македонската емиграција во Бугарија, надевајќи се дека од таму ќе добие помош за својата кауза.[97] За таа цел, Иван Х. Николов во Софија се сретнал со претседателот на МК –Трајко Китанчев и од него побарал морална и материјална поддршка за МРО.[98] Непосредно пред т.н. „Мелничко востание ", Никола Наумов допатувал во Солун и од името на МК го поканил ЦК МРО да земе учество во планираното движење. Меѓутоа, ЦК не ја прифатил играта, бидејќи Организацијата сè уште била во „пелени", а прифаќањето на една таква иницијатива би било само „блефирање".[99] Кога четите на МК почнале да ја преминуваат турско- бугарската граница, Даме Груев како член на ЦК МРО отпатувал за Софија, каде што се сретнал со претседателот на МК – Трајко Китанчев, како и со Андреј Љапчев и Наум Туфекчиев. Од средбите со нив, Груев сфатил „со какви средства се започнало" и затоа не очекувал особени резултати, но за него било утешително тоа што македонската емиграција во Бугарија „почнала да работи".[100]

---

[95] Битолския валия Абдулъ Керимъ паша, Право I/43, София 10 септ. 1895, 2.

[96] Државен архив на Македонија (ДАРМ), фонд (ф): Политичко одделение (ПО), Ф. I, пов. бр. 42, Битола, 15. 07. 1895, микрофилм (мф.) 445.

[97] Види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 205-206.

[98] Спомени на Иван Х. Николов..., 59.

[99] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., 76.

[100] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 19.

Од изнесеново очигледно е дека ЦК МРО иако ја следел активноста на МК, немал намера да се впушта во авантура, ниту пак неа да ја попречи. Напротив, кон тоа гледал со симпатии и настојувал, ако може, да извлече некаква корист. Ѓорче Петров, кој во време на „востаничката авантура“ на МК сѐ уште престојувал во Битола, вели дека за тоа немале никакво известување. Тоа „го следевме со проста љубопитност, ниту го осудувавме, ниту му дававме некакво големо значење. Но, повеќе клоневме кон симпатија. Нашата психологија ... не допушташе помисла дека Бугарија може да игра нешто за свои цели. Ни најмалку не повлијае тој настан врз нашата дејност, ни да запре, ни да ни го измени планот“.[101] Меѓутоа, според Григор Попев работите во Битола стојат малку поинаку. Според него, окружниот комитет во Битола, откако дознал за „Востанието“ по долината на Струма, одржал состанок во кафеаната „Цариград“ на Широк сокак. На состанокот присуствувале: Пере Тошев, Анастас Лозанчев, Ѓорѓи Пешков и Григор Попев. Тогаш по предлог на Пере Тошев, окружниот комитет имајќи предвид дека не располагале со доволно оружје и луѓе, донел одлука со влечење на ждрепка помеѓу посветените членови во еден исти ден да бидат убиени: битолскиот, солунскиот и скопскиот валија.[102] Откако била донесена одлуката, Григор Попев заминал за Солун за да ја образложи пред ЦК. Меѓутоа, во тоа време, претседателот на ЦК, Христо Татарчев, поради својата венчавка бил во Виена, а Даме Груев бил на пат за Софија. Така, Григор Попев се сретнал само со Иван Х. Николов (член на ЦК), кој му одговорил дека сам не може да се произнесе по предлогот од битолчани.[103] Како и да било, фактот што Битолскиот окружен комитет под влијание на настаните кои биле иницирани од надвор, размислувал за некаква иницијатива, упатува на заклучок дека во тоа време сѐ уште верувале во брзо и лесно ослободување со еднократни постапки.

Многу работи во врска со активноста на Македонскиот комитет за МРО ќе станат појасни по завршувањето на востаничката авантура. Набрзо по „Мелничкото востание“ во Солун пристигнал офицерот Луков (учесник во акцијата) за да се запознае со состојбите во МРО и нејзините потреби. Притоа се сретнал со Христо Татарчев и Даме Груев, но тогаш не било засегнато прашањето за заемните односи меѓу двете организации. Луков од Со-

[101] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 57-58.

[102] Македония в пламъци. Спомени на Григор Попев..., 113.

[103] Исто, 114.

лун заминал за Битола, каде што се сретнал со Пере Тошев,[104] а веројатно и со другите членови на окружниот комитет. Ѓ. Петров за посетата на Луков во Битола вели дека поради својата наивност го пречекале како „господ“, но подоцна сфатиле дека тој воопшто не го заслужувал тоа.[105] Набрзо потоа во Солун од Софија дошол човек од Бугарија за да им покаже на луѓето од Организацијата што чудо е динамитот. Поради тоа, Битолскиот окружен комитет испратил човек во Солун за да види што е тоа динамит и како се ракува со него. Таквата одлука на Битолскиот окружниот комитет уште еднаш укажува дека во овој период, тие многу верувале во чудотворната моќ на експлозивните материјали за кои немале речиси никакви познавања.[106]

По првичните искуства со МК, а особено откако турските затвори почнале да се полнат со луѓе поради востаничката авантура,[107] ЦК МРО во летото на 1895 година, под превезот на учителски собир во Солун, одржал советување за да изгради став кон МК.[108] На советувањето, меѓу другите учествувале Даме Груев и Иван Хаџи Николов (како членови на ЦК), а од внатрешноста како раководители: Гоце Делчев (од Штип) и Пере Тошев (од Битола). На советувањето биле донесени следниве одлуки: 1. МК од Софија да дејствува во хармонија со идеите и задачите на МРО и заемно да ги почитуваат респективните територии; 2. МК во иднина да не испраќа чети во Македонија, ниту вооружени поединци; 3. МК да не влегува во врски со самопрогласени претставници на МРО доколку за тоа немаат специјално полномоштво, ниту пак да им дава средства и материјали во нејзино име; 4. МРО го предупредува МК дека ќе биде безмилосна кон сите што не ги почитуваат нејзините закони, и кон оние што без нејзина согласност вооружени навлегуват на нејзината територија. Спом-

---

[104] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., 78.

[105] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 58.

[106] „Ние сè уште бевме на стариот ум – имавме голема наклонетост кон експлозивните материјали, макар да не им ја знаевме употребата“. (Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 58.)

[107] Андон Димитров во своите спомени бележи дека поради непромислената востаничка провокација од страна на МК низ солунските улици за тамошните затвори биле спроведени 40-50 селани од Горноџумајско, Мелничко и Неврокопско. Грозоморната слика го натерала ЦК да преземе мерки за да се стави крај на „таа ненормална ситуација“. Андон Димитров, Спомени, Сб. Борбите в Македония и Одринско (1878-1912), София 1981, 104-105.

[108] Димитар Димески, Гоце Делчев, Скопје 1994, 54.

нативе одлуки преку Коста Кондов кон крајот на август 1895 година му биле доставени на МК во Софија.[109] Факт е дека МК не ги зел предвид предупредувањата. Така, уште есента 1895 година, МК го испратил Александар Чакаров да провоцира востание во Виничко. Меѓутоа, овој пат, неговата активност директно била парализирана по иницијатива на Гоце Делчев.[110]

5. Кон крајот на 1895 и почетокот на 1896 година, Битолскиот окружен комитет покрај тоа што настојувал за зацврстување на својата мрежа и зголемување на членството, паралелно работел и на изнаоѓање на нови канали за купување на оружје. Во овој период, покрај набавката на револвери и пушки, битолскиот комитет пројавил силна амбиција и за набавка на бомби. За реализација на овој копнеж на битолчани, примарна улога одиграл Гоце Делчев, кој како раководител на комитетот во Штип ги воспоставил првите канали за доставка на оружје од Бугарија и негово препраќање во внатрешноста на земјата.[111] Раководителите на битолскиот комитет, кои уште од почеток биле воодушевени од моќта на експлозивните средства, побарале од Гоце Делчев, меѓу другото да им испрати бомби. Ѓ. Петров во врска со тоа вели: „Бевме посакале бомби од Делчев, да ни прати неколку за да ги видиме како изгледаат, да се поокуражиме, да им се порадуваме. Тие беа празни. Бевме уште во неопределеност. Уште не се надевавме на народната сила, туку баравме спас во бомбите".[112] Како врска помеѓу Штип и Битола служел Доне Стојанов Тошев од с. Ерџелија. Тој како кираџија со коњи пренесувал ориз од Виница и Кочани кон Прилеп и Битола. Патем, покрај стоката, Доне по барање на Организацијата, пренесувал и по некое парче оружје.[113] Така, Доне Тошев на двапати доставил бомби во Битола.[114] Меѓу-

---

[109] Страници отъ миналото (Извлечения отъ дневника на К. Кондовъ) Ил. Илинденъ, г. II/ 4 (14), София 1929, 4.

[110] Гоце Делчев. Писма и други материали, издирил и подготвил за печат Дино Кьосев, София 1967, 273-277.

[111] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 58.

[112] Исто, 58-60.

[113] Според Г. Трајчев, Доне повеќепати пренесувал оружје на оваа релација. Притоа како база во Прилеп го користел винскиот ан на Томе Барда, каде се среќавал со Петре Свеќарчето кому му ги предавал пратките. Во Битола, пак, Доне престојувал во Мисир ан, каде се среќавал со Георги Пешков, Григор Попев и Пере Тошев. (Г. Трайчев, Градъ Прилепъ, София 1925, 228).

[114] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 134. Според Ѓ. Петров, првиот пат Доне доставил 8 бомби, а вториот пат 4 бомби (Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 58).

тоа, третиот обид завршил несреќно со познатата Донева афера.[115] На 7/19 април 1896 година, колџиите од Режијата за тутун, кај црквата „Света Недела“ на влезот во Битола, при проверката на товарот на Доне Тошев во вреќите со ориз пронашле 10 празни бомби, 150 набои за револвери и нешто барут.[116] Доне најпрво се обидел да побегне, но бил фатен и ставен во затвор. Откривањето на бомби во Битола „одекнало како гром од ведро небо“.[117] За разоткривање на заговорот власта презела итни мерки, притоа на чело на истрагата застанал валијата Абдул Керим паша. Со тоа МРО за прв пат поради својата активност била соочена со сериозна опасност од разоткривање на нејзината конспиративна мрежа.

Окружниот комитет во Битола, презел низа мерки за еластично да го дочека ударот од аферата. Во тоа време Пере Тошев и Ѓорѓи Пешков привремено се прикриле во Битола. Григор Попев и Анастас Лозанчев кои биле затечени во Прилеп, го продолжиле престојот таму и од дистанција го исчекувале натамошниот развој на настаните. Притоа преку Петар Поп Арсов (претседател на Прилепскиот околиски комитет), стапиле во контакт и координација со другите членови на Битолскиот окружен комитет. Во исто време, битолскиот комитет преку Јордан Гавазов стапил во контакт со Доне во затворот. За секој случај била донесена одлука доколку Доне започне да предава, да биде ликвидиран во затворот. Покрај тоа своевремено била предупредена и „даскалосана“ сопругата на Доне Тошев во Ерџелија. Од друга страна, битолскиот комитет за да го заштити Гоце Делчев благовремено го предупредил комитетот во Штип. За секој случај директниот испраќач на бомбите – Коце Ефремов бил испратен за Бугарија.[118] Битолскиот окружен комитет за настанот веднаш го информирал ЦК МРО во Солун. Оттаму Даме Груев презел дополнителни мерки за предупредување на Гоце Делчев, кој во тоа време бил на пат за Бугарија.[119]

Како последица на аферата, Доне Тошев бил осуден на доживотен затвор. Меѓутоа тој никогаш не ја признал сопствената вина и не предал никој. По извсно време Доне бил амнестиран.[120]

---

115 Поопширно за Доневата афера види: Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает ..., 25-32.

116 Исто, 26.

117 Исто, 28.

118 Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает ..., 29-30.

119 В. Ѓорѓиев, Подземната република...., 170-172.

120 Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает ..., 30.

Благодарение пред сѐ на Доневата цврстина и истрајност, а потоа и на превентивните мерки на Битолскиот окружен комитет, оваа афера не метастазирала во провала од пошироки димензии, ниту пак оставила последици за самата Организација. Меѓутоа, Доневата афера го исфрлила на површина фактот за постоење на заговор во Битола и Штип и го свртела вниманието на власта кон Г. Делчев.[121] Од друга страна, Доневата афера ги охрабрила сите. Доне станал синоним за нескршливоста на револуционерната волја.[122]

6. На општ организациски план во 1896 година, за време на Велигденската ваканција во Солун бил одржан Првиот конгрес на МРО.[123] Поради важноста на одлуките кои биле усвоени тогаш, Христо Татарчев, овој конгрес уште го нарекува „основачки и законодавен“.[124] Во работата на конгресот, Битолскиот окружен комитет бил претставен од неговиот претседател – Пере Тошев, и од претседателот на Прилепскиот околиски комитет – Петар Поп Арсов.[125]

На Солунскиот конгрес биле разгледани повеќе прашања како: административно територијална реорганизација на организациската територија; начинот на кореспонденција; прашањето за печати за секој округ; односот кон другите етнички групи и конфесионални заедници; статусот на Одринско и Цариград; прием на жени во Организацијата; односите со Врховниот македонски комитет (ВМК); отворање на задгранично претставништво во Софија; односот со проегзархиските кругови во Македонија; односот спрема пропагандите и друго. На крај била донесена одлука за преточување на конгресните решенија во нов устав и правилник на Организацијата.

---

121 Д. Димески, Гоце Делчев..., 68-69.

122 Ѓ. Петров во врска со тоа вели: „Цврстината на Доне ни направи силен впечаток и многу нѐ охрабри ... Примерот на Доне изигра голема охрабрувачка улога ... Доне си создаде име во Организацијата како праотец на цврстината во најголеми страданија. Така се создаде традиција еден друг да не поткажуваат, да не се издава ништо. Се натпреваруваа кој повеќе маки ќе истрае ... Кога излезе Доне од затвор, со смеа раскажуваше за своите маки како за нешто обично“ (Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 60-61)

123 Повеќе за тоа види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт ..., 215-220; В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 160-169.

124 Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., 41.

125 За останатите учесници на конгресот види: В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 161-162.

Од овој конгрес Организацијата излегла со ново име „Тајна македоно-одринска револуционерна организација“ (ТМОРО). По извесни преструктуирања по конгресот, организациската територија ја сочинувале следниве окрузи: Солунски, Битолски, Скопски, Струмички, Серски и Одрински кој е надвор од територијата на Македонија.

Од особено значење за натамошниот развој на ослободителното дело е тоа што Конгресот го донел одлука за прием во Организацијата на другите етнички и конфесионални групи „без разлика на вера и народност“.[126] Според Х. Татарчев, притоа се поаѓало од становиштето дека: „делото ќе има чисто македонски карактер и на тој начин ќе придонесе за премавнување на пропагандите и националните раздори, како и за создавање на мир, согласност и заемна соработка, за напредокот и благото на заедничката татковина“.[127] Со таквиот граѓански концепт, Организацијата се издигнала над реалноста и создала претпоставки за брз продор помеѓу поделеното македонско население и негово обединување околу единствената цел – автономија на Македонија. Во тој контекст било разгледано и прашањето за односот на Организацијата кон пропагандите во Македонија.[128] Кога станало збор за Одринско, било одлучено тоа да се „третира одделно од Македонија“, но двете области да сочинуваат единствена кауза. Поради тоа, според Татарчев било одлучено да се извршат измени во Уставот и да се допушти член на Организацијата да може да биде „секој Македонец и Одринец, без разлика на народност и вера“.[129]

Новата ориентација на Организацијата нашла одраз во Уставот на ТМОРО, кој биле изработен од Гоце Делчев и Ѓорче Петров, најверојатно во текот на 1897 година.[130] Така во член 1 од уставот стои: „Тајната македоно-одринска револуционерна организација има за цел да ги сплоти во едно цело сите незадоволни елементи во Македонија и Одринско, без разлика на народност, за извојување преку револуција полна политичка автономија за

---

[126] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., 42.

[127] Исто.

[128] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 166.

[129] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., 42.

[130] Поопширно во врска со прашањето околу датирањето на Уставите и правилниците на Организацијата види: В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903. Поглед низ документи ..., 16-27.

тие две области“. Додека во член 2 стои: „За постигање на таа цел Организацијата се бори за премавнување на шовинистичките пропаганди и националните караници кои го цепат и обессилуваат македонското и одринското население во неговата борба против општиот непријател...“. Во врска со приемот на членството во Организацијата во член 4 пишува: „Член на ТМОРО може да биде секој Македонец и Одринец, кој што не е компромитиран со ништо нечесно и бескарактерно пред општеството и кој што ветува и се задолжува да биде полезен за револуционерното ослободително дело“.[131] Овде би додале дека новина претставува и член 11 од Уставот на ТМОРО со кој е предвидено секоја околија да има своја чета. Со оваа измена е прејудицирано создавањето на четничкиот институт.

Солунскиот конгрес отворил нови перспективи за натамошниот развој на македонското револуционерно ослободително движење. Со отворањето на Организацијата кон „сите незадоволни елементи“ била верификувана една реалност која сè уште била само инцидентна појава и биле создадени услови за брзо масовизирање на движењето. Истовремено, со определбата да им застане на патот на надворешните влијанија во Македонија, Организацијата го манифестира принципот на автономност, автохтоност и самостојност.

7. Анастас Лозанчев како фотограф во 1896 година извесно време престојувал во Охрид. При таквите престои во околните градови Анастас од една страна обезбедувал финансиски средства за издршка на семејството, а од друга, како секретар на Битолскиот окружен комитет, директно одржувал контакти со раководните тела на соодветните комитети. Во тоа време во Охридскиот комитет постоела поделеност при што на една страна бил раководителот Никола Филипчев, а на друга останатите членови. Според А. Лозанчев, причината за поделбата и застојот во работите по делото лежела во однесувањето и карактерот на раководителот Филипчев.[132] За надминување на состојбата, А. Лозанчев

---

[131] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903. Поглед низ документи ..., 106.

[132] А. Лозанчев во врска со тоа пишува: „Д. Груев во 1894 година при заминувањето во Охрид со Гр. Попев и Ал. Панов беше попаднал на лош избор за раководител во тој град. Тој го поставил Филипчев – негов соученик од Солун, еден нервозен и избувлив човек, туберкулозен во втор стадиум, син на голем лихвар, а и самиот тој лихвар, кој наместо да работи, беше кочница за делото. Тој правел сè за да не им даде на другите да започнат активна дејност. Се појавиле поделби уште во почетокот. Но секој се плашел од крајности од него“. Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 134.

прво се обидел да ги помири членовите на комитетот, но откако тоа не дало резултати, почнал да подготвува терен за отстранување на Филипчев од Охрид. Меѓутоа, разрешницата дошла сама по себе поради заминувањето на Филипчев на лекување во Швајцарија.[133]

Во 1896 година, Анастас Лозанчев, во согласност со општата политика на Организацијата и поддршката од членството, бил избран за член на Училишната комисија при Битолската егзархиска црковно-училишна општина.[134] Со тоа, Битолскиот окружен комитет, не само што имал увид во работата на Училишната комисија, туку се стекнал со можност во конкретни случаи директно да влијае при назначувањето на учители, особено по селата. Така, на третото заседание на Училишната комисија кое се одржало на 24 септември (ст. стил) 1896 година, во врска со барањето на Кичевската егзархиска црковно-училишна општина за назначување на една учителка во Кичево и двајца учители за кичевските села, Комисијата го задолжила Анастас Лозанчев да го испита случајот со испразнетите учителски места и да достави предлози во врска со тоа.[135]

Во текот на 1897 година, Анастас Лозанчев како фотограф, а воедно и секретар на окружниот комитет продолжил да ги посетува околните градови и села. Така, во мај 1897 година Лозанчев заминал за Костур, каде што планирал да остане петнаесетина дена,[136] а потоа да започне со обиколка по околните села за одржување на собранија со раководителите на месните комитети. Овој план бил скроен во договор со Пере Тошев и со костурскиот учител Павел Христов.[137] Во овој период, Организацијата пуштила корени во селата помеѓу Битола и Лерин, кои во меѓувреме се откажале од Патријаршијата и преминале под покровителство на Егзархијата.[138] Меѓу таквите се вбројувало и селото Берешани, во кое по сè изгледа и покрај тврдењето на Т. Николов, еден дел од населението и понатаму останало под покровителство на Патри-

---

[133] Исто.

[134] ДАРМ, ф. Пелагонийска българска митрополия. Протоколна книга на Училищното настоятелство прѣзъ учебната 1896/97 година, кн. 6.

[135] Заседание 3/24 септемврий 1896, Училищна комисия при Црковната община – Битоля. (ДАРМ, ф. Пелагонийска българска митрополия. Училищното настоятелство - Битоля. Протоколна книга кн. 6, лист, 46.

[136] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 134.

[137] Исто, 137.

[138] Т. Николов, Спомени от моето минало..., 60.

јаршијата. Поради својата местоположба во регионот и поради манастирот крај селото, тоа било од особено значење како за Патријаршијата, така и за Егзархијата, но и за Битолскиот окружен комитет, кој имал свои приврзаници таму. Заинтересираните страни својот престиж во ова село се обиделе да го покажат за време на манастирската слава на празникот „Вознесение господово“ (Спасовден). Во пресрет на празникот, битолскиот егзархиски архиерејски наместник во Берешани ги испратил Тома Николов и градските свештеници Ѓорче Апостолов и Анастас Алтипармаков за да извршат молебен по завршувањето на богослужбата на грчкиот владика, иако според црковните канони во една црква, на еден престол, во ист ден не можело да се вршат две богослужби.[139] Всушност тие со своето присуство сакале да го охрабрат егзархиското население за да не се разочара, од присуството на грчкиот владика. Во исто време во селото дошле и членовите на Битолскиот окружен комитет: Анастас Лозанчев, Ѓорѓи Пешков и Антон Кецкаров. Пред заминување од Битола тие биле предупредени од Пере Тошев да не настапуваат како револуционери.[140]

Утрото, дојдените егзархиски свештеници во придружба со селскиот поп и стотина селани, а заедно со нив и Анастас Лозанчев, Ѓорѓи Пешков и Антон Кецкаров тргнале кон манастирот. Меѓутоа толпата народ пред манастирската порта била пресретна од двајца вооружени стражари кои не им дозволиле да влезат внатре, додека грчкиот владика не заврши со богослужбата. Откако богослужбата завршила, при излегувањето на грчкиот владика, меѓу егзархистите и патријаршистите настанало кошкање, а стражарите почнале да ги буткаат егзархиските свештеници.[141] Благодарение на интервенцијата на стражарите бил избегнат инцидент од пошироки размери. За време на кошкањето, Анастас Лозанчев и неговите придружници од окружниот комитет, во согласност со инструкциите од Пере Тошев, останале настрана,[142] без да ја ангажираат организацијата во овој инцидент од навидум црковна, но всушност од пропагандна природа.

Најверојатно Анастас Лозанчев со своето присуство за време на инцидентот во Берешани го свртел вниманието на власта врз себе. Оттука не случајно, за време на неговиот престој во Кос-

[139] Исто.

[140] Исто.

[141] Исто, 61.

[142] Исто, 62.

тур, кој временски се поклопува со спомнатиов инцидент, тој буквално бил ставен под полициски надзор. Така, Анастас Лозанчев на пат за Костур, прво бил запрен и распрашуван од еден полицаец во Лерин, по што бил ослободен.[143] Уште првиот ден, веднаш по пристигањето во Костур, А. Лозанчев бил повикан во полициската станица, каде што бил распрашуван од каде дошол и зошто дошол во Костур. За време на 14-дневниот престој во Костур, А. Лозанчев секој ден бил повикуван во полициската станица. На петнаесеттиот ден без никакво распрашување и објаснување, Лозанчев со врзани раце бил спроведен за Битола, каде што бил задржан во притвор три дни.[144] Тоа е прво приведување на Анастас Лозанчев, но поради отсуство на докази за некаква компромитација, овој пат бил брзо ослободен.

Летото 1897 година по иницијатива на Пере Тошев била формирана првата чета во Битолскиот револуционерен округ.[145] Со тоа всушност била реализиран член 11 од уставот на ТМОРО. Водач на четата бил Дуко Тасев Јудовчанецот, а покрај него во четата се нашле: Јордан Пиперката, Никола Геројски и Јане Стојчев.[146] Во прво време четата дејствувала во Кичевско, под контрола на ѓакон Јосиф, раководител на кичевскиот околиски комитет.[147] Есента 1897 година, спомнатава чета кај с. Малкоец (Кичевско) го ликвидирала прочуениот главорез и народен изедник Ремко од селото С'лп (Кичевско).[148] Оваа чета иако е прва на територијата на Битолскиот округ, не успеала да прерасне во вистинска организациска чета и да развие некоја особена дејност.[149] Независно од тоа таа е предвесник на четничкиот институт во округот. По ликвидацијата на Ремко, водачот на четата – Дуко Тасев, извесно време се прикривал кај Анастас Лозанчев.[150] Набро по ликвидацијата на Ремко, Стојан Донски со двајца смилевчани го нападнал разбојникот Реџо од с. Обедник. При престрелката бил ранет Реџо и С. Донски.[151] Двата инциденти, колку да и да из-

---

[143] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 137.

[144] Исто.

[145] Къмъ борбитѣ въ Югозападна Македония ..., 7.

[146] Д. Димески, Макеонското националноослободително движење..., 250.

[147] Къмъ борбитѣ въ Югозападна Македония..., 7-8.

[148] Повеќе за тоа види: Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 250-252.

[149] Исто, 252.

[150] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 149.

[151] Исто.

гледаат изолирани, ја потврдуваат тенденцијата на Организацијата за елиминирање на локалните разбојници кои го тероризирале населението во секој поглед. Од друга страна, при отсуство на ефикасна институционална заштита на населението од таквите насилници, Организацијата почнала да стекнува имиџ на вистински народен заштитник.

Во 1897 година, поради неутралноста за време грчко-турската војна, Србија стекнала право да отвора српски училишта во Битолскиот и Солунскиот вилает.[152] Од тогаш под плаштот на образованието, започнал организираниот пробив на српската пропаганда во Битолскиот вилает. Тоа внесувало дополнителен раскол во и онака поделеното население, помеѓу бугарската, грчката и романската пропаганда. Оттука појавата на српската пропаганда во Битолскиот вилает претставува нов предизвик за ТМОРО. Во согласност со определбите од Солунскиот конгрес и член 2 од Уставот на ТМОРО, Организацијата се изјаснила дека „ќе се бори за премавнување на шовинистичките пропаганди и националните караници кои го цепат и обессилуваат македонското и одринското население во неговата борба против општиот непријател". Ако, Организацијата во овој период до извесен степен била толерантна спрема егзархиските црковно-просветни институции и тактички воздржана спрема таквите патријаршиски институции, овој пат одлучила остро да се противстави на протагонистите на српската пропаганда, која настојувала да се етаблира во овој регион.

Оттука, во почетокот на октомври 1897 година, терорист на Организацијата во Прилеп стрелал по Петар Димитриевиќ (настојник на српското училиште во градот.) Притоа Димитриевиќ бил само ранет, но смртно настрадала неговата 13-годишна ќерка.[153] По три недели, на 13/25 октомври 1897 година,[154] терористи на Организацијата во Битола го нападнале Михајло Хаџи Попе, поранешен гркоман, а во моментот претседател на српската општина во Битола. Според А. Лозанчев, Хаџи Попе бил платеник на српската пропаганда, а со нападот врз него требало да се потплашат другите српски агенти.[155] Тој бил нападнат со ножеви во пуста битолска улица од прилепчанецот Бојан Ачков и „работ-

[152] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 43.

[153] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 245.

[154] Исто. Меѓутоа според Спомените на А. Лозанчев, спомнатиов атентат бил извршен на 11 октомври 1897 година, што очигледно е грешка. (Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 149.)

[155] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 149.

никот“ Ристе.[156] Благодарение на случаен минувач Хаџи Попе успеал да се извлече со неколку убодни рани. Во врска со овој случај бил приведен и притворен Анастас Лозанчев и Димитар Лимончев (писар во бугарското трговско агентство во Битола).[157] Според Лозанчев, тие биле притворени по поткажување од српска страна. Со тоа се настојувало да се компромитира не само Лозанчев, туку и бугарското трговско агентство, кое во случајот не било инволвирано по никој основ. Поради овој случај Анастас Лозанчев се нашол во затвор.[158] Во тоа време во битолскиот затвор се наоѓал Јордан Гавазов, неговиот татко и други осуденици во врска со Дреновската афера. Покрај тоа во затвор се нашле и десетина Грци, учесници во андартската провокација од 1896 година.[159] Таму бил и Мицко Крстевски/иќ Латовски, кој подоцна станал српски ренегат.[160] Лозанчев во своите спомени раскажува дека во затворот често доаѓало до расправии и тепачки помеѓу андартите од една и Мицко и Гавазов од друга страна.[161] Како и да е, Анастас Лозанчев во оваа средина останал 3-4 месеци, кога поради отсуство на докази за инволвираност во нападот против Михајло Хаџи Попе бил ослободен.[162] Ослободувањето на Лозанчев веројатно се случило кон крајот на 1897, или во почетокот на 1898 година. Според, Ѓорѓи Поп Христов, од тоа време започнало нетрпението помеѓу А. Лозанчев и Ѓорги Пешков, и тоа поради банална причина – последниот не отишол да го посети в затвор.[163]

Во меѓувреме Битолскиот окружен комитет, револтиран од гонењата на своите луѓе од страна на дотогашниот охридски егзархиски владика – Григориј, во 1897 година го организирал битолското граѓанство, особено еснафите, против спомнатиов владика, откако се расчуло дека тој ќе биде именуван за Пелагонис-

[156] Исто.

[157] Исто.

[158] ДАРМ, мф. 4297, ф. 331, опис 1 А/Е– 8, дело No. 16, сн. 1-34.

[159] Повеќе за тоа види: Ристо Поплазаров, Грчката политика спрема Македонија во втората половина на XIX и почетокот на XX век, Скопје 1978, 24-29; Крсте Битоски, Грчката „македонска“ борба, Скопје 2001, 44-56; Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 220-224; В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 221-225.

[160] Види: В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 368.

[161] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 149-150.

[162] Т. Николов, Спомени от моето минало..., 57.

[163] Революционната борба в Битолския окръг. Спомени от Георги п. Христов, София 1953, 12.

ки митрополит.[164] Поради тоа, Битолскиот окружен комитет ги организирал еснафите од Битола, како и жителите од Баир и Јени маало за да се противстават на именувањето на Григориј за Пелагонсики егзархиски митрополит.[165] За таа цел, 18 битолски еснафи и двете спомнати маала на 15 октомври (ст. стил) 1897 година испратиле протестно писмо до егзархот Јосиф I. Во него меѓу другото истакнале: „Високопрвосвештениот митрополит Григориј му соопштил на својот пријател дека тој е назначен за таков на Пелагониската епархија. Ако е тоа верно, молиме Ваше блаженство да ја имате добрината и во тој случај, во согласност со егзархискиот Устав да им претставите на епархистите тројца кандидати помеѓу кои да си изберат еден. Ако Вашето блаженство ја отфрли таа наша искрена и праведна желба и го назначите Григориј без нарочен избор, со тоа ќе ни дадете право да заклучиме дека Светата Егзархија и лично Вашето блаженство сака нашиот народ да се расцепува и да се занимава со пречекување и испраќање на митрополити, бидејќи не ќе биде пожелно, последново ќе биде срамно, а не како првото радосно. Сакаме да го увериме Вашето блаженство, дека Григориј овде нема никаква почва, ниту пак се ползува со уважение и почит од страна на народот“.[166] Изнесеново барање е испратено со потписи и печати на 18 битолски еснафи и двете битолски маала (Баир и Јени маало).

Скоро еден месец по ова барање, делегација на битолски граѓани побарала прием кај архиерејскиот наместник Герасим. Откако последниот на двапати одбил да ги прими, делегацијата била примена во Битолската егзархиска црковна општина. Притоа, делегацијата од име на граѓаните побарала строго почитување на егзархискиот устав, според кој на граѓанството требало да му се достави листа од тројца кандидати за избор на митрополит. Членовите на општината, барањето го оцениле за умесно и затоа писмено го информирале егзархот Јосиф I.[167]

---

[164] Архимандритот Герасим (дотогашен битолски архиерејски наместник) во своето писмо до егзархот Јосиф I од 19 ноември 1897 година, како поттикнувач на бранувањето во Битола против Григориј го посочува својот претходник, архимандритот Козма, кој ја открил тајната за назначувањето на новите митрополити, а во тој контекст и на Григориј за битолски егзархиски митрополит. (Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 241).

[165] ДАРМ, мф. 4297, ф. 331, опис 1 А/Е – 1, дело 7/ No. 1 сн. 1-4.

[166] Цитирано според: Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 242.

[167] Исто.

Во меѓувреме бугарскиот трговски агент во Битола на 17 ноември 1897 година ја известил бугарската влада за протестот на битолските еснафи против именувањето на Григориј за Пелагониски митрополит.[168] Министерството за надворешни работи и вероисповед на Бугарија од своја страна извештајот од трговското агентство во Битола и протестното писмо на битолските еснафи го доставил до Светиот синод во Софија. Последнава институција, без да се произнесе по барањето на битолчани, го замолила Министерството за надворешни работи и вероисповед, преку трговскиот агент во Битола да воспостави контакт со влијателните граѓани „во име на скапите интереси на црквата и народот".[169] Очигледно ниту Егзархот, ниту пак официјалните бугарски институции, немале намера да отстапат пред протестот на битолчани. Тие во една синхронизирана акција и притисок врз опуртунистичките елементи сред влијателните битолчани го наложиле Григориј за Пелагониски митрополит. Последниот свесен за граѓанскиот отпорот против неговото именување, во декември 1897 година, при стапувањето на тронот, за да ги придобие симпатиите на населението, својата прва пастирска реч ја одржал на локалното наречје, „што мошне многу ги зарадува сите и направи одличен впечаток".[170] За време на ескалацијата на овие настани, Анастас Лозанчев се наоѓал во затвор поради случајот со Хаџи Попе. Дали од затворот можел да влијае врз организирањето на еснафите, не ни е познато. Меѓутоа, факт е дека зад отпорот стоел Битолскиот окружен комитет, а Анастас Лозанчев како човек од чаршијата имал значајно влијание врз нејзиното мобилизирање.

---

[168] Исто, 243.

[169] Исто.

[170] Исто, 290.

# Анастас Лозанчев во Македонското Револуционерно Движење 1898–1902 година: од повлекување до врвот

1. Во 1898 година во раководството на Битолскиот окружен комитет настанале извесни кадровски промени, кои битно се одразиле врз активноста на Анастас Лозанчев. Кон крајот на летото 1898 година, османлиските власти, поради сомнение, од Солун во Битола го интернирале Даме Груев.[1] Во меѓувреме, претседателот на Битолскиот окружен комитет – Пере Тошев, од страна на Егзархијата бил назначен за училиштен инспектор во Солунскиот вилает.[2] Отстранувањето на тврдокорниот Даме Груев од ЦК во Солун и неговата замена со наводно умерениот Пере Тошев била посакувана варијанта од порано, како од врховистичките, така и од проегзархиските средини.[3] Со таквата персонална промена во составот на ЦК, егзархиските кругови сметале дека полесно ќе дојде до помирување помеѓу Тајното бугарско револуционерно братство и ТМОРО.[4] Ако интригите за реализација на овој план во текот на 1897 година биле демаскирани и попречени од самиот ЦК ТМОРО, овојпат (во 1898) тоа се остварило благодарение на интернацијата на Д. Груев од османлиските власти. Како и да е, по заминувањето на Груев од Солун, на испразнетото место во ЦК дошол Пере Тошев.[5] Всушност, во случајот дошло до ротација на местата, при што Даме Груев го презел раководењето со Окружниот комитет во Битола, а Пере Тошев го пополнил неговото место во ЦК во Солун.[6]

Таквата персонална промена се одразила врз активноста на Анастас Лозанчев. Навикнат на скромниот и повлечен Пере Тошев, темпераментниот и нервозен Лозанчев не можел да свикне, а уште помалку да се превитка пред авторитетниот Груев. По-

---

[1] Види: В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 215-216.

[2] Михајло Миноски, Пере Тошев, Скопје 2013, 53.

[3] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 175-176; 210-211.

[4] Христо Матов, Македонската революционерна система, София 2001, 11.

[5] Константин Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Тракия 1878-1903, София 1979, 137.

[6] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 150.

ради тоа, Лозанчев со текот на времето почнал да се дистанцира од официјалните активности во Комитетот, но сепак повремено помагал со што можел и колку можел. Причините за дистанцирањето на Лозанчев се прозаични: судир на карактерите и нарушените меѓучовечки односи.



Ѓорѓи Пешков

Осеката во односите на Анастас Лозанчев со другите членови на Битолскиот окружен комитет се почувствувала веднаш по заминувањето на Пере Тошев. Тој по завршувањето на учебната година ја напуштил Битола и заминал за Солун, а преку летото извесно време престојувал и во Софија,[7] од каде што веројатно го уредил прашањето околу своето назначување за училишен инспектор за Солунскиот вилает. Во меѓувреме, Груев сè уште не бил појден во Битола. Во тој период избило на површина нетрпениието помеѓу Анастас Лозанчев и Ѓорѓи Пешков. Според Ѓорѓи Поп Христов „тие не можеа да се трпат и да работат заедно, ако немаше некој на среде да ги сврзува. Додека беше Пере во Битола, тие се трпеа и работеа, но после се разделија. За извесно време Лозанчев дури се оттргна од револуционерната дејност, занимавајќи се со својата трговија“.[8]

Даме Груев во спомените вели дека кога дошол во Битола, таму биле „подзаспани“, поради што тој заедно со ѓакон Тома Николов, Ѓорѓи Пешков, Аце Дорев и уште неколкумина учители презеле иницијатива за соживување на околиските комитети.[9] Очигледно, Груев смета дека работата во Битола била „подзаспана“ а при преземањето на работите во свои раце, не го спомнува Лозанчев меѓу своите блиски соработници. Од своја страна, Анастас Лозанчев за состојбата во Битола по доаѓањето на Д. Груев пишува: „Онаа здушеност помеѓу раководителите на Организацијата, која постоеше дотогаш, како да свена. Даме малку по малку почна да се опкружува со луѓе, нему познати од ученички годи-

[7] Види: Гоце Делчев. Писма и други материали, издирил и подготвил за печат Дино Къосев, София 1967, 165.

[8] Революционната борба в Битолския окръг..., 12.

[9] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 21.

ни, како ... Александар Ефтимов, Аце Дорев и некои други. Многу важни прашања кои порано се решаваа со заедничко решение на целото управно тело се решаваат во ограничен состав, (притоа, б.н.) прашања разгледани и решени еднаш во негово присуство се случуваше да добијат спротивно исполнување. А Организацијата веќе не е во пелени. Таа зеде многу широки размери во самата Битола, но и во градовите и селата. Нема град или село во кое нема организација. И при сето тоа, Даме Груев во своите 'Спомени' споделува нешта, чиниш Организацијата во Битолско возникнала со неговото доаѓање. Спротивното е точно. Даме ги затече поставени основите на делото".[10]

Анастас Лозанчев во спомените што ги раскажал пред Б. Мирчев, за овој период вели: „По преместувањето на Пере во Битола, дојде Даме и за кратко време меѓу нас се појави конфликт. Една од причините за тоа беше следнава: откако ќе донесеме решение по дадено прашање, Даме отпосле не се стеснуваше да се застапува за спротивно од заземеното становиште. А мене такви работи не ми се допаѓаа. Секогаш би се согласил со измени на веќе донесеното решение, но се разбира, ако тоа не станува по волјата на еден човек, туку со заедничко решение, по решение на сите нас, по решение на целото раководство. Еднаш му реков на Даме дека овој начин на работа нема да продолжи во иднина, и за извесно време се повлеков од активно учество во работите на Организацијата. Но, сепак, продолжив да помагам во организациските работи".[11] На друго место, Лозанчев пишува дека со Д. Груев бил принуден да раскине кон крајот на 1899 година, поради пројавеното ривалство и неразбирливите постапки поради кои бил доведен во непријатна ситуација.[12]

Даме Груев во своите спомени, кога зборува за својот престој во битолскиот затвор (поради Попставревата провала), во врска со Анастас вели: „Пред да дојдам од Солун во Битола, Лозанчев беше зел учество во Комитетот. Тој малку се беше повлекол, бидејќи работата не напредувала, па западнал во малодушност".[13] Оттука очигледно е дека Д. Груев не ја оспорува работата на Лозанчев во Битолскиот окружен комитет, меѓутоа смета дека работата не напредувала добро, а Лозанчев во меѓувреме се повлекол поради „малодушност". Овој исказ на Д. Груев, даден во почетокот

---

[10] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 150.

[11] Македония в пламъци. Спомени на Анастас Лозанчев..., 100.

[12] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 150.

[13] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 22.

на јануари 1905 година пред професорот Милетич, многу подоцна по објавувањето спомените, длабоко го засегнал Анастас Лозанчев, поради што во своите спомени и други писанија на секој чекор настојува да се пресмета со Даме Груев.

Во конкретниов случај, нас нè интересира кога и до кој степен Лозанчев се самодистанцирал, а потоа, колку што дозволуваат изворите, да ги утврдиме мотивите за тоа.

Тома Николов, за кој можеме да кажеме дека бил подеднакво близок и со Лозанчев и со Груев, вели дека Даме по доаѓањето во Битола го презел раководството на Окружниот комитет заедно со Анастас Лозанчев, Аце Дорев, Ѓорѓи Пешков и Ѓорѓи Поп Христов.[14] Понатаму, според Т. Николов, Д. Груев по доаѓањето во Битола, бидејќи првата година бил без работа,[15] се хранел на вересија по гостилниците, а често „беше гостин во домовите на Анастас Лозанчев и Михаил Велков... Во Битола, ако така можам да се изразам, имаше две мајки на револуционерите: Анча – мајката на Анастас Лозанчев, и Фанија на Мише Велков. Тие беа стари жени, но со висока христијанска добродетелност и родољубие ... имаа блага душа, добро срце и секогаш беа готови да ги пресретнат туѓинците. Господ им беше дал сè. Мише Велков беше рентиер, а Лозанчев имаше големи приходи од недвижни имоти ... Нивните куќи беа прибежиште за сите револуционери...“.[16] Од исказот на Николов забележуваме дека А. Лозанчев, во прво време, земал учество во работата на Комитетот, а тоа може да го забележиме и од претходно цитираните искази на самиот Анастас. Покрај тоа, според Т. Николов, Д. Груев дури гостувал во домот на Лозанчев, што значи дека меѓу нив на почетокот немало конфликт. Слично на Т. Николов, Анастас Лозанчев нагласува дека и покрај тоа што се дистанцирал од официјалните работи во Организацијата „мојата куќа беше отворена за сите нејзини дејци и работници. Кај мене имаше широк и срдечен прием за сите. Мајка ми Анча беше мајка за сите. Сите живи си спомнуваат за нејзиниот мајчински прием“.[17]

Анастас Лозанчев во 1898 година, по доаѓањето на Даме Груев, сè уште бил перципиран за еден од клучните луѓе на Окружниот комитет и од активистите на Тајното бугарско револуцио-

[14] Т. Николов, Спомени от моето минало..., 83.

[15] Повеќе за тоа види: В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 217–218.

[16] Т. Николов, Спомени от моето минало..., 83.

[17] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 164.

нерно братство,[18] кои биле непријателски настроени кон ТМОРО. Така, на пример, кога во 1898 година, Братството го задолжило Димитар Мирчев да ја организира ликвидацијата на Даме Груев во Битола,[19] Мирчев, подготвувал убијци и за Анастас Лозанчев „како еден од најактивните луѓе во Битола".[20] Но, поради задржувањето на Д. Мирчев во Прилеп, не дошло до извршување на планираните ликвидации.[21]

Во пролетта на 1899 година, во куќата на Анастас Лозанчев, под претседателство на Груев, било одржано окружно советување, на кое станало збор за вооружувањето на Округот, а во исто време била изработена шифра за комуникација меѓу Окружниот и околиските комитети.[22] Овој факт јасно потврдува дека Лозанчев не само што не бил изолиран, туку дека во неговиот дом се одржувале и заседанија на Окружниот комитет под претседателство на Даме Груев.

Кон крајот на учебната 1898/99 година, во Битолската егзархиска гимназија нараснало нетрпението помеѓу двете противставени групации (проегзархиската обединета околу директорот А. Стоилов, зад кој стоел митрополитот Григориј и револуционерната, предводена од учителот Андон Димитров – еден од основачите на Организацијата).[23] Судирот кулминирал за време на прославата на празникот „Св. Кирил и Методиј" на 11/23 мај 1899 година.[24] По тој повод, владиката Григориј одржал беседа за значењето на браќата Кирил и Методиј, а по него настапил директорот. Меѓутоа, последниов бил насилно прекинат од учителот Иван Цоков – учител по историја. Тој во своето обраќање ги искритикувал претходните говорници и предложил „црковните книги да се преведат од црковнословенски на местен дијалект",[25] и негово воведување во училиштата и црквите на местото на бугарскиот јазик.[26] Следниот ден Цоков, по кратка постапка, бил отпуштен од

[18] Повеќе за Бугарското тајно револуционерно братство, види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 256–265.

[19] Види: В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 207–208.

[20] Димитар Мирчев, Спомени (пред. и ред. д-р З. Тодоровски), Скопје 2010, 90.

[21] Македония в пламъци. Спомени на Григор Попев..., 119; Д. Мирчев, Спомени..., 90.

[22] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 286.

[23] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 219–220.

[24] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 290.

[25] Милан Матов, Спомен за Даме Груев. (Даме Груев. Живот и дело, част I..., 182.

[26] Славко Димевски, Просветната политика на Егзархијата и училишните бунтови во Македонија, Скопје 1960, 48–49.

работа. Поради тоа, на сигнал од Даме Груев, ученикот Милан Матов го активирал ученичкиот кружок во Гимназијата, при што започнал бунт за заштита на учителот Цоков.[27]

Бунтот ги блокирал сите активности во Гимназијата и во интернатот. Поради тоа, владиката Григориј на двапати побарал интервенција на полицијата во интернатот. Сепак, до тоа не дошло, благодарение на застапувањето на една граѓанска делегација на чело со Никола Робев.[28] Анастас Лозанчев вели дека тој бил дел од делегацијата, која откако владиката одбил да ја прими, насилно влегла во неговиот работен кабинет.[29] Тогаш Лозанчев му се обратил на владиката со зборовите: „Не сме дојдени ниту кафето да ви го пиеме, ниту коњакот, ние сме испратени од народот за да ви ги предадеме нашите барања, а Вие како митрополит сте должни да нèислушате".[30] Понатаму Лозанчев вели дека од тој момент па сè до средината на 1902 година не се поднесувал со владиката Григориј, бидејќи последниов правел сè за да ѝ пречи на Организацијата.[31]

Како и да било, бунтот во Гимназијата завршил така што Егзархијата го суспендирала целиот учителски персонал, а 18 ученици биле исклучени засекогаш, без право да се запишат во кое било егзархиско училишта.[32] Учеството на Анастас Лозанчев во граѓанската делегација која протестирала пред владиката Григориј во врска со ученичкиот бунт е уште една потврда дека тој во овој период, не само што ги поддржувал организациските активности, туку и земал активно учество во нив.

Анастас Лозанчев вели дека со Груев бил принуден да раскине кон крајот на 1899 година, поради projавеното ривалство и некои неразбирливи постапки на Даме,[33] што значи дека тогаш се повлекол од активно учество во работата на Комитетот. Се чини дека Лозанчев овде не ја говори вистината. А ако навистина тогаш делумно се повлекол од работата, тоа сигурно не било поради раскинувањето со Груев, туку најверојатно поради неговата женидба со Параскева (дотогаш Биолчева) од Прилеп, што се слу-

[27] М. Матов, Спомен за Даме Груев..., 182.

[28] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 222–223.

[29] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 187.

[30] Исто, 187–188.

[31] Исто, 188.

[32] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 223.

[33] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 150.

чило на 22. 01. 1900 година.[34] Многу логично и сосема природно е Анастас Лозанчев поради промената на семејниот статус и обврските кои произлегувале од тоа, во прво време делумно да се повлекол од активното учество во работата на Комитетот, иако за тоа во висок степен придонела и неговата засегната суета, со оглед на фактот што не се нашол во првиот круг на луѓето околу Д. Груев.



Анастас и Параскева Лозанчеви

[34] Параскева А. Лозанчева, Ил. Илинденъ VIII/2 (72), София 1936, 14–15. Избраницата на Лозанчев, Параскева (по татко Биолчева) е родена на 25.10 (ст. стил) 1880 година во Прилеп. Кога Анастас Лозанчев во 1903 година поради Илинденското востание заминал во илегала, со неа имал 2 деца: Цветан на 2,5 години, и Елена на 1,3 години. Параскева Лозанчева починала на 19.02 1936 година. (Исто).

Неоспорно е дека Д. Груев при доаѓањето во Битола почнал да се опкружува со свои луѓе, при што А. Лозанчев се нашол во втор план. Така, во прво време, по доаѓањето на Д. Груев во Битола, тој се опкружил со Тома Николов, Ѓорѓи Пешков и Аце Дорев.[35] Следната 1899/1900 година, Д. Груев се вработил како наставник во Битолската егзархиска гимназија,[36] а како свои блиски соработници во Комитетот ги имал Васил Пасков и Михаил Герџиков. Истовремено, негови блиски приврзаници држеле клучни раководни позиции во Округот: Ѓорѓи Поп Христов во Леринско, Павел Христов во Костурско и ѓакон Тома Николов во Кичевско.[37] Во тоа време, Македонското револуционерно движење доживеало вистински подем во Битолскиот вилает. Притоа особено до израз дошло зголемувањето на бројот на членството, масовното собирање на финансиски средства, забрзаното вооружување на Округот, како и воспоставувањето на четничкиот институт. Поради таквата динамика на Македонското револуционерно движење во Битолскиот вилает, маркираниот Даме Груев повторно го свртел вниманието на власта. Поради тоа, во почетокот на јули 1900 година, бил интерниран во родното Смилево.[38] Тогаш, по препорака на Груев, на чело на Битолскиот окружен комитет застанал Васил Пасков, а покрај него се нашле: Ѓорѓи Поп Христов, Аце Дорев, Неделко Дамјанов и Ѓорѓи Пешков.[39]

Во тоа време, Битолскиот окружен комитет, поради нараснатите финансиски потреби, првенствено за потребите на четничкиот институт, форсирал собирање финансиски средства од поимотните граѓани. Понесен од првичните резултати на тој план, Битолскиот окружен комитет се чини дека ја поминал црвената линија и почнал да бара средства од лица што не биле благонаклонети кон Македонското ослободително движење. Така, во летото на 1900 година, Комитетот побарал од егзархискиот свештеник – попот Ставре, да внесе извесна сума (најверојатно 15 турски лири) во касата на Организацијата. Меѓутоа, поп Ставре одбил да ја внесе сумата, поради што му била зголемена на 30 лири. Откако Ставре повторно одбил да ги даде парите, Комите-

[35] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 218.

[36] Исто, 225.

[37] Димитар Димески, Револуционерната дејност на Даме Груев во Битолскиот револуционерен округ на МРО (1898–1902). Прилози за Даме Груев, Битола 1983, 92.

[38] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 235–236.

[39] Исто, 237.

тот му ја наголемил сумата на 50 лири.[40] Поради таквата уценувачка постапка на Битолскиот окружен комитет, Поп Ставре го предал на власта Трифун Иванов – комитетскиот емисар кој му ја доставил последната расписка за бараната сума.[41] Поради тоа, Битолскиот окружен комитет донел смртна пресуда за поп Ставре. На 17 август (ст. стил) 1900 година, под тремот на егзархиската црква „Света Богородица", Трајко Петров стрелал по поп Ставре.[42] Последниов бил тешко ранет, а по неколку денови им подлегнал на повредите.[43] Пред да почине, ранетиот поп Ставре, како морални убијци ги посочил Даме Груев и Тодор Луканов (алијас Михаил Герџиков).[44] Поради спомнатава ликвидација, избила т.н. Попставрева провала,[45] поради која меѓу другите в затвор се нашол и Даме Груев.

Попставревата провала предизвикала дополнителни кадровски промени во Битолскиот окружен комитет. Така, османлиските власти во врска со провалата го интернирале Васил Пасков (претседател на Окружниот комитет). Во меѓувреме, поради провалата, Ѓорѓи Пешков привремено побегнал за Бугарија, а Аце Дорев заминал за Виена – наводно поради трговски зделки.[46] Така, во прво време во Комитетот останале само Ѓорѓи Поп Христов и Неделко Дамјанов. Ним на помош им се нашол Александар Ефтимов. Во есента на 1900 година, Ѓорѓи Пешков се вратил од Бугарија, па работите зеле понормален тек. Тогаш со знаење и благослов на Даме Груев, раководител на Окружниот комитетот станал Ѓорѓи Поп Христов, кој безрезервно ги исполнувал неговите инструкции.[47] На тој начин Даме Груев од затвор во Битола продолжил да диригира со дејноста на Окружниот комитет, а неговиот номинален раководител бил само послушен извршител.[48] Всушност Д. Груев, ќелијата во Битолскиот затвор ја претворил во вистинска комитска резиденција.

---

[40] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 111; Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 34.

[41] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 240.

[42] ДАРМ, мф. 643, ПП 492, Извештај на М. Ристиќ, Битола 21.08.1900.

[43] ДАРМ, ф. Пелагонсийска българска митрополия, к II, дело 5д, ае.6, 79.

[44] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 243.

[45] Опширно за Попставревата провала види: Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает ..., 33-42; В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 237-253.

[46] Д. Димески, Револуционерната дејност на Даме Груев..., 93.

[47] Исто, 95.

[48] Исто, 94.

Очигледно е дека Анастас Лозанчев не се нашол ниту во една од бројните кадровски комбинации во Битолскиот окружен комитет. Ако по доаѓањето на Груев, Лозанчев зел учество во работата на Комитетот, природно е дека по интернацијата на Даме во Смилево, тој се надевал на подобра позиција во Комитетот. Меѓутоа, тогаш за претседател на Окружниот комитет бил назначен Васил Пасков. Бидејќи не се нашол во комбинациите на Груев, Анастас Лозанчев кој уште во почетокот на 1900 година по својата женидба малку се оддалечил од комитетските активности, овој пат се чини дека отворено се дистанцирал. Последната надеж на Лозанчев за подобра позиција во Комитетот била потопена, кога на местото на интернираниот В. Пасков за нов претседател на Битолскиот окружен комитет бил назначен Ѓорѓи Поп Христов.



Ѓорѓи Поп Христов

Според Т. Николов, Анастас Лозанчев се повлекол по паѓањето на Даме Груев в затвор, бидејќи последниов и оттаму продолжил да дава инструкции и „да ги влече конците“.[49] Оваа информацијата од Т. Николов укажува дека мотивот за повлекувањето на Лозанчев треба да го бараме во неговата прикриена желба за преземање на раководството на Битолскиот окружен комитет по затворањето на Д. Груев. Впрочем, Лозанчев во спомените вели дека Даме Груев по паѓањето в затвор, раководството на окружниот комитет го предал во рацете на Васил Пасков, а по неговата интернација, Груев наредил раководењето со Комитетот да го преземе Ѓорѓи Поп Христов.[50]

Според дотука изнесеново, сметаме дека исказот на Лозанчев „Кај мене немаше амбиција. Ако имаше таква, како на пример кај Борис Сарафов, јас ќе настојував докрај, но јас се повлеков од Организацијата“,[51] не ја одразува вистината. Од друга страна, исказите на Лозанчев дека од Комитетот се повлекол поради наводната недоследност на Д. Груев при спроведувањето на определени решенија

[49] Т. Николов, Спомени от моето минало..., 96.
[50] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 164.
[51] Македония в пламъци. Спомени на Анастас Лозанчев..., 101.

на Окружниот комитет,[52] ги сметаме за изговор. Иронично е тоа што обвинувањата против наводното самоволие на Груев при спроведувањата на некои решенија на Окружниот комитет, произлегуваат од човек (Лозанчев) кој, откако станал претседател на Окружниот комитет, не се консултирал со никој во Округот, дури и при носењето на клучната одлука (одлуката за Востание). Како и да е, факт е дека во текот на 1900 година, изворните материјали не бележат активност на А. Лозанчев, неговото повторно пројавување се забележува во наредната 1901 година, пред доаѓањето на Гоце Делчев, кога конечно им бил ставен крај на таквите недоразбирања.

Во 1900 година во Битолскиот револуционерен округ значајна активност пројавила социјалистичката група на Веле Марков и Никола Петров Русински.[53] Групата имала намера да го сондира теренот за пропагирање на социјалистичките идеи во Битолскиот вилает. Тие првото јадро го основале во Крушево, а набрзо успеале да се вгнездат и во Битола, каде што успеале да формираат кружок во гимназијата и да повлечат неколку работници на Организацијата, што секако го свртело вниманието на Битолскиот окружен комитет.[54] Независно од своите први успеси, македонските социјалисти брзо ја согледале реалноста и сфатиле дека таму каде што не постои елементарна слобода, не постојат услови за поведување социјална револуција.[55] Оттука на првата социјалистичка конференција, која била одржана во јуни 1900 година во Крушевско, социјалистите поаѓајќи од реалноста дека сè што негодувало против постојниот систем веќе било мобилизирано во редовите на ТМОРО, која не трпела други организации на својата територија,[56] тие ја отфрлиле идејата „за самостојна работа врз база на класна борба“.[57] Имајќи предвид дека заедничката цел како на ТМОРО, така и на социјалистите била ослободување на Македонија, последниве решиле да започнат преговори за нивно вклучување во Организацијата под определени услови. Во осно-

---

[52] Исто, 100; Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 150.

[53] Повеќе за тоа види: Крсте Битоски, Околу прашањето за вклучување на македонските социјалисти во Македонската револуционерна организација. Прилози за Илинден (1976), Крушево 1978, 199–208; Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 343–348.

[54] Революционната борба в Битолския окръг..., 27–28.

[55] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 344.

[56] Љубен Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, II дел (трето дополнето и проширено издание), Скопје 1976, 362–363.

[57] Исто, 362.

вата на нивните услови лежат барањата: да не бидат прогонувани поради своите погледи; да бидат примени во Организацијата како група, а не како поединци; да не бидат спречувани во својата агитација и да имаат свој претставник во Окружниот и околиските комитети.[58]

Преговорите за инкорпорирање на социјалистите во ТМОРО траеле подолго време, пред сè поради преголемата чувствителност на Д. Груев кон нивниот критички став кон централистичката поставеност во Организацијата.[59] Сепак, во март 1901 година, со дозвола на Груев, преговорите биле приведени кон крај.[60] Во преговорите за слевање на социјалистите со Окружниот комитет на ТМОРО во Битола учествувале: Ѓорѓи Пешков, Ѓорѓи Поп Христов и Анастас Лозанчев.[61] За време на преговорите Никола П. Русински и Иван Дренски имале средба со Анастас Лозанчев во неговото фотоателје, кој „божем не учествуваше во никакви комитетски работи, туку си ја гледаше фотографската работа“.[62] Русински и Дренски на средбата биле повикани од Лозанчев. Според Русински, Лозанчев нагласил дека ги повикал по барање на еден негов пријател, дека тоа не била негова работа и поради тоа не сака да се занимава за работи кои ги надминуваат неговите сили.[63] За време на средбата, Русински ги изнел пред Лозанчев условите за вклучување на социјалистите во Организацијата и нивните погледи за македонското ослободително движење.[64] По завршувањето на разговорот, Лозанчев истакнал дека ќе го пренесе предлогот до „својот пријател“ додавајќи дека не било негова работа да се произнесува по барањата.[65] Како и да е, во март 1901 година, Битолскиот окружен комитет донел одлука за вклучување на социјалистите во Организацијата, при што Иван Дренски бил кооптиран за член на Окружниот комитет, а Н. П. Русински бил назначен за војвода во Крушевско-демирхисарскиот ре-

---

[58] Исто, 363-364.

[59] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 347.

[60] Никола Петров Русински, Спомени (предговор, редакција и коментар Даринка Петреска-Пачемска и Војо Кушевски), Скопје, 1997, 128.

[61] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 344; Революционната борба в Битолския окръг..., 28; Н. П. Русински, Спомени..., 128–131.

[62] Н. П. Русински, Спомени..., 128.

[63] Исто.

[64] Исто, 129–130.

[65] Исто, 131.

гион.[66] За нас е битен фактот што во преговорите бил вклучен Анастас Лозанчев, иако во претходната (1900 година) во изворите не забележавме никаква активност. Некаде кон крајот на август 1901 година, Анастас Лозанчев лично се ангажирал за надминување на недоразбирањата помеѓу двете противставени групации во Прилепскиот околиски комитет.[67] Во есента на 1901 година, Анастас Лозанчев во Битола имал средба со Кирил Прличев, кој дошол да се консултира со членовите на Окружниот комитет за неговото понатамошно останување во Округот, бидејќи османлиските власти во Прилеп не му ја верификувале учителската диплома.[68]

Овие активности на Анастас Лозанчев во 1901 година, покажуваат дека тој повторно се ангажирал во работата на Битолскиот окружен комитет, уште пред доаѓањето на Гоце Делчев во Битола. Всушност, поканата дошла од страна на Ѓорѓи Поп Христов. Според последниов, поради развојот на четничкиот институт, речиси двојно нараснале обврските на членовите на Битолскиот окружен комитет, а сета работа лежела врз грбот на Ѓорѓи Поп Христов, Ѓорѓи Пешков и Ѓорѓи Сугарев. Од тие причини, Ѓорѓи Поп Христов се обратил кон Анастас Лозанчев како кон постар раководител и го поканил да преземе дел од обврските. Лозанчев се согласил, под услов „да нема никакви контакти и работа со Ѓорѓи Пешков, бидејќи не можел да се разбере со него“.[69] Самиот Лозанчев, за Ѓ. Пешков вели: „последниот беше загадочна личност и со него никогаш не сум бил во дружељубиви односи“.[70] Пред да се обрати кон Лозанчев, Ѓорѓи Поп Христов претходно се консултирал со Даме Груев. Овој дал дозвола за предлогот на Ѓ. П. Христов, но истовремено го предупредил „дека Лозанчев е своеглав“, поради што еден ден може да зажали.[71]

Конечниот статус на Лозанчев во Битолскиот окружен комитет бил расчистен со посредство на Гоце Делчев, во есента на 1901 година, за време на неговата голема обиколка на Битолскиот револуционерен округ.[72] Во ноември 1901 година, Гоце Делчев

---

[66] Революционната борба в Битолския окръг..., 28.

[67] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 376; Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 164.

[68] 36 години във ВМРО..., 38.

[69] Революционната борба в Битолския окръг..., 36.

[70] Македония в пламъци. Спомени на Анастас Лозанчев..., 100.

[71] Революционната борба в Битолския окръг..., 36–37.

[72] Димитар Димески, Гоце Делчев, Скопје 2003, 218–238.

пристигнал во Битола и таму отседнал три недели.[73] За време на престојот во Битола, Делчев одржал бројни средби со членовите на Окружниот комитет. Покрај другото, Делчев ги информирал за судирот на Организацијата со врховистите и за нивните намери за преземање на Организацијата однатре и за провоцирање на предвремено Востание.[74] Тогаш за многумина станало јасно дека Востанието е само средство, а не цел на Организацијата. Покрај тоа, Делчев ги информирал за грабнувањето на Мис Стон. Од своја страна, членовите на Битолскиот окружен комитет пред Делчев го отвориле прашањето за недостигот на инструктори и на интелигентни војводи, кои биле неопходни за натамошно развивање на четничкиот институт. [75]

За време на престојот во Битола, Гоце Делчев отседнал 4 дена во куќата на Анастас Лозанчев.[76] Тогаш Лозанчев го информирал Делчев за неговото претходно повлекување од Окружниот комитет. Пред Делчев, Лозанчев својот натамошен ангажман го условил со: 1. Даме Груев да не решава сам за комитетските работи, туку во договор со останатите членови; 2. Лозанчев сам да ги одбере лицата со кои ќе работи, но притоа да ги задржи оние што го презеле раководството на Комитетот по затворањето на Груев; и 3. Ѓорѓи Пешков да не се занимава со финансиските работи на Комитетот.[77]

За време на престојот во Битола, Гоце Делчев на двапати се сретнал со Даме Груев во битолскиот затвор.[78] При првата посета, Делчев бил преправен како трговец, а во негова придружба одела Анча Лозанчева – мајка му на Анастас, со неговиот едногодишен син Цветан, кого таа го носела на раце. Зад нив вооружен одел самиот Анастас Лозанчев.[79] Содржината од разговорот на Делчев и Д. Груев не е позната, но сигурно е дека тогаш, покрај другото, станало збор за ангажманот на Лозанчев во Окружниот комитет. Веќе по втората средба помеѓу Делчев и Груев, прашањето за Битолскиот окружен комитет било наполно уредено.

---

[73] Исто, 221.

[74] Революционната борба в Битолския окръг..., 37.

[75] Исто.

[76] Македония в пламъци. Спомени на Анастас Лозанчев..., 100.

[77] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 168.

[78] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 256-257.

[79] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 168. Според Т. Николов, Делчев во затворот влегол со Анча и Цветан (мајка му и едногодишниот син на А. Лозанчев), но во нивна придружба бил и Ѓорѓи Пешков. (Т. Николов, Спомени от моето минало..., 96).

Веднаш потоа, во присуство на Гоце Делчев и секако со благослов на Даме Груев, за членови на Битолскиот окружен комитет биле избрани: Анастас Лозанчев, Ѓорѓи Поп Христов, Ѓорѓи Сугарев, Аце Дорев, Ѓорѓи Пешков и Неделко Дамјанов. Истовремено, за членови на Битолскиот околиски комитет биле избрани: Александар Ефтимов, Кирил Лозанчев (брат на Анастас) и Лука Џеров.[80]

Оттогаш Анастас Лозанчев застанал на чело на Битолскиот окружен комитет комитет,[81] при што за секретар бил избран Ѓорѓи Сугарев, а за касиер – Аце Дорев. Според оваа решение, се чини дека во прво време амбицијата на Анастас Лозанчев била задоволена. Меѓутоа, ако го имаме предвид составот на Окружниот комитет, евидентно е дека другите членови биле приврзаници на Д. Груев и дотогашни членови на комитетот со кои Лозанчев не бил во најдобри односи. Лозанчев морал да премине преку тоа, бидејќи еден од условите што биле изложени пред Делчев, налагал да бидат задржани старите членови. Згора на тоа, Лозанчев пред Г. Делчев побрал Д. Груев од затворот да не решава сам за комитетските работи, туку во договор со останатите членови на Комитетот. Поинаку кажано, тоа подразбира воспоставување паралелно раководство и извесна кохабитација со Д. Груев, кој формално не бил член на Окружниот комитет.

Најверојатно по изборот на новиот Окружен комитет, било издадено специјално окружно до околиските комитети, со кое тие биле запознаени со начинот на функционирањето. На тоа упатува едно писмо од Д. Груев до Охридскиот околиски комитет испратено од битолскиот затвор на 30 ноември (ст. стил) 1901 година, непосредно по изборот на новиот состав на Окружниот ко-

80 Революционната борба в Битолския окръг..., 37.

81 Информации од мемоарската литература зборуваат дека по заминувањето на Делчев, раководството со Битолскиот окружен комитет го презел Анастас Лозанчев. Така самиот Лозанчев за тоа вели: „По Гоцевото заминување, јас наполно ги презедов работите на Организацијата“. (Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 168). Слично на ова, Д. Груев вели: „Сега кога бев во затворот, тој (Лозанчев, б.н.) повторно беше прифатил да ги раководи делата“. (Спомени на Дамянъ Груевъ..., 22). Тома Николов во врска со тоа вели: „Навистина по заминувањето на Делчев, Лозанчев пак застана на чело на управата, што укажуваше дека конфликтот бил решен среќно“. (Т. Николов, Спомени от моето минало..., 97). Според тоа, тврдењето на Георги Поп Христов дека тогаш за претседател на окружниот комитет бил избран лично тој, е неосновано. (Види: Революционната борба в Битолския окръг..., 37).

митет. Во него, меѓу другото, се вели: „Во иднина, во согласност со Окружното, сè што има за испраќање и средби на некои од раководното тело, ќе се среќаваат со мене (Груев, б.м.), или со Лозанчев“.[82] Оттука Д. Груев до крајот на престојот во битолскиот затвор не само што одржувал редовна кореспонденција со околиските комитети, туку редовно бил посетуван од нивните раководители и активисти кои доаѓале да се советуваат со него.[83] На тој начин, иако Анастас Лозанчев формално бил претседател на Окружниот комитет, всушност уздите биле во рацете на Даме Груев. Згора на тоа, преку своите приврзаници во Окружниот комитет, Д. Груев и понатаму го насочувал и го контролирал македонското ослободително дело во целиот Битолски округ. Меѓутоа, времето и настаните оделе во прилог на Анастас Лозанчев.

Во февруари 1902 година, во Битолскиот округ избила т.н. Јосифова провала.[84] Во врска со оваа провала биле приведени и осудени членовите на Битолскиот окружен комитет: Ѓорѓи Поп Христов и Ѓорѓи Пешков,[85] а Ѓорѓи Сугарев за да го одбегне приведувањето заминал во илегала.[86] Поради тоа, сета работа во Окружниот комитет паднала врз грбот на Лозанчев. Во врска со тоа на 8 март (ст. стил) 1902 година, А. Лозанчев на Кирил Прличев му пишува: „работата ми е неиздржлива. Засега немам со кого да мелам брашно. Тројца-четворица бевме и работата пак куца. Сега сета работа е врз мене“.[87] По три дни, Анастас Лозанчев на Кирил Прличев му пишува: „Јас ако не бидам пипнат, или побаран, ќе си најдам помошници“.[88] Токму во ова писмо, А. Лозанчев пишува дека макијавелистичкиот принцип бил наполно прифатлив за него: „Језуитската формула: целта ги оправдува средствата, е наполно прифатлива за мене (разбирај: не без исклучок)“.[89]

По Јосифовата провала, на местото на Ѓорѓи Поп Христов, Ѓорѓи Пешков и Ѓорѓи Сугарев, за членови на Битолскиот окружен комитет биле кооптирани: Лука Џеров, Михаил Ракиџиев и Петар Железаров.[90] Притоа, претседател на Окружниот комитет

---

[82] Даме Груев. Живот и дело, част II..., 586.
[83] Види: В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 253–258.
[84] Повеќе за тоа види: Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 53–64.
[85] Исто, 61–62.
[86] Исто, 59.
[87] 36 години във ВМРО..., 389.
[88] Исто, 390.
[89] Исто, 389.
[90] Спомени на Лука Джеров, сп. Македонска мисъл, I/7–7, София 1946, 356.

останал Анастас Лозанчев, Аце Дорев бил благајник, а Лука Џеров секретар. Анастас Лозанчев како претседател на Окружниот комитет, покрај за контактите со ЦК во Солун, бил задолжен за кореспонденција со околиските комитети во Костур и Прилеп. За Леринската околија бил задолжен Аце Дорев, а Лука Џеров бил задолжен за Охридско, Ресенско, Кичевско и Демирхисарско.[91] Ракиџиев и Железаров како советници на Окружниот комитет, покрај водењето на „две секции на селата од Битолската околија“,[92] немале речиси никаква улога.

Набрзо по Јосифовата провала, на 22.05/4.06. 1902 година, Груев од битолскиот затвор бил депортиран во Подрум Кале (Мала Азија).[93] На тој начин, Лозанчев ја задоволил својата амбиција и станал главен и единствен раководител на македонското ослободително движење во Битолскиот револуционерен округ.

2. Кога Анастас Лозанчев дефинитивно се зацврстил на позицијата претседател на Битолскиот револуционерен округ, македонското револуционерно движење било во својата предилинденска фаза. Во периодот од 1898 до почетокот на 1902 година, на глобален план во македонското ослободително движење настанале битни промени кои суштински влијаеле врз неговиот натамошен развој. Во септември 1899 година, со посредство на ВМК, дошло до помирување и слевање на Бугарското тајно револуционерно братство со ТМОРО.[94] Оваа, според некои, „капитулација“[95] на Братството, а според други помирување,[96] за Ѓ. Петров претставува „втерување на волкот во трло“.[97] Колку Ѓорче бил во право, ќе покаже времето.

Во периодот (1898 – почеток на 1902 година) паралелно со развојот на четничкиот институт и дејноста на агитациско-организациските чети, дошло до масовно револуционизирање на населението. Ослободителното дело веќе не било апстрактна идеја меѓу тесен круг заговорници. Организацијата преку своите механизми на дејствување воспоставила паралелен систем и почнала да дејствува како „држава во држава“.

---

[91] Исто.

[92] Исто.

[93] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 258.

[94] Повеќе за тоа види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 263–265.

[95] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 128.

[96] Пречки и опасности (Изъ записките на Ив. Х. Николовъ), Ил. Илинденъ, II (82), София 1937, 6.

[97] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 150.

Во тој период, Организацијата се соочила со бројни предизвици и опасности. Некои од нив биле логична последица од активноста на ТМОРО како илегална организација, која била надвор од законите на државата. Други, биле предизвикани од дејствувањето на ВМК кој настојувал да се наметне како единствен и врховен раководен фактор во македонското ослободително движење, а трети биле последица на превентивните мерки на органите на власта за зачувување на поредокот. Оттука, во овој период избиле голем број афери и провали. Како последица на тоа, дошло до значајни кадровски и персонални промени во раководните структури на Организацијата. Тоа, пак, се одразило врз натамошниот развој на македонското ослободително движење. Така, додека Д. Груев во битолскиот затвор ја очекувал разрешницата на судскиот процес во врска со Попставревата провала, во јануари 1901 година, избила Солунската провала.[98] Поради неа, меѓу другите, в затвор се нашле и членовите на ЦК ТМОРО: Христо Татарчев, Иван Хаџи Николов, Пере Тошев и Христо Матов. Во тие драматични моменти, на површина избил Иван Гарванов (поранешен претседател на Братството), кој застанал на чело на ЦК. Неговите визии за македонското ослободително дело се прекршувале низ бугарска призма. Според Ѓ. Петров, Иван Гарванов „секогаш се чувствувал како човек на Бугарија“.[99] Впрочем, Гарванов за своите подвизи од времето на Братството бил одликуван од бугарскиот кнез Фердинанд.[100] Така, сплет на околности наложил по Солунската провала на чело на Организацијата да застане еден поранешен нејзин опонент. Тој во ЦК се опкружил со привзаници, кои како него никогаш не учествувале во создавањето инфраструктура на Организацијата на терен, а поради тоа ниту го знаеле, ниту пак го запознале нејзиното суштинско функционирање.

Во тоа време, кадровски промени настанале и во раководството на Врховниот македонски комитет. Во март 1901 година, во врска со аферата Михајљану, под притисок на европската дипломатија, во Бугарија бил притворен претседателот на ВМК, Борис Сарафов.[101] Очекуваниот врховистички пробив во Македони-

[98] Поопширно за тоа види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 318–344.

[99] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 151.

[100] Иван Гарванов, Спомени, документи, Съставители: Валентин Китанов и Цочо Билярски, София 2005, 64; В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 258, 260, ДАРМ; ф. Бугарски генерален конзулат – Солун, No. 143

[101] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 345.

ја при крајот на вториот мандат на Б. Сарафов, станал реалност по неговото притворање, под туѓа палка. На VIII конгрес на македонските друштва во Бугарија (април 1901), за претседател на ВМК бил избран Стојан Михајловски. Новиот состав на ВМК бил своевиден компромис меѓу цончевистите, сарафистите и приврзаниците на ТМОРО.[102] Таквиот состав тешко функционирал. Набрзо, поради комплицирање на односите, приврзаниците на ТМОРО поднеле оставки во ВМК. Во меѓувреме, претседателот на ВМК, Стојан Михајловски, го расчистувал патот за IX конгрес (јули–август 1901). Тогаш за претседател на ВМК повторно бил избран С. Михајловски, а за потпретседател Иван Цончев.[103] Главната улога во Комитетот ја играл И. Цончев, кој во согласност со кнезот Фердинанд и бугарскиот министер за војна, почнал да ги форсира настаните кон востание во Македонија.[104] Иницијативата била поттикната од бугарските политички кругови по прогласувањето на Фирмилијан за митрополит во Скопје, за да ѝ се парира на српската пропаганда и пред европската дипломатија да се покаже дека македонското прашање е бугарско, а дека мирот во регионот зависи од Софија.[105]

За реализација на својот план, Цончев се надевал на поддршка однатре преку Иван Гарванов.[106] Впрочем, Гарванов по IX конгрес пред Цончев изјавил: „Организацијата јас ќе ви ја предадам вам, но под услов ние да си останеме одделни таму (Македонија, б.н), а Вие тука (Бугарија, б.н)".[107] Меѓутоа, Гарванов, брзо му го свртел грбот на Цончев. Всушност, Даме Груев имајќи ја предвид ослабеноста на Организацијата по Солунската провала, му пишувал на Ѓ. Петров да го признаат Гарванов за претседател на ЦК и да бидат попустливи кон И. Цончев, бидејќи не биле доволно силни за да му се противстават.[108] Во таква констелација, Г. Делчев, за да го оттргне Гарванов од Цончев, почнал да го поткрепува. Иван Гарванов, откако се почувствувал самостоен, почнал да му се противставува на Цончев. Поради тоа, цончевистите

---

[102] Исто, 346.

[103] Исто, 346–347.

[104] К. Пандев, Националноосвободителното движение во Македония и Одринско..., 275.

[105] Фикрет Аданар, Македонския въпрос, София 2002, 148–152. Во оригинал: Fikret Adanir, Die Makedoniische frage, Wiessbaden, 1979.

[106] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 348–349.

[107] Спомени на Иванъ Гарвановъ..., 136.

[108] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 149–150.

Гарванов го нарекле предавник и докрај не можеле да го поднесуваат и да му простат.[109] Независно од тоа што Гарванов во извесен период им опонирал на Цончев и на ВМК, сепак тој бил притаен волк во овча кожа. Впрочем, Иван Гарванов и Иван Цончев биле орудија во рацете на еден ист центар – кнезот Фердинанд и бугарската влада. Оттука тоа што Цончев го започнал однадвор, Гарванов, подоцна ќе го заврши однатре.

Поради агресивната политика на ВМК под палката на Михајловски–Цончев, Задграничното претставништво во декември 1901 година, објавило дека ТМОРО „засекогаш ги прекинува односите“ со актуелниот состав на ВМК.[110] Во почетокот на 1902 година, кога врховистичките чети почнале да навлегуваат во Македонија, Задграничното претставништво, од името на ЦК ТМОРО, ги информирало македонските друштва во Бугарија дека ја прифаќа фрлената ракавица од страна на ВМК и со него влегува во отворена војна.[111]

Во таква констелација во македонското ослободително движење воопшто, во Битолскиот револуционерен округ успешно функционирале четничките школи на Марко Лерински (Георги Иванов) и Никола Петров Русински,[112] кои произвеле повеќе војводи во регионот. Покрај тоа, Гоце Делчев за време на својата мисија во Округот, го промовирал функционирањето на организациските судови.[113] Во исто време, биле отворени нови канали за илегална достава на оружје од Грција. Сето тоа водело кон натамошно револуционизирање на населението и зачестиле судирите со османлиските потери, додека аферите и провалите почнале да стануваат секојдневие. Само за илустрација, ќе наведеме дека во 1900 година Битолскиот округ ги имаше Попставревата и Кичевската провала.[114] Во 1901 година, избила Иванчовата провала.[115] Веќе на почетокот на 1902 година, избила Јосифовата провала,[116] по неа Кадиноселската,[117] па Ракитничката,[118] а особено тешка се

[109] Исто, 147, 151.

[110] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903 (поглед низ документи)..., 213.

[111] Исто, 217–219.

[112] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 483.

[113] Д. Димески, Гоце Делчев..., 230–234.

[114] За Кичевската провала, види: Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 43–46.

[115] Исто, 47–52.

[116] Исто, 53–64.

[117] Исто, 65–82,

покажала Леринската провала.[119] Сите тие фрлиле многу луѓе в затвор. Само бегол поглед врз интензитетот на провалите, особено од почетокот на 1902 година, доволно зборува за подемот на ослободителното движење во Битолскиот револуционерен округ во овој период, но и за опасностите пред кои се нашло.

3. На 30 мај 1902 година,[120] една османлиска потера во с. Трсје (Леринско), случајно налетала на компромитираниот учител Геле, инаку поранешен раководител на Комитетот во селото. При престрелката, Геле бил ранет, но успеал да побегне. Притоа ја загубил својата чанта со архивата, во која имало список на селаните што поседуваат оружје, па дури биле набележани и броевите на пушките.[121] Оваа чанта паднала во рацете на потерата, а истовремено биле приведени двајца селани, кои следниот ден биле одведени во битолскиот затвор.[122]

Овој настан дал повод за нови и масовни пребарувања, приведувања, ликвидации, а сето тоа било дополнето со судири меѓу четите на ТМОРО и османлиските потери. Спомнативе инциденти повеќе од два месеца го потресувале Леринско. Овие верижни настани во историографијата се подведени под заедничкото име Леринска провала, која не само што го потресела од корен ослободителното движење во Леринската околија, туку сериозно го фрлила пред испит раководството на Битолскиот револуционерен округ, на чело со претседателот Анастас Лозанчев.

Набрзо по инцидентот во с. Трсје, таму се упатил Марко Лерински со својата чета, за да го испита случајот со учителот Геле и да преземе превентивни мерки од евентуално избивање провала. Во исто време, во Трсје пристигнале костурските раководители Пандо Кљашев и Васил Чекаларов со намера да се консултираат со Марко Лерински во врска со Коте Христов од с. Руља,[123] кој отворено почнал да соработува со костурскиот патријаршиски владика, Германос Каравангелис. Меѓутоа, на 1 јуни 1902 година,[124] во Трсје пристигнала поголема османлиска потера со на-

---

[118] Исто, 85–98.

[119] Исто, 99–124.

[120] Исто, 102.

[121] Освободителната борба въ Костурско. По спомени на Пандо Кляшевъ (сообщава: Л. Милетичъ), София 1925, 76.

[122] Точенъ спискъ на политическитѣ затвореници в Битолския затвор, в. Право II/29 (37), 6.09.1902, София 1902, 2.

[123] По спомени на Пандо Кляшевъ..., 76.

[124] Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 103.

мера да го собере оружјето од населението, се разбира според списокот што бил пронајден во чантата на учителот Гелев. Тој ден (недела) во селото се одржувале две свадби, но тие биле прекинати поради рацијата која била преземена од страна на власта. Притоа, мажите биле врзани и одведени во селската црква, а војската започнала со пребарувања по куќите според списокот на Геле. Во една од куќите, војската била пресретната со истрели. На тој начин во Трсје започнал првиот вооружен судир во Леринско помеѓу четите на ТМОРО и османлиските војски. Османлиите побарале засилување од Лерин, а опколената чета ја повикала на помош селската милиција од Костурско. Во меѓувреме, селото го зафатило невреме, а токму тоа ги спречило Турците да ги потпалат опколените куќи.[125] Под силното невреме, четите успеале да се извлечат од селото. За време на судирот, Османлиите имале десетина мртви и два-тројца ранети,[126] а од страна на четата бил ранет само Васил Чекаларов.[127]


Марко Лерински

Гневот за неочекуваниот судир во Трсје, османлиските власти го истуриле врз незаштитените селани. Во прво време од Трсје во Лерин биле приведени 118 селани, а подоцна триесетина од нив биле одведени во битолскиот затвор.[128] Покрај тоа, власта го собрало сето организациско оружје кое се криело по куќите.[129] Според А. Лозанчев, селото Трсје располагало со 120 грчки пушки од системот „Гра".[130] Меѓутоа властите, со „невидени измачувања и жестокости врз стари и млади, врз виновни и невини", го прибрале поголемиот дел.

[125] По спомени на Пандо Кляшевъ..., 76.

[126] Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 105.

[127] Христо Силянов, Писма и изповед на един четник. Спомени од Странджа от Витоша и Грамос, София 1984, 162.

[128] Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 105–107.

[129] Податоците за собраното оружје во Трсје се движат од 60 па до 120 пушки. Види: Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 106, белешка 654.

[130] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 175. Според Х. Силјанов, селото Трсје во тоа време располагало со 200 пушки „Гра". (Х. Силянов, Писма и изповед на един четник. Спомени од Странджа от Витоша и Грамос..., 162).

Селото Трсје било едно од најдобро организираните во регионот. Марко Лерински бил особено горд на ова село.[131] Независно од првата победа во судирот со војската, проширувањето на аферата по околните села и собирањето на оружјето кое населението поради страв започнало да го предава, Марко Лерински го доживеал како удар врз него. Поради тоа, почнал да размислува за воспоставување на својот „престиж во Леринско“.[132] Најпрво сакал да расчисти со предавниците по селата, па дури потоа да им се реваншира на властите.

Уште пред настаните во Трсје, Марко Лерински се сомневал во неколку лица од селото Екши Су, меѓу кои и Стефан Поп Петров, брат на Сребрен Поп Петров. За таа цел неколкупати пишувал до Битолскиот окружен комитет, но последниов намерно го одлагал разгледувањето на прашањето, поради своите врски со Сребрен Поп Петров (брат на осомничениот предавник).[133] Под притисок од настаните во Трсје, Марко Лерински повторно побарал од Окружниот комитет да расчисти со Стефан Поп Петров. Во врска со тоа, Анастас Лозанчев му советувал на М. Лерински да замине за Екши Су и да ги сослуша двете страни, а потоа да го информира Окружниот комитет, за да донесе конечна одлука. Во меѓувреме, Д. Груев кој не бил запознаен со претходните укажувања од Окружниот комитет, му советувал на М. Лерински да не презема ништо во Екши Су.[134] Поради тоа, Марко Лерински го напуштил Екши Су без да преземе нешто, но со писмо го обвинил Битолскиот окружен комитет поради недоследност. Тогаш, Марко решил работите да ги преземе во свои раце, без да се консултира со некој. Според Лозанчев, во тоа време, Марко Лерински ја „потфрлил и идејата за Востание“.[135] Спомнативе недоразбирања не само што го потврдуваат дуализмот во раководењето со Битолскиот окружен комитет, туку при овој случај ги исфрлаат на површина и неговите недостатоци, кои биле последица на недоволна координација.

Во средината на јуни 1902 година, по наредба на Христо Силјанов, во близината на с. Пателе, бил убиен еден турски ќаја,

---

[131] Х. Силянов, Писма и изповед на един четник. Спомени од Странджа от Витоша и Грамос..., 162.

[132] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 175.

[133] Исто.

[134] Исто, 176.

[135] А. Лозанчевъ, Защо бѣхъ за въстание..., 8; Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 180.

но притоа загинал и четникот Коце од с. Екши Су.[136] Овој настан, османлиските власти го искористиле за довршување на започнатото разоружување на населението од Леринско, кое всушност започнало по инцидентот кај Трсје. За време на рацијата во с. Пателе, власта прибрала шеесетина пушки. По дадениот ултиматум за предавање на оружјето, селаните од Пателе, имајќи го предвид горкото искуство на трсјанчани, оружјето го предале доброволно.[137]

Постапката на пателчани можела да прерасне во опасен преседан и да ги опфати другите лерински села, селаните доброволно да го предадат оружјето за да ги избегнат репресалиите од власта. Марко Лерински, кој по настаните кај Трсје го загубил трпението, овојпат решил жестоко да се пресмета со предавниците во Пателе. За таа цел мобилизирал стотина милиционери од околните села, при што еден дел од нив ги оставил како резерва во Екши Су, а самиот тој со шеесетина души на 27 јуни 1902 година отишол во Пателе.[138] Кога тој влегол во селото, дваесетина патријаршисти побегнале во Суровичево,[139] каде што ја информирале власта за пристигањето на Марко. Иако бил предупреден, Марко Лерински, обземен од желбата за одмазда, продолжил да ги распоредува своите луѓе по селото со конкретни задолженија за потпалување на куќите на предавниците.[140] Неговиот план бил попречен приквечерта од ненадејното појавување силни османлиски војски околу селото. За време на судирот, главнината од четата под водство на Дедо Андре успеала да го пробие обрачот и да се извлече од селото. При пробивот загинал војводата Ѓорѓи Иванов, во регионот познат како Марко Лерински.[141]

Приказната во Пателе не завршува со излекувањето на четите и загинувањето на Марко Лерински. Османлиската победа паѓа во сенка на тридневниот отпор и херојството што го приредил четникот Дине Абдурахман. Последниов со семејството се забарикадирал во сопствената куќа и оттаму три дни успешно ѝ се противставувал на надмоќната османлиска опсада. Во меѓувреме,

[136] Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 108–109.

[137] Х. Силянов, Писма и изповед на един четник. Спомени од Странджа от Витоша и Грамос..., 171.

[138] Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 110–111.

[139] Исто, 111.

[140] Х. Силянов, Писма и изповед на един четник. Спомени од Странджа от Витоша и Грамос..., 171.

[141] Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 112.

во селото пристигнало засилување од коњица и артилерија.[142] Откако Османлиите сфатиле дека имаат работа со еден човек, посакале по секоја цена да го фатат жив. Притоа не помогнал ниту живиот штит составен од мештани и блиски на Дине Абдурахман, вклучително и селскиот поп.[143] Дине стрелал и по нив. Откако му привршила муницијата, Дине со последните куршуми ги застрелал сопствената жена, ќерката, сестра си и својот вујко,[144] за да не паднат живи во турски раце. Веднаш потоа, Дине излегол надвор и со јатаган в рака се впуштил кон турските војници, меѓутоа сноп од куршуми го покосил во неговиот двор.[145] Со сопствената саможртва и жртвувањето на сопственото семејство, Дине Абдурахман дал пример како се брани татковината, а со тоа делумно го измил срамот од предавството на неговите соселани пателци. На 1 јули 1902 година, Османлиите ја кренале блокадата од Пателе,[146] но притоа привеле 52 селани.[147]

По настаните кај Пателе, состојбата во Леринско и натаму била сериозно затегната и комплицирана. Во времето кога Марко Лерински влегол во Пателе, Христо Силјанов со својата чета ги обиколувал селата околу Нице. Штом дознал за опколувањето на М. Лерински, Силјанов мобилизирал четириесетина селани од Сетино за поход кон Пателе. Но, откако добил информација за загинувањето на Марко, се откажал од намерата.[148] Сепак, Христо Силјанов бил решен да се одмазди за сите дотогашни настани во Леринско. За таа цел, на 2 јули 1902 година, крај с. Попадија, поставил заседа за османлиските сили кои се враќале од Пателе.[149] Меѓутоа, неопитноста на скоро произведениот војвода, придонела за тотален пораз на неговата чета, при што загубил шестмина четници.[150]

Судирот кај Попадија придонел за натамошно заострување на состојбата во Леринско. Османлиските власти преминале

---

[142] Х. Силянов, Писма и изповед на един четник. Спомени од Странджа от Витоша и Грамос..., 173.

[143] Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 112–113.

[144] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 180.

[145] Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 113.

[146] Исто.

[147] Исто, 114–116.

[148] Х. Силянов, Писма и изповед на един четник. Спомени од Странджа от Витоша и Грамос..., 173.

[149] Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 116–117.

[150] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 141.

кон темелна акција за тотално разоружување на населението од регионот. Притоа селските кметови и свештениците биле задолжени да го убедат населението во рок од две седмици доброволно да го предаде оружјето. На тој начин репресијата и приведувањата се прошириле и кон селата: Екши Су, Зелениче, Петреско, Баница, Церово, Неокази и Суровичево.[151]

Х. Силјанов по поразот кај Попадиските колиби, и секако под севкупните импресии од состојбата во регионот, според Лозанчев, почнал да зборува за подготовки за Востание, за да може рационално да ги искористат силите и материјалите со коишто располагале, за да не ги губат постепено при секојдневните рации и судири со власта.[152] При една таква ситуација Битолскиот окружен комитет, за да го спречи натамошното разградување на Леринската околија, наредил остатоците од четите на Марко Лерински и Христо Силјанов да се префрлат во Костурско,[153] за да го избегнат прогонот.

Костурското раководство, соочено со опасноста од прелевање на Леринската опасност во нивниот регион, решило да го испрати Пандо Кљашев во Битола за да се консултира со Окружниот комитет, какви мерки да преземат при евентуално прелевање на провалата во нивниот регион. Во врска со тоа, П. Кљашев во своите Спомени вели: „Јас бев појден на 20 јуни (3 јули, н. стил, б.н.) 1902 година во Битола, преоблечен во селски алишта, за да прашам какво поведение да земеме во Костурско ако Леринската провала, после Пателе и Попадија, помине во Костурско, дали да бегаме во планина, да се предаваме, или да се бориме и сл. Лозанчев беше на мнение дека селаните треба да бегаат в планина. Тој рече (дека, б.н.) тие пишувале во ЦК за инструкции, за да си го даде мнението, дали ќе треба да направиме движење уште ова лето, или ќе остане сѐ да пропадне. Таков тежок впечаток правеше Леринската афера, поради која се предадоа околу 300 пушки. Лозанчев уште рече дека за секој случај положбата треба да ја задржиме уште два месеца и ми порача да гледаме да не одат туѓинците, т.е да гледаме да не одат луѓето в туѓина“.[154]

Овој исказ на П. Кљашев укажува дека идејата за Востание, која под притисок на настаните во Леринско, првин била потфрлена од Марко Лерински, а потоа и од Х. Силјанов, го оп-

[151] Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 117.
[152] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 180.
[153] Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает..., 120.
[154] По спомени на Пандо Кляшевъ..., 80.

фатила и претседателот на Битолскиот окружен комитет – Анастас Лозанчев, кој за ова прашање му пишувал и на ЦК во Солун. Сето тоа нѐ тера кон заклучокот дека при првиот сериозен проблем во Леринско, тамошните војводи, но и претседателот на Окружниот комитет, бидејќи не успеале да се справат со ситуацијата, веднаш посегнале по прашањето за Востание, и тоа во моменти кога Организацијата водела жестока кампања против таквата иницијатива на ВМК.

Поставеното прашање за Востание од страна на Битолскиот окружен комитет било предмет на разгледување на едно советување во Софија кое се одржало кон крајот на јули, или во почетокот на август 1902 година, во куќата на Бојан Биолчев.[155] На Советувањето учествувале: Гоце Делчев, Иван Гарванов, д-р Владимир Руменов (Никола Мучевски), Томо Карајовов, Туше Делииванов, Никола Наумов, Лазар Димитров и домаќинот Бојан Биолчев. При отворањето на собирот, Делчев објаснил дека целта на Собранието била да се разгледа барањето на битолчани кои настојувале „да се дигне што поскоро Востание, бидејќи зачестиле аферите, средбите и судирите на четите со турскиот аскер; духовите на населението биле силно возбудени. Ако не се објави Востание веднаш, сè што е досега изградено ќе се распадне од основа, без надеж некогаш да се обнови“.[156]

Д-р Владимир Руменов веднаш се искажал против таквото барање на битолчани, нагласувајќи дека другите окрузи не се подготвени за Востание, ниту пак меѓународната политичка ситуација е погодна, за да можат да сметаат на поткрепа од големите европски сили. Гоце Делчев, откако направил пресек на севкупната подготвеност на целата Организација, исто така се искажал против барањето на битолчани. Во таа смисла се искажал и Тома Карајовов.[157] За време на собирот, претседателот на ЦК ТМОРО – И. Гарванов, молчел. По сè изгледа, токму тој, врз основа на претходните писма од А. Лозанчев, ова прашање го отворил пред Гоце Делчев.

На крајот било решено Лазар Димитров, како специјален емисар, да замине за Битола за да го пренесе ставот и да ги смири духовите таму. Веќе следниот ден Лазар Димитров заминал за Солун. Меѓутоа, интересно е тоа што откако Лазар Димитров му об-

---

[155] Лазаръ Димитровъ, Съ поръчение въ Солунъ и Битоля, Ил. Илинден, г. XV/ 1 (141), София 1943, 14.

[156] Исто.

[157] Исто.

јаснил на секретарот на ЦК – Димитар Мирчев во каква мисија е натоварен за Битола, последниов му објаснил дека битолчани се откажале од намерата за Востание, а во меѓувреме духовите се смириле, поради што неговото заминување би било излишно.[158] Поради, последново, Д. Димески смета дека барањето на битолчани за Востание било искористено од И. Гарванов за опипување на „пулсот и реакцијата на Гоце Делчев“.[159]

4. Кон крајот на 1901 и во почетокот на 1902 година, ВМК започнал да испраќа чети во Македонија со претензија да го подготват теренот за претстојната востаничка провокација. За таа цел биле мобилизирани разни отпадници од Внатрешната организација, пред сè луѓе со ајдучко минато, кои поради својата недисциплина и разни злоупотреби биле дистанцирани или осудени од неа. Тие како пионери на врховизмот, од името на ВМК, на теренот започнале негативна кампања против дејците на Внатрешната организација во смисла дека тие не мислат сериозно да поведат востание, дека парите што се собираат од населението за оружје се злоупотребуваат за лични потреби и слично.[160] Паралелно со тоа, пред населението агитирале дека потребното оружје ќе им биде доставено бесплатно од ВМК, дека ослободувањето на Македонија треба да дојде преку Бугарија, зад која стои Русија и слично. Овие чети, всушност, требало да подготват терен за навлегување на врховистичките офицери, кои на 25 септември 1902 година планирале да кренат востание во Македонија. Терминот воопшто не е случаен. На 25 септември во Бугарија била планирана голема прослава по повод 25-годишнината од битката кај Шипка, на која требало да присуствуваат руски воени ветерани и државници. Присуството на руските воени лица во Бугарија, ВМК настојувал да го претстави како руска поддршка за бугарската политика кон Македонија.

Практичната реализација на врховистичкиот план започнала со навлегувањето на полковникот Анастас Јанков во Македонија. Тој на 4/17 јуни 1902 година, со чета составена од 42 лица, ја минал турско-бугарската граница[161] и веднаш ја започнал сво-

---

[158] Исто.

[159] Д. Димески, Гоце Делчев..., 255.

[160] К. Пандев, Националноосвободителното движение..., 284.

[161] От София до Костур. Освободителните борби на българите од Македония в спомени на дейци от Врховния македоно-одрински комитет (полковник Анастас Янков, майор Димитър Думбалков, поручик Борис Сарафов, инж. Христо Станишев, Георги Белев, Коста Шахов), София 2003, 117.

јата провокаторска востаничка мисија, која траела цели шест месеци.[162] Неговата крајна дестинација била Костурско. Тоа значи дека полковник Јанков требало да ја пресече Македонија дијаметрално од Горна Џумаја до Костурско. Изборот на личноста, крајната дестинација и времето не биле случајни. Полковник А. Јанков по потекло бил од с. Загоричани (Костурско). Неговото македонско потекло, офицерскиот чин и униформата од бугарската армија, требало да предизвикаат респект и да ги заведат луѓето од неговиот крај дека зад повикот на Јанков за востание стои Бугарија. Акцијата на Јанков во Костурско и Леринско требало да започне во септември, едновремено со активностите на другите врховистички водачи во североисточна Македонија. Очигледно, мисијата на Јанков била добро осмислена. Со неговиот пробив длабоко на територијата во југозападна Македонија, требало да се одвлече вниманието на ТМОРО, но и на османлиските власти, а со тоа да се олесни врховистичко востание во североисточна Македонија. Покрај тоа, со бранувањето на населението во внатрешноста на Македонија, особено во југозападните делови, пред меѓународната јавност требало да се создаде впечаток дека нередите се последица на лошата османлиска управа, а со тоа да се намали одговорноста на Бугарија.

Секаде каде што поминал низ Џумајско, Малешевско, Петричко, Струмичко, Гевгелиско, Воденско, па до Костурско, полковник Јанков посеал раздор, оставил приврзаници, предизвикал инциденти и афери и повикувал на востание. Јанков бил крут и нетактичен човек со типичен офицерски менталитет. За него ТМОРО била своевидна мафија,[163] а нејзините раководители вагабонти, коцкари и кокошкари, кои го тероризираат населението и ги злоупотребуваат неговите пари за личен поминок, без да мис-

---

[162] Исто, 151,

[163] Уште при преминувањето на Пирин, Јанков испратил писмо до в. „Струма“ во кое Организацијата ја претставил како мафија. Во врска со ова писмо, управникот на бугарското дипломатско претставништво во Цариград, д-р Никифоров во извештајот од 3 август 1902 година до бугарската влада пишува: „Императорската отоманска влада, според проверени информации, наредила да се извлечат поважните пасуси, каде што се говори за разни злоупотреби на Внатрешната македонска организација. Овие извадоци се испратени до сите позначајни весници со цел да се компромитира наведената организација и пред надворешниот свет да се претстави дека таа не поседува никаква патриотска, или хуманитарна основа, туку напротив нејзината единствена задача се состои во тоа: да организира собири, разбојништва и разни други престапи и злосторства за лична корист и добивка. (Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 174).

лат некогаш да кренат востание. Неговите лични записи од движењето низ Македонија се најдобра слика за неговиот карактер, менталитет и неговите заблуди. Оттука, Христо Силјанов уште во триесеттите години од XX век, со право констатирал дека Врховниот комитет со испраќањето на полковникот Јанков преку Вардар направил „многу лош избор“.[164]

Веднаш по преминувањето на границата, во своето писмо до селаните од Лешко (Горноџумајско), полковник Јанков се потпишал како „Началник на сите вооружени македонски сили“.[165] Тоа само ја открива претензијата и занесеноста на полковникот по згазнувањето на македонска територија. Неговата амбиција малку опаднала кога пристигнал во Костурско, каде што под своите писма се потпишувал како „Началник на II-от воен округ“.[166] При крајот на првата декада од јули, Јанков во Цапарево (ограж-денско село во Петричко), обелоденил дека Востанието треба да започне на 7/20 септември и дека тој наскоро ќе замине преку Вардар, а на спомнатиот датум каде и да се најде, дека ќе удри на Турците.[167] Јанков не отстапувал од зацртаниот план и покрај сите предупредувања и препреки од страна на Организацијата,[168] ниту пак размислувал за последиците зад него.

Некаде во втората половина на август, Јанков со стотина души ја минал реката Вардар и преку Гевгелиско, стасал во Воденско.[169] Таму успеал да ја потчини локалната организациска чета поради неискуството на војводата Трајко Шаламанов.[170] Јанков, својот план за востание во Воденско го образложил пред тамошното раководно тело. За таа цел во Воденско оставил 54 души[171] и најавил засилување со двајца офицери од бугарската

---

[164] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 175.

[165] От София до Костур..., 118.

[166] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 166.

[167] От София до Костур...,126–127.

[168] Така, на пример, еден селанец од Рич (Струмичко) при средбата со Јанков го предупредил дека Организацијата им наредила да не им даваат храна и да ги предадат на власта во Струмица. Според Јанков, селанецот тогаш му рекол како луѓето од Организацијата зборувале: „Вие сте биле со кнезот, а тие комитите, не сакаат бугарски кнез, го пцујат, сама ќе се ослободи Македонија, ни велат“. (От София до Костур..., 131).

[169] Из архивата на Гоце Делчев. Задграничното претставништво на ВМОРО в София до края на 1902 г. (подготвили за печат: Ива Бурилкова и Цочо Билярски), София 2003, 17.

[170] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903. (Поглед низ документи)..., 270.

[171] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 413.

армија,[172] а самиот тој со 56-мина заминал кон Леринско.[173] По заминувањето на Јанков, неговите приврзаници во Воденско, го предизвикале т.н. „Тушимско востание“,[174] а последиците од него, на своја кожа ги почувствувале селаните од Мегленско.



Анастас Јанков

Во почетокот на септември 1902 година, Анастас Јанков се нашол во родното Загоричани. Непосредно пред тоа, секретарот на ЦК ТМОРО, Димитар Мирчев ги информирал Битолскиот окружен комитет и раководството во Костурско за намерите на Јанков, при што ги задолжил да го попречат неговиот план, или да го разоружаат.[175] Меѓутоа, Анастас Лозанчев на тоа одговорил дека доколку Јанков требало да се обезвредни, или уништи, тоа требало да биде сторено пред да пристигне во Битолскиот округ. Но, бидејќи тоа не било сторено, „ние ќе се обидеме да го привлечеме да служи на Организацијата според нашите разбирања, а ако не успееме да го постигнеме тоа, тогаш ќе размислиме што да правиме со него, но за ништо на светот не сме согласни да го уништиме“.[176]

Со оглед на фактот што Битолскиот револуционерен округ, а особено Костурско се наоѓале далеку од границата со Бугарија, а со тоа и од војната помеѓу „врховистите“ и „централистите“, до нив допирало само ехото од таа борба, па затоа не го сфатиле сериозно предупредувањето од ЦК во Солун.[177] Тие наивно сметале дека лесно ќе се разберат со Јанков, па дури и дека ќе го наго-

---

[172] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893–1903. (Поглед низ документи)..., 270.

[173] От София до Костур..., 133.

[174] Повеќе за тоа види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 415–418.

[175] М. Николовъ, Революционното движение въ Костурско, Спомени. София 1937; 116; Д. Мирчев, Спомени..., 97; Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 186.

[176] А. Лозанчевъ, Защо бѣхъ за въстание..., 8.

[177] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 165.

ворат да работи за Организацијата.[178] Оттука, на 31 август/12 септември 1902 година, Битолскиот окружен комитет на Јанков му испратил едно ласкаво писмо, со кое откако му посакува добредојде, го замолува да престане со издавање „заповеди“ до населението, додека не се разберат.[179] Притоа, во писмото се вели дека Организацијата со радост ќе ја прифати неговата помош, но од името на „слободата на татковината“ го молат да им соопшти за своите планови и да не презема ништо, за да се избегнат евентуални недоразбирања.[180]

Јанков ниту обрнал внимание на писмото, ниту пак ги удостоил со одговор неговите испраќачи. Веднаш по пристигањето во Загоричани, тој се поврзал со Петар Поганчев, кој тука дошол уште пролетта како претходница за да подготви терен.[181] На првото собрание со селаните во Загоричани, Јанков почнал да зборува за Востание. Притоа истакнал дека „време е и ние Македонците, како и другите народи – Грци, Срби, Бугари и Критјани, со оружје в рака да посакаме правдина и слобода“.[182] Веднаш потоа се нафрлил против раководителите на Организацијата кои наводно ги злоупотребувале народните пари, наместо да купуваат оружје.

Набрзо потоа Јанков, заобиколувајќи ги двајцата нелегални раководители (Пандо Кљашев и Васил Чекаларов), испратил писма до Христо Силјанов, Митре Влавот и отпадникот Коте од Руља, при што ги повикал на средба.[183] Меѓутоа, кај него се појавиле В. Чекаларов, П. Кљашев и Х. Силјанов. Јанков им образложил дека тој дошол со задача да прогласи Востание на 7/20 септември. Притоа истакнал дека наводно сите реони низ кои поминал биле подготвени и решени да востанат. Истовремено, „гарантирал“ дека слободата ќе дојде ако издржат само неколку дена, бидејќи генерал Цончев заедно со бугарската армија и руските генерали од Шипка ќе навлезат во Македонија. Во таа смисла, според Јанков, бил постигнат договор меѓу Русија, Бугарија и Врховниот комитет. Поради тоа, на крај додал: „нам, како на Македонци, не ни останува друго, освен да го исполниме својот долг – да востанеме“.[184]

---

[178] Исто, 165-166; Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев ..., 186.

[179] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903. (Поглед низ документи)..., 273.

[180] Исто.

[181] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 469.

[182] От София до Костур..., 135.

[183] Исто, 136.

[184] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 167.

Сфаќајќи ја сериозноста на намерата на Јанков, со цел да добијат во време, П. Кљашев му одговорил дека и тие со нетрпение го очекуваат Востанието кое најверојатно ќе се случи за неполна година, а во врска со неговиот план, дека ќе побараат мислење од Окружниот комитет.[185] Јанков привидно се задоволил со таквиот одговор, но следниот ден продолжил пред селаните да зборува за Востание. Притоа, пред Чекаларов отворено изјавил дека тој ќе дејствува независно од одговорот од Битола. Во тој правец, Јанков почнал да ги распоредува своите сили. Притоа за с. Смрдеш го испратил својот аѓутант Јанаки Москов, во Загоричани Петар Гајков со 12 души, во Шестово го испратил четникот Нако, со цел на денот на Востанието да го потпали турското село Сетома. Истовремено, Димитар Дебарлијата со десетина души бил испратен да агитира за востание во Преспанско, Охридско и Дебарско. Самиот Јанков со Коте Христов се подготвувал за напад на Лерин на 7/20 септември.[186]

Револтиран од таквото однесување на Јанков, Васил Чекаларов отворено му изјавил: „Слободата ние ќе си ја извојуваме, не ја сакаме од тебе! Немој да мислиш дека затоа што си полковник и што носиш еполети, дека ќе го оставиме народот да се повлече по тебе и да изгори“.[187] Набрзо потоа В. Чекаларов, П. Кљашев, Х. Силјанов и нивните приврзаници се разделиле со Јанков, а тој со Коте заминал кон Лерин, за да го чека денот на Востанието.

Во тоа време, костурското раководство добило известување од Битолскиот окружен комитет, со кое им било наложено да ја попречат агитацијата на Јанков, бидејќи Округот не бил подготвен за востание.[188] Со оглед на фактот што до планираниот почеток на Јанковото востание останувале 3-4 дена, костурските раководители вложиле огромни усилби за да ги одвратат селаните од Загоричани и Смрдеш, каде што Петар Поганчев и Лазар Биціанов, јавнати на коњи, разнесувале сензационални вести дека: Лефтеров пристигнал во Леринско со 130 души и дека веќе огнот таму пламнал; дека Саракинов пристигнал во Воденско; дека востанале сите, освен Костурско, бидејќи нивните началници „претпочитале да седат, да јадат и да грабат“.[189] При такви околности населението се нашло пред вистинска недоумица.

---

[185] Исто.

[186] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 470.

[187] По спомени на Пандо Кляшевъ..., 88.

[188] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 170.

[189] Исто, 171.

Во тоа време во Битола се нашол секретарот на ЦК ТМОРО, Димитар Мирчев.[190] Тогаш во Битола пристигнал курир од Костурско, кој изворно го информирал Окружниот комитет за опасноста од избивање востание во Леринско и Костурско и дека селаните од Загоричани веќе биле излезени в шума. Поради тоа, Анастас Лозанчев, Димитар Мирчев и Аце Дорев се состанале за да ја разгледаат ситуацијата. Веднаш потоа куририот го вратиле назад со инструкции да им соопшти дека повикот на Јанков за востание е дело на Врховниот комитет и дека ЦК ТМОРО е против тоа и да им се заканат со смртна казна на сите раководители што ќе го послушаат Јанков. Курир со слични инструкции бил испратен и за Леринско.[191] Истовремено на 7/20 септември 1902 година, денот кога Јанков планирал да го нападне Лерин, Битолскиот окружен комитет испратил предупредувачко писмо до полковникот.[192] Со него Јанков се повикува да запре со своите активности, бидејќи во спротивно ќе биде проследуван „како гнасен непријател на татковината".[193] Покрај тоа, во писмото е наведено дека пријателите на Јанков, Иван Цончев и Стефан Николов, кои се подготвувале за предвремено востание, биле интернирани во внатрешноста на Бугарија, со што им било попречено да запустат некој друг реон. Сепак, во писмото на полковникот му се остава можност, доколку навистина ја сака слободата на Македонија, да остане во регионот и да работи со Организацијата до прогласувањето сеопшто востание.

Вечерта на (7/20 септември) 1902 година, на закажаниот момент за почеток на Востанието, Анастас Јанков и Коте Христов со седумдесетина души се нашле пред Лерин со намера да го нападнат и запалат градот, а тоа да биде сигнал за почеток на општо востание.[194] Меѓутоа, според Х. Силјанов, османлиските војски предупредени од грчкиот владика за намерата на Јанков, распоредиле воени сили околу градот. Според Јанков, тогаш го добиле и предупредувачкото писмо од Битолскиот окружен комитет.[195] Имајќи го предвид сето тоа, Јанков нашол изговор дека наводно поради доцнење на двете тенеќии со газија со кои планирал да го

[190] Д. Мирчев, Спомени..., 97–98.

[191] Исто, 98.

[192] Види: В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903. (Поглед низ документи)..., 281–282.

[193] Исто, 282.

[194] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 171; От София до Костур..., 141.

[195] От София до Костур..., 141.

потпали градот, откако се посоветувал со Коте, нападот на Лерин го одложил за следната вечер (8/21) септември.[196] Меѓутоа, следната вечер, почетокот на Востанието, Јанков го одложил за 14/27 септември. Подоцна Јанков настојувал да ги увери луѓето од Организацијата дека нападот на Лерин го одложил бидејќи некој вагабонт му ги украл двете канти со газија. Инспириран од оваа комична приказна на Јанков, Х. Силјанов ја напишал хумористичната поема „Палењето на Лерин", која четниците ја рецитирале за забава во слободното време.[197] Како и да е, палењето на Лерин не бил одложено поради украдените тенеќии со газија, туку поради предупредувањето од Битолскиот окружен комитет.

На 7/20 септември Јанковиот аѓутант Лазар Москов бил нападнат од турската жандармерија во близина на Смрдеш, при што четата била растурена и имала еден убиен. Веднаш потоа, Москов со своите луѓе се прибрал при четите на ТМОРО, од каде што му пишувал на Јанков дека се откажува од својата намера.[198] Во меѓувреме, благодарение на контраагитацијата на В. Чекаларов и П. Кљашев, врховистичката агитација била ограничена само во Загоричани и Смрдеш, каде што забележала бледи успеси, додека, пак, обидот за вовлекување на селата по Рулската Река, каде што доминирал Коте Христов, бил целосно попречен од страна на Циле Кономладски.[199]

По заминувањето на првата опасност, Битолскиот окружен комитет на 10/23 септември 1902 испратил специјално окружно до населението во Костурско и Леринско со кое укажал на опасностите од едно предвремено востание и го повикал да не ги прифаќа повиците за делумно востание, зашто слободата на татковината може да дојде само при едно општо, повсемесно востание.[200]

По првиот неуспех, Јанков, за да добие во време, ја променил тактиката, при што ја прифатил поканата на Битолскиот окружен комитет за преговори за идната заедничка дејност. Оттука на 11/24 септември, Јанков одговорил на писмото на Битолскиот окружен комитет од 7/20 септември.[201] Во ова надуено писмо, тој

---

[196] Исто.

[197] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 171, белешка 1.

[198] Исто, 171.

[199] Д. Димески, Македонското националноослободително движење..., 470-471.

[200] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903. (Поглед низ документи)..., 285–286.

[201] От София до Костур..., 160–161.

меѓу другото нагласува дека палењето на Лерин го одложил поради нивното барање, но доколку поради тоа дојде до некаква катастрофа, тогаш одговорноста ќе падне врз Организацијата. Покрај тоа, Јанков од Окружниот комитет бара информации дали на друго место населението востанало, за да помогне. Притоа им сугерира да не се плашат од есента, бидејќи поради краткиот ден, таа била попогодна за востание, отколку летото. Во истото писмо, Јанков бара Окружниот комитет да определи лице за преговори за идната дејност.[202] На 14/27 септември Битолскиот окружен комитет му одговорил на Јанков, при што му се заблагодарил за одлагањето на Востанието. Притоа го информирал дека неговиот „умен предлог“ за испраќање лица за преговори во моментот се одлага, поради големо присуство на војска во регионот и му предлагаат тој да обмисли план и начин, а по можност и да се придвижи кон нив. Во меѓувреме му предлагаат писмена комуникација за да ги дознаат неговите планови за идната дејност.[203]

Развојот на настаните ќе покаже дека тактиката на Битолскиот окружен комитет, на чело со А. Лозанчев, со своите планови за попречување на Востанието што го заговарал Јанков, а потоа по можност и негово ставање во функција на македонското ослободително движење под водство на ТМОРО, била сосема погрешна. Секако, Анастас Лозанчев (псевдоним Гроздов) за развојот на настаните во Битолскиот округ, но и за нивните планови со Јанков, го информирал Централниот комитет во Солун и Задграничното претставништво во Софија.[204] Оттука, планот на битолчани за евентуално потчинување на Јанков, Задграничното претставништво го доживувало како голем триумф на Организацијата против ВМК.[205] Меѓутоа, очигледно е дека при ова тактизирање, Битолскиот окружен комитет се фатил во сопствената мрежа, притоа оставајќи му време и можност на Јанков да ги доведе во заблуда и безбедно да се извлече од Округот.

---

[202] Исто, 161.

[203] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903. (Поглед низ документи)..., 293.

[204] Исто, 312.

[205] Во врска со тоа, во едно писмо од Задграничното претставништво до ЦК во Солун се вели: „Дали верувате дека ќе го натерате да ни се потчини нам? Не би посакувале поблескава победа над нив. Но, во таков случај да се земе личен потпис од Јанков за неговото доброволно раскајување и потчинување на Внатрешната организација, која од своја страна врз себе ќе преземе грижа за неговиот живот. Дали можеме да очекуваме пославен триумф од тоа?“ (В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893–1903. (Поглед низ документи)..., 314).

Во меѓувреме, ЦК ТМОРО во писмото до Задграничното претставништво од 13/26 септември, пишува дека Јанков издавал прокламации до населението како командант на Вториот воен округ, притоа „наредбите му се толку диви, што човек треба да верува дека тој е умоболен: Пишувал во Битолскиот затвор, дека набрзо ќе ги ослободи затворениците“.[206] Чудно е како ЦК, Задграничното претставништво, па и Битолскиот окружен комитет, откако согледале со каков човек имаат работа, прифатиле да преговараат со него.

Како и да е, како парламентарец за водење на преговорите со Јанков бил назначен Христо Силјанов.[207] Според него, Јанков првиот ден од преговорите предложил тој да ги остави своите момчиња во реонот, а тие двајцата да заминат за Битола за да му предложат на Окружниот комитет Јанков и Коте да заминат за Грција за да организираат пренос на оружје. Помислата дека на тој начин ќе се ослободат од Коте ги зарадувала костурчани и тие го прифатиле предлогот.[208] Меѓутоа, веќе следниот ден, Јанков сервирал друг план: Јанков, Чекаларов и Силјанов да заминат за Бугарија, при што Јанков да влијае кај Цончев, Чекаларов кај Сарафов, а Силјанов кај Делчев за помирување и слевање на двете организации.[209] Во оваа приказна на Јанков, неоспорно поверувал и Анастас Лозанчев. Оттука, за време на неговиот престој во Солун (30 септември/13 октомври), Лозанчев истакнал дека Јанков ветувал многу во корист на Организацијата и за помирувањето по неговото враќање во Бугарија.[210] Меѓутоа луѓето од ЦК, овој пат останале скептични, па затоа во писмото до Задграничното претставништво пишуваат: „Којзнае дали не мудрува, додека се искубе“.[211]

---

[206] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893–1903. (Поглед низ документи)..., 291.

[207] Силјанов пишува дека тој преговорите со Јанков ги водел на 13/26 и 14/27 септември 1902 година. (Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 172). Меѓутоа, според разменетите писма помеѓу полковник Јанков и Битолскиот окружен комитет, сосема е јасно дека преговорите се воделе нешто подоцна.

[208] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 172.

[209] Исто, 172–173. Поради овие преговори, подоцна во Весникот „Реформи“ во Софија се појавил напис, според кој Јанков всушност успеал да го убеди Силјанов во своите намери, поради што се создал впечаток дека Силјанов му станал десна рака на Јанков. Види. В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893–1903. (Поглед низ документи)..., 311.

[210] Из архивата на Гоце Делчев ..., 42.

[211] Исто.

Очигледно, Јанков играл на картата време. Денот кога тој разговарал со Силјанов за идната дејност, стасало известување дека Петар Поганчев и Петар Гајков во Загоричани убиле двајца Турци, а двајца фатиле, со што ги натерале селаните да побегнат в планина, предизвикувајќи нешто како востание.[212] Таквото однесување на полковникот и неговото зближување со Коте Христов, постепено почнало да ги разбива илузиите за какво било спогодување со него за заедничка работа.

Во меѓувреме, наближил 20 септември/3 октомври, датумот кога Јанков наводно планирал да го нападне Костур. Меѓутоа и тој минал без ништо, како и Лерин. Независно од тоа, Јанков уште цел месец продолжил да го вознемирува регионот и да внесува раздор меѓу населението. Поради тоа, Битолскиот окружен комитет на 16/29 октомври испратил остро предупредувачко писмо до полковникот.[213] Притоа го предупредува да престане да сее раздор и да зборува против дејците на Организацијата, а доколку сака да работи за ослободителното дело – да остане во регионот и да започне како војвода на чета, па ако заслужи, може да стане и инспектор на четите. Во спротивно се предупредува да замине од каде што дошол.[214] По четири дена Јанков возвратил со едно крајно арогантно и дрско писмо со кое луѓето на Организацијата директно ги нарекува коцкари, кокошкари и убијци кои го тероризираат сопствениот народ. Притоа цинично им се заблагодарува за поканата за „војвода“ бидејќи тој не сакал да му ја „вади душата на невиниот Македонец“, како што тоа го правеле војводите на Организацијата.[215] На 2/15 ноември, Анастас Јанков ја напуштил османлиска Македонија и влегол во Грција, од каде што со брод стасал до Трст, а оттаму со воз преку Загреб, Белград и Ниш се вратил во Софија.[216]

Полковникот А. Јанков во југозападна Македонија пристигнал непосредно по Леринската провала, кога сè уште не биле санирани последиците од неа, во услови на силни тензии помеѓу власта и населението. Неговата востаничка провокација дополнително ги разбранувала духовите на населението и одново ги раздвижила османлиските потери и војски, од чие самоволие последиците ги трпело самото население. Според А. Лозанчев, при-

---

[212] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 173.

[213] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903. (Поглед низ документи)..., 332–33.

[214] Исто, 338.

[215] Исто, 339–340.

[216] От София до Костур..., 151–156.

стигањето на Јанков во Леринско ги разбркало умовите на луѓето за востание.[217] За да го задржи населението да не се повлече по умот на Јанков, Битолскиот окружен комитет и локалните раководители од една страна се служеле со закани и заплашувања, а од друга со ветувања за востание во блиска иднина.[218]

Најдобра потврда за такви ветувања среќаваме во две писма на војводата Георги Папанчев. Во првото писмо од 10/23 октомври, Папанчев пишува: „Се подготвувам наскоро да направам свадба (востание, б.н). О, колку ќе биде убаво".[219] По петнаесетина дена, Г. Папанчев до сестра си, повторно пишува: „Јас ќе презимам овде, а напролет ќе правам свадба".[220] Пандо Кљашев во Спомените вели дека по заминувањето Јанков, поради усложнетата состојба на теренот, тие се обратиле до Битолскиот окружен комитет за да прашаат дали напролет ќе има некакво движење и воопшто што да прават понатаму.[221] Откако костурчани го одбиле предлогот привремено да заминат за Грција, Окружниот комитет издал едно циркуларно писмо до селата со кое на населението му се советувало трпение и надеж дека часот за борбата наближува.[222] Според Димитар Мирчев, по Јанковата провокација, поради зачестените провали и афери, населението станало нетрпеливо, а писмата од Анастас Лозанчев до ЦК биле „ултимативни".[223] Самиот Лозанчев во статијата „Зошто бев за востание" истакнува дека за да го спречат присоединувањето на населнието кон полковник Јанков, тие требало да ветат дека ќе дејствуваат во 1903 година.[224]

---

[217] А. Лозанчевъ, Защо бѣхъ за въстание..., 8.
[218] Исто.
[219] Спомени на Георги Папанчев..., 338.
[220] Исто, 339.
[221] Спомени на Пандо Кљашев..., 236.
[222] Исто, 237.
[223] Д. Мирчев, Спомени..., 101.
[224] А. Лозанчевъ, Защо бѣхъ за въстание..., 8.

# Судбоносното прашање

За да се опише улогата на Анастас Лозанчев при носењето на одлуката за Востание во 1903 година, а уште повеќе за да се сфати неговата оптовареност поради критиките во врска со неа, неминовно е да направиме поширок осврт на условите и начинот на кој таа била донесена. Кога сето тоа ќе се согледа од повеќе аспекти, можеби полесно ќе сфатиме дека одлуката за Востание била неизбежна последица на сплет околности, при што ниту еден авторитет не можел ниту да ја забрза, ниту пак да ја спречи. Притоа А. Лозанчев бил само еден од актерите, но не и пресуден фактор во оваа низа од настани. Впрочем, за сѐ што се случило требало да има доволно причини, поради што не може да се тврди дека било предвремено, или задоцнето, освен да се прифати дека тоа било неизбежно.

1. Додека полковникот Јанков се подвизувал во југозападните краишта на Битолскиот вилает, неговите соборци од ВМК, во есента на 1902 година во североисточна Македонија го предизвикале т.н. Горноџумајско востание.[1] Оваа провокација, освен Горноџумајско ги засегнала и соседните области: Мелничко, Петричко, Малешевско, Струмичко и Разлошко. Врховистичката провокација предизвикала сериозни последици врз организациската мрежа во спомнативе области и воопшто врз македонското ослободително движење.

Властите, при обидот за воспоставување на мирот и поредокот во загрозените краишта, прибегнале кон невидени жестокости врз незаштитеното население.[2] Притоа прибрале значаен дел од оружјето што Организацијата макотрпно го собирала повеќе години, а поради репресијата се појавил бран бегалци кон Бугарија. Истовремено се зголемил бројот на аферите и провалите, особено во Струмичко.[3] Поради тоа Христо Чернопеев и Кр-

---

[1] Повеќе за Горноџумајското востание, види: Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 177–183; Крсте Битоски, Македонија и кнежеството Бугарија, Скопје 1977, 237–285; В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 422–453; Марија Пандевска, Струмичкиот револуционерен округ (1893–1903), Скопје 2001, 257–280.

[2] Види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 441–449.

[3] Ванчо Ѓорѓиев, Последиците за ТМОРО во Струмичко од активноста на месниот комитет во Ново Село (1901–1902), Историја, XLIV/1-2, Скопје 2008.

сто Асенов кон крајот на ноември побарале од ЦК веднаш да прогласи Востание.[4] Според ова, очигледно е дека А. Лозанчев и Битолскиот револуционерен округ не биле единствените кои под притисок на настаните од теренот го поставиле прашањето за Востание.

Иако била ограничена на определени региони, последиците од врховистичката востаничка провокација се повеќекратни. Таа, од една страна, ја компромитирала идејата за сеопшто востание кај дел од населението; на меѓународен план го актуализирала македонското прашање и ги предизвикала познатите Февруарски реформи,[5] кои претставуваат неуспешен обид за превенција на претстојното Востание во Македонија; и на крајот ја предизвикала одлуката на ЦК за Востание во 1903 година.

Понапред видовме дека во јули 1902 година од името на ЦК ТМОРО биле издадени две окружни писма со кои било укажано дека врховистичката иницијатива може да предизвика делумно и предвремено востание со која ќе биде компромитирана идејата за Општо востание за коешто се подготвувала Организацијата. Речиси во исто време на Советувањето во Софија, во присуство на Г. Делчев, била отфрлена иницијативата за востание, која дошла од Битолскиот округ поради Леринската провала.

Веројатно, имајќи го предвид таквиот став во врска со прашањето за востание, ЦК ТМОРО на чело со Иван Гарванов не се осмелил ова прашање да го постави на дневен ред на неодржаниот конгрес, кој бил закажан за почетокот на септември 1902 година.[6] Наместо конгрес, тогаш било одржано советување, на кое било решено да се предупреди ВМК да не ги форсира настаните, а кога ќе се реши прашањето за востание, навремено ќе биде информиран.[7]

При темелна анализа на зачуваната преписка помеѓу ЦК во Солун и Задграничното претставништво (ЗП) во Софија, може да се забележи дека прашањето за востание се наметнало во септември под притисок на силната врховистичка кампања и настаните од теренот во Македонија. Непосредно во предвечерјето на Горноџумајското востание, ЗП до ЦК пишува: „Како што теоретски расправавме, дека тркалото на нашите работи воопшто треба

[4] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893–1903 (Поглед низ документи)..., 341.
[5] Повеќе за тоа види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 18–22.
[6] Види: В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903 (Поглед низ документи)..., 268–269.
[7] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., 118.

да се врти од самата Внатрешна организација, а не од некакви надворешни фактори, биле тие комитети, или влади, така и во практиката треба да докажеме, дека центарот на тежината е, и треба да биде во самата Македонија и никаде на друго место. Сега е време кога треба да го докажеме тоа нешто“.[8] Понатаму во писмото се вели: „Кога ќе го добиете ова писмо, не е чудо голем дел од населението таму да биде вовлечено предвремено во борбата. Одовде има навлегувања и веројатно ќе се засилат“.[9] Поради тоа Задграничното претставништво до ЦК пишува: „сега од вас (ЦК, б.н.) се бара тактичност, умешност, срченост и воопшто сите квалитети, неопходни како на врховни раководители, квалитети што ќе ви овозможат да ја сфатите вистинската положба на земјата и веднаш да ни ја опишете точно таква, каква што е во стварноста... Следствено, ако пак вие предвидувате усложнување таму, не останува друго, освен да побрзаме и да го засилиме започнатото движење, во којшто случај ќе имате едно мнение на Ахил (Делчев б.н.); ако сте убедени, дека тоа движење е само еден фишек, којшто нема да ги промени коренито нашите дела таму, туку ќе згасне без трага, добро. Во секој случај бидете трезвени, мислете најопстојно. Со еден збор, повикувајте ги на помош сите свои умствени и душевни способности и сили, за да не направиме штета, кога се мачиме да го запреме овој бран (востание), или кога ќе се пуштиме во авантура, ако нема востание“.[10]

Формулацијата „ако вие предвидувате усложнување таму, тогаш не останува друго, освен да го засилиме започнатото движење“, иако е условна, му оставила доволно простор за манипулации на претседателот на ЦК – Иван Гарванов. Тој во прво време испраќал смирувачки тонови во врска со врховистичкото движење и жестоко го осудувал. Така, во писмото од 19 септември (ст. стил) 1902 година, И. Гарванов до ЗП пишува: „Алармот што го креваат весниците кај вас (Софија, б.н), па и во Европа, ни оддалеку не одговара на она, што се случува кај нас. Востанието е објавено без востаници... во целата земја има гласини за востание, но никаде не го виделе. Струмица прашува за Воден и Ерусалим (Битола, б.н.), а тие пак за Малешевско. Но, во секој случај без афери нема да поминеме, и тоа афери од предавство“.[11] Два дни подоцна, Иван Гарванов до ЗП пишува: „Се гледа, дека и вие сте

---

[8] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903 (Поглед низ документи)..., 322.

[9] Исто.

[10] Исто, 322–323.

[11] Исто, 301-302.

опфатени од галиматијата во која паднаа генералите и жал ми е, дека и вас успеале да ве вовлечат во шашармата, на која и сами не ѝ веруваат“.[12] Во истото писмо во врска со врховистичкото движење се вели „ако врховистите прават нешто, тоа е блиску до границата и во главите на редакторите, кои распрснуваат вознемирувачки гласини. Смело може да кажете, дека тие луѓе се проституираат со Востанието ... Уверен сум дека тие сами се чудат на успехот, кој го прават со своите измислици“.[13]

Меѓутоа, по започнувањето на Врховистичкото востание во Горноџумајско, откако врховистичките чети со дозвола на кнезот и бугарската влада почнале да навлегуваат во големи формации (наводно и до 500 души), И. Гарванов на 26 септември (ст. стил) до ЗП пишува: „Такви вооружени сили ние не можеме да сопреме и подобро ќе биде и ние да го развееме знамето“.[14] Истиот ден, ЗП до ЦК пишува: „Овде се зародила една идеја. Прашањето детално не е разгледувано, но ако генералите не успеат да сторат нешто посериозно во Џумајско, тогаш ќе се разгледа поопстојно. Сега ви се предлага на првично разгледување“.[15] Очигледно станува збор за прашањето за востание.

Бугарскиот трговски агент од Солун А. Шопов на 29 септември (ст. стил) 1902 година, во строго доверлив извештај до бугарскиот премиер, пишува дека ТМОРО презела сè за да го осуети Врховистичкото востание, но поради тоа била компромитирана пред населението бидејќи се нашла во улога на турски сојузник, кој го помага задушувањето на Востанието.[16] Поради тоа Организацијата го променила својот став и почнала „да го убедува населението да почека до идната пролет, кога и времето ќе биде поблагопријатно за востание, па дотогаш и ќе заврши некои важни подготовки“.[17] Шопов, кој бил добро информиран за настаните, очигледно ја пренесува причината поради која дошло до промена на политиката на ЦК по прашањето за Востание.

Поради таквата промена на ставот по прашањето за Востание, ЗП во писмото од 12 октомври (ст. стил) 1902 година до ЦК пишува: „Значи си ги заменивме улогите, кога ние бевме вовле-

---

[12] Исто, 303.

[13] Исто.

[14] Исто, 313.

[15] Исто, 315.

[16] Величко Георгиев и Стайко Трифонов, Македония и Тракия в борба за свобода (краят на XIX и началото на XX век). Нови документи, София 1995, 115.

[17] Исто, 115-116.

чено во распрснатите шашарми овде, вие изгледавте многу спокојни; а сега кога ние речиси се успокоивме, бидејќи гледаме дека секој ден се враќаат оние, кои до пред малку навлегуваа со големи чети, вие се обеспокојувате. Како и да е, меѓутоа треба да се следи вистинската положба на нештата и ако генералите го пролонгираат движењето преку зимата, тогаш ќе треба здраво да му мислиме за пролетта. Но да си обезбедиме подобар успех, треба да внесеме колку што можеме повеќе оружје“.[18]

Изнесениве факти од преписката помеѓу ЦК и ЗП ТМОРО водат кон заклучокот дека прашањето за Востание се наметнало под притисок на врховистичката востаничка провокација од есента 1902 година. Притоа, евидентно е дека ЗП тоа го допуштало под услов доколку дојде до усложнување на состојбата и продолжување на врховистичкото движење во текот на зимата. Сфаќајќи го тоа, ЦК на чело со Гарванов почнал алармантно да ја претставува ситуацијата во моменти кога најголемата опасност од врховистичката провокација почнала да спласнува.

Од друга страна, од преписката помеѓу ЦК и ЗП се забележува тенденцијата на И. Гарванов да го дознае ставот на бугарската влада во врска со Врховистичкото „востание“ уште пред тоа да започне. Несомнено, И. Гарванов како Бугарин едноставно не можел да се ослободи од своите мецени и да не води сметка за интересите на бугарската политика. Така, во писмото од 2 септември (ст. стил) И. Гарванов инсистира. „Сакаме да знаеме што мисли владата“, притоа бара краток и директен одговор без толкување преку „наш човек“.[19] На 23 септември (ст. стил), ЦК повторно се интересира: „Како мисли сега бугарската влада? Пак така како порано, или го променила погледот? Тоа прашање нас особено нѐ интересира“.[20] На 26 септември (ст. стил), И. Гарванов до ЗП пишува: „Ако бугарската влада се ангажира да го покрене прашањето, (тогаш, б.н.) спрема врховистите јавно да не се држи многу остар јазик“.[21] Следниот ден следи прашањето: „Кажете за бога каква улога игра кнезот и бугарската влада во таа работа“.[22] На 29 септември (ст. стил), И. Гарванов до ЗП порачува: „Внимавајте добро, дали кнезот не игра пак некоја комедија“.[23] Веќе на 4

[18] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903 (Поглед низ документи)..., 334.
[19] Исто, 278.
[20] Исто, 310.
[21] Исто, 313.
[22] Исто, 317.
[23] Исто, 319.

октомври (ст. стил), Гарванов инсистира: „Ние сакаме да испратиме делегација од наше име до министерот Данев,[24] и да ни се соопшти неговиот одговор“.[25]



Иван Гарванов

На овие прашања од ЦК, во достапната документација има само два одговора од ЗП. Првиот е од 26 септември (ст. стил) 1902 година. Во него се вели: „Погледот на владата за нас не е јасно определен, но едно е сигурно, дека грофот Игнатиев не малку го поткладе огнот. Тој дури јавно и смислено ги буди инстинктите на толпата со разни ветувања на златни гори за Македонија и Бугарија воопшто“.[26] Во следниот одговор од 7 окт. 1902 (ст. стил) се вели: „Да се дознае суштинското мнение на владата по нашето прашање не може поинаку, освен на истиот начин, т.е. со посредство и преку заобиколување. Немојте да си претпоставувате дека Данев, или кој било ќе ги отвори своите карти пред кој било наш пратеник. Тоа што ви го пишувавме завчера,[27] како кажано од страна на Радев,[28] е фатено строго стенографски од Христо Станишев. Испраќањето на специјален пратеник кај Данев одвај ќе ни го даде бараниот резултат, ако се имаат предвид признаците, дека владата малку сака да знае за Внатрешната организација и за нејзините претставници овде“.[29] Според ова, очигледно бугарската влада не сакала да ги отвора своите карти, а уште помалку да влегува во комуникација со актуелните задгранични претставници: Туше Делииванов и Димитар Стефанов, кои биле под силно влијание на Гоце Делчев од причина што тие биле во отворена војна со ВМК на Михајловски–Games Цончев, зад чија иницијатива за Востание стоела токму бугарската влада и кнезот. Меѓутоа, оваа состојба набрзо радикално се променила, откако на

[24] Стојан Данев, актуелен министер – претседател (премиер) на Бугарија и министер за надворешни работи и вероисповед.

[25] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903 (Поглед низ документи)..., 328.

[26] Исто, 315.

[27] Одговорот на спомнатово писмо од ЗП до ЦК не е зачуван.

[28] Станува збор за Александар Радев, актуелен министер за правосудство на Бугарија.

[29] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903 (Поглед низ документи)..., 333.

чело на задграничното претставништво застанеле Христо Матов и Христо Татарчев.

Во меѓувреме, бугарските дипломатски претставници сфатиле дека преку имплантирано востание однадвор, без поддршка од македонското население и ТМОРО, тешко може да се придвижи македонското прашање, за кое била заинтересирана Бугарија. Во таа смисла, бугарскиот претставник во Белград, К. Величков, во извештајот од 18 септември 1902 година, пишува: „Ако е потребно едно востание за да се покрене македонското прашање ... таа цел би можела да се постигне само преку едно востание, кое би избувнало внатре во Македонија, кое би било организирано така што ќе ги опфати сите краишта на земјата и во едно догледно време да им даде отпор на непријателските сили“.[30] Неговиот колега од Цариград, И. Е. Гешов е уште попрецизен. Тој во извештајот од 25 октомври пишува: „Некои од нив (европските дипломати, б.н.) не го пропуштија случајот за да забележат дека резултатот од едно такво востаничко движење, нафрлено однадвор, и не можел да биде поинаков... Вистината е дека сите претставништва на Големите сили тука имаат јасно и определено разбирање за противставувањето кое Внатрешната революционерна организација на Македонија го направи толку упорно против последните востанички обиди на Софискиот врховен комитет; но не сите признаваат дека тоа е главна причина што движењето не успеа да се прошири во самата средина на македонскиот народ“.[31] Оттука Гешов заклучува дека доколку движењето било прифатено од населението во Македонија и доколку добиело „местен национален карактер“ и ако потраело подолго време, тогаш дипломатските претставници на Големите сили би ја натерале османлиската влада да седне на „зелената маса“ на која би се нашол „неканетиот гостин: македонското прашање“.[32] Сличноста во содржината на двата извештаја сигурно не е случајна. Тие, откако сфатиле дека покренувањето на македонското прашање преку исценирано востание однадвор е залуден обид, се определиле за востание однатре преку ТМОРО. Притоа на располагање го имале претседателот на ЦК ТМОРО – Иван Гарванов. За секој случај, тука бил и ВМК под палката на резервниот генерал од бугарската армија – Иван Цончев, кој со заканите за нови востанија ја одржувал тензијата.

---

[30] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 183.

[31] Исто.

[32] Исто.

Во почетокот на ноември, кога Врховистичкото востание спласнало, за задгранични претставници биле назначени Христо Матов и Христо Татарчев, кои штотуку се вратиле од заточение. Х. Матов, веднаш по пристигањето во Софија, пред Евтим Спространов истакнал дека 3/4 од подготовките се завршени, при што останува „само последната четвртина, т.е. самото Востание“.[33] Таквата изјава упатува на заклучокот дека Матов пред доаѓањето во Софија за ова прашање се договорил со И. Гарванов во Солун. Х. Матов и Х. Татарчев, сметајќи ја дотогашната принципиелна борба на ТМОРО против ВМК како политика на самоизолирање, прифатиле нов политички курс на компромис и висока дипломатија.[34] Оттука тие веднаш започнале преговори за помирување во ВМК врз основа на проширување на Востанието. Притоа тврделе дека тоа е желба на ЦК.[35] За тоа имале поддршка од И. Гарванов, кој инсистирал на помирување по секоја цена.[36] Во прилог на веќе созреаната идеја за востание дошло и драматичното барање на Христо Чернопеев и Крсто Асенов од 20 ноември (ст. стил), кои под притисок на аферите во Струмичко, побарале веднаш да се прогласи Востание.[37] Во таква атмосфера, И. Гарванов на 29 ноември (ст. стил) до Задграничното претставништво пишува: „Ќе треба да се распоредат сите наши горски сили и уште отсега да навлезат во земјата, да се стокми побрзо динамит и повеќе пушки, та напролет дај Боже здравје, да си ја испробаме среќата“.[38] Со оваа одлука во средината на декември бил запознаен бугарскиот државен врв. Тогаш Х. Татарчев ги известил бугарскиот премиер С. Данев и кнезот Фердинанд, дека акциите идната пролет „се неминовни“.[39]

Во меѓувреме, Цончев ги одолжувал преговорите и како услов за помирување го поставил прашањето за Востание напролет.[40] Тој на 10/23 декември 1902 година издал повик до сите офицери Македонци и Одринци да ја напуштат службата во бугарс-

---

[33] Евтим Спространов, Дневник, том 1, София 1994, 180.

[34] Ванчо Ѓорѓиев, Солунскиот конгрес на ТМОРО од 1903 година и прашањето за востание, Историја XL/1-2 Скопје 2004, 81.

[35] К. Пандев, Националноосвободителното движение..., 298.

[36] Види: В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893–1903 (Поглед низ документи)..., 342; 347.

[37] Исто, 341.

[38] Исто, 348.

[39] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., 125.

[40] К. Пандев, Националноосвободителното движение..., 301.

ката армија, за по два-три месеци да земат учество во Востанието.[41] Останува отворено прашањето дали спомнатиов повик на Цончев е своевиден притисок врз ТМОРО за прифаќање на неговите услови за помирување, или пак, притисок во договор со трета страна за изнудување на солунското решение за Востание. Дали сосема случајно овој повик се нашол во рацете на Гарванов за време на Солунскиот конгрес кога бил искористен како плашило за притисок врз делегатите за ново врховистичко востание?!

Како и да е, кон крајот на ноември 1902 година, за ЦК на И. Гарванов и за ЗП (Матов–Татарчев) прашањето за Востание било решено. На И. Гарванов не му останувало друго, освен да ја официјализира одлуката преку конгрес.

2. На 24 декември 1902/6 јануари 1903 година, Иван Гарванов испратил окружно писмо до окружните и околиските комитети, како и до Задграничното претставништво, со образложение за неиздржливоста на положбата (особено во југозападна Македонија) и повикал делегати за конгрес, кој бил закажан за 2/15 јануари 1903 година во Солун.[42] Еднонеделниот временски интервал од денот на испраќањето на окружното до денот за одржување на Конгресот не бил случаен. Во тој временски теснец физички било неизводливо да се извршат опстојни анализи по окрузите. Од друга страна, некои од делегатите кои биле поканети лично, немале време да пристигнат. Впрочем, Гарванов тоа и го посакувал.

При повикувањето на делегатите за Конгресот, И. Гарванов применил селективен систем. Некои биле поканети лично, други преку окрузите, или соодветните околии, а трети бидејќи случајно се нашле во Солун. Очигледно, Гарванов го искористил/злоупотребил статутарниот вакуум во актите на Организацијата за свикување конгрес, за да одбере делегати по своја мера.

Меѓу поканетите за Конгресот бил и Гоце Делчев, кој во тоа време се наоѓал во Софија, но неговото присуство не било пожелно.[43] Според М. Герџиков, Г. Делчев по добивањето на поканата истакнал дека прашањето било наметнато од битолчани и дека тој не сака да оди во Солун.[44] Независно од тоа, според некои

[41] В. Ѓорѓиев, Солунскиот конгрес..., 82.

[42] Д. Димески, Гоце Делчев, Скопје, 1994, 134.

[43] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., 130.

[44] Покрај тоа, според Герџиков, Делчев нагласил дека по Џумајското востание ситуацијата била затегната во целата земја и дека тоа не може да се толери-

информации, Делчев до Конгресот испратил кратко писмо.[45] Преку Окружниот комитет во Одрин, за Конгресот бил поканет Михаил Герџиков. Меѓутоа, и тој одбил да замине на Конгресот, наводно поради зафатеност. Поради тоа, оттаму за делегат бил избран Велко Думев, кој требало да пренесе дека не биле подготвени.[46] Серскиот револуционерен округ во врска со поканата од ЦК побарал мислење од Јане Сандански. За таа цел организирал советување на кое се изјасниле против и во таа смисла му биле дадени инструкции на делегатот Лазар Димитров.[47] Покрај тоа, Ј. Сандански испратил писмо до ЦК, во кое навел дека може да изведе до 12 000 борци, но дека нема оружје, поради што не можел да смета на успех и затоа бил против масовно востание.[48] Слични консултации биле извршени и во Скопје. Тамошниот делегат Димитар Ганчев бил задолжен да настојува да се одложат дејствата барем за една година.[49]

Претседателот на Битолскиот револуционерен округ – Анастас Лозанчев во Спомените нагласува дека тој од ЦК бил повикан лично, при што му било нагласено само доколку биде попречен од полицијата, тогаш место него да замине друго лице. Покрај тоа, Лозанчев додава дека од него било побарано само да понесе сведенија за воената подготвеност на Округот, но дека во писмото не било нагласено за што ќе расправа Конгресот. [50] На последната информација од Лозанчев тешко дека некој може да поверува, особено ако се има предвид дека сите информации говорат оти Конгресот бил свикан по иницијатива на битолчани, а за дневниот ред биле информирани другите. Анастас Лозанчев при заминувањето на Конгресот за Солун не се консултирал со никој, како од Окружниот комитет, така и со околиските комитети,

---

ра како дотогаш, но и дека не треба да се прибегнува кон масовно востание, туку да се обмисли нов начин за борбата. ( Въ Македония и Одринско, Спомени на Михаил Герджиковъ, София 1928, 47).

[45] Мерсия Макдермот, За свобода и съвршенство. Биография на Яне Сандански, София 1987, 110; Л. Димитровъ, Моето участие въ революционното движение въ Македония, Ил. Илинденъ, XIV/9 (139), София 1942, 3.

[46] Спомени на М. Герджиковъ..., 44–45.

[47] Движението отсамъ Вардара и борбата съ върховиститѣ. По спомени на Яне Сандански, Чернъо Пѣевъ, Сава Михйловъ, Хр. Куслевъ, Ив. Анастасовъ Гърчето, Петъръ Хр. Юруковъ и Никола Пушкаровъ, (сообщава. Љ. Милетичъ), София 1927, 36.

[48] М. Макдермот, За свобода и съвршенство..., 110.

[49] Спомени на Никола Пушкаровъ..., 185.

[50] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 192; А. Лозанчевъ. „Защо бѣхъ за въстание..., 8.

ниту пак со кој било од војводите на теренот.[51] Покрај тоа, постојат сомневања дека Лозанчев пред Конгресот бил сондиран од страна на И. Гарванов и дека двајцата биле во заедничка спрега по прашањето за востание.[52]

Никакви претходни консултации со окружните и околиските комитети и со војводите од теренот не биле одржани, ниту во Струмичкиот и Солунскиот револуционерен округ.[53] Делегатите оттаму едноставно биле повикани по избор на И. Гарванов. Поради тоа, Х. Чернопеев за делегатот од Струмичко ќе рече: „Делегатот и не беше за делегат, него го нашле, него го повикале".[54]

Недоследноста при повикувањето на делегатите во протоколот од Конгресот е покриена со следнава формулација: „И покрај сета голема важност и значење на Конгресот, Централниот комитет не можеше да повика претставници и од другите реони поради големата будност на полицијата и можната опасност од негово откривање".[55] Изгледа со оваа констатација ЦК, т.е. Конгресот, се обидел под превезот на опасноста од провала да си ги измие рацете и да ја симне одговорноста за неговата регуларност.

Голема недоследност има и во поглед на застапеноста на делегатите по окрузи. Така, Серскиот, Одринскиот и Битолскиот

---

[51] Така, на пример, Ѓорѓи Поп Христов вели дека Лозанчев „не го зел предвид мислењето на војводите – горските раководители, како и на легалните раководители". (Спомени на Г. П. Христов..., 300). На друго место во врска со тоа Ѓ. П. Христов пишува: „Лозанчев без да се советува со други и без да свика окружен конгрес, набрзо оди во Солун. Она што е најинтересно, тој најмногу настојувал за востание, претставувајќи ја положбата во Битолско за неиздржлива. Изјавил дека тоа било мнението на Округот. Всушност, тоа беше негова глупава избрзаност...". (Революционната борба в Битолския окръг..., 45). Славејко Арсов во врска со постапката на Лозанчев вели: „Нас во Ресенско и лично мене со ниеден збор не нè прашаа што мислиме ние за Востанието. Не знаевме дури дека имало конгрес во Солун...". (Спомени на С. Арсов..., 81). Според Пандо Кљашев, за време на Смилевскиот конгрес, А. Лозанчев бил критикуван од повеќето делегати, бидејќи пред заминувањето на Конгресот во Солун не се консултирал со реонските раководители. Тогаш „Лозанчев не можеше да даде вистински одговор", но сепак додал дека неговата одлука била мотивирана врз основа на писмата на некои раководители, поради што „сметал дека не е потребно да се свика окружен конгрес" (Спомени на П. Кљашев..., 242).

[52] Види. Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 168–169: Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 199.

[53] Манол Пандевски, Македонското ослободително дело во XIX и XX век, т. II, Скопје 1987, 184-185.

[54] Спомени на Чернъо Пѣевъ..., 67.

[55] Љ. Лапе, Одбрани текстови ..., II дел, 414.

округ се застапени со по еден делегат, додека од Солунскиот има четворица, а од Струмичкиот и Скопскиот по двајца делегати.[56] Најверојатно поради таквата недоследност, во Протоколот од Конгресот се зборува за претставници на „окружните и поважните околиски реони“, кои подолу во Протоколот се изедначени како претставници од „дванаесет реони“.[57] Изгледа само така можела да се изедначи тежината на гласовите на делегатите кои претставувале цели окрузи, со оние на одделни околии.

Поради овие недоследности, подоцна повеќемина го довеле во прашање легитимитетот на Конгресот. Така, на пример, Х. Татарчев, иако е поддржувач на одлуката од Солунскиот конгрес, истакнува дека тој бил „совршено незаконски“, бидејќи не причекал многумина легални и нелегални дејци, како и ЗП да си го искажат мислењето по прашањето за Востание.[58] Конгресот е оценет како незаконски од Лазар Димитров,[59] и Пандо Кљашев.[60] Солунскиот конгрес и неговите решенија записнички се осудени од Првиот поилинденски конгрес на Струмичкиот округ од април 1904 година.[61] Според Анастас Лозанчев, „за валидноста на Конгресот одговорност носи само Централниот комитет и никој друг“.[62] Меѓутоа, на Иван Гарванов во моментот не му била важна легитимноста на Конгресот, туку нему му бил потребен конгрес што ќе ѝ обезбеди легитимитет на неговата одлука за Востание.

Конгресот започнал со работа на 2/15 јануари 1903 година во просториите на Солунската егзархиска гимназија „Св. Кирил и Методиј“. На него учествувале 17 делегати. Меѓу нив биле: Иван Гарванов, Спас Мартинов и Димитар Мирчев, како членови на ЦК. Потоа, Христо Поп Коцев и Тодор Лазаров (штотуку излезе-

---

[56] Според. М. Пандевски од Битолскиот, Скопскиот и округ имало по еден делегат. (М. Пандевски, Македонското ослободително дело ..., т. II, 186). Меѓутоа, Пандевски го испуштил Одринскиот округ, од каде што исто така имало еден делегат. Од друга страна, треба да се има предвид дека Скопскиот округ не бил со еден делегат, бидејќи кон овој Округ треба да се вбројат делегатот од Велес и делегатот од Штип, кој не пристигнал на Конгресот.

[57] Љ. Лапе, Одбрани текстови ..., II дел, 413.

[58] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., 130.

[59] Спомени на Лазар Димитров..., 360.

[60] Спомени на Пандо Кљашев..., 237.

[61] Борис Николов, Непубликувани документи из архивата на Христо Узунов, Исторически преглед, кн. 5, София 1990, 82.

[62] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 192.

ни од затвор), кои се претставени како „заслужни дејци за народното дело“. Другите делегати се именувани како претставници на 12 реони. Тие се: Никола Петров (Цариградски), Велко Думев (Одрински), Лазар Димитров (Серски), Христо Влахов (Кукушки), Иван Сапунаров (Солунски), Никола Хрлев (Гевгелиски), Димитар Занешев (Воденски), Тодор Пејков (Велешки), Димитар Ганчев (Скопски), Иван Ингилизов (Струмички), Анастас Лозанчев (Битолски) и Георги Варналиев (Радовишки).[63] Според составот на Конгресот, очигледно е дека станува збор за второстепени и третостепени личности, при што не учествувал ниту еден од творците на Организацијата или нејзините поистакнати дејци. Ако отсуството на некои било резултат на физичка спреченост, или за игнорирање на поканата, тогаш тоа не може да се каже за војводите и за нелегалните раководители. Според Силјанов, нивното присуство не било пожелно за Гарванов и за Анастас Лозанчев.[64]

Претседател на Конгресот бил И. Гарванов, а секретар Димитар Мирчев. Според Протоколот, свикувањето на Конгресот и поставувањето на прашањето за востание е мотивирано со: сложеноста на состојбата во земјата по Џумајското востание; опасноста од нови врховистички обиди за востание; опустошувањето и деморализирањето на нови реони; желбата на некои реони за едно општо советување; и најпосле „интересот и расположението на европската дипломатија кон нашето народно дело“.[65]

По краткото образложение, Гарванов побарал од учесниците да ја изложат состојбата во реоните, особено во поглед на вооружувањето. Повеќето изнеле дека се слабо вооружени, а тоа особено го нагласиле серскиот и одринскиот делегат. Според А. Лозанчев, повеќето делегати или не биле доволно подготвени за бараните информации, или пак немало што да кажат.[66] Според Д. Мирчев, на Конгресот било констатирано дека во моментот Организацијата располага со околу 12 000 пушки, од кои 2/3 биле од грчкиот систем „Гра“ со по стотина патрони по пушка.[67] Најдобра подготвеност била констатирана во Битолскиот округ, кој располагал со 7 000 пушки.[68] За смирување на состојбата, И. Гарванов

[63] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893–1903 (Поглед низ документи)..., 352–353.

[64] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 199.

[65] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903 (Поглед низ документи)..., 352.

[66] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 193.

[67] Д. Мирчев, Спомени..., 104.

[68] Хр. Коцевъ, Пред прага на 1903 г, Сб.Илинденъ 1903-1921, София 1921, 45.

ветил дека ЦК ќе обезбеди дополнително оружје од Грција, а такво ќе стаса и со навлегувањето на четите од Бугарија.[69]

За подгревање на атмосферата, И. Гарванов ги презентирал и повиците за востание, кои биле лиферувани во декември од страна на ВМК. Тоа ги вознемирило сите.[70] Покрај тоа, Гарванов пред делегатите го презентирал и паничното писмо од Х. Чернопеев со кое кон крајот на ноември побарал ЦК да прогласи Востание.[71]

Во прилог на тезата за Востание, Гарванов ги информирал делегатите за „поволната" меѓународна ситуација. Притоа истакнал дека францускиот конзул во Цариград се искажал во смисла дека ако во Македонија избувне едно движење, тоа сигурно ќе добие некакви правдини.[72] Нема сомнение дека оптимистичките тонови за „поволната" меѓународна ситуација произлегувале од османлиската декемвриска иницијатива за реформи, со цел да се избегне вмешувањето на Големите сили во внатрешните работи на Империјата во врска со македонското прашање.[73] Меѓутоа, Гарванов свесно го избегнал предупредувањето од рускиот министер за надворешни работи, грофот Ламсдорф до задграничните претставници Х. Матов и Х. Татарчев, да не преземаат ништо за да им дадат шанси на планираните реформи.[74]

Покрај тоа, Гарванов ветил поддршка од Бугарија, која наводно ќе ѝ објавела војна на Турција, доколку Востанието издржи барем две седмици.[75] Последново Гарванов го поткрепил со една дописна картичка од генерал Стефан Паприков (министер за војна на Бугарија) до Борис Сарафов, со која „го молел" да не се испушта погодниот момент за востание во Македонија зад кое ќе застане Бугарија со објавување на војна против Османлиската Империја.[76] Слично настапил и Анастас Лозанчев. Тој ги информирал делегатите дека бил ополномоштен од Неделко Колушев[77]

---

69 Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 201.

70 Хр. Коцевъ, Пред прага на 1903 г..., 45.

71 Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција.., 169.

72 Спомени на Лазар Димитров..., 360.

73 Во врска со тоа, види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 19.

74 Повеќе за мисијата на Ламсдорф види: К. Битоски, Македонија и кнежеството Бугарија..., 287–291,

75 Спомени на Лазар Димитров..., 360.

76 Румен Пасков, Борис Сарафов 1872–1907, София 1996, 146–147.

77 Исто, 147. Меѓутоа, во врска со оваа прашање Димитар Мирчев пишува: „За објавување на војна од Бугарија не станувало збор. Гарванов најмалку можеше да истакнува таков мотив, зашто добро го знаеше расположението на

(секретар во бугарското агентство во Солун) да извести дека Бугарија ќе го поддржи Востанието преку воена интервенција.


Лазар Димитров

Според сите сведенија, најголем иницијатор и поддржувач на И. Гарванов по предлогот за востание бил Анастас Лозанчев. Според Христо Поп Коцев, Лозанчев инсистирал неодложно да се изврши една акција со изглед на востание, бидејќи се плашел дека турските претреси набрзо ќе се прошират и отаде Вардар, при што ќе избијат големи афери во кои не само што ќе го загубат готовото оружје, туку и луѓето. Освен тоа, Лозанчев истакнал дека населението го загубило трпението и се заканувале дека ќе заминат на печалба за Цариград и Америка, доколку летово не се крене востание.[78] Според Д. Мирчев, А. Лозанчев на Конгресот настапил „дури ултимативно", заканувајќи се доколку не се донесе одлука за општо востание, дека Битолскиот округ ќе го започне сам, бидејќи ситуацијата била неиздржлива, особено во Леринско и Костурско. „Тие решителни изјави извршија влијание врз делегатите и врз ЦК".[79] Лозанчев одел дотаму што во писмата до некои од раководителите им пишувал: „Кој не е согласен со решението за кревање востание, тој е предавник, зашто целиот народ е на нога".[80]

Аргументите на Гарванов и иницијативата на Лозанчев, без многу двоумење, биле прифатени од повеќето делегати. Единствена опозиција на Конгресот бил серскиот делегат Лазар Димитров. Меѓутоа, и тој немајќи излез, на крајот го прифатил мнението на сите и го потпишал Протоколот.[81] Скопскиот делегат Д. Ган-

бугарските фактори во Бугарија, ја знаеше и нејзината воена подготвеност". (Д. Мирчев Спомени..., 106). Слично на тоа, А. Лозанчев вели: „Јас не бев слушнал никој никаде да зборува од Страна на Гарванов или Сарафов дека Бугарија ќе се вмеша, како што тврдат мнозина". Меѓутоа овие искази на Д. Мирчев и А. Лозанчев не се отпорни, ниту според најголемиот дел од мемоарската литература, ниту пред извештајот од бугарското трговско агентство од Серез од 1904 година, ниту пак пред историската критика.

[78] Хр. Коцевъ, Пред прага на 1903 г..., 45.

[79] Д. Мирчев, Спомени..., 105.

[80] Ѓ. Петров, Спомени, Кореспонденција..., 169.

[81] Спомени на Лазар Димитров..., 361.

чев гласал „за“ само затоа што така гласале и другите.[82] Така, на 3/16 јануари 1903 година делегатите изгласале одлука за Востание, без да се прецизира терминот за негово прогласување. Следниот ден по кратка дискусија, Конгресот решил Востанието да биде „повсемесно и стратегиско“.[83] Според Анастас Лозанчев и Лазар Димитров, на Конгресот било решено окружните комитети да одржат конгреси за да се произнесат и да ја прифатат одлуката од Солунскиот конгрес.[84] Меѓутоа, во Протоколот од Конгресот такво нешто воопшто не постои.

За разлика од Конгресот во Солун, прашањето за востание многу поопстојно било разгледано на советувањата во Софија, кои биле организирани од Задграничното претставништво. На нив учествувале: Х. Татарчев, Х. Матов, Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Пере Тошев, Борис Сарафов, Иван Х. Николов, Славчо Ковачев, М. Герџиков, Кирил Прличев, Сава Мијалов, Димитар Стефанов, Туше Делииванов, Х. Силјанов, В. Антонов, Никола Наумов и други.[85] Тие во расправата пошле од информацијата на Гарванов, според која по Врховистичкото востание османлискиот терор во Македонија станал неподнослив, особено во Битолско, каде што можело да избие востание.[86]

На советувањата, по прашањето за востание се издиференцирале две групации. Малцинската, предводена од Матов и Татарчев, безрезервно ја застапувала идејата на ЦК за Општо востание.[87] Мнозинството го предводеле Ѓорче Петров и Гоце Делчев. Тие биле поддржани од сите што зеле учество во борбата против врховизмот.[88] Настрана од двете гледишта останал Пере Тошев со изговор дека не е добро запознаен со работите.[89] Полемиката што се отворила, главно, била околу карактерот на дејствата. Притоа повеќето од учесниците признавале дека подготовките не се доволни, но поради сложеноста на ситуацијата треба да се промени начинот на дејствување и да се преземе акција.[90]

[82] Спомени на Н. Пушкаровъ..., 185.
[83] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903 (Поглед низ документи)..., 353.
[84] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 194; Љ. Лапе, II дел, 416.
[85] В. Ѓорѓиев, Солунскиот конгрес на ТМОРО..., 86.
[86] Спомени на Б. Срафовъ..., 76; Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 170.
[87] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 171.
[88] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 203.
[89] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., 131.
[90] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 202-203; Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 178; Спомени на М. Герджиковъ..., 47; Д-

Ѓ. Петров, со поддршка на Делчев, предлагал да се промени дотогашната тактика: од пасивно подготвителна да се помине кон поголеми активности со дејства што постепено ќе водат кон востание. На тој начин да се дојде до перманентно востание, без негово формално објавување.[91] М. Герџиков предлагал иницијатива со терористички акции против османлиските власти и европскиот капитал.[92] Кон овие идеи клонел и Делчев.[93] Истовремено, Герџиков и В. Антонов инсистирале за дефинитивно расчистување со врховистите и ликвидација на Кончев. Г. Делчев претпочитал борба со „најголема економија на силите“, зашто не бил сигурен дека откако ќе ги предизвикаат Турците, ќе предизвикаат вмешување на Големите сили.[94] Сепак, Делчев се определил за комбинирана примена на четнички дејства со терористички акции. Делчев, како човек од акција, не чекајќи го исходот од Советувањето, на 7/20 јануари 1903 заминал за Серскиот округ на дело да ја демонстрира новата концепција на борбата.[95]

Идејата на мнозинството за перманентно востание со терористички акции повторно водела кон востание. Тоа брзо го сфатиле заштитниците на тезата за општо востание. Оттука се дошло до компромисно решение, кое е покриено со терминот „засилени партизански дејства“.[96] Меѓутоа, Конгресот од Солун без да го чека исходот од Советувањето во Софија, веќе донел одлука за општо востание. Веднаш по Конгресот, Гарванов заминал за Софија, каде што информирал дека донесената одлука е неповратна, бидејќи била разгласена на секаде.[97] Истовремено, Х. Матов, Х. Татарчев и И. Гарванов се сретнале со бугарскиот министер за внатрешни работи Димитар Петков, кој им ветил „морална и материјална поткрепа за идното Востание“.[98]

р Х. Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., 130-131; Спомени на Б. Сарафовъ..., 76.

[91] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 177-179.

[92] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 205.

[93] Спомени на М. Герджиковъ..., 48.

[94] П. К. Яворов, Гоце Делчев, София 1989, 99.

[95] В. Ѓорѓиев, Солунскиот конгрес на ТМОРО..., 88.

[96] Спомени на Б. Сарафовъ..., 76; Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 207; Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., 140.

[97] В. Ѓорѓиев, Солунскиот конгрес на ТМОРО..., 88.

[98] Жеко Попов, Димитър Петков за българската политика по македонския въпрос (1903-1907), Македонски преглед, XXI/2, София 1998, 59.

3. Анастас Лозанчев по враќањето во Битола сиот потенцијал го насочил кон засилување на моралните и материјалните подготовки за претстојното Востание. За таа цел, на 9/22 јануари 1903 година Битолскиот окружен комитет издал окружно писмо до реонските и центровите началници и до сите работници на Организацијата, со кое ги информирал дека часот за одмазда наближува.[99] Притоа повикува да се забрзаат подготовките преку дополнителна набавка на оружје; да се засили обуката во воените вештини; секој да си набави соодветна облека и обувки и сè што е потребно за еден четник; да се оставаат настрана меѓусебните и националните расправии; да се казнуваат шпионите итн.

Најверојатно под влијание на дискусијата од Солунскиот конгрес за „поволната" меѓународна положба и иницијативата за Февруарските реформи, во окружното се вели дека дипломатијата била заинтересирана за македонското прашање, при што „сите бараат слобода за Македонија".[100] Меѓутоа, во контекст на тоа се вели: „Но, без да чекаме таа слобода да ни се даде на дар, (ние треба б.н.) да се подготвиме да ја извршиме последната победа. Турчинот трепери, иако уште не видел колку боли македонскиот куршум. Турчинот е убеден дека овој е последниот и најтежок удар што ќе му се направи овде во Европа. Но, нека си оди таму во Азија, од каде што и дошол".[101]

Издавањето на ова окружно писмо има двократно значење. Првин, преку него раководителите и војводите биле запознаени со одлуката за Востание и биле повикани да ги забрзаат подготовките, и второ, со обзнанувањето на одлуката требало да се задржат младите луѓе кои планирале да заминат на печалба. Во меѓувреме, почнале да се враќаат и печалбарите од Цариград за да земат учество во Востанието.[102]

---

[99] Љ. Лапе, Одбрани текстови..., II дел, 467–468.

[100] Исто, 468.

[101] Исто.

[102] Види: Спомени на Лазар Димитров..., 360; Спомени на Славејко Арсов..., 82, Манол Пандевски, Македонското ослободително дело..., т.2, 191–192. Според еден доверлив извештај на Бугарското трговско агентство од Солун од 13.03.1903 година, дотогаш „околу 10 000 млади Македонци се вратиле по родните краеви од Цариград, М. Азија, Румелија, Бугарија ..., за да земат учество во претстојното Востание". Само од Цариград заминале 2 500 градинари и млекари. „Сите тие Македонци со нетрпение чекаат да дојде часот за Востанието": (ДАРМ, ф. БГК – Солун, мф. 4278, No. 193, 13.03.1903, Поверливо).



Битолската егзархиска гимназија

На 19 јануари/1 февруари 1903 година, Анастас Лозанчев и Аце Дорев одржале состанок со учителите и со другиот персонал во Битолската егзархиската гимназија „Св. Кирил и Методиј“.[103] Тогаш, Лозанчев ги информирал дека пролетта ќе има Востание. Оваа информација предизвикала голема раздвиженост кај учителите и меѓу битолското граѓанство. Крсте П. Мисирков, кој учествувал на ова собрание, во врска со предвостаничкиот амбиент што ја обзел Битола, во својот Дневник пишува: „Особено забележителен интерес кон ослободителното дело има градското население. Колку човек е победен, толку попредано му служи на ослободителното дело. Нашите учители од основните училишта и учениците од гимназијата со нетрпение го очекуваат денот кога ќе може да го напуштат градот. Некои учители од основните училишта (Лука Џеров) уште сега тајно си земаат задолженија за да може целосно да се предадат на делото за ослободување, учителките шијат знамиња. По сè изгледа, наоколу се случува нешто многу сложено, во кое барем во прво време, е многу тешко да се ориентира човек“.[104] Мисирков пренесува дека набрзо по ова собрание во градот, па дури и меѓу жените, се ширеле севозможни информации за наводно пристигање на некоја странска воена

[103] Дневник на Кръсте Мисирков, 1903 г. Публикуван за пръв път от А. Пелтеков в „Известия на държавните архиви“. Според http:/www.promacedonia.com/rami/misirkov-1903.html

[104] Исто.

флота во Солунското пристаниште, за вмешување на европските сили во внатрешните работи на османлиската држава и за доставување нота за реформи во Македонија. Оваа информација уште еднаш потврдува дека дипломатската иницијатива на Големите сили во врска со Февруарските реформи, наполно била протолкувана и прифатена како „погоден“ момент за Востание.

На Собранието во Гимназијата, А. Лозанчев му рекол на К. Мисирков дека кај него може да се скрие една пушка за да вежба дома. По неколку дни, Лозанчев и А. Дорев го посетиле Мисирков во неговиот стан и констатирале дека треба да се направи долап во ѕидот за криење на пушката. Притоа, како мајстор го предложиле брат му на Даме Груев, кој дење си ја гледал мајсторската работа, а ноќе водел чета од село до село.[105] Во друга пригода, Мисирков ги затекол Лозанчев и А. Дорев во централното училиште каде што отворено пред него зборувале за судири на четите со војската, за паднатите четници, за купување оружје и муниција, за бројот на четниците и за некакви формулари. Притоа ниту му спомнале нешто за Востанието, ниту пак тој ги прашал. Сепак, врз основа на севкупното однесување, Мисирков заклучува дека тие на него гледале со недоверба и го сметале за „безнадежен“. Поради тоа, Мисирков набрзо се откажал од учителствувањето во Гимназијата, а за тоа го информирал и рускиот конзул Ростковски, на чиишто деца тој им бил приватен учител. По сè изгледа, Анастас Лозанчев и Аце Дорев со топло–ладниот настап пред Мисирков, од него настојувале да го дознаат ставот на рускиот конзул во врска со претстојното Востание.[106]

Откако Лозанчев ја обзнанил одлуката за Востание, оние учители кои биле на поистурени позиции во ослободителното

---

[105] Исто.

[106] Неоспорно е дека Мисирков го информирал конзулот Ростковски за сè што дознавал во врска со революционерното движење. Така, Мисирков во Дневникот бележи дека Ростковски сметал оти учеството на учителите и на гимназијалците во Востанието би предизвикало затворање на училиштата и воведување воена положба во градот, како и приведување на учителите и учениците. Таквата информација до Ростковски можела да стаса единствено преку Мисирков, кој учествувал на Собранието што Лозанчев го одржал со учителите. Покрај тоа, Мисирков во Дневникот бележи дека Ростковски сметал оти Востанието само ќе ѝ попречи на Русија при нејзините усилби да ја натера Турција да воведе некакви реформи. На крајот, Мисирков бележи дека самиот Ростковски се искажувал во смисла дека реформите не биле којзнае што, но подобро нешто, отколку ништо. (Дневник на Кръсте Мисирков, 1903 г...).

движење почнале да ја занемаруваат учителската дејност и наполно се оддале на ослободителното дело, а другите веднаш заминале во илегала. Така, на пример, Лука Џеров само формално останал учител, колку да има адути пред полицијата, но фактички неговите часови ги држел еден од училишните слуги. Тоа го знаеле неговите колеги, но не и митрополитот, под чии ингеренции било егзархиското училишно дело.[107] Учителот по музика, Парашкев Цветков заминал во илегала како војвода.[108] Во меѓувреме, сите илегални работници биле испраќани во четите. Така, Анастас Лозанчев го обезбедил со четничка униформа Тома Николов и го испратил во четата на Парашкев Цветков. Средбата со четата се случила на влезот од Битола во црквата „Света Недела“. Тој ден (18/31 јануари), во присуство на А. Лозанчев, Ѓорѓи Пешков и Лука Џеров, во спомнатата црква, во четата на П. Цветков се приклучиле 10-12 млади – нови борци.[109] Всушност тоа е рецептот според кој кон крајот на јануари, покрај постојните, почнале да се формираат нови чети. Истовремено, значително нараснал контингентот од вратените печалбари, кои почнале да се приклучуваат кон постојните или да формираат нови чети. Покрај тоа, земјата била заплисната од силен бран чети кои навлегувале од територијата на Бугарија.

На 9/22 март Анастас Лозанчев и Ѓорѓи Пешков во с. Паралово (Битолско) се сретнале со Борис Сарафов,[110] кој откако сфатил дека во Малешевско нема услови за масовно востание, се префрлил во Битолскиот округ.[111] Лозанчев признава дека од ЦК добиле наредба да го вратат Сарафов назад, но тие намерно се оглушиле на таквата наредба и не презеле ништо за нејзино спроведување.[112]

При средбата во Паралово, било отворено прашањето за карактерот на востаничките дејства. Славољубивиот Сарафов, во своите Спомени, раскажува дека тогаш предложил ако има можност со десетина илјади востаници ненадејно да се нападне Битола, да се запалат касарните и да се заземат османлиските скла-

---

[107] Исто.

[108] Т. Николов, Спомени от моето минало..., 105.

[109] Исто.

[110] Спомени на Борисъ Сарафовъ..., 83.

[111] А. Лозанчев во врска со тоа вели: „Тој бил назначен да остане отаде Вардар, но синковецот, откако ја сетил неподготвеноста во овие реони, дојде кај нас“. Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев ..., 207.

[112] Исто.



Борис Сарафов

дови и топови.[113] Таква фикција можела да се роди само во главата на човек кој не работел на теренот во Македонија, туку дошол на готово да собира ловорови венци. Несомнено, Лозанчев во старт ја отфрлил таквата идеја.[114] Лозанчев и Пешков од своја страна му објасниле на Сарафов дека тие веќе со ревизорот на четите во Битолскиот округ – Тома Давидов, според топографијата на теренот, планирале да го поделат Битолскиот округ на 5 востанички реони. Покрај тоа, Лозанчев го информирал Сарафов дека во врска со овие прашања бил планиран окружен конгрес.[115] Оттаму Сарафов заминал за Леринско, а Лозанчев се вратил во Битола. При разделбата, Лозанчев го предупредил Сарафов да не презема ништо сериозно без дозвола на Окружниот комитет, за да не ја стаса песната на Анастас Јанков.[116]

4. Одлуката за Востание и забрзаните подготовки за негова реализација ја усложниле меѓународната положба на Бугарија, особено пред Османлиската Империја, дотолку повеќе што Кнежеството врз себе го носело товарот за Горноџумајското востание. Во таква ситуација, откако прашањето за востание било решено однатре, бугарската влада, за да ја симне одговорноста од себе, презела мерки да се претстави во улога на миротворец за да ја избегне опасноста од војна со Османлиската Империја. За таа цел, Министерскиот совет на Бугарија, под претседателство на кнезот Фердинанд, на 31.01./13.02.1903 година донел одлука за забрана на ВМК. Поаѓајќи од фактот дека ВМК ја „загрозува без-

[113] Спомени на Борисъ Сарафовъ..., 83.

[114] Најверојатно поради тоа Сарафов во Спомените вели: „Видов дека Лозанчев и др. се чувствуваат слаби за акција против Битола, каква што им предлагав“. (Спомени на Борисъ Сарафовъ..., 83).

[115] Б. Сарафов во Спомените вели дека тој побарал да се свика конгрес, откако ќе го обиколи регионот, но „се покажа дека идејата за конгрес и кај нив била решена“. Спомени на Борисъ Сарафовъ..., 83.

[116] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 207.

бедноста на Кнежеството“. Владата решила да го растури ВМК и неговите клонови во земјата, да ги проследува неговите активисти и да преземе мерки да се спречи преминувањето чети и пренесувањето оружје преку границата.[117] Следниот ден, премиерот С. Данев со овие мерки ги запознал дипломатските претставници во Софија.[118] Притоа, премиерот Данев пред турскиот комесар – Али Ферух-беј, изјавил: „Со тие мерки. ние даваме доказ за нашата лојалност кон Османлиската Империја“.[119]

За потврда на својата решителност, бугарските власти ги затвориле просториите на ВМК и ја конфискувале неговата архива. Истовремено, биле приведени С. Михајловски (претседател на ВМК), И. Цончев (потпретседател на ВМК) и полковникот Анастас Јанков.[120] Овие приведувања се од демагошка природа, бидејќи спомнативе лица, набрзо, се нашле на слобода. За секој случај, во тоа време, Министерството за надворешни работи на своите чиновници им забранило какви било односи со луѓето од ВМК, бидејќи биле надвор од законот.[121] Меѓутоа, во оваа приказна интересно е да се нагласи дека одлуката за забрана на ВМК и на другите мерки за засилување на надзорот по границата, биле провалени пред нивното прогласување, а за тоа своевремено биле информирани заинтересираните страни. Најверојатно тоа било сторено со цел да им се даде можност што повеќе чети да навлезат на територијата на Македонија.[122] Оттука, јасно е дека спомнативе одлуки на бугарската влада имале за цел да го намалат дипломатскиот притисок врз Бугарија, која се јавувала како поттикнувач на нередите во Македонија и како фактор за загрозување на мирот во регионот. Од друга страна, Бугарија со тоа настојувала да манифестира лојалност кон Османлиската Империја за да се намали османлиското воено присуство на бугарската граница и да се избегне опасноста од турско-бугарска војна.

Меѓутоа, со забраната на ВМК, притисокот врз Бугарија не опаднал. Сите чувствувале дека опасноста за востание не е отстра-

---

[117] Княжеството България и македонския въпрос. Протоколи от конгресите на Върховния Македоно-одрински комитет 1895–1905, съставител: Цочо Билярски, София 2002, 333.

[118] В. Георгиев и С. Трифонов, История на българите..., т. 1, 402.

[119] Исто.

[120] Исто.

[121] ДАРМ, БГК – Солун, мф. 4278, No. 50, 8.02. 1903.

[122] Види: Архив Христо Матов. Документален сборник, съставител: Цочо Билярски, София 2004, 76-77; В. Георгиев и С. Трифонов, История на българите..., т.1, 401.

нета, бидејќи подготовките во Македонија биле под полна пареа. Токму поради тоа Бугарија била доведена во ситуација да ги убедува водачите на Организацијата да се откажат од планираното Востание. Оттука, на 5/18 февруари, бугарската влада ги задолжила своите трговски агентства во Македонија и Одринско да ги употребат сите усилби за да ги убедат водачите на ТМОРО да ги прекинат подготовките за Востанието за да им дадат можност на започнатите реформи. Истовремено, требало категорично да ги предупредат, доколку не се откажат од Востанието, да не сметаат на Бугарија.[123] Со оваа одлука биле запознати и дипломатските претставници на Големите сили во Софија.[124]

По две недели, Министерството за надворешни работи на Бугарија го задолжило Н. Колушев во Битола, уште еднаш да им обрне сериозно внимание на водачите на ТМОРО и да им укаже на можните последици доколку не се откажат од идејата за Востание.[125] Поради тоа, Н. Колушев го повикал А. Лозанчев и му го прочитал Окружното од Министерството за надворешни работи. Притоа, лично го предупредил да не се надеваат на помош од Бугарија во смисла на воена интервенција.[126] На тоа, Лозанчев возвратил: „Тоа не влегува во нашата сметка. Ние ќе дејствуваме. Решението е земено".[127] Н. Колушев во строго доверлив извештај од 27 февруари (ст. стил) 1903 година за реакцијата на водачите на ТМОРО во врска со иницијативата на бугарската влада за одлагање на Востанието, пишува: „Водачите на револуционерната организација во Битолскиот вилает отворено ми кажаа дека се решени да дигаат востание во текот на оваа пролет и во таа смисла насекаде испратиле окружни до началниците на одделни револуционерни реони. Многу пати ми повторувале, а и сега ми кажаа дека тие не можеле да го попречат Востанието, дури и да сакаат да го направат тоа".[128] Тие овојпат отворено му кажале дека одлуката за Востание била донесена од ЦК во Солун, и без заповед оттаму, дека нема да запрат со подготовките.[129] Според Колушев, водачите на Организацијата биле самоуверени, бидејќи имале ав-

[123] В. Георгиев и С. Трифонов, История на българите..., 404.

[124] К. Битоски, Македонија и Кнежеството Бугарија..., 314.

[125] В. Георгиев и С. Трифонов, История на българите..., 405.

[126] Илинденъ. Какъ се достигна до Илинд. въстание..., 2; А. Лозанчевъ, Защо бѣхъ за въстание..., 8.

[127] Илинденъ. Какъ се достигна до Илинд. въстание..., 2.

[128] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903 (Поглед низ докумнети)..., 368–369.

[129] Исто, 370–371.

торитет кај населението, кое им се потчинувало и ги сметало за поголема сила од османлиската влада.[130]

Според „Свето дело“, постапката на Колушев во Битола едноставно била исмеана и пречекана со зборовите: „Ние сме Македонци и советите на некаков бугарски министер за нас не вредат ништо“.[131] Токму поради отфрлањето на бугарската иницијатива за одлагање на Востанието, Анастас Лозанчев за време на прославата на Илинден во 1942 година во Битола ќе истакне дека тврдењето од „нашите непријатели“ оти Востанието било диригирано од Софија, не било точно.[132]

Таквите предупредувања, иако никој не ги послушал, биле само дел од фарсата, но тие не ги решавале проблемите на Бугарија. За изгладување на затегнатите турско-бугарски односи, кон крајот на февруари 1903 година, како личен пратеник на кнезот Фердинанд, со специјална мисија во Истанбул бил испратен искусниот бугарски политичар Григор Начович. Тој требало да ја убеди Високата порта во пријателската политика на Бугарија кон Империјата и воопшто во нејзините заложби за смирување на ситуацијата во Македонија, притоа предлагајќи дури склучување на турско-бугарски сојуз.[133] Истиот ден (15/28.02.1903), кога Начович заминал за Истанбул, Васил Пасков му пишува на Задграничното претставништво дека Организацијата не треба да ја прифати иницијативата на бугарската влада. Според него: „привременото сопирање на тоа предвреме предизвикано востаничко движење, додека трае подготвителниот период и додека Востанието формално не е објавено, е неопходно и од голема корист. Но, од друга страна, тоа би ја поттикнало дипломатијата... да утврди дека революционерното движење во Македонија и Одринско се организира, поддржува и раководи од Бугарија, која проследува завојувачки цели, а во очите на оние средини чии симпатии се на наша страна, Внатрешната организација ќе го загуби карактерот на независна и самостојна,  а тоа е штетно за ослободителното дело“.[134]

---

[130] Исто, 369.

[131] Окрѫжнитѣ на г-на Даневъ. Свято дѣло, год I, мартъ 1903. Кюстендилъ, кн. VI, 267.

[132] Илинденъ. Какъ се достигна до Илинд. въстание..., 2.

[133] Валентин Китанов, Принос към дипломатическата история на Бъгария. Григор Начович и българско-турското споразумение од 1904 г., София 2004, 19. Ж. Попов, Димитър Петков за българската политика..., 59-60.

[134] Д-р Христо Татарчев. Спомени, документи, материали (съставител Цочо Билярски), София 1989, 239–240.

Како и да е, едно е сигурно: Бугарија, која во прво време на македонското движење му давала импулс, откако се нашла во незгодна положба, раководејќи се од своите државни интереси, се обидела да го забави. Меѓутоа, одбивањето на ТМОРО да се сообрази со политиката на Бугарија и да го одложи Востанието, наполно го потврдува неговиот самостоен македонски карактер.

5. Кон крајот на април 1904 година, Битолскиот окружен комитет, на чело со Анастас Лозанчев, ги приврѓшувал последните подготовки за одржување Окружен конгрес. Во последната декада на април, во Битола пристигнал Даме Груев, кој бил амнестиран со Февруарските реформи.[135] Токму во тоа време во Битолскиот окружен комитет ги имал последните неофицијални советувања во врска со претстојниот окружен конгрес. Според Ѓ. П. Христов за време на претконгресните средби со членовите на Окружниот комитет, Д. Груев „бил против одлуката за Востание донесена во Солун, ја сметаше за пребрзана и му беше мачно, но бидејќи гледаше дека сѐ е подготвено, немаше што да прави".[136]

Сите дилеми околу прашањето за востание во Битолскиот револуционерен округ ќе бидат расчистени на Смилевскиот конгрес, кој бил свикан од страна на Битолскиот окружен комитет.[137] Анастас Лозанчев вели дека Конгресот бил свикан по негова иницијатива, во согласност со одлуката од Солун, но и за да расчисти

---

[135] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 286.

[136] Спомени на Г. П. Христов..., 301.

[137] Петър Ацевъ, Конгресът на Битолския революционненъ окръг в село Смилево през 17, 18, 19, 20, 21,22, 23 и 24 април 1903 година, Ил. Илинденъ, V/7-8 (47-48), София 1933, 7; Спомени на С. Арсов...,96; Според П. Кљашев и В. Чекаларов, Смилевскиот конгрес бил свикан од Битолскиот округ по иницијатива на Б. Сарафов. (Васил Чекаларов. Дневник, съставителство Ива Бурилкова и Цочо Билярски, София 2001, 219; Спомени на П. Кљашев..., 242). Меѓутоа, самиот Б. Сарафов вели дека при првата средба со Анастас Лозанчев во Паралово (март 1903), кога тој наводно спомнал за конгрес, „се покажа дека идејата за конгрес и кај нив била решена". (Спомени на Борисъ Сарафовъ..., 83). Анастас Лозанчев изречно вели оти „ не е вистина дека Сарафов бил иницијатор за свикување на Конгресот, тој дури не знаеше за неговото свикување" (Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев ..., 212). Неоспорно е дека Смилевскиот конгрес е свикан по иницијатива на Битолскиот окружен комитет, а по сѐ изгледа при утврдувањето на времето за неговото одржување постоела координација со Даме Груев, кој во тоа време бил во Солун. Што се однесува до наводната иницијатива на Сарафов за свикување на Смилевскиот конгрес, сметаме дека тоа е во духот на неговиот карактер за саморекламирање и кревање голем шум за да добие на значење.

со критиките од некои војводи во врска со неговиот настап на Солунскиот конгрес.[138]

За место на одржување на Конгресот било определено Смилево, (псевдоним Чикаго).[139] Пресудна улога за тоа одиграла геостратешката положба на Смилево и здравата организациска мрежа, која ветувала безбедна и непречена работа.[140] Од друга страна, со изборот на Смилево му се причинувала голема чест на Даме Груев по повод неговото враќање од заточение. Секако со таквиот умилкувачки гест, А. Лозанчев, па и Борис Сарафов, настојувале да ја придобијат наклонетоста на Груев во прилог на идејата за востание.[141]

Смилево комплетно било ставено во функција на Конгресот. За безбедноста на Конгресот биле ангажирани над стотина четници, но била мобилизирана и селската милиција. На сите приоди кон селото биле поставени стражи. По околните села и пристапните патишта кон околните градови биле распоредени по 3-4 четници и по неколкумина вооружени селани. Курирската служба функционирала беспрекорно на сите страни.[142]

На 17/30 април 1903 година во Смилево пристигнал Даме Груев, а по него и членовите на Битолскиот окружен комитет: Анастас Лозанчев, Ѓорѓи Пешков и Ѓорѓи Поп Христов.[143] Б. Сарафов, откако дознал за тоа, веднаш заминал да се сретне со Груев.[144] Пред да започне Конгресот, Д. Груев, Б. Сарафов и Анастас Лозанчев имале заедничка средба. Тој ден во Смилево почнале да пристигаат делегатите, а тоа продолжило и наредниот ден (18.04. /1.05.1903).[145] Во очекување на другите делегати, тој ден,

---

138 Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев ..., 212.

139 Н. П. Русински, Спомени..., 264.

140 Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев ..., 212.

141 Не случајно Б. Сарафов цела недела пред одржувањето на Конгресот се моткал околу Смилево, од каде што инсистирал за негово побрзо одржување. (Спомени на Борисъ Сарафовъ..., 86). В. Чекаларов во својот дневник на 14./27.04.1903 г. бележи: „Сарафов напиша едно писмо за Битола, во кое инсистира за побрзо одржување на собранието“. (В. Чекаларов. Дневник..., 219).

142 Спомени на Славејко Арсов..., 98.

143 В. Чекаларов. Дневник..., 220. Анастас Лозанчев вели дека за Смилево отпатувале заедно со Д. Груев. (Спомени на Анастас Лозанчев. Македония в пламъци..., 104).

144 В. Чекаларов. Дневник..., 220.

145 В. Чекаларов. Дневник..., 220.

според В. Чекаларов, минал такаречи „јауди шашарма“ (многу викање, а малку работа) во неформални дискусии.[146]

Конгресот официјално со работа започнал на 19.04/2.05. 1903 година. Работата на Конгресот се одвивала во четири заседанија кои траеле од 19-24.04. т.е. од 2-7.05.1903 година. Притоа, Конгресот започнал со 17 делегати, а записникот го потпишале 32 делегати.[147] Некои од нив пристигнале дури на последното IV заседание. Меѓу учесниците на Конгресот се вбројуваат: Даме Груев, Борис Сарафов и Димитар Дечев (според Протоколот од Конгресот претставени како делегати на ЦК ТМОРО),[148] потоа, Анастас Лозанчев, Ѓорѓи Поп Христов и Ѓорѓи Пешков (претставници на Битолскиот окружен комитет). Другите делегати се нелегални и легални претставници на региони. Меѓу нив спаѓаат: Ѓорѓи Сугарев, Парашкев Цветков и Никола Петров (Битолско); Тале Христов, Јордан Тренков и Петар Ацев (Прилепско); Јордан Пиперката и Димитар Матлиев (Демирхисарско); Никола Карев (Крушевско); Ванчо Мицков (Порече); Тома Николов, Арсо Мицков и Васил Попов[149] (Кичевско); Славејко Арсов, Александар Панајотов и Велјан Илиев (Ресенско); Христо Узунов, Тасе Христов, Дејан Димитров, Аргир Маринов и Лука Групчев (Охридско), Александар Папанчев и Михаил Чеков (Леринско); Васил Чекаларов и Пандо Кљашев (Костурско).[150]

---

[146] Љ. Лапе, Одбрани текстови..., II дел, 453, белешка 1.

[147] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 289.

[148] Види: В. Чекаларов. Дневник..., 224; Љ. Лапе, Одбрани текстови..., II дел, 448; В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893–1903 (Поглед низ документи)..., 374. Според С. Арсов, Б. Сарафов бил присутен во својство на „инспектор на четите, така да се каже.“ (Спомени на С. Арсов..., 97). Овој став го акцептира и Силјанов. (Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 238). Следствено на тоа, М. Пандевски пишува дека Сарафов бил во „својство на ревизор на четите“ а Д. Дечев, „делегат по воени работи“. М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., т. 2, 236). Меѓутоа, факт е дека во Протоколот од Конгресот како делегат на ЦК покрај Д. Груев се наведуваат Б. Сарафов и Д. Дечев. Навистина тешко може да се утврди според кои критериуми се претставени како делегати на ЦК, бидејќи ниеден од нив дотогаш не бил член на ЦК. Од друга страна, формално, дури ниту Д. Груев не можел да има таков статус, со оглед на фактот што од неговото интернирање во Битола (1898 г.), тој веќе не бил член на ЦК. Оттука, останува отворена нашата претпоставка дека Сарафов и Дечев можеби имале полномоштво од ЦК.

[149] Кај М. Пандевски наместо Васил Попов, погрешно стои Васил Пасков (М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., т. 2, 236).

[150] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 290.

На Првото заседание за претседател на Конгресот бил избран Даме Груев, а за секретари и записничари Ѓорѓи Поп Христов и Парашкев Цветков.[151] Во протоколот од Конгресот не се бележани дискусиите, туку само дневниот ред и конкретните решенија. За разлика од Протоколот, мемоарската литература нуди богати и разновидни информации за текот и работата на Конгресот, но и за ставовите на одделни лица. Меѓутоа треба да се има предвид дека мемоарската литература е оптоварена од субјективниот момент.

Уште на почетокот на Конгресот се појавиле незадоволство и обвиненија на адреса на Анастас Лозанчев, пред сè поради неговото заминување за Солун и давањето согласност за востание без да се консултира со никој, како и поради неговиот некоректен и остар тон во кореспонденцијата со повеќе, особено нелегални раководители, поради што некои од нив дури ја прекинале комуникацијата со него.[152] Особено остар спрема Лозанчев бил Ѓорѓи

---

[151] В. Чекаларов. Дневник..., 223. Н. Русински во Спомените вели дека тој бил предложен за секретар и дека на Првото заседание бил поставен за записничар, но уште на почетокот намерно ги измешал шифрите за да биде сменет, бидејќи планирал да дејствува како опозиција (Н. П. Русински, Спомени..., 266).

[152] В. Чекаларов во својот Дневник бележи: „На прво место ќе кажам за поведението што го држеше битолското началство, сите раководители и војводи се оплакуваа од окружните раководители, поради неубавиот однос и лошото обраќање во писмата. Ние мислевме дека само со нас било така, но кога видовме дека другите се жалаат уште повеќе, им оставивме ним, тие да се расправаат.“ (В. Чекаларов. Дневник..., 223). С. Арсов, во врска со тоа, вели: „Некои реонски раководни тела беа во затегнати односи со Окружното раководно тело, некои ја беа прекинале и преписката со него. И јас бев меѓу нив. Повеќето реони така постапија, бидејќи Окружното раководно тело не беше добро запознаено со четите, а наредуваше многу неумесни работи“. (Спомени на С. Арсов..., 96). Додека П. Кљашев, во своите спомени вели: „Речиси половина од присутните рекоа дека воопшто не се подготвени и кога се постави прашањето зошто на Солунскиот конгрес се донела одлука за дигање Востание. Лозанчев не можеше да даде вистински одговор“. (Спомени на П. Кљашев..., 242). Ѓ. П. Христов, во врска со тоа, вели: „Големи обвинувања беа фрлени на адреса на Лозанчев, зашто дал согласност на Солунскиот конгрес за востание, без да земе мнение од Окружниот комитет. Му се поставуваа прашања: 'Кого го праша за да одиш во Солун на Конгрес? и сл.' Тој беше во конфликт со некои војводи, кои беа озлобени од неговиот остар јазик, дури некои беа прекинале да имаат контакти со него“. (Революционаата борба в Битолския окръг..., 48). Т. Николов, пак, во врска со тоа вели: „Многу делегати го прекоруваа Лозанчев, зашто избрзал да даде согласност за востание, без да го побара мислењето на претставниците на сите реони“. (Т. Николов, Спомени от моето минало..., 125).

Сугарев, кој отворено му забележал зошто не се консултирал со другите пред да замине на Конгресот во Солун.[153] Според П. Кљашев, одговорот на Лозанчев во однос на прашањето за востание бил: „Господа, и да не сакав јас да се дигне Востанието, мнозинството на Конгресот тоа ќе го наложеше“.[154]



Славејко Арсов

Неоспорно, Анастас Лозанчев уште на почетокот на Смилевскиот конгрес бил притиснат до ѕид од повеќе страни. Не можејќи да даде вистински одговор по обвинувањата,[155] Лозанчев во еден момент удрил силно по масата и рекол: „тоа што сум го направил, не сум го сторил од лична амбиција... во Солун бев повикан лично и поради тоа тука нема да давам никакви објаснувања. Ако не сте согласни со мене, готов сум уште сега да се повлечам“.[156] Во прилог на тоа, во Спомените што Лозанчев ги запишал сам, додава: „Тогаш јас, силно возбуден, удрив со јумрукот по масата пред мене и реков: Тоа, што имаше да го кажам, го кажав, повеќе нема што да додадам. Моите противници нема да ме принудат да ги отворам тефтерите и пред собранието да кажам што ги тера да бидат толку против мене. Јас сум толку коректен, што не наоѓам за потребно да го заморувам овде Собранието со нашите закачки, кои се причина за сѐ што е кажано досега, а не со реалноста, затоа изјавувам дека не сум согласен да давам други објаснувања кому и да било, и го прашувам Собранието дали ќе почнеме да се занимаваме со деловна работа, или не? Ако продолжиме во тој дух, јас ќе ги повлечам моите заклучоци и ќе го правам тоа што ќе го најдам за добро“.[157]

Во врска со истапот на Лозанчев, В. Чекаларов во својот Дневник кратко бележи: „Лозанчев... се развика пред сите и не го собираше од мака“.[158] Откако ја согледале непродуктивноста од

[153] Спомени на Анастас Лозанчев. Македония в пламъци..., 104.

[154] Спомени на П. Кљашев..., 242.

[155] Исто.

[156] Спомени на Анастас Лозанчев. Македония в пламъци..., 104.

[157] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев ..., 216.

[158] В. Чекаларов. Дневник..., 221.

меѓусебната расправија, сите се согласиле дека овие прашања треба да се остават настрана, по што Лозанчев се успокоил,[159] по дури тогаш пристапиле кон конструктивна работа.

Како прва точка на дневниот ред биле разгледани извештаите по реони за морално-материјалната состојба (оружје, муниција, подготовка, храна и сл.). Притоа се покажало дека некои реони, особено Прилепскиот, Крушевскиот (со исклучок на неколку села) и Битолскиот (со исклучок на неколку села), биле сосема слабо вооружени. Најдобро вооружени биле: Ресенско, Костурско, Демирхисарско и Охридско.[160] Општата констатација била дека целиот Битолски округ располага со 8 000–9 000 пушки. На забелешката од крушевчани дека се слабо вооружени, Лозанчев одговорил дека Окружниот комитет ќе им достави чаури, барут и капсули и олово за да си прават сами куршуми, Додека на забелешката од П. Ацев дека во Прилепскиот регион има само осумдесет пушки, Б. Сарафов одговорил дека ќе им пристигне помош од Бугарија, па можеби ќе дојде и Ѓ. Петров.[161]

Поаѓајќи од тоа, делегатите на послабо вооружените региони истапиле како опозиција по прашањето за востание. Притоа предводници на опозицијата биле: Никола П. Русински, Ѓорѓи Сугарев, Петар Ацев и Никола Карев, кон нив клонеле и Тале Христов и Ѓорѓи Пешков.[162] Овде ќе набележиме дека Н. Карев и П. Ацев на Конгресот стасале дури на III заседание, што говори дека дискусијата по прашањето се провлекувала подолго време, иако мнозинството се определило уште на Првото заседание. Наспроти малцинството, мнозинството било за Востание, при што најгласни биле костурчани.[163] Тие биле под големо влијание на Б. Сарафов. Покрај тоа, во есента на 1902 година, Костурско ја преживеало врховистичката провокација на полковник Јанков. А голем бил и притисокот од вратените костурски печалбари. Борбеното расположение на четите и нетрпението кај народот биле на

---

[159] Исто.

[160] За состојбата со вооружувањето, види: Спомени на С. Арсов..., 98–99; Н. П. Русински, Спомени..., 266–267; Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 239.

[161] Н. П. Русински, Спомени..., 266.

[162] Революционната борба в Битолския окръг..., 48.

[163] Во врска со тоа, С. Арсов пишува: „Костурчани беа најгласни за востание. Тие беа наклонети за востание, а најмногу влијаел Сарафов, кој минал оттаму ...Чекаларов дури настојуваше Востанието да започне во мај“. Спомени на С. Арсов..., 98.

високо ниво.[164] Голем притисок за Востание имало и од Охридско.[165]

Во врска со прашањето за Востание во Битолскиот револуционерен округ, А. Лозанчев го застапувал ставот дека прашањето во основа било решено од Општиот конгрес во Солун и дека не ќе можат да се задржат вооружените сили во Округот, кои во меѓувреме многу нараснале.[166] Оттука Лозанчев сметал дека Востанието не треба да се одлага.[167]

Во прилог на струјата за Востание зборувал и Б. Сарафов. Според него, „Востанието веќе неофицијално било објавено во Битолскиот вилает", па затоа „требало да се оди напред".[168] Покрај тоа, Б. Сарафов ширел гласишта меѓу делегатите дека воениот министер на Бугарија ветил поддршка и воена интервенција во прилог на Востанието.[169] Во тоа лесно и наивно поверувал дури и

---

[164] Спомени на С. Арсов..., 98; Спомени на П. Кљашев..., 242; Спомени на Георги Поп Христов..., 302.

[165] Спомени на С. Арсов..., 100.

[166] Революционната борба в Битолския окръг..., 47.

[167] Спомени на С. Арсов..., 100.

[168] Спомени на Борисъ Срафовъ..., 87.

[169] Д. Груев во врска со тоа вели: „Сарафов доверливо кажуваше дека еден министер се произнел оти ако бидеме во состојба да задржиме 60 000 турска војска, Бугарија ќе се вмешала". (Спомени на Дамянъ Груевъ..., 24). Според Русински, Сарафов изјавил: „Пред да ја напуштам Софија ... зборував со министерот за војска ... ми вети содејство, помош, соработка, поддршка. Господа, 300 000 армија е целосно готова ... сè е готово, само чекаат да пукне пушка во Македонија ... Бугарија ќе војува, ние само да дадеме повод". (Н. П. Русински..., 268). Според, Ѓ. П. Христов, Б. Сарафов во врска со евентуалното вмешување на Бугарија зборувал: „Токму за тоа сум дојден јас. Имам ветување од видни владини кругови, ќе уследи војна и сл. Тој беше извршил влијание врз некои раководители во оние околии што ги посетил". (Революционната борба в Битолския окръг..., 47). Меѓутоа, Б. Сарафов тенденциозно ја замаглува вистината, при што во врска со тоа вели: „Се искажа надеж дека Бугарија нема да седи мирна, ќе се вмешала и сл. Јас изјавив да не се хранат со таква надеж... Никаква војна нема да се отвори поради нас... Несомнено, некакво вмешување ќе има од страна на силите, но не верувам дека ќе има вооружено вмешување". (Спомени на Борисъ Срафовъ..., 87-88). Меѓутоа, недоследниот Сарафов се фаќа во сопствената стапица. На друго место во Спомените тој вели: „На заминување од Софија јас бев кај Паприков (воен министер, б.н.) и му реков дека заминувам за Македонија, дека таму ќе има движење. Паприков ми кажа да се одложи, ако е можно, до месец мај. Сфатив дека тој се искажа во смисла оти Бугарија може да војува". (Спомени на Борисъ Срафовъ..., 93). Интересно е што А. Лозанчев, кој како и мнозина други наседнал на шпекулациите на Сарафов, во врска со тоа вели: „Јас не бев слушнал никој некаде да зборува од страна на Гарва-

Груев: „И јас најпосле допуштав дека тоа може да се случи“.[170] Неоспорно, таквите неофицијални ветувања од Сарафов го зацврстиле оптимизмот кај многумина.

Дилемите околу прашањето за востание биле пресечени од Даме Груев со зборовите: „А бре луѓе не губете го времето за одговор на прашањето дали ќе има востание, зашто тој е познат – бит ти давас! (готово е, б.н.). Зборувајте за Востанието, како и кога да го правиме, не за денот и часот“.[171] По ова, полемиката околу прашањето за востание станала беспредметна, а опозицијата замолкнала.

Во прилог на мнозинството кое било за востание оделе и тековните настани. Првиот ден од својата работа, Конгресот добил известување од Битола за Солунските атентати.[172] Тоа е само еден, но не и единствен аргумент што дополнително ја подгревал востаничката атмосфера. Ситуацијата кулминирала на 23.04./6.05.1903 година, кога во Битола избил познатиот Ѓурѓовденски масакр, а во Цапари дошло до судир со османлиските сили.[173] Двата инцидента се одглас на Солунските атентати.[174] Поради усложнувањето на ситуацијата, тој ден, конгресистите не заседавале, туку ја следеле состојбата која можела да ескалира со проширувањето на судирот кон Смилево. За елиминирање на таквата опасност, на помош од Смилево за Цапари биле испратени повеќе чети на чело со Ѓорѓи Сугарев.[175] Настаните од Битола и Цапари из-

---

нов или Сарафов дека Бугарија ќе се вмеша, како што тврдат мнозина“. (А. Лозанчевъ, Защо бѣхъ за въстание..., 8). Бугарскиот историчар, С. Елдров, смета дека Б. Сарафов бил единствениот што зборувал за воено вмешување на Бугарија, иако самиот тој се обидува, тоа да им го препише на други. (Светлозар Елдъров, „Голямото разочарване“ България и въстанието. 100 години от Илинденско-Преображенското въстание 1903 г. Сборник от доклади од международната научна конференция, София 26-27 септември, София 2003, 178).

[170] Спомени на Дамянъ Груевъ..., 24.

[171] Спомени на П. Кљашев..., 243. Д. Груев во своите спомени вели: „На Конгресот ја претставив работата таква каква што е; сметав дека е безумно да се премолчува, дека некои реони никако не се подготвени и дека нема да земаат учество“. (Спомени на Дамянъ Груевъ..., 24).

[172] В. Чекаларов. Дневник..., 221.

[173] Поопширно за тоа види: Димитар Димески, Ѓурѓовденскиот масакр во Битола 1903 година, Историја, VII/2, Скопје 1971, 145-152.

[174] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев ..., 218.

[175] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 242; В. Чекаларов. Дневник..., 221; Ѓорѓи Димов Цолев, Ѓорѓи Сугарев, Битола 1988, 48.

вршиле силно психолошко влијание врз оние делегати кои сè уште се колебале околу одлуката за Востание.[176]

Во согласност со настроението на мнозинството делегати, Конгресот уште на Првото заседание донел одлука за Востание. За таа цел бил избран Главен штаб за II (битолски) револуционерен округ, кој требало да раководи со подготовките до Востанието, но и со самото Востание. Притоа во Главниот штаб биле избрани: Даме Груев, Борис Сарафов и Анастас Лозанчев. За нивни заменици при евентуална несреќа биле избрани: Ѓорѓи Поп Христов за Груев, Петар Ацев за Сарафов и Лазар Поп Трајков за Лозанчев.[177] Членовите на Главниот штаб биле избрани со јавно гласање, а нивните заменици со тајно.[178] Покрај тоа, Конгресот усвоил непротоколарно решение „доколку пристигнат нови сили",[179] во случај како Ѓорче Петров, Пере Тошев и Христо Матов, тие по автоматизам да влезат во Штабот.[180]

За успешно изведување на подготовките и на самото Востание, Конгресот го поделил Битолскиот револуционерен округ на десет револуционерни реони: Битолски, Лерински, Костурски, Преспански, Ресенски, Охридски, Крушевски, Демирхисарски, Крушевски и Прилепски.[181] За секој реон било избрано горско началство од 3 до 5 членови.[182] Подоцна, со согласност на Главниот

---

[176] В. Чекаларов. Дневник..., 223.

[177] Исто, 225.

[178] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 241.

[179] В. Чекаларов. Дневник..., 225.

[180] Спомени на С. Арсов..., 100; Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев ..., 216.

[181] Битолскиот реон бил поделен на два самостојни реона: Пелистерски и Смилевски. Притоа, мариовскиот дел од другата страна на реката Черда бил присоединет кон Прилепскиот регион. Слично на Битолскиот, и Кичевскиот реон бил поделен на два самостојни реона: 1. Горна и Долна Копача и Долна Река, и 2. Рабетинкскол и Порече. (В. Чекаларов. Дневник..., 227–228).

[182] Според Протоколот од Конгресот, горските началства се распоредени на следниов начин: Битолски реон: а) Пелистерски реон: Ѓ. Сугарев, б) Смилевски реон: П. Цветков, Иван Делев и Георги Павлов; Костурски: В. Чекаларов, П. Кљашев, Л. П. Трајков, Манол Розов и Михаил Николов; Преспански: Никола Кокарев, Веле Илиев и Наум Фотев; Ресенски: С. Арсов, Драган Петков и Александар Панајотов; Охридски: Х. Узунов, Антон Кецкаров, Наум Чакарев, Наум Анастасов и Димитар Стојков; Кичевски: а) Горна и Долна Копачка и Долна Река: Лука Џеров, Јанаки Јанев и Арсо Мицов; б) Рабетинскол и Порече: Ѓорѓи Пешков, Ванче Мичуков, Јанаки Петров и Цветан од с. Световраче; Демирхисарски: Јордан Пиперката, Ѓ. П. Христов,

штаб, горските началства биле проширени. Во нив влегле најискусните војводи и раководители и речиси сите делегати на Конгресот.[183]

Конгресот посветил внимание и на воената подготовка на раководниот кадар (војводите). За таа цел била формирана шестчлена група од инструктори, кои требало да спроведат обука на војводите по реони.[184] Инструкторите се раководеле според посебни инструкции, кои биле изработени од Борис Сарафов.

Конгресот го утврдил и карактерот на Востанието. Тоа требало да биде „посемесно“ со едновремено востанување на сите реони во Округот. За обезбедување на долготрајност на борбата, Конгресот решил Востанието да има „партизански карактер“ со едновремено востанување на сите вооружени сили (чети), без приклучување на населението кон четите, освен кога последните имаат потреба од нивно содејство.[185]

Во однос на карактерот на дејствата, Конгресот им препорачал на четите: 1. Прекинување на патните, телеграфските и поштенските врски и попречување на обидите за нивно обновување; 2. Разоружување на турското население, доколку е можно; 3. Напади врз државните институции; 4. Зависно од околностите, напад на турските команди, независно дали се работи за војска или башибозук; 5. Одбрана на христијанското население и странските поданици; 6. Се забранува напад на мирното турско население и посегање по турски жени, деца и старци; 7. Вообичаено четите да дејствуваат распрснати по реоните, при што може да се групираат по 2–3, па и повеќе, за преземање покрупни акции, но веднаш потоа повторно да се распрснат. Четите секогаш да имаат напаѓачко поведение; 8. Сите војводи заедно со четите се обврзани да ѝ притекнат на помош на секоја друга чета што е во борба со противникот; 9. Раководителите да ја издигнат на максимално ниво курирската служба за време на Востанието; и 10. Иницијa-

---

П. Кузман и Христо Пасков; Крушевски: Тома Никлев, Никола Карев и Тодор Христов; Прилепски: Петар Ацев, Веле Христов, Ордан Тренков и Н. Петров Русински. (В. Чекаларов. Дневник..., 227-228).

[183] М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., т.2, 245.

[184] Димитар Дечев бил задолжен да ги обучува војводите за Битолскиот, Демирхисарскиот и Кичевскиот реон; Д. Стојков – Охридскиот; Тодор Христов – Крушевскиот; Панајотов – Ресенскиот и Преспанскиот реон, И. Попов – Костурскиот и Г. Папанчев за Леринскиот реон. (Спомени на Борисъ Сарафовъ ..., 89).

[185] В. Чекаларов. Дневник..., 228.

тивите во духот на горните начела за време на Востанието се задолжителни за сите.[186]

Што се однесува до денот на Востанието, Конгресот решил првин да се приведат кон крај подготовките, при што реоните требало да бидат подготвени до крајот на мај (според стариот календар). Донесувањето на конечната одлука за денот на Востанието е оставена во надлежност на Главниот штаб.[187]

Покрај другото, Конгресот се позанимавал и со прашањето за обезбедување материјални услови за Востанието. Во таа смисла, во согласност со месните услови, било предвидено да се започне со собирање храна, жито, сол, крупен и ситен добиток. Сето тоа требало да се спроведува на доброволна основа, или по пат на убедување, а во време на Востанието и присилно. За собраните добра требало да се издаваат расписки, потпечатени со окружниот печат и потпишани најмалку од еден од началниците на раководството.[188] Во таа смила требало да започне и собирање алишта, обувки, медикаменти, да се определат специјално лица за интенданти и за полнење патрони.[189]

На последното IV заседание, Конгресот усвоил Востанички дисциплински устав,[190] кој бил изработен од Борис Сарафов и Димитар Дечев.[191] Востаничкиот дисциплински устав е највисок акт кој ги регулира правата, должностите и одговорноста за сите учесници во Востанието, почнувајќи од обичните востаници, до највисокото раководно тело – Главниот штаб. Според чл. 10 од Востаничкиот устав, „Штабот е врховно раководно тело во II револ. округ".[192] Наредбите на Штабот безусловно треба да ги исполнуваат сите активисти во Округот (чл. 11). Штабот раководи со Востанието во целиот округ (чл. 12). Водењето преговори со туѓинци и со непријателот му припаѓа на Штабот (чл. 13). Штабот одржува врски со другите побунети окрузи, а по можност и со надворешниот свет (чл. 14). За своите постапки, Штабот одговара пред Конгресот, кој за сторените грешки може да определи казни, во согласност со Востаничкиот дисциплински устав. Правото на свикување конгрес му припаѓа на Штабот, но доколку се работи за

[186] Исто, 228–229.

[187] Исто, 228–229.

[188] Исто, 229.

[189] Исто, 226.

[190] Види: В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903 (Поглед низ документи)..., 382–386.

[191] Спомени на Борисъ Сарафовъ..., 89.

[192] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903 (Поглед низ документи)..., 386.

прашања што го засегаат Штабот, конгрес може да се свика и по барање на реонските началства, под услов за тоа да се изјаснат повеќе од половината во Округот. Во таков случај. треба да се извести Штабот за да свика конгрес (чл. 16).[193]

По прифаќањето на Дисциплинскиот устав, Конгресот бил затворен. Тогаш Анастас Лозанчев, кој со себе го носел фотоапаратот, направил повеќе снимки на учесниците на Конгресот,[194] но еден четник поради немарност го осветлил материјалот.[195] Така пропаднала фотодокументацијата од Конгресот. Следниот ден, 25.04./8.05.1903 година, Протоколот од Конгресот бил пречистен и препишан на чисто и потпишан од делегатите.[196] По ова, кичевскиот делегат, свештеникот Тома Николов, бил испратен за Софија за да го предаде Протоколот[197] на задграничните претставници Христо Матов и Христо Татарчев.[198]

По затворањето на Конгресот, делегатите се разотишле по своите места, при што Лозанчев заминал за Битола.[199] Таму, како претседател на окружениот комитет кој сè уште не бил компромитиран пред власта, требало да доврши повеќе организациски активности.

Како и да е, ако Солунскиот конгрес го отворил патот за востание во 1903 година, Смилевскиот конгрес го поплочил патот до Илинденското востание во Битолскиот револуционерен округ. Покрај бројните недоречености и непрецизности, Конгресот донел извонредно значајни одлуки. Сепак, евидентно е дека многу прашања останале непредвидени, како на пример, што да се прави со евентуално ослободените територии. Од друга, страна, огромните ингеренции кои му биле дадени на Главниот штаб, неофицијално го отвориле патот за идниот окружен партикуларизам.

---

[193] Исто.

[194] Н. П. Русински, Спомени..., 225; В.Чекаларов. Дневник..., 224.

[195] Македония в пламъци. Спомени на Анастас Лозанчев..., 105.

[196] В. Чекаларов. Дневник..., 224.

[197] Еден примерок од Протоколот на 28 ејуп (11 октомври) 1903 година, паднал во османлиски раце, по битката кај с. Буф (Леринско). Види: Турски документи за Илинденското востание од султанскиот фонд „Јилдиз“ (превод, редакција и коментар Драги Ѓоргиев и Лили Благадуша), Скопје 1997, 186-191.

[198] Т. Николов, Спомени от моето минало..., 126.

[199] Македония в пламъци. Спомени на Анастас Лозанчев..., 105.

6. Анастас Лозанчев и Ѓ. П. Христов од Смилево за Битола тргнале со четата на Парашкев Цветков. Пред Битола се одделиле од четата и со курир влегле во градот.[200]

А. Лозанчев во Битола се задржал околу дваесетина дена. Во тој период како претседател на окружниот комитет, тој требало да ги заврши административните работи, да ја предаде архивата и сметките и да ги одржува неопходните контакти како со легалните, така и со нелегалните раководни тела во округот.[201]

Во меѓувреме. со изборот на Главниот штаб, Организацијата во Битолскиот округ од „мирновременска" требало да премине во „востаничка состојба". Оваа положба Главниот штаб (ГШ) ја официјализирал со своето прво Окружно од 14/27 мај 1903 година.[202] Со него е најавено дека членовите на ГШ, во согласност со одлуките од Смилевскиот конгрес, стапуваат на должност. Со истото Окружно се соопштува дека ингеренциите од дотогашните „легални" раководства се пренесуваат врз „подвижните реонски началници" (горските началства). За одржување на врските меѓу одделните комитети, горските началства и ГШ е препорачано да се формираат помошни тела – дежури, со централен дежур во Битола. Дежурите требало да ја поддржуваат кореспонденцијата на горските началства со соседните реони и ГШ; да известуваат за движењето на војската; да го поддржуваат духот кај населението; да ги упатуваат странските дописници кај горските началства; да извршуваат определени порачки и достава на материјали; да известуваат за поважните настани и да одржуваат контакти со странските конзули. Дежурите од помалите градови своите информации требало да ги доставуваат до Централниот дежур во Битола.[203] На чело на Централниот дежур бил поставен Аце Дорев (дотогашен секретар на Окружниот комитет), а неговиот брат Панчо Дорев бил задолжен да одржува врски со странските конзули и со странските дописници.[204]

Со истото Окружно, ГШ препорачал мерки на претпазливост за да не дојде до предвремено избувнување на Востанието. Во таа смисла се препорачува: истакнатите раководители кои се

---

[200] Революционната борба в Битолския окръг..., 49-50.

[201] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев ..., 229.

[202] Извештаи од 1903 година на српските конзули, митрополити и училишни инспектори во Македонија, редакција и коментар Љубен Лапе, Скопје 1954, 260–262; В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903 (поглед низ документи)..., 387–389.

[203] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903 (поглед низ документи)..., 387–388.

[204] М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., т.2, 255–256.

компромитирани и сомнителни пред власта да го напуштат легалниот живот и да се присоединат кон некоја чета, притоа четите по можност да ги озбегнуваат селата, а селаните добро да го кријат оружјето.[205]

Најверојатно спомнатово Окружно е подготвено од Д. Груев и Б. Сарафов, бидејќи А. Лозанчев во тоа време сè уште се наоѓал во Битола. По издавањето на Окружното, тој требало да замине во илегала и да го заземе своето место во ГШ. Случајно или не, на 15/28 мај 1903 година, (ден по објавувањето на Окружното), точно на Спасовден, А. Лозанчев требало да се сретне со Пере Тошев во с. Кукуречани.[206]

Неколку денови пред да ја напушти Битола, Лозанчев преку владиката Григориј добил известување дека рускиот конзул во Битола – Ростковски, наводно сакал да се сретне со него. Меѓутоа, средбата не се остварила поради болест на конзулот.[207]

Заминувањето на Лозанчев во илегала се случило сосема кришум, дури и од неговите домашни. При заминувањето, на жена си, која била бремена[208], ѝ рекол дека заминува на неколку денови по селата. Притоа, за да не оддаде знаци на слабост и да не биде сомнителен, не ги бакнал ниту своите мали дечиња (Цветан на 2,5 и Елена на 1,5 години), иако бил свесен дека можеби никогаш повеќе нема да ги види.[209] Дури откако заминал од дома, на браќата им напишал дека отишол во илегала, од каде што можеби нема да се врати. Сепак, жена му и мајка му, следниот ден сфатиле сè, кога им биле донесени неговите цивилни алишта.[210]

Приквечер, А. Лозанчев дошол во црквата „Св. Недела“ на излезот (влезот) од Битола, која и порано ја користел како пункт за илегални средби. Таму се преоблекол во четничките алишта, кои отпорано ги подготвил за тој момент и исчезнал во вилаетот. Едновремено со него заминале Лука Џеров, Ѓ. П. Христов, Евтимов, Арсениј Јовков, Лукарев и Костадинов.[211] За безбеден излез од Св. Недела до првите ридови, биле искористени неколку стада овци, при што илегалците наметнати со гуњи, глумеле овчари.

---

[205] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903 (поглед низ документи)..., 388.

[206] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев ..., 229.

[207] Исто, 247.

[208] Исто, 266. Параскева се породила еден месец по враќањето на Лозанчев во Битола, но новороденото девојче починало по 2–3 месеци.

[209] Исто, 229.

[210] Исто.

[211] Исто; Спомени на Лука Џеров..., 273.

Во Кукуречани, Лозанчев се сретнал со Пере Тошев, кој штотуку дошол од Бугарија. Покрај тоа, таму бил и неговиот шура Милан Биолчев. Со оглед на фактот што Лозанчев требало да го заземе своето место во ГШ, а такво било резервирано и за П. Тошев, тие од Кукуречани заминале за Смилевскиот регион за да се поврзат со Даме Груев и Борис Сарафов.[212] Таму А. Лозанчев и П. Тошев ѝ се придружиле на штабната чета, која броела околу дваесетина души.[213] Во тоа време А. Лозанчев, Д. Груев, П. Тошев и Б. Сарафов заедно ги обиколиле Демирхисарско, Крушевско и Ресенско. За време на овие обиколки, четворицата често разговарале за карактерот на востаничките дејства. Притоа, Б. Сарафов предлагал напад на Битола со 500–600 востаници. Меѓутоа, Д. Груев и А. Лозанчев биле против таква акција, бидејќи не располагале со луѓе за борба во градски услови. П. Тошев таква акција допуштал под услов ако располагаат со 500 килограми динамит – што било крајно невозможно.[214] Под влијание на развојот на настаните, особено поради засилениот терор на власта, на 1 јуни (ст. стил) 1903 година, во близина на с. Бабино (Демирхисарско), Д. Груев, Б. Сарафов, А. Лозанчев и П. Тошев првпат проговориле за датумот на Востанието. Тогаш паднал предлог Востанието да започне на 6/19 јули. Меѓутоа, П. Тошев, наводно по сугестии од Бугарија, инсистирал Востанието да се одложи за подоцна.[215]

Анастас Лозанчев во меѓувреме ја исполнувал улогата на домаќин на Главниот штаб, при што бил задолжен за организациски активности и за кореспонденцијата.[216] За успешно извршу-

---

[212] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев ..., 230.

[213] Спомени на Борисъ Сарафовъ..., 91.

[214] Исто. Австроунгарскиот конзул во Битола, Аугуст Крал, во извештајот од 19 јули 1903 година во врска со тоа пишува: „Околу начинот за спроведување на Востанието сѐ уште постои неслога. Поголемиот број, под водство на Дамјан Груев, се за подигање на востание на село и редовна борба; помалиот број на чело со Сарафов, е за тоа едновремено да се употребат анархистички средства во градовите, слично како во Солун ... Со овие погледи имаат врска гласовите спрема кои меѓу другото се планира навлегување на четите во Битола, напад на турскиот дел од градот и турските згради, минирање на депото за муниција, фрлање бомби и слични работи, што неодложно би морало да предизвика ужасен колеж од страна на мухамеданите, кои и без тоа чекаат на некој таков момент“ (Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници од Македонија, превод, редакција и коментар: Данчо Зографски, Скопје 1955, 43-44).

[215] Спомени на Борисъ Сарафовъ..., 92.

[216] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев ..., 230; Спомени на Борисъ Сарафовъ...,93.

вање на овие задачи, најчесто престојувал во Смилевскиот регион, од каде што имал добра комуникација не само со Битола, туку и со другите околни региони. Од тие причини, А. Лозанчев не можел постојано да ги придружува Д. Груев и Б. Сарафов при нивните обиколки низ Округот. Во меѓувреме, дошло до несогласување помеѓу Д. Груев и П. Тошев,[217] поради што последниов заминал за Прилепско, не прифаќајќи го резервираното место во ГШ.[218]

А. Лозанчев, за да биде поблиску до Битола, на 1/14 јули 1903 година, од Смилево со мала чета заминал за с. Цапари.[219] Набрзо по пристигнувањето во селото, Лозанчев забележал вознемиреност кај селскиот раководител, Мице Велјов. Во меѓувреме, стражата фатила еден цапарец, кој по извесна тортура признал дека ги предал кај власта.

Мице Велјов, сметајќи дека во селото ќе пристигне Ѓ. Сугарев со кого им биле нарушени односи, ги испратил фатениот селанец и својот внук Лазе да ја предадат четата. Меѓутоа, првиот бил фатен од стражата, а вториот успеал да побегне. М. Велјов, откако видел дека во селото наместо Ѓ. Сугарев пристигнал А. Лозанчев и откако сфатил дека предавството кога-тогаш ќе биде откриено, решил да оди докрај. Притоа ѝ предложил на четата веднаш да замине за месноста „Бора“ на Пелистер, каде што своевремено со Лозанчев оделе на лов по диви кози.

Пред зори, четата се нашла кај Василев Камен, каде што А. Лозанчев, кој не бил навикнат на брз марш, веднаш задремал. Меѓутоа, ненадеен пукот од пушки му ја прекинал дремката. Несомнено М. Велјов ја навел четата на место кое претходно било договорено со војската. Всушност во тој момент, војската отворила оган по војвода Аце Коларчето. При првите истрели, дел од четниците кои биле во близина на Лозанчев на чело со свештеникот Најдо и Мицо Смилевецот, без да се консултираат со никој, заминале кон месноста Бора, додека Лозанчев со другиот дел од четниците заминал кај Василев Камен, каде што Аце Коларчето веќе водел борба со османлиската војска.[220] Позицијата не ветувала многу, ниту за четата, ниту за војската.

---

[217] Македония в пламъци. Спомени на Анастас Лозанчев..., 107.

[218] П. Тошев по враќањето во Прилепско извесно време се движел со Ѓ. Петров, при што дошле до констатација дека за севкупната положба се одговорни Д. Груев и Анастас Лозанчев (Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 195).

[219] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев ..., 237.

[220] Исто, 238.

Токму тука А. Лозанчев го доживеал своето прво борбено крштавање.[221] По извесна престрелка, Османлиите олабавиле со притисокот на Василев Камен и сета сила ја насочиле кон месноста Бора, при што опколените се нашле под вкрстен оган. Од оваа позиција преживеале само двајца. Веднаш потоа, османлискиот удар повторно се насочил кон Василев Камен. Под жешкото јулско сонце, судирот на оваа позиција траел 8 часа. Во момент кога борбата достигнала кулминација, А. Лозанчев, плашејќи дека ако биде убиен може да биде запленета неговата чанта во која бил печатот на ГШ, неколку документи и 13 турски лири, чантата ја закопал под еден камен. Согледувајќи ја безизлезноста од ситуацијата, Лозанчев и Коларчето со шестмина ранети ја напуштиле позицијата и преку еден дол се извлекле кон Пелистер,[222] а оттаму кон Преспа.

Овој прв судир на Лозанчев со османлиските војски поминал катастрофално. Според Лозанчев, четата имала 9 убиени, еден фатен жив и неколкумина ранети.[223] Ехото од овој судир одекнало низ целиот вилает. Гласиштата дека во судирот загинал А. Лозанчев стасале до неговата сопруга,[224] но и до членовите на ГШ: Д. Груев и Борис Сарафов, кои во тој момент се наоѓале во Костурско.[225]

По 3–4 денови, Лозанчев се вратил на Василев Камен за да ја побара чантата, но не успеал да ја најде. Во меѓувреме, таа му била донесена од Најдо Гачев од с. Цапари, кој ја пронашол собирајќи празни чаури на местото на судирот.[226] Неколку денови по судирот, Ѓ. Сугарев во Цапари ги ликвидирал виновниците за предавството, при што настрадале и неколку невини селани.[227]

---

[221] Во врска со овој судир види: ДАРМ, мф. 4300, ф. 331, опис 1, А/Е 70, дело V/55, No. 57-58.

[222] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 239.

[223] Исто, 239. Меѓутоа, според Алеко Стефанов во судирот загинале 18 четници. (Революционната дейност въ Демирхисаръ (Битолско). По спомени на Алеко Стефановъ (демирхисарски войвода). Сообщава Боянъ Мирчевъ, София 1931, 15).

[224] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 239.

[225] Спомени на Борисъ Сарафовъ..., 93.

[226] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 239.

[227] Во врска со тоа, Лозанчев вели дека Ѓ. Сугарев ги ликвидирал предавниците од Цапари, при што настрадале и 4–5 невини лица. Внукот на предавникот М. Велјов, Лазар, кој во прво време побегнал, за време на Востанието паднал во рацете на Лозанчев. Тој го водел со себе околу два месеца, при што се покажал како многу исполнителен. Лазар загинал при крајот на Востани-

Токму на 1/14 јули, кога А. Лозанчев го имал судирот кај Василев Камен, Д. Груев и Б. Сарафов кај с. Буф (Леринско) решиле Востанието да започне на 20 јули/2 август, на верскиот празник Св. Илија.[228] За одлуката писмено го известиле раководителот на дежурот во Битола – Аце Дорев, кој од своја страна требало да ги информира ЦК во Солун и Задграничното претставништво во Софија.

А. Лозанчев, како трет член на ГШ, со датумот за почеток на Востанието бил запознат по неколку денови кај с. Златари (Ресенско), при средбата со Груев и Сарафов.[229] Лозанчев ја прифатил одлуката, бидејќи до овој период поголемиот дел од реколтата бил собран, а сепак останувале уште 2–3 месеци за активно дејство.[230] На 9/22 јули, ГШ со краток циркулар ги известил горските началства дека Востанието ќе започне на 20 јули/2 август 1903 година.[231]

Определениот датум за Востание од ГШ на Битолскиот револуционерен округ бил прифатен од страна на ЦК ТМОРО и препорачан до другите окрузи со појаснување дека востаничките акции ќе започнат „не вечерта спроти Илинден, туку вечерта на Св. Илија“.[232] Истовремено со тоа е испратена и резимирана варијанта[233] од Општиот план за Востание.[234] Во циркуларот е нагласено дека ќе се води „партизанска борба“, проследена со „терористички и анархистички мерки“. Притоа сите сили треба да дејствуваат едновремено, без да востане населението. „Целта на Вос-

---

ето, но Лозанчев вели дека не се сеќава дали бил убиен од Турците, или пак од луѓе на Организацијата (Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев ...,239). На друго место во Спомените Лозанчев вели дека му било жал да ликвидира такво младо момче, но затоа го ликвидирале други пожестоки луѓе (Исто, 248). А. Стефанов, кој учествувал во ликвидирањето на предавниците во Цапари, вели дека поради овој настан во крчмата на Петре биле заклани 13 предавници, заедно со крчмарот (По спомени на Алеко Стефановъ..., 15).

[228] Спомени на Борисъ Сарафовъ..., 94.

[229] Исто.

[230] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 239.

[231] Љубен Лапе, Нови документи за Илинденското востание, Илинденски зборник 1903–1953, Скопје 1953, 16–18. Во врска со овој документ и погрешните интерпретации во историографијата, види: В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 307, белешка 166.

[232] Љ. Лапе, Нови документи за Илинденското востание..., 16–18.

[233] Исто, 16.

[234] За општиот план за Востание, види: В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893–1903 (Поглед низ документи)..., 392–399.

танието не е да ја победиме Турција, туку да не дадеме можност (таа) да нè победи".[235] Оттука, Востанието треба да биде долготрајно, макар и послабо, отколку силно, но краткотрајно. На тој начин, на Османлиската Империја ѝ се одземала можност да изјави пред Европа дека редот е воспоставен, а со продолжување на борбата до зимата македонското прашање подолго би останало отворено пред европската дипломатија. Притоа во документот е нагласено дека актуелната состојба во Македонија, во Европа се сметала за востаничка, иако Востанието формално сè уште не било објавено.

По утврдувањето на датумот за Востанието, членовите на ГШ се префрлиле во месноста Нина-Орница во близина на с. Боишко (Демирхисарско). Оттаму на 12/25 јули, ГШ испратил предупредување до Дирекцијата на Ориенталните железници.[236] Со него е укажано дека за време на Востанието ќе бидат преземени атентати, поради што Дирекцијата се повикува да не дозволува населението да ја користи железницата за да се избегнат невини жртви. Ова предупредување од името на ГШ е потпишано од Д. Груев и Б. Сарафов, но не и од А. Лозанчев.[237] Последниов, веројатно како домаќин на Штабот, во тој момент бил на друго место, зафатен со последните организациски активности околу почетокот на Востанието.

По три дни (15/28 јули 1903 г.), тројцата членови на ГШ од врвот Победносец го упатиле повикот за објавување на Востанието.[238] Во него, меѓу другото, стои: „Најпосле долгоочекуваниот ден за расправа со нашиот вековен душман веќе дојде... Стига толку маки, стига толку срам! Илјади пати подобро смрт, отколку срамен и скотски живот. Определениот ден на кој народот од цела Македонија и Одринско ќе треба да излезе јавно со оружје в рака против душманите е 20 јули... Нека Бог го благослови нашето праведно дело и денот на Востанието...".[239]

Еден примерок од овој повик пред почетокот на Востанието, османлиските власти фатиле кај кметот на с. Леништа (Би-

---

[235] Љ. Лапе, Нови документи за Илинденското востание..., 16.

[236] Во врска со разните верзии од овој документ, види: В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893–1903 (Поглед низ документи)..., 409–411.

[237] Повеќе за тоа, види: В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893–1903 (Поглед низ документи)..., 409, белешка 505.

[238] Спомени на Борисъ Сарафовъ..., 94.

[239] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 412–413.

толско).[240] Според тоа, денот за почеток на Востанието не бил никаква тајна за османлиските власти.

7. При анализа на Спомените на А. Лозанчев, се стекнува општ впечаток дека за време на Востанието, како член на ГШ, тој се движел на просторот меѓу Смилево, Демирхисарско, Кичевско и Преспанско. Притоа, зел учество во повеќе судири со османлиската војска, но многу често бил во улога на санитетски работник и организатор на интендантската служба. Од друга страна, при анализа на мемоарска и историографска литература, се стекнува впечаток дека неговата улога во ГШ во поглед на воено-стратегиските и политичките прашања била во втор план, во споредба со Д. Груев и Б. Сарафов.

На Илинден (20 јули/2 август) 1903, членовите на Главниот штаб Д. Груев, Б. Сарафов и А. Лозанчев се нашле над Смилево во пазувите на Бигла со намера да земат учество при нападот на селото.[241] Таму пред зајдисонце селскиот свештеник со религиозен ритуал го осветил и благословил знамето на ГШ. Војводите, четниците и мобилизираните селани, еден по еден ги бакнувале крстот и осветеното знаме, притоа ракувајќи се со членовите на ГШ и посакувајќи си среќа со зборовите „Аирлија“.[242]

Нападот на селото започнал приквечер, во моментот кога војничката труба во импровизираната касарна го означила времето за вообичаената вечерна молитва (дова). Во тој момент, плотун од истрели ја прекинал молитвата и го означил почетокот на Востанието во Смилево.[243] По првиот плотун, членовите на ГШ слегле во селото и се придружиле на двестете востаници кои ја започнале борбата.[244] Набрзо мирисот од барут и чад ги обвиткале смилевските долови. Борбите во и околу Смилево продолжиле наредните три дни,[245] кога османлиските војски се откажале од намерата за враќање на контролата над селото.

А. Лозанчев, покрај тоа што учествувал во борбите во Смилево, ги санирал раните на Пандуров и Александар Кошка, меѓу-

[240] Даме Груев – Спомени. Кореспонденција, (предговор, съставителство и бележки Цочо Билярски), София 1999, 219. Оттука тврдењето на Лозанчев дека спомнатиов повик останал тајна за османлиските власти не е точно (Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев ..., 240).

[241] Спомени на Борисъ Сарафовъ..., 94.

[242] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 287.

[243] Повеќе за Смилево во Илинденското востание види: В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 309–324.

[244] Спомени на Д. Груевъ..., 24.

[245] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 311–314.

тоа, првиот починал по три дни.[246] По смртта на Пандуров, Лозанчев ја зел неговата карабинка, притоа својата долга манлихера ја дал на друг.[247] Поради оваа промена, Димитар Дечев го обвинил Лозанчев дека го убил Пандуров за да му ја земе пушката. Конфликтот бил изгладен подоцна, во четири очи, на задоволство на Лозанчев, со извинување од Дечев.[248]

Откако востаниците ја презеле контролата над Смилево, Б. Сарафов заминал кон Охридско, А. Лозанчев кон Демирхисарско и Кичевско,[249] а Д. Груев останал во Смилевскиот регион. На тој начин членовите на ГШ се поделиле на три страни.

А. Лозанчев на оваа обиколка тргнал на 24.08/6.08.1903 година со двајца четници,[250] со коњи кои претходно биле запленети од Турците.[251] Притоа, во с. Велмевци му ја санирал повредата на четникот Коце Бојаџиев, а во с. Спростране, каде што имало многу ранети, го подучил свештеникот како да им ги исчисти и преврзе раните на повредените. Во Подвис, Лозанчев му ја санирал повредата на војводата Арсо Мицков.[252] Во селото Лахчани (Кичевско), Лозанчев се сретнал со војводите Лука Џеров и Наќе Арсов.[253] Очигледно, при оваа обиколка Лозанчев првенствено се занимавал со санитетска дејност.

Додека Лозанчев обиколувал во Демирхисарско и Кичевско, османлиските сили, кои во прво време поради отсуство на соодветна координација и стратегија допуштиле доминација на востаничката иницијатива, се реорганизирале и преминале во контраофанзива.[254] Прво на удар се нашло Крушево, како најсилен симбол на востаничкиот успех. По падот на Крушево, новиот османлиски командант, Насер-паша подготвил стратегија за брзо и систематско задушување на Востанието. Според неа, било предвидено опколување на востаничките центри со големи воени кордони, кои стегајќи го обрачот околу центарот, требало да ги разбијат и уништат востаниците.[255] Сето тоа било проследено со сис-

[246] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев ..., 243.
[247] Исто, 244.
[248] Исто, 247–248.
[249] Спомени на Борисъ Сарафовъ..., 94–95; Македония в пламъци. Спомени на Анастас Лозанчев..., 107.
[250] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 247.
[251] Македония в пламъци. Спомени на Анастас Лозанчев..., 107.
[252] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 247.
[253] Македония в пламъци. Спомени на Анастас Лозанчев..., 107.
[254] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 314–317.
[255] М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., т.2, 445.

тематско палање на селата и со невиден терор врз неборечкото население.[256] Со таквата тактика требало да се скрши духот на востаниците, кои се извлекувале од опколувањето и одново настојувале да развијат долготрајна партизанска борба, која не била пожелна за османлиските власти. Овој концепт на османлиската офанзива наполно дошол до израз на почетокот од втората декада на август.

Поради започнатиот османлиски терор, Д. Груев и Б. Сарафов, од името на ГШ,[257] на 30 јули/12 август испратиле предупредувачки „Мемоар“ до дипломатските претставници на Големите сили во Битола. Со него укажале на „варварскиот“ начин на властите при задушувањето на Востанието и се заканиле дека доколку тоа не престане, тие ќе возвратат на ист начин против турските села, а одговорноста за сето тоа ќе падне врз османлиската влада.[258] Се разбира, заканата била од вербален карактер, бидејќи Организацијата никогаш не посегнала по методи кои биле спротивни од нејзиниот концепт за борба. Спомнатиов Мемоар на своевиден начин му дал можност на ГШ да се етаблира пред меѓународниот фактор и да го запознае со состојбата во Македонија. Ако им веруваме на Спомените на Б. Сарафов, Мемоарот бил составен од него и Д. Груев, без учество на Лозанчев.

При крајот на август, кога османлиската офанзива почнала да го затвора обрачот околу Смилево, А. Лозанчев се вратил во неформалната база на ГШ во месноста Нина-Орница (Боишко).[259] Непосредно пред нападот и палењето на Смилево, Лозанчев заминал кон Цапари, каде што населението поради силниот терор започнало да го предава оружјето. Таму го фатил и го повел со себе Лазе, внукот на Мице Велјов, кој пред почетокот на Востанието го предал на власта, а последица од тоа бил судирот кај Василев Камен. Во Цапари, Лозанчев обезбедил четири товари ѓон, кој бил многу неопходен за четите. Истовремено успеал да прибере и некои медицински материјали, кои биле доставени до импровизираната востаничка болница кај Нина-Орница.[260]

Поради силните османлиски потери кои во тоа време крстосувале околу Цапари и Ѓавато, А. Лозанчев со стотина четници привремено се засолнал на Пелистер, каде што во исто време се

[256] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 363.

[257] Спомени на Борисъ Сарафовъ..., 95.

[258] Види: В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893–1903 (Поглед низ Документи)..., 428–429.

[259] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 247.

[260] Исто, 248.

нашле и Славејко Арсов и Кочо Кочовски со околу 500 бегалци од Ресенско.[261] По неколку денови, Лозанчев од Пелистер се спуштил до Ресенско, каде што ги посетил Подмочани, Болно и Евла.[262] Оттаму повторно се вратил во базата во Нина-Орница.

По враќањето на Бигла, Лозанчев при обиколките околу изгореното Смилево на самото место ги видел најгрозните слики од целото Востание. Станува збор за случајно налетување на 8–9 турски трупови во фаза на распаѓање кај месноста Ѓорев Гроб. Згрозен од тоа, триесетина години подоцна, Лозанчев, меѓу другото, ќе запише: „Уште еднаш не сакам да видам слично нешто, па макар да живеам уште 100 години".[263] Уште погрозна била сликата кај збегот „Голем Гар", каде што Османлиите извршиле голем масакр врз цивилното население од Смилево.[264]

И овде Лозанчев при обиколките се занимавал со укажување медицинска помош на ранетите. Така, на пример, при санирањето на раната на Велјан Петров од Смилево, кој бил ранет во задникот, Лозанчев се нашол во улога на хирург, при што му исекол парче виснато месо за да ја санира раната.[265]

Во тоа време Главниот штаб, соочен со суровата реалност поради жестокоста на османлиската офанзива, почнал да размислува за натамошниот тек на Востанието. Тоа прашање било разгледано неколку дена по палењето на Смилево на една средба меѓу Д. Груев, Б. Сарафов и Ѓ. Сугарев во селото Слоештица (Демирхисарско).[266] Набрзо потоа, на 9/22 септември 1903 година, повторно кај Слоештица, се сретнале тројцата членови на ГШ: Д. Груев, Б. Сарафов и А. Лозанчев. Тогаш, со оглед на поранешните демагошки ветувања од страна на компетентни бугарски фактори, Б. Сарафов предложил некој од членовите на ГШ да замине за Бугарија и да побара воена интервенција.[267] Со оглед на фактот што Сарафов пред Смилевскиот конгрес ширел гласишта за воена интервенција на Бугарија во прилог на Востанието, Груев и Лозанчев предложиле лично тој да се нагрби со таквата мисија.

---

[261] Спомени на С. Арсов..., 135; Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 377.

[262] Спомени на С. Арсов..., 135; Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 248.

[263] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 249.

[264] Во врска со тоа види: В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 320–321.

[265] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 249.

[266] Спомени на Борисъ Сарафовъ..., 96-97.

[267] Исто, 98.

Меѓутоа, рафинираниот Сарафов „категорично откажал“ и за тоа го предложил Д. Груев, кој исто така не прифатил.[268] Очигледно, иако илузијата за воена интервенција на Бугарија сè уште постоела,[269] реално во тоа никој не верувал. Оттука, никој не сакал да замине за Бугарија за да бара помош од тамошните фактори. Сепак, истиот ден ГШ се обратил со писмо до бугарската влада.[270] Во писмото се вели дека ГШ се решил на таков чекор поради „критичната и ужасна положба“ во која се нашло „бугарското население во Битолскиот вилает по извршените опустошувања и жестокости од страна на турските војски и башибозук, и со оглед на тоа дека тие опустошувања и жестокости на систематски начин продолжуваат и не може да се види до каде ќе отидат“. Во продолжение на писмото е образложена драматичната положба во Битолскиот вилает и мрачната перспектива. Поради тоа, ГШ изразува чудење зошто бугарската влада „продолжува да гледа со ладнокрвност на систематското истребување на бугарскиот народ“, и апелира владата „да дојде на помош на најефикасен начин – преку војна“. Иницијаторот на оваа идеја – Б. Сарафов, признава дека од овој повик не очекувале никакви резултати.[271]

Османлиските војски по првото прочешлување на Смилевско-Демирхисарскиот регион се повлекле кон Битола и Кичево. Со тоа на просторот помеѓу Смилево, Боиште и Слоештица се создале услови за враќање на протераните чети, но и за концентрација на нови чети од соседните региони. Така, покрај месните чети, тука нашле прибежиште и неколку чети од Крушевско и Би-

---

[268] Исто.

[269] Иако кон крајот на 1902 и почетокот на 1903 година повеќе бугарски фактори ветувале воена интервенција во прилог на Востанието, од тоа се оградиле и се искажале во спротивна смисла по донесувањето на одлуката за Востание. Тоа му било ставено на знаење и на Анастас Лозанчев преку Н. Колушев уште во февруари 1903. Покрај тоа, Рачо Петров, на 22/4.08.1903 година јасно му ставил до знаење на Христо Матов дека и покрај настојувањата на Организацијата да ја втурне Бугарија во војна, до тоа нема да дојде под изговор дека таа не била подготвена. Поради тоа Матов одговорил: „Ние ви соопштивме, а што ќе правите, тоа не е наша работа, ние не сакаме ништо ниту од Вас, ниту од нив. Навикнавме да слушаме и да не веруваме на севозможни ветувања на министри, кои изјавувале дека нè лажат и кои сакале да си играат со ослободителното дело“ (Д-р Христо Татарчев. Спомени, документи, материали..., 256).

[270] Македония, Сборник од документи и материали, София 1978, 489-495; В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903 (Поглед низ документи)..., 447-450.

[271] Спомени на Борисъ Сарафовъ..., 98.

толско, како и членовите на Главниот штаб. На тој начин концентрацијата на востаничките сили достигнала околу 1 000 души.[272]

Османлиската команда, откако ја забележала оваа концентрација на востанички сили, презела нова воена експедиција за нивно дефинитивно уништување. За таа цел биле ангажирани 10 000 пешадија и башибозук, 14 планински топови и 4 ескадрони коњица. Сите тие биле распоредени во 4 колони. Првата колона настапувала од правец на Смилево кон Слепче, втората од Струговските Планини кон селата Лесково, Церово и Вирово; третата од Ресен преку Црн Врв, а четвртата од Охридско во правец на Плаќе.

ГШ, кој навреме бил информиран за настапувањето и распоредот на османлиските сили, презел мерки за одбрана. За таа цел востаничките сили биле групирани во три одреди, распоредени во должина од петнаесетина километри помеѓу селата Боиште и Слоештица.[273] Во центарот на фронтот биле распоредени околу 300 востаници, под непосредна команда на ГШ. На левото крило, односно на јужната страна на Бигла, биле распоредени околу 250 востаници под команда на Ѓ. Сугарев, а на десното крило кон селата Вирово и Церово биле распоредени повеќе од 420 востаници.[274]

Заземањето на оваа фронтовско-дефанзивна позиција против десет пати поброен непријател е одраз на воените квалификации на Б. Сарафов. Судирот кај Слоештица-Боиште започнал утрото на 17/30 септември 1903 година.[275] По двочасовна битка, левото востаничко крило, чии позиции биле сериозно загрозени од правецот на Лесково, се повлекло кон централниот дел на фронтот за да го заштити тилот на ГШ. Десното крило, кое било атакувано од три страни, давало жилав отпор. Меѓутоа, силниот артилериски оган го принудил да отстапи. Притоа зазеле добри позиции во Церовска Гора. Кон нив се придружиле и востаниците што отстапиле од потегот кај Вирово и Боишките Планини. Приквечер востаниците со јуриш го пробиле османлискиот обрач и се извлекле од опколувањето. Дел од четите, меѓу кои и ГШ, заминале во правец на Смилево, други кон Церовски Планини, а трети кон Вирово.

---

272 Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 382.

273 Исто.

274 М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., т.2, 491.

275 Спомени на Борисъ Сарафовъ...,97; Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 257.

Турскиот план за уништување на главнината на востаничките сили не ги дал очекуваните резултати. Во текот на оваа битка, востаниците имале 17 убиени и 11 ранети.[276] Според Х. Силјанов, овој судир претставува „лебедова песна на Востанието во Битолско“.[277] Дека е така, најдобро зборува одлуката на ГШ за демобилизација на востаничките сили, која била донесена само два дни по битката.

Драматичната состојба која настанала поради палењето на селата и безмилосниот терор над населението, пројавената деморализација кај поединци,[278] апелите на власта за враќање на населението по селата,[279] како и гласиштата за нов реформски проект во Македонија,[280] го наметнале прашањето за демобилизација на востаниците. Тоа прашање било разгледано на 19.09./2.10. 1903 година, на средба меѓу членовите на ГШ кај Смилевската корија.[281] Тогаш била донесена одлука за постепена и организирана демобилизација.[282] Планот предвидувал: распуштање на востаниците и нивно враќање по домовите; прибирање и складирање на оружјето; мигрирање на компромитираните раководители; и сведување на минимум на раководниот кадар на теренот.[283]

По донесувањето на одлуката за демобилизација, членовите на ГШ се распоределе по региони за да ја спроведат и да го складираат оружјето. Притоа, Д. Груев останал во Битолско и во Смилевскиот регион, Б. Сарафов заминал кон Преспанско и натаму кон Костурско, Леринско, а А. Лозанчев кон Демирхисарско.[284] Б. Сарафов на заминување ги излажал двајцата членови на ГШ и со себе го зел штабното знаме со кое подоцна триумфално парадирал по софиските улици.[285]

Анастас Лозанчев за Демирхисарско заминал околу 10 октомври со братучед му Нашко Петров и Глигор Павлов од Смиле-

---

[276] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 383.

[277] Исто.

[278] Спомени на Борисъ Сарафовъ..., 97.

[279] М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., т. 2, 509; Љ. Лапе, Нови документи за Илинденското востание..., 135.

[280] Спомени на Д. Груевъ..., 26.

[281] Спомени на Борисъ Сарафовъ..., 98.

[282] Исто, 98–99.

[283] М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., т. 2, 523–524.

[284] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 264; Спомени на Борисъ Сарафовъ..., 98; Спомени на С. Арсов..., 142.

[285] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 335–336.

во.[286] Според Христо Пасков, за време на демобилизацијата во Демирхисарско, Лозанчев му давал инструкции на населението да не го предава оружјето и се грижел за неговото правилно складирање.[287]

Околу 15 октомври 1903 година, Лозанчев се нашол во коријата над селото Брезово заедно со месниот војвода Сотир и неговиот секретар Димитар Матлиев, чија чета броела нешто над дваесет души.[288] Во еден момент тие забележале движење на голема османлиска единица, но бидејќи таа била на поголемо растојание од нив не обрнале сериозно внимание, надевајќи се дека при евентуално наближување стражата навреме ќе сигнализира. Поради тоа четата се олабавила и се оддала на почивка. Таквата раскомотеност и невнимателност ја однела во пропаст речиси целата чета, која била нападната по 2–3 часа. Според Х. Пасков, групата била предадена, а потоа нападната од аскерот од с. Прибилци.[289]

При нападот 17-мина четници на чело со Сотир војвода ја фатиле западната страна од местото каде што престојувале, додека А. Лозанчев со Д. Матлиев и уште петмина четници се спуштиле во долот пред нив. Меѓутоа, војската претходно ги зазела околните висови и се нашла во стратешка предност и можност да стрела од сите страни. Во моментот на пробивот низ долот, А. Лозанчев почувствувал силен удар во пределот на стомакот. Непријателскиот куршум го погодил и го разнел неговиот патрондаш, но за среќа не ги погодил капсулите од неговите патрони, кои во таков случај можеле да го разнесат. Благодарение на тоа и на упорноста да се извлече од долот, Лозанчев преживеал. При овој судир загинале 15-мина четници, меѓу кои војводата Сотир, Димитар Матлиев и Нашко Петров (братучедот на А. Лозанчев).[290]

---

[286] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 264.

[287] Македония в пламъци. Спомени на Христо Пасков..., 169.

[288] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 264; По спомени на Алеко Стефанов..., 20.

[289] Македония в пламъци. Спомени на Христо Пасков..., 169. Меѓутоа, А. Лозанчев вели дека не било утврдено дали биле предадени, или пак османлиските војски ги извардиле и фатиле стражарите за да ја фатат четата на препад (Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 264). На друго место, Лозанчев претпоставува дека предавството било извршено во селото и дека биле предадени од стражарите (Македония в пламъци. Спомени на Анастас Лозанчев..., 108.

[290] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 264.

Според Х. Пасков, Лозанчев се спасил „како по чудо“.[291] Алеко Стефанов, кој веднаш по судирот се сретнал со Лозанчев, во врска со тоа вели: „Лозанчев дојде издрпан и со раскинат патрондаш“.[292]

Овој судир при крајот на Востанието, како и оној кај Василев Камен пред почетокот на Востанието, укажува дека воената среќа не му била наклонета на Лозанчев. Во двата случаја четите биле фатени на препад, практично на спиење, поради што претрпеле катастрофални загуби.

По извлекувањето од кај Брезово, Лозанчев заминал кон Смилево, каде што се сретнал со Д. Груев.[293] Во врска со судирот кај Брезово, Лозанчев вели дека Д. Груев неколкупати сериозно му забележал, но „подоцна јас не му останав должен“.[294]

Кон крајот на октомври, поради напредната есен, Лозанчев ја напуштил востаничката база и заедно со Јованче Галабов заминал кон Битола.[295] Една приквечер, во непосредна близина на градот, се преоблекол во цивилни алишта и влегол во Битола. Притоа првите десетина дена се прикривал кај свои пријатели, па дури потоа заминал во сопствениот дом. Само еден месец по враќањето, жена му Параскева родила девојче, кое им починало по 2–3 месеци.[296]

[291] Македония в пламъци. Спомени на Христо Пасков..., 169.

[292] По спомени на Алеко Стефанов..., 20.

[293] Исто.

[294] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 265.

[295] Исто, 265.

[296] Исто. 266.

# Лозанчев по поразот на Востанието: од Битола до Софија

1. Епилогот од Илинденското востание бил поразителен. Во текот на Востанието, на територијата на Битолскиот револуционерен округ меѓу востаниците и војската се одиграле над 150 судири, при што загинале 746 востаници.[1] Во периодот од 20.07./2.08. до 20.09./1.10.1903 година во Битолскиот вилает, целосно или делумно биле опожарени 122 села со 8.646 куќи, а без покрив над главите останале 51 606 жители. Истовремено, биле убиени, или заклани 1 779 лица, 2 152 жени и моми биле обесчестени, а 37 пленети.[2] Или вкупно, за време на Востанието во Македонија во 1903 година, настрадале околу 16 околии со 201 населено место. Притоа биле изгорени 12 400 куќи, без покрив над главите останале 70 836 жители, биле убиени 8 816 мажи, жени и деца, а повеќе од 30 000 лица ги напуштиле своите родни места.[3]

Очигледно, многу човечки и материјални жртви за малку достоинство и човекови права. Според Декларацијата издадена од името на ЦК ТМОРО, која преку Задграничното претставништво била доставена до дипломатските претставници на Големите сили, Востанието имало за цел да предизвика нивно вмешување за подобрување на положбата на христијанското население во Македонија.[4] За таа цел е побарано: 1. Назначување со согласност на големите држави на еден главен управник – христијанин, којшто никогаш не ѝ припаѓал на турската администрација и кој ќе биде независен од Високата порта при исполнувањето на неговите должности; и 2. Воспоставување постојана колективна меѓународна контрола со широки права на санкции.[5] Во спротивно, во Декларацијата се вели дека Организацијата ќе ја продолжи својата борба до конечното постигање на својата цел, притоа црпејќи енергија од сознанието за својот долг и од симпатиите на цивилизираниот свет.

---

[1] Х. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 409.

[2] Исто, 225.

[3] М. Пандевски, Македонското ослободително дело..., т.2, 355–356.

[4] Види: В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903 (Поглед низ документи)..., 431–432.

[5] Исто, 431.

Илинденското востание ги депласирало Февруарските реформи од 1903 година и одново го актуализирало македонското прашање на дипломатски план. Токму во моментот кога ГШ прогласил демобилизација, балканските „миротворци" Русија и Австро-Унгарија ги усогласиле своите планови по македонското прашање. Оттука, во почетокот на октомври 1903 година произлегле познатите Мирцштегски реформи.[6]

Мирцштегската програма во основа предвидува: Меѓународна контрола при спроведување на реформите; Реорганизација на османлиската жандармерија и полиција во Македонија со помош на странски офицери под раководство на еден странски генерал кој ќе биде во османлиска служба; За успешно спроведување на оваа мерка територијата на Македонија да се подели на сектори помеѓу Големите сили; Откако ќе се констатира извесно смирување на земјата, да се изврши нова административа реорганизација за посоодветно групирање на националностите; Реорганизација на судските и административните институции во кои треба да бидат вклучени и христијани, со што ќе се овозможи развој на локалната автономија; Формирање комбинирани комисии во вилаетските центри за разгледување на политичките и другите престапи извршени во текот на Востанието; Високата порта да обезбеди финансиски средства за враќање на бегалците и за ублажување на состојбата во најзагрозените краишта за време на Востанието. Средствата за тоа да ги распределуваат комбинирани комисии под контрола на конзулите на Русија и Австро-Унгарија; Населението во опожарените села да се ослободи една година од сите даноци; Високата порта да ги спроведе претходните Февруарски реформи, со кои меѓу другото е предвидено одделен финансиски буџет за трите македонски вилаети; Да ги распушти илавето и башибозукот и да забрани формирање башибозучки одреди. Мандатот за спроведување на реформите му е доверен на дотогашниот генерален инспектор Хусеин Хилми-паша, при кого се именувани двајца цивилни агенти (по еден од Русија и Австро-Унгарија).

Иако реформите се однесуваат исклучиво за територијата на Македонија, реформаторите, според договорениот принцип од претходните Февруарски реформи, тенденциозно го изоставиле името „Македонија", при што го користат терминот „трите вила-

---

[6] Види: Документи за борбата на македонскиот народ ..., т.1, 419–420; Глигор Тодоровски, Македонското прашање и реформите на големите европски сили, Скопје 1989, 131–230; В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 22–24.

ети". Потоа, наместо терминот Македонци се користи терминот „христијанско население", а наместо генерал губернатор „генерален инспектор".[7] Очигледно, реформаторите поаѓајќи од своите интерси ги избегнале сите термини, кои во која било смисла асоцираат на создавање административно-територијална единица под името Македонија.[8]

Првичниот став на ГШ во врска со Мирцштегските реформи е изразен во Окружното од 10/23 декември 1903 година.[9] Во него реформите се оценети како недоволни „бидејќи секој знае, дека ние не се боревме за жандарми и за падари, туку за премавнување на омразениот турски гнет".[10] Овој првичен поглед, подоцна станал официјален став на Организацијата кон реформите, кои целосно ги игнорирала. Несомено, тоа е последица на отсуството на политичко крило со дипломатски манири и рационален прагматизам.

Анастас Лозанчев е еден од малкуте дејци на ослободителното движење кој имал поинаков став за Мирцштегските реформи. Според него, за време на зимските средби во Битола во кои учествувале Д. Груев, Ѓ. Петров и П. Тошев и самиот тој, била направена капитална грешка, бидејќи без да ги проучат добро реформите, тие ги осудиле и не сакале да се занимаваат со нив.[11] Ѓ. Петров реформите ги сметал за „фрлање прав во очите", а против нив бил и Д. Груев, додека П. Тошев не зел став по прашањето.[12] Наспроти тоа, Лозанчев сметал дека реформите треба да се искористат толку колку што може, при што на најдобрите работници од Организацијата да им се дозволи да прифатат служба во полицијата и во администрацијата. Прагматизмот на претприемливиот А. Лозанчев оди дотаму што во врска со тоа прашање, вели: „Кога некој ми должи 100 гроша и ми дава 10, јас ги прифаќам тие 10

---

[7] Ванчо Ѓорѓиев, Реформи за мир или одлагање на конфликтот, 100 години од балканските војни. Прилози од Научниот собир одржан на 3–4 декември 2012, МАНУ, Скопје 2013, 114–115.

[8] Исто, 115.

[9] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893–1903 (Поглед низ документи)..., 475–476.

[10] Исто, 476.

[11] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 267.

[12] Исто, 268. Д. Груев во тоа време издал специјален Циркулар, во кој покрај другото е нагласено дека реформите немаат за цел подобрување на положбата во Македонија, туку да го одложат конечното решавање на прашањето. Поради тоа Груев смета дека Организацијата со своите активности треба да ги корумпира реформите преку разни жалби од населението (В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 342–346).

гроша и останувам негов кредитор со 90 гроша“.[13] Поради пропуштената шанса, Лозанчев вели дека подоцна се нашле во ситуација за банални работи да прибегнуваат кон услугите на трети, дури и крајно расипани лица, само затоа што прифатиле служба во полицијата.[14]

Лозанчев својот став кон Мирцштегските реформи делумно ќе го промени кон крајот од 1905 година, по ранувањето и затворањето на брат му Кирил. Во таа смисла, во писмото до Еврипид од 17/30 декември, меѓу другото, пишува: „Минатата 1904 година, во април, по доаѓањето на цивилните агенти, јас бев на мислење дека Организацијата треба да ја прифати реформската акција на силите, да го искористи тоа што може да ѝ го даде таа, и на легален начин да се стреми за добивање на крајната цел на Организацијата – автономија на Македонија. Тоа мнение пропадна на времето, бидејќи беше само мое, но сето тоа што се случува во Македонија оттогаш наваму, одвај ли не ме тера и самиот мене да мислам дека сум грешел“.[15]



[13] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 268.

[14] Исто.

[15] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 291. При компарација на факсимилот од писмото и она што е дадено во печатениот текст, постои разлика која делумно ја менува смислата. Грешката веројатно настанала при расчитувањето на текстот. Поради тоа, овде се повикуваме на оригиналниот ракопис.



Факсимил од писмото на Лозанчев до Еврипид

Веќе во февруари 1906 година, Лозанчев во врска со тоа прашање пишува: „По движењето во 1903 г. прифатените мерки во Мирцштег, доаѓањето на жандармериските офицери, а најмногу стокмената контрола врз секоја неправедност на турските власти... кај мене ја зацврсти надежта дека барем делумно ќе се стави крај на народната беда. И јас се повлеков тука (Софија. б.н.) да чекам и да ги видам подобрувањата и да се вратам при првиот случај; но за жал не гледам ниту едно подобрување во однос на

работите, туку сè поголема и поголема мешаница – која повеќе е плод на немоќноста на реформите, отколку на неисправноста на Турчинот“.[16]

Промената кај Лозанчев во врска со Мирцштегските реформи настапила поради ранувањето и неправедното затварање на брат му Кирил. Независно од тоа, во 1937 година Лозанчев констатира дека поради предизвиканите реформи Востанието било успешно, но „како и секогаш, не бевме доволно умни и предвидливи да го искористиме ова вмешување“, бидејќи во Организацијата имаше „мнозина, макар и мали Гарибалдовци, но ниеден најмал Мацини“,[17] што значи повеќе револуционери подготвени на смрт, отколку прагматичари.

2. Анастас Лозанчев, поради учеството во Востанието, бил наполно компромитиран пред османлиските власти. Поради тоа, по враќањето во Битола, бил принуден да се движи илегално. Кога имал потреба да се движи низ градот, вообичаено бил преоблечен како ѕидар со мајсторски алатки преку рамо, или пак преправен како свештеник, но за секој случај со два револвера на појасот.[18] Повремено отседнувал во својата куќа, но честопати кај роднини и пријатели. Кога навраќал дома, често бил облечен како свештеник. Оттука, кога пријателите го прашувале син му Цветан (тогаш на тригодишна возраст) каде е татко ти, детето секогаш одговарало „попот не е дома“.[19]

Веднаш по завршувањето на Востанието, Д. Груев и А. Лозанчев како членови на ГШ реагирале на измамата на Б. Сарафов во врска со штабното знаме, кое го понел со себе за Бугарија. Затоа на 15/28.11.1903 му се обратиле на Сарафов со кратко писмо. Во него, меѓу другото, стои: „Трипати нè излажа со тоа знаме. Ако сакаш да речеш дека не е така, ќе ти кажеме дека и ние сме од твојата сорта и го разбираме извртувањето. Ти чисто и просто сакаш да го задоволиш своето его. На знамето не му е местото во Софија. Предај им го на Матов и Татарчев за да ни го испратат при првата можност“.[20] Укажувањето дека на знамето не му е местото во Софија, туку во Македонија, претставува јасна манифестација на висока совест не само за припадноста на знамето, туку и кон сопственото минато, а уште повеќе кон иднината.

---

[16] Исто, 302.

[17] А. Лозанчевъ, Защо бѣхъ за въстание..., 8.

[18] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 267.

[19] Исто.

[20] ДАРМ, Македонско револуционерно минато, к. 1, ВМРО, а.е. 11.

Поаѓајќи од состојбата на теренот, Д. Груев и А. Лозанчев на 12/25 декември 1903 година го издале последното окружно од името на ГШ. Со него, ГШ објавува: 1. Прекинатото Востание ќе продолжи кога за тоа ќе настапат поволни услови; 2. Организацијата останува доследна на своите цели; 3. ГШ престанува да функционира, а раководењето со Округот се пренесува врз Окружниот комитет; 4. Горските началства престануваат да функционираат, а нивните ингеренции се враќаат на постојните раководни центри (со исклучок на реоните каде што тоа не е можно); 5. Во сила стапуваат Уставот и Правилникот на Организацијата од пред Востанието; и 6. Формирање на специјална инспекција за ревизија на Организацијата во Округот.[21] Со тоа, управувањето на Организацијата во Битолскиот округ е вратена во состојба од пред Востанието. Со тоа и формално завршила активноста и овластувањата на членовите на ГШ.

3. По Востанието, Организацијата се нашла на крстопат. Притоа, на површина избиле недостатоците на централистичкото управување. Поуките од Востанието неминовно воделе кон отворање на процесот на децентрализација во македонското ослободително движење. Главни протагонисти на таквата концепција биле кадрите кои биле критички настроени при носењето на одлуката за Востанието. Поразот на Востанието и тешките последици од него биле аргумент во нивни прилог. Оттука, периодот по Востанието па до Рилскиот конгрес (октомври 1905) е исполнет со бројни средби, советувања, околиски и окружни конгреси, при што главна тема било идното устројство на Организацијата.

Овие прашања биле отворени на советувањата во Софија кои започнале кон крајот на декември 1903 година и продолжиле до февруари 1904 година.[22] Од советувањата произлегла познатата „Директива за идното устројство на Организацијата“, со „Упатства кон Директивата“. Тие биле изработени од посебна комисија, во состав Димо Хаџи Димов, Димитар Мирасчиев и Димитар Стефанов.[23] Во првата одредба од „Директивата“ е нагласено дека „Востанието не треба да се предодредува и натура од оддел- ни личности“, туку „тоа треба да се диктира, главно, од внатреш-

[21] Глигор Тодоровски, Неколку нови документи од активноста на Внатрешната организација по Илинденското востание, ГИНИ, XV/3, Скопје 1971, 206–210.

[22] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 348-349.

[23] Димо Хаџи Димов, Одбрани дела, редактор Манол Пандевски, Скопје 1984, т. 1, 24.

ните услови на развојот на Организацијата“.[24] Во втората одредба од „Директивата“, се вели: „Во иднина, без да се определува моментот на Востанието, треба да се работи за закрепнување и засилување на Организацијата“.[25] Додека, пак, во Упатствата кон Директивата, решението на македонското прашање се гледа преку оформување на Македонија како самостојна политичка единица во рамките на една балканска федерација.[26] Со оглед на неформалниот карактер на советувањата во Софија, „Директивата“ нема сила на задолжителен документ. Независно од тоа, таа имала големо влијание врз натамошната ориентација и полемиките за идното устројство на Организацијата.

Во тој период, ЦК не покажал капацитет да го координира и раководи движењето. Неговата улога била маргинализирана уште во текот на Востанието. Ниту рекомпонираниот ЦК во почетокот на 1904 година не бил во состојба да одговори на потребите на времето, поради што во април 1904 година се самораспуштил. Оттогаш па до Рилскиот конгрес, Организацијата вегетирала без највисокиот раководен орган.[27] Од друга страна, во овој период се засилил окружниот партикуларизам, кој бил промовиран за време на Смилевскиот конгрес со формирањето на Главниот штаб за Битолскиот револуционерен округ.[28]

Во меѓувреме, задграничните претставници Христо Матов и Христо Татарчев узурпирале права кои не им припаѓале според Уставот и Правилникот. Тие, во договор со Димитар Стефанов, Димитар Мирасчиев и Ѓорѓи Поп Христов, ја лансирале идејата за формирање Привремен раководен центар со широки овластувања, во состав: Д. Груев, П. Тошев и Ѓ. Петров. Ова тело требало да игра улога на Централен комитет, а постојниот ЦК да се трансформира во Централно биро со подредена маргинална улога.[29] Привремениот раководен центар требало да егзистира до идниот општ конгрес.

Во тоа време, во Битола илегално престојувал и Ѓорче Петров. Тој стапил во контакт со Аце Дорев и Павел Христов и преку

[24] Исто, 212.

[25] Исто.

[26] Исто, 216–217.

[27] Види: В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 350–351.

[28] Димитар Димески, Македонската револуционерна организација по Илинден (во пресрет на окружните конгреси), Годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн. 19 (45), Скопје 1992, 83.

[29] Љ. Лапе, Документи за положбата во Македонија и во Организацијата во првата половина на 1904 година, ГИНИ V/2 Скопје 1961, 258–270.

нив се обидел да стапи во контакт со другите дејци.[30] Меѓутоа, Ѓ. Петров смета дека П. Христов и А. Лозанчев со знаење на Д. Груев смислено го држеле во изолација, индиректно ставајќи му до знаење дека можат и без него.[31] Лозанчев и П. Христов дури одбиле да се сретнат со Ѓорче во куќата каде што се прикривал. Поради тоа, Ѓорче речиси натрапено го посетил Лозанчев во куќата каде што се криел. Од оваа средба Ѓорче стекнал впечаток дека тие во него гледаат конкурент кој може да загрози нечија „шефовска“ позиција. Во меѓувреме, Ѓорче влегол во преписка со Груев, кој исто така ги избегнувал средбите со него. Како и да е, тогаш Ѓ. Петров ја исфрлил идејата: Груев да замине за Солунско и таму да ги преземе работите во свои раце, П. Тошев да отиде во Скопско, а самиот Ѓорче да остане во Битолско.[32] Според Ѓорче, оваа идеја била погрешно протолкувана, поради што се нашол во целосна изолација. Револтиран од тоа заминал за Прилеп, каде што подоцна се нашол и Пере Тошев.[33] Ѓорче забележува дека за време на неговиот престој во Битола, Д. Груев, А. Лозанчев и Павел Христов се прогласиле за членови на Окружниот комитет, без да се консултираат со него.[34]

Наспроти тврдењата на Ѓ. Петров дека Лозанчев избегнувал да се сретне со него, последниов во своите спомени, кои се запишани речиси една деценија по објавувањето на Спомените на Ѓорче, тоа го негира.[35] Притоа Лозанчев вели дека преку Аце Дорев му пишувал на Ѓорче да се сретнат, но дека Ѓорче и неговиот домаќин Мише Велков одбиле. Оттука, Лозанчев допушта дека тие биле подложени на манипулација од Д. Груев, кој настојувал да ја зачува организациската структура, што била подредена на неговата волја.[36] Сепак, Лозанчев вели дека до средба помеѓу него и Ѓ. Петров дошло по пристигањето на П. Тошев во градот. Покрај тоа, Лозанчев додава дека биле одржани неколку заеднички средби помеѓу него, Д. Груев, Ѓ. Петров и П. Тошев. Со оглед на фактот што Лозанчев тоа го пишува врз основа на Спомените на Ѓ. Петров, во кои прилично е засегнат, очигледно е дека настојува да се правда.

---

[30] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 203.

[31] Исто, 204.

[32] Исто.

[33] Исто.

[34] Исто, 205.

[35] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 267.

[36] Исто.

Од друга страна, Д. Мирчев, кој во тоа време во Битола се сретнал со Лозанчев, вели дека последниот му се пожалил од Ѓ. Петров, од кој се „криеше и тресеше поли од него“.[37]

По заминувањето на Ѓорче, кон крајот на декември 1903 година, Битолскиот окружен комитет ги разгледал иницијативите на Задграничното претставништво. На советувањата во врска со овие прашања, зеле учество: Даме Груев, Пере Тошев, Анастас Лозанчев, Павел Христов и Аце Дорев.[38] Тогаш, Битолскиот окружен комитет изразил незадоволство поради пасивноста на повеќе региони за време на Востанието и го осудил духот на децентрализацијата. Во поглед на предлозите од ЗП, Битолскиот окружен комитет ја прифатил идејата за општ конгрес во Македонија. Покрај тоа, ја прифатил „неопходноста за преустројство на ЦК“ кој требало да остане со седиште во Солун, додека потребата од подвижен Централен комитет била прифатлива откако ќе се формираат ревизорските чети. Што се однесува до ревизија на делата и сметките на Задграничното претставништво, на градските раководства, горските началства и на војводите, се предлага тие да се оставаат во надлежност на ЦК. Битолскиот окружен комитет категорично се изјаснил против иницијативата од српска страна за зближување и соработка. Во поглед на идната дејност на Организацијата, Битолскиот окружен комитет се изјаснил за „старата програма“ со засилени терористички дејства. Притоа сѐ уште размислувале за обновување на воените дејства напролет, но истовремено сметале дека во Битолскиот округ не постоеле услови за тоа.[39]

Кон крајот на декември, Д. Груев, П. Тошев и А. Лозанчев во Битола ги разгледувале тековните прашања, а Ѓ. Петров бил во Прилеп.[40] Во втората половина на јануари 1904 година, во Селце (Прилепско), дошло до средба меѓу Д. Груев, Ѓ. Петров и П. Тошев.[41] Дводневната средба минала во меѓусебни расправии и обвинувања, при што на површина испливале крупните разлики помеѓу Ѓ. Петров и Д. Груев.[42]

---

[37] Д. Мирчев, Спомени..., 168.

[38] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903 (Поглед низ документи)..., 483.

[39] Исто, 483-484.

[40] Исто, 484.

[41] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 204–205.

[42] Ѓ. Петров го обвинувал Груев како единствено одговорен за Востанието и дека го држел во изолација. Наспроти тоа, Д. Груев тврдел дека Ѓорче се самоизолирал, бидејќи се опкружил со опозиционо настроени луѓе и дека со тоа настојувал да прави политика (Даме Груев. Живот и дело..., I част, 268).

Во почетокот на март 1904 година, Битолскиот окружен комитет го коригирал својот став по прашањето за подвижен Централен комитет и се изјаснил за постојниот ЦК на чело со Христо Поп Коцев.[43] Очигледно, одлуките на Битолскиот окружен комитет биле под целосно влијание на авторитарниот Д. Груев, кој упорно настојувал за конзервирање на стариот централистички принцип во Организацијата. Наспроти него, А. Лозанчев се определил за децентрализација.[44]

Д. Груев, сметајќи дека ја осигурил својата позиција во Битолскиот округ, кон крајот на февруари заминал на обиколка во Солунско.[45] За време на неговото отсуство, во Битолскиот округ дошло до консолидација на реформски ориентираните сили. Меѓу нив „се појавило јако незадоволство од Дамевата тенденција да ја постави старата положба и да ги централизира работите во свои раце".[46] На тој начин, во отсуство на Груев, било иницирано одржување конгрес, на кој требало да се разгледа прашањето за идното уредување на Организацијата. Главни иницијатори за свикување на Конгресот биле Христо Узунов и Ѓорѓи Сугарев, кои биле поткрепени од Пере Тошев, а кон нив се придружил Ѓорѓи Поп Христов, кој штотуку пристигнал од Бугарија.[47]

Ѓорѓи Поп Христов по враќањето од Бугарија во с. Карамани се сретнал со Анастас Лозанчев, Ѓорѓи Сугарев, Христо Узунов и Павел Христов.[48] Притоа, изворно ги информирал за советувањата во Софија и за демократските струења во Организацијата, како и за тенденцијата на Б. Сарафов да се наметне како фактор во македонското движење. Тие, од своја страна, го запознале со состојбата во Округот и со заминувањето на Д. Груев во Солунско, како и со идејата за одржување Конгрес. На средбата, Лозанчев соопштил дека помеѓу него и Груев се влошени односите и дека тој бил отфрлен од последниов, поради што се откажал од работата и дека бил решен да замине за Бугарија. По ова, А. Лозанчев и П. Христов се вратиле за Битола, а Ѓ. Сугарев, Х. Узунов и Ѓ. Поп Христов заминале кон Прилепско, каде што било предвидено да се одржи Конгресот.[49]

---

[43] Љ. Лапе, Документи за положбата во Македонија..., 257.

[44] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 291.

[45] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 354.

[46] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 209.

[47] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 355–356.

[48] Революционните борби в Битолския окръг..., 85.

[49] Исто, 86.

А. Лозанчев вели дека на Конгресот не заминал, бидејќи страдал од силна главоболка.[50] Меѓутоа, неколку редови подолу во Спомените, додава дека кон крајот на април заминал со една новоформирана чета кон Смилево.[51] Оттука малку е чудно човек поради нарушено здравје во исто време да не отиде на Конгрес, туку да замине во илегала со чета. Според Ѓ. Петров, Анастас Лозанчев и Павел Христов не сакале да се појават на Конгресот, бидејќи сметале дека тој ќе биде насочен против нив, а згора на тоа наводно немале ниту согласност од Д. Груев,[52] кој исто така на почетокот се обидел да го опструира Конгресот, бидејќи не му бил пријатен.[53] Како и да било, факт е дека Лозанчев уште пред Конгресот, на средбата во Карамани, изјавил дека се повлекол од работата и дека има намера да замине за Бугарија.

4. Во меѓувреме, во пролетта на 1904 година, било отворено прашањето за амнестија на илегалните водачи на македонското револуционерно движење. Прашањето за амнестија произлегува од петтата точка во Мирцштегската програма за реформи.[54] Спомнатово прашање конкретно било уредено со турско-бугарскиот договор од 8 април 1904 година. Со него е предвидено со амнестијата да бидат опфатени сите осудени и оние затвореници чии дела сѐ уште не биле разгледани, кои на каков било начин зеле учество во револуционерната борба, како и на политичките затвореници. Од амнестијата биле изземени учесниците во Солунските атентати.[55] Амнестијата се однесувала и на оние кои од страв, или од други причини побегнале во Бугарија, или пак од други причини се криеле во внатрешноста на Империјата.[56] Спомнатава амнестија била прокламирана со султанско ираде, кое на 13 април 1904 година било објавено во вилаетските центри (Солун, Битола и Скопје) на турски, бугарски и српски јазик.[57]

Набрзо по објавувањето на ирадето, османлиските власти во Битолскиот вилает излегле со толкување дека амнестијата може да се прошири на сите одметнати „политички престапници“

---

[50] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 268.

[51] Исто.

[52] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 211.

[53] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 356–357.

[54] Документи за борбата на македонскиот народ..., т. 1, 420.

[55] Македонија во билатерални и мултилатерални договори на балканските држави 1861–1913, редакција и коментар д-р Михајло Миноски, Скопје 2000, 170.

[56] Г. Тодоровски, Македонското прашање и реформите во Македонија..., 170.

[57] Исто.

кои ќе се покаат и ќе престанат да бидат востаници. Тоа се однесува на водачите на Организацијата и на војводите кои по задушувањето на Востанието продолжиле да дејствуваат во илегала.[58] Односните лица, за да ја искористат амнестијата, требало да се пријават пред месните власти во најблиските градови во рок од 40 денови (почнувајќи од 13 април). Притоа требало да поминат низ специјална процедура за легализација, за да добијат соодветни документи врз основа на кои ќе може да се вратат по родните места. Амнестијата се однесувала за делата сторени до 13 април 1904 година. По истекот на рокот, тие што немало да се легализираат, останувале под прогон, во согласност со законите.[59]

Преку овој чин власта планирала да ги евидентира водачите на македонското револуционерно движење, а потоа да ги протера надвор од границите на османлиската држава.

Понудената можност во почетокот изгледа дека била примамлива за некои од водачите на движењето, или за членовите на нивните семејства. Бугарскиот трговски агент во Битола, Андреј Тошев, на 22 март (ст. стил) 1904 година, во извештајот до Григор Начович во Цариград, вели дека „неколцина шефови на Внатрешната организација, како Анастас Лозанчев, Ѓорѓи Сугарев, Пере Тошев, Дамјан Груев, Петар Ацев, Ѓорѓи Пешков, Михаил Чеков, Тане од Горничево и други“ преку своите роднини го консултирале дали постои опасност од нивно апсење, ѝ доколку се предадат на власта.[60] А. Тошев, бидејќи не го знаел ставот на власта, за совет се обратил кај бугарскиот дипломатски претставник во Цариград. Во врска со тоа прашање, рускиот конзул во Битола се консултирал со рускиот цивилен агент при генералниот инспектор, Н. Демерик. Според последниов, Хусеин Хилми-паша бил согласен амнестијата да ги опфати сите, но под определени услови.[61] Така, прикриените револуционери требало да ѝ се предадат на власта во местата каде што се криеле, да поднесат писмена гаранција за потчинетост (declaration de soumission), а потоа да бидат ескортирани до границата на државата, од каде

[58] Идејата за амнестија на оваа идеја на престапници била лансирана од цивилните агенти уште пред формалното прогласување на амнестијата. Оваа информација, бугарскиот трговски агент во Солун, А. Шопов, ја разгласил за да може илегалните водачи да ја искористат амнестијата (В. Китанов, Принос към дипломатическата история ..., 115).

[59] Г. Тодоровски, Македонското прашање и реформите во Македонија..., 171.

[60] В. Китанов, Принос към дипломатическата история..., 125; Даме Груев. Живот и дело..., II част, 620.

[61] Даме Груев. Живот и дело..., II част, 621.

што не ќе можат да се вратат во границите на Империјата без специјална дозвола од власта. А. Тошев, сомневајќи се дека таквите услови ќе бидат прифатени од „востаничките шефови“, решил да не ги информира за условите додека не добие инструкции од Начович. Покрај тоа, А. Тошев смета дека условот за предавање на водачите во местата каде што се наоѓале претставува стапица, која безусловно треба да се отфрли. Несомнено, А. Тошев е во право, бидејќи на овој начин власта планирала да ги открие базите на Организацијата. Во исто време, А. Тошев смета дека „шефовите“ на Организацијата, од своја страна, ќе поставаат услови кои власта сигурно ќе ги отфрли.[62]

Во текот на оваа иницијатива, А. Лозанчев, или членови од неговото семејство, одржувале контакти со А. Тошев. Еден ден пред испраќањето на извештајот до Начович, поточно на 4/17.04. 1904, А. Тошев добил писмо од Лозанчев.[63] Според А. Тошев, писмото било „еден вид ултиматум“, според кое можело да се суди и за намерите на „внатрешните македонски шефови, како и за нивните аспирации“. Имајќи го предвид изнесеното во писмото, А. Тошев забележува дека тие луѓе „не можат да излезат од магичниот круг во којшто од одамна се вртат, за најпосле да разберат, дека сѐ што се посакува, не е така лесно остварливо“.[64]

Во спомнатово писмо, А. Лозанчев пишува дека смирувањето на земјата и спроведувањето на реформите е можно при следниве услови: 1. Ослободување на политичките затвореници што се наоѓаат во земјата, но и на оние што се на заточение; 2. Ослободување на затворениците осудени „за крв“, доколку престапот е од политички побуди; 3. Ослободување на затворениците за национални прашања, дури и кога е извршено убиство; 4. Амнестија на востаниците и четниците што извршиле разни престапи од приватен карактер, како и на побегнатите од битолскиот затвор; 5. Полна и безусловна амнестија на сите востаници и емигранти. (Во забелешката кон ова, Лозанчев додава дека под безусловна амнестија подразбира исклучување на сите процедури, како изјави, заклетви, предавање на оружје и сл.); и 6. Амнестираните да бидат под заштита на странските агенти. Турската влада да не може да ги испраќа по родните места, или да им прави какви било ограничувања.[65]

---

[62] Исто, 621-622.

[63] В. Китанов, Принос към дипломатическата история ..., 162.

[64] Исто.

[65] Исто, 162–163.

Во меѓувреме, додека се преговарало за условите, власта редовно ги прогонувала четите, а тоа ја зголемило недовербата кај војводите во искреноста на намерите. Всушност, со тоа властите настојувале да добијат во време и со помош на грчките шпиони да фатат повеќе четници и војводи, потоа за да се правдаат дека тие не подлежат на амнестија, бидејќи не се предале во предвидениот рок. Токму тогаш бил фатен и затворен Александар Турунџев.[66]

Прашањето за амнестија на нелегалните водачи било предмет на дискусија и на средбата на бугарскиот трговски агент со битолскиот валија на 8/21 април 1904 година.[67] Тогаш валијата побарал А. Тошев да ги посочи имињата на „шефовите и четниците" кои сакале да се предадат. Притоа му посочил една телеграма од Истанбул, во која биле наведени имињата на Анастас Лозанчев, Даме Груев, Ѓорѓи Сугарев, Ѓорѓи Пешков и Петар Ацев, кои наводно сакале да се предадат.[68] А. Тошев смета дека со оваа стапица властите настојувале да го направат посредник помеѓу шефовите на Организацијата од една, и османлиските власти од друга страна. Затоа А. Тошев одговорил дека тоа не било негова работа, но сепак додал дека спомнативе лица треба да се амнестираат со специјална објава со јасно дефинирани услови. Тоа било неопходно, бидејќи меѓу условите од страна на Хилми-паша и зборовите на битолскиот валија постоела противречност. Така, наспроти објаснувањата од Хилми-паша, валијата истакнал дека амнестијата била општа и дека од амнестираните зависи дали ќе останат во Македонија, или ќе заминат за Бугарија.[69] Оттука А. Тошев смета дека прашањето требало да се уреди во Истанбул за да не дојде до недоразбирања, какви што биле иницирани од Балканската телеграфска агенција, која објавила дека А. Лозанчев, Д. Груев и Ѓ. Сугарев, наводно сакале да се предадат.[70]

Во извештајот од 9/22 април, А. Тошев нагласува дека освен писмото од Лозанчев, до него не се обратил никој од шефовите на Организацијата и од четниците за каков било совет или барање за амнестија.[71]

---

[66] Исто, 165.

[67] Исто, 169.

[68] Исто.

[69] Исто.

[70] Исто, 170.

[71] Исто.

Австроунгарскиот конзул во Битола, Аугуст Крал, во извештајот од 22 април 1904 година, информира дека според „компетентни извори“ разбрал дека „шефовите како Груев“ воопшто не мислеле на доброволно предавање. Тие отворено изјавувале дека „можат да ја напуштат земјата кога сакаат, без содејство на Турците“.[72] А. Крал притоа додава дека предавање му било дозволено единствено на поранешниот член на Главниот штаб – Анастас Лозанчев, поради болест.[73]

Од изложеново евидентно е дека откако била прогласена амнестијата, Анастас Лозанчев се обидел да размислува на таа тема, меѓутоа, условите под кои требало да се спроведе му изгледале крајно понижувачки, поради што се откажал од намерата и отишол со чета в планина, со намера да замине за Бугарија.

5. Кон крајот на април 1904 година, Анастас Лозанчев со мала чета заминал кон Смилево.[74] Таму, во првата половина на мај, за време на една попладневна почивка, додека спиел, бил каснат на челото од нешто отровно (змија, можеби скорпија, или друго). Тогаш Лозанчев потекол во лицето и често паѓал во бесознание, поради што не бил во состојба да се движи. Одговорноста за неговото преживување ја презеле луѓето од четата и околните села. Тие, кога на раце, кога на грб, или натоварен на добиток, го префрлале од место до место. Понекогаш го оставале скриен в шума по 4–5 денови на исто место. За оваа состојба, Лозанчев во Спомените вели: „За мене се грижеле, ме хранеле и поеле оние за кои придонесов: да им ги изгорат куќите, да им ги ограбат покуќнината и добитокот... да дадат скапи човечки жртви“.[75] Откако заздравел, Лозанчев се префрлил во регионот на Дримкол околу селата Луково и Нерези, каде што останал околу 1,5 месец. Оттаму, заедно со Марко Павлов, преку Албанија тргнале на долг пат за Бугарија.

При патувањето низ Албанија се претставувале како мајстори-ѕидари, поради што понекогаш требало да мешаат и малтер. Во Мирдита, Лозанчев се сретнал со Марко Џони, кој минувал за еден од највлијателните луѓе помеѓу католиците во Албанија. Со него Лозанчев разговарал за заедничка борба против Турците, меѓутоа М. Џони не бил подготвен да прифати таков пред-

[72] Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници..., 173-174.

[73] Исто, 174.

[74] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 268.

[75] Исто. 269.

лог.[76] Минувајќи покрај Скадар, Лозанчев стасал на црногорска територија во Улцињ. Оттаму отишол во Цетиње, каде што стапил во контакт со бугарскиот дипломатски претставник Димитар Ризов. Тој го обезбедил со бугарски пасош на име Насто Димов.[77] Тогаш Лозанчев и Д. Ризов разговарале за македонските работи. За содржината на разговорот и советите што ги дал Ризов, Лозанчев од Цетиње со писмо го информирал Битолскиот окружен комитет.[78] Оттаму му пишувал и на Христо Узунов.[79]

Откако се обезбедил со пасош, А. Лозанчев заминал за Котор, од каде што со брод отпатувал за Риека. Оттаму отишол за Опатија, за да се сретне со П. Миљуков (руски историчар, публицист и политичар) кој претходно пропатувал низ Македонија. Најверојатно средбата со П. Миљуков била режирана од Д. Ризов уште во Цетиње.[80] Според Лозанчев, тогаш Миљуков во врска со ситуацијата во Македонија му рекол: „Станало што станало, сега да се грижиме да ги искористиме дадените реформи и да се обидеме да не ги повториме опасните обиди“.[81] Од Опатија, Лозанчев повторно се вратил во Риека, од каде што со воз заминал за Загреб и преку Белград и Ниш, кон крајот на септември, или почетокот на октомври 1904 година, стасал во Софија.[82]

6. Во последната деценија на XIX век, бугарската престолнина станала главно сврталиште на македонските револуционери. Нивниот број во Софија особено се зголемил по неуспешното Илинденско востание. Тогаш Софија прераснала во своевиден надворешен центар на македонското револуционерно движење. Потребата од такви центри е логична и неизбежна за сите

---

[76] Исто.

[77] Исто.

[78] Исто, 280. Писмо било адресирано до американката Мис Кол – директорка на американското женско училиште во Битола.

[79] Исто, 125.

[80] На таков заклучок упатува фактот што Лозанчев по враќањето во Софија во писмата до Д. Ризов во три писма информира за пристигањето на Миљуков во бугарската престолнина и за двете нивни средби (Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 274 и 280; Даме Груев. Живот и дело..., II част, 682.

[81] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 269.

[82] А. Лозанчев во Спомените погрешно вели дека во Софија стасал околу 20 октомври (Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 269). Меѓутоа, според едно писмо од Задграничното претставништво од 26 септември (ст. стил) 1904 година, се гледа дека А. Лозанчев бил назначен да ги заведува материјалите на местото на Д. Мирасчиев. Види: Д-р Христо Татарчев. Спомени, документи, материали..., 305; Архив Христо Матов ..., 208.

илегални ослободителни движења кои имаат потреба од надворешна логистика. Меѓутоа, историјата потврди дека Софија со својата тенденција за контрола врз македонското движење и негово канализирање според потребите на бугарските интереси во Македонија, наместо логистичка, одиграла деструктивна улога.

Во тоа време полемиките и поларизацијата во македонското ослободително движење, кои започнале по Илинденското востание по прашањето за идното управување на Организацијата, се продлабочиле. Како последица на тоа продолжило фрагментирањето и прегрупирањето на силите. Притоа, наводните заложби за излез од кризата ги преминале границите на конструктивен дијалог и судир на мислења и преминале во отворени лични конфронтации. Водечките личности на Организацијата, наместо во потрага по конструктивни решенија за излез од кризата, се впуштиле по сојузници и приврзаници за наметнување на сопствените ставови и влијанија. Со тоа јазот се продлабочувал, а меѓусебните критики и судири се заостриле.

Во таков амбиент, во октомври 1904 година, во Софија пристигнал Анастас Лозанчев. Треба да имаме предвид дека тогаш Лозанчев бил истоштен, истовремено загрижен поради семејството во Битола, а згора на тоа со голем психолошки товар поради критиките за Илинденското востание, како и со многу чемер кон Даме Груев.

На 26 септември (ст. стил) 1904 година, Христо Матов и Христо Татарчев го информирале Марко Секулички (пунктов началник во Ќустендил), дека наместо Д. Мирасчиев, материјалите на Претставништвото во иднина ќе ги заведува А. Лозанчев и дека по негова заповед ќе бидат испраќани во внатрешноста.[83] Всушност, Лозанчев бил задолжен да го заведува оружјето и другите материјали на Организацијата во складовите околу Софија и во пограничните пунктови, како и да се грижи за опремување и испраќање на четите во Македонија.[84] За извршувањето на оваа должност, А. Лозанчев добивал скромен финансиски надомест од Задграничното претставништво.[85] Ангажманот во Задграничното претставништво му дало можност на А. Лозанчев одблизу да ги следи состојбите во македонското револуционерно движење и да ги обнови контактите со повеќе дејци од внатрешноста. Сето тоа

[83] Архив Христо Матов..., 208.

[84] Даме Груев. Живот и дело, (сборник) част II..., 683.

[85] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 303.

му овозможило за брзо време да ја согледа состојбата во македонското револуционерно движење, која според него била поразителна.

По пристигнувањето во Софија, А. Лозанчев на двапати се сретнал со П. Миљуков, со кој претходно имал средба во Опатија.[86] Содржината од нивните разговори не е позната.

А. Лозанчев од Софија стапил во контакт и со бугарскиот дипломатски претставник во Цетиње – Димитар Ризов. Во првото писмо, кое не е датирано, Лозанчев го известува Д. Ризов дека му го испраќа Мемоарот на Внатрешната организацијата, за кој вели дека не знае каков впечаток ќе предизвика во светот, но претпоставува дека ќе ги зголеми поделбите во Организацијата, кои и така биле големи.[87] Во врска со ситуацијата во македонското движење, Лозанчев пишува: „најголеми непријатели на македонското дело се оние кои се величаат како најголеми негови пријатели, и ако тоа некогаш може да се сосипе, тоа не ќе биде од неговите непријатели, какви што се Турците, Грците, Србите и сл., туку од самите ’негови пријатели’. Тоа го знаев отпорано, но со моето седење овде, сето тоа станува очигледно“.[88] Во продолжение, Лозанчев пишува дека сета сила на Организацијата пред Востанието лежела во четите. Меѓутоа, по Востанието, била дадена широка самоуправа, наспроти дотогашната централизација, која била злоупотребувана од мнозина, за да може да дојдат до израз личните иницијативи и населението да се потпре врз своите сили при евентуално второ разнебитување.

Во врска со прифатената децентрализација, Лозанчев пишува: „Сето тоа би имало добри резултати, но благодарение на поделбите кои владеат насекаде, којзнае кога, и дали ќе успее да се среди нешто. Сега засега сѐ се крепи без ред, без врска“.[89] Според Лозанчев, за таквата состојба во висок степен влијаела и големата беспарица во која се нашло Задграничното претставништво, бидејќи бугарската влада им помагала на другите. Лозанчев во Софија лично го согледал однесувањето на бугарските фактори и тамошната јавност кон македонското ослободително дело. Во врска со тоа, пишува: „Забележувам една страшна апатија кон македонското дело, како општо, меѓу населението, така и во пе-

---

[86] Исто, 274; 280; Даме Груев. Живот и дело, (сборник) част II..., 682.

[87] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 274.

[88] Исто.

[89] Исто.

чатот. Како сите да се плашат, да не би покрај Македонија, да ја загубат Бугарија“.[90]



Факсимил од писмото на Лозанчев до Димитар Ризов

Во второто писмо, кое исто така не е датирано, Лозанчев го информира Д. Ризов за запленетите писма од османлиската власт кај Славка Чакарова, при што наводно било запленето и писмото што тој го испратил од Цетиње, во кое станувало збор за неговиот разговор со Д. Ризов.[91] Покрај тоа, Лозанчев го известува

[90] Исто.

[91] Исто, 280.

за активноста на грчките и на српските чети во Македонија и нивните судири со четите на Организацијата. На крајот, го информира дека го очекува излегувањето на француското издание на Мемоарот на Внатрешната организација за да му го испрати.[92]

На 23 октомври/4 ноември 1904 година, Лозанчев му пишува на Д. Ризов дека не било фатено писмото што го испратил од Цетиње, туку друго писмо што тој го испратил од Софија, во кое името на Ризов било малку инволвирано.[93] Со ова писмо, Лозанчев го информира Ризов за пленувањето на Д. Груев од страна на просрпскиот војвода Мицко.[94] Поради овој настан, Лозанчев вели: „Јас лично го осудувам Даме". Поаѓајќи од личната аверзија кон Д. Груев, а имајќи ја предвид неговата популарност, Лозанчев на адреса на Груев пишува: „Да воздигаме Богови само кога ги нема во светот, инаку грешиме, зашто нема да им го знаеме нивниот крај, и второ, бидејќи кај нив се раѓа силна амбиција – секако штетна за делото. Кој сака да разбере, нека разбере".[95] Од цитираниве редови се гледа големо нетрпение на Лозанчев кон Д. Груев.

На 27 октомври (ст. стил) 1904 година, Битолскиот окружен комитет со писмо го информира Лозанчев за некои подробности околу заложништвото на Груев и неговото заминување кон Скопје, каде што требало да биде ослободен.[96] Мистериозното заложништво на Д. Груев кај Мицко е предмет и во писмото на Лозанчев до Ризов од 10/23 декември 1904 година.[97] Меѓутоа, овојпат Лозанчев се воздржал од коментар.[98]

---

[92] Исто.

[93] Даме Груев. Живот и дело, (сборник) част II..., 682.

[94] Ванчо Ѓорѓиев, Заложништовото на Даме Груев кај просрпскиот војвода Мицко, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, книга 69, Скопје 2010, 333–347.

[95] Даме Груев. Живот и дело (сборник), част II ..., 682.

[96] Во истото писмо, Битолскиот окружен комитет го информира Лозанчев за спогодбата на Сарафов со Србите, од кои зел 100 000 лева. Наводно според спогодбата, чиј текст никој не го видел, Сарафов од името на Комитетот се обврзал дека ќе работи за автономија на Македонија, а не за присоединување кон Бугарија. Битолскиот комитет бара Лозанчев да го побара текстот од спогодбата и да им достави препис: Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 307.

[97] Даме Груев. Живот и дело (сборник), част II..., 686.

[98] Заложништвото на Д. Груев кај Мицко, А. Лозанчев ќе го злоупотреби на еден крајно некоректен начин во еден текст од декември 1943 година, со тенденција да ги девалвира неговата личност и улога во македонското револуционерно движење. Види: Даме Груев. Живот и дело (сборник) I, 293–306.

Кон крајот на ноември 1904 година, Д. Груев пристигнал во Софија.[99] При првата средба во просториите на Задграничното претставништво, А. Лозанчев отворено го излеал своето нетрпение кон Д. Груев. Тогаш, Лозанчев пред Христо Матов и Христо Татарчев се впуштил кон Груев со навредливи зборови,[100] при што дошло до отворен конфликт, па дури се разлетале и столовите во канцеларијата.[101] Инцидентот бил предизвикан од А. Лозанчев. На тоа упатуваат и следниве зборови од неговите спомени: „Христо Матов, со кого бев интимно близок..., знаеше дека таквата сцена е неизбежна при првата наша средба и го знаеше мојот карактер, но не се обиде да ме разубеди да не го правам тоа, уште повеќе што тој го знаеше и личниот карактер на Дамета“.[102]

По овој инцидент, престанале сите контакти помеѓу Д. Груев и А. Лозанчев.[103] Според К. Прличев, „озлобеноста и злопамтењето на Лозанчев беа толку силни“,[104] што тој пишувал во Битола против Груев, со што индиректно ја поддржал кампањата на Б. Сарафов.[105] На тој начин Лозанчев, кој толку многу зборува против поделбите во македонското ослободително движење, со своите импулсивни реакции придонел за нивно продлабочување.

За состојбите во македонското револуционерно движење во Софија, непосредно пред пристигањето на Д. Груев, А. Лозанчев опширно му пишува на Ѓорѓи Сугарев во писмото од 4/17 ноември 1904 година.[106] Во него, меѓу другото, вели: „Тука е еден хаос, од кој јас ништо не разбирам. Им велам на македонствувач-

[99] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 385.

[100] Во врска со овој инцидент, Лозанчев пишува дека тој на Груев му се впуштил со зборовите: „Ти, што сите ги обвинуваш за слабост, не можеше ли да се помочаш и да се удавиш во својата мочка, наместо да му се предадеш на Мицко (Даме Груев. Живот и дело (сборник), част I, 305.

[101] Лозанчев во врска со тоа вели дека откако тој го навредил Груев, последниов тргнал кон него, но тој како повешт го фатил за брадата и здраво го растресол (Даме Груев. Живот и дело, сборник, част I,... 305). Според Кирил Прличев, тогаш заемно биле разменети неколку непристојни зборови, при што се разлетале столовите во канцеларијата (36 години във ВМРО..., 77).

[102] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 304.

[103] Во едно писмо до Петар Ацев од почетокот на 1905 година, А. Лозанчев вели дека Д. Груев му пишувал за некои потреби во Битолско, но дека тој не се среќавал со него, при што за работите за кои била неопходна и согласноста од Даме, дознавал од трети лица. (Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 120).

[104] 36 години във ВМРО..., 77.

[105] Исто, 77–78.

[106] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 283.

ките овде, дали јас сум луд, или сите околу мене полуделе? Нивна карактеристика – недоразбирање, гонење, пцуење, безначалство, егоизам, разврат, каприци, расцепи, грабежи, расипништво и слично на тоа... Денешниот пријател, утре ти станува голем непријател и обратно. Нашето претставништво овде, благодарение на внатрешниот хаос, на нивната разлабавеност, на разните теченија кои одат во спротивност едно на друго, благодарение на тоа што сите грешки од внатрешноста им ги препишуваат ним, па и тоа не е лишено од такви, и благодарение на илјада други причини, изгубило секаков авторитет. Тие, кои божем ја крепат внатрешноста, се на една страна, Цончевци на друга, Сарафов на трета. Чернопеев и компанија на четврта. Во општеството гледам една апатија, па дури и гнасење од делото. Јас само се јадосувам“.[107] Во продолжение, Лозанчев пишува дека не успеал да дознае ништо за договорите на Сарафов со Србија, но притоа додава „никој не троши како него (Сарафов, б.н.) пари, а од каде ги зема?“. Имајќи ја предвид севкупната ситуација сред македонските дејци во Софија, Лозанчев пишува: „Софија од многу причини е неопходна за делото, но без едно прочистување на сето тоа што е пречка за добриот развој на делото, таа не само што не е корисна, туку е и многу штетна“. Лекот за ваквата состојба Лозанчев го гледа во избор на едно коалиционо задгранично претставништво од најмалку 5-6 души од сите теченија, но притоа да се изостават Матов, Татарчев, Сарафов, Цончев и Ѓ. Петров. Како можни кандидати за тоа, Лозанчев ги предлага: Д. Стефанов, И. Гарванов, А. Протогеров, В. Чекаларов и Х. Поп Коцев. Според Лозанчев, новото претставништво требало да пресече со нож со сите што ќе мрдаат настрана, бидејќи тоа било закономерен пат низ кој поминале сите револуции, „што е една неопходност и за нашата“.[108] Секако, овој предлог на Лозанчев е последица на дискусиите од 14/27 октомври 1904 година, на кои учествувале: Христо Матов, Михаил Герџиков, Иван Гарванов, Христо Татарчев, Христо Стојанов, Ѓорче Петров, Димитар Стефанов, Сава Михајлов, Димитар Мирчев, Петар Поп Арсов, Христо Поп Коцев и Кирил Прличев.[109] А. Лозанчев, иако не учествувал во овие дискусии, бил информиран за нивниот тек и врз основа на тоа нуди предлог, за кој бара поддршка од внатрешноста преку Ѓорѓи Сугарев.

---

[107] Исто.

[108] Исто.

[109] За протоколот од овие дискусии, види: 36 години във ВМРО..., 401–403; Архив Христо Матов..., 213–215.



Факсимил од писмото на Лозанчев до Ѓорѓи Сугарев

Во меѓувреме, А. Лозанчев презел чекори за прибирање на сопругата Параскева во Софија. Како резултат на тоа, Д. Робев на 7/20 декември 1904 година му пишува на Лозанчев, дека по инсистирање на австро-унгарскиот цивилен агент – Фон Милер, генералниот инспектор Хусеин Хилми-паша дозволил Параскева да замине во Софија и дека се очекувало издавање на потребното тескере (патна исправа).[110]

[110] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 285.

Во меѓувреме, состојбата меѓу македонските дејци во Софија и понатаму се усложнувала. Во врска со тоа, А. Лозанчев на 10/23 декември до Д. Ризов пишува: „Овде работите по делото одат лошо и не верувам дека наскоро може да се оправат. Претставниците, притиснати од сите страни, си даваат оставка. Работите ќе ги водат само до нова година. Хаос сега, поголем хаос, сетне. Сарафовци, Цончевци и сите кои можат и коишто сакаат, дејствуваат на своја глава. Овде колку глави, толку партии и теченија. Сите се свесни дека не е добро, но кога ќе настапи отрезнување – јас не знам. Владата лови риби во сегашното матно време и ако работите не се средат, ќе се простиме од независноста на Организацијата. А Организацијата ќе биде силна, додека е независна... Продавањето на владата сега изгледа евтино, но кога ќе настапи време да се продаваат војводи и началници на Србите и на другите непријатели, како што беше едно време со даскалите, тогаш јасно ќе ја видиме целата раскапаница. Работите внатре не одат лошо. Ако не беше развратот кој се внесува оттука, и ако имавме подобри началници, ќе имавме чудо. Ние чисто и едноставно треба да му се клањаме на тој народ во кого до вчера сите, па и ние ги гледавме само негативните квалитети“.[111] Во продолжение на писмото Лозанчев додава дека моментално ги заведува материјалите по складовите, но дека не знае што ќе прави потоа. Оттука пред него се отвора дилемата: „Да влегувам внатре не можам, зашто и овде со зорт ја терам. Да го поминувам овдешниот шумен живот по кафеаните и шантаните, и тоа не е во мојот карактер. Да бездејствувам и да се движам во хаосот само со моето македонствување, и тоа нема да го правам. Кој пат да го фатам, и јас не знам“.[112]

По една седмица, задграничните претставници Х. Матов и Х. Татарчев, ги информирале пунктовите началници дека од 1/14 јануари престануваат да ја исполнуваат должноста.[113] Притоа, ги задолжиле пунктовите началници да ги соберат неопходните информации за пополнување на документацијата на Претставништвото. За таа цел била формирана и специјална комисија, во која влегле Евстатиј Шкориев и Кирил Прличев.[114] По десетина денови, Х. Матов и Х. Татарчев (веќе во оставка), издале уште една инструкција со која ја појаснуваат улогата и задачите на пунктовите началници, особено при приемот и испраќањето на четите.

---

[111] Даме Груев. Живот и дело, (сборник) част II..., 686.

[112] Исто.

[113] Д-р Христо Татарчев. Спомени, документи, материали..., 314.

[114] Исто, 315.

Притоа, во првата точка е нагласено дека за распоредување на четите и за издавање на материјали од складовите во Дупница и Ќустендил е надлежен Лозанчев,[115] Додека во петтата точка изречно се вели дека оружје не треба да се издава никому без заповед од Лозанчев.[116]

Состојбите во Организацијата по повлекувањето на задграничните претставници, Лозанчев ги опишува во писмото до Христо Узунов од крајот на 1904 година. Во него, меѓу другото, вели: „Овде владее полно расцепување, раскапаница. Колку глави, толку учење, толку насоки по работите“. Според Лозанчев, причините за повлекувањето на задграничните претставници се: 1. Внатрешната разнебитеност, поради што немало на што да се потпрат; 2. Слабоста во нивните карактери; 3. Зашто им дозволиле на Чернопеев и Сандански, а со тоа и на Д. Стефанов и М. Герџиков, да им се качат на главите; 4. Бидејќи откако го воздигнале Б. Сарафов, посакале да го отфрлат; 6. Поради финансиската криза и отсуството на добар домаќин станеле непопуларни. Во продолжение на писмото, Лозанчев пишува: „Сарафов ги потера работите под свое знаме, како никогаш досега. Цончевци и Сарафовци се помагани од владата. (Сарафов, б.н.) испраќа внатре чети, насекаде си поставува мрежа од добри, но и од непогодни сили. Воопшто, тој прави сè за да ја издигне својата личност, а тоа ќе го постигне при овој подем на работите. Отстранет, каков што е сега, јас го гледам за поопасен, отколку ако беше блиску околу нашите и покрај сите негови гревови, гревови од кој не е лишен ниту еден деец – големец. Сите мои настојувања да се дојде до едно разбирање, останаа јалови“. Поради сето тоа, Лозанчев пишува: „Јас се нервирам кога го гледам овој гидиш, дотолку повеќе бидејќи ги гледам опасните последици, кои неизбежно ќе го засегнат делото. Неоправдано со ништо, овде во општеството по македонското прашање владее една анархија; а повеќе ќе погодам ако кажам: општеството се плаши од македонското прашање. Софија не е за мене и за секој што гледа како мене. Подалеку од овој шумен живот, од овој разврат, според мене, кој го поминуваат нашите луѓе овде. Јас се надевам да најдам спокојство во работата“.[117]

---

[115] Исто, 317.

[116] Вътрешната македоно-одринска революционна организация (1893–1919), Документи на Централните ръководни органи, съставителство: Цочо Билярски и Ива Бурилкова, т. 1, част, 1, София 2007, 441–442.

[117] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 125.



Факсимил од писмото на Лозанчев до Христо Узунов

Информациите што ги изнесува Лозанчев за општата состојба и поделбите во македонското револуционерно движење, како и неговите предупредувања за последиците од тоа, се апсолутно точни, а можеби и најсликовити. Се чини дека Лозанчев во овој период не зел страна. Така, според српскиот дипломатски

претставник во Софија – С. Симиќ, во декември 1904 година во македонското движење постоеле следниве групации: една околу Б. Сарафов кон која клонеле Ѓ. Петров, В. Чекаларов, Апостол Димитров и други; друга околу Х. Татарчев и Х. Матов; трета околу Д. Груев, која наводно „имала најмногу релации со работниците од внатрешноста и настојувала да влијае смирувачки"; а четвртата била анархистичка, кон која припаѓале: Петар Поп Арсов, М. Герџиков, Васил Пасков, Д. Мирасчиев и други, групирани околу весникот „Революционерен лист".[118] Меѓутоа, веќе во извештајот од март 1905 година, Симиќ информира дека како одговор на компромисот што во меѓувреме го направил Д. Груев со И. Гарванов и И. Црнчев, на другата страна дошло до приближување меѓу Б. Сарафов, Ѓ. Петров, П. Тошев и А. Лозанчев.[119]

Причината за таквата ориентација на А. Лозанчев треба да ја бараме во одлуките од Скопскиот окружен конгрес од крајот на јануари 1905 година.[120] На спомнатиов Конгрес И. Гарванов бил избран за задграничен претставник за Скопскиот округ, а Д. Груев бил поканет за претседател на Округот.[121] Изборот на свој задграничен претставник не само што го потврдува пројавениот сепаратизам во Скопскиот округ, туку во исто време го потврдува и продлабочувањето на јазот во Организацијата. Интересно е тоа што Д. Груев набрзо почнал да им го препорачува И. Гарванов на Битолскиот и Солунскиот округ, иако во случајот тој бил акредитиран само за Скопскиот округ.[122]

Во врска со изборот на И. Гарванов за задграничен претставник на Скопскиот округ, А. Лозанчев до Петар Ацев пишува дека „потфатот е добар, но приватни претставници за секој округ е непрактично и речиси невозможно".[123] Подолу во писмото, Лозанчев додава: „Работата што јас ја извршував до испраќањето на Кочо (Лерински, б.н.) како заведувач на материјалите овде во пограничните пунктови, треба да биде наложена на одговорен претставник, а не на приватно лице...".[124]

[118] Блаже Ристовски, Даме Груев во извештаите на српскиот дипломатски застапник во Софија во 1905 година, Зб. Даме Груев 1871–1906 (истражување и материјали), Битола 1981, 46–47.

[119] Исто, 47.

[120] Види: Димитар Димески, Конгресот на Скопскиот округ на МРО (јануари 1905 година), Историја, XXVIII/1–2, Скопје 1992, 63–71.

[121] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 402.

[122] Исто, 402–403.

[123] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 120.

[124] Исто.

Според К. Прличев, А. Лозанчев, кој бил озлобен на Д. Груев, пишувал против него во Битола, со што индиректно ја поткрепил кандидатурата на Б. Сарафов.[125] Кон ова треба да се додаде и препораката на Груев за издавање полномоштво од страна на Битолскиот округ на И. Гарванов за да се грижи тој за прифаќање и издршка на луѓето од округот на територијата на Бугарија до конституирањето на официјално задгранично претставништво.[126]

Во меѓувреме, течел процесот за избор на делегати за идниот Општ конгрес на Организацијата. Анастас Лозанчев бил еден од кандидатите на листа на Битолскиот округ. Во врска со тоа, Михаил Рани на 28 јули (ст. стил) 1905 година го известува Лозанчев, дека не бил избран бидејќи „тебе не те сакаат“, а наспроти тоа, Б. Сарафов бил избран благодарение на поткупот и шпекулациите за време на изборите.[127] Веднаш потоа, Битолскиот окружен комитет издал едно Окружно со кое објавува дека за свој задграничен претставник го избрале Б. Сарафов и дека му го одзема мандатот на И. Гарванов, бидејќи полномоштвото за него било издадено со злоупотреба на службената должност од страна на архиварот на Окружниот комитет.[128] Според Х. Цавела, зад овој удар против И. Гарванов стоел А. Лозанчев, кој сакал да му се одмазди за лажните ветувања на Солунскиот конгрес од 1903 година.[129]

Анастас Лозанчев, притиснат од семејните проблеми, а од друга страна разочаран од севкупните состојби во македонското ослободително движење во кое не успеал да се наметне, постепено почнал да се повлекува. Во изворната документација, неговото име како домаќин на Претставништвото, за последен пат се среќава во едно писмо на К. Прличев од април 1905 година.[130]

---

[125] 36 години във ВМРО..., 77–78.

[126] Исто, 415; Даме Груев. Живот и дело, (сборник) част II ..., 702–703.

[127] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 319. Лозанчев во Спомените вели дека од Битолскиот окружен комитет бил избран за негов претставник во Софија, а на Рилскиот конгрес бил избран за задграничен претставник на Организацијата, но дека ги одбил двата избора (Исто, 303). Меѓутоа, информациите од официјалната документација се во спротивност со тоа што го вели Лозанчев. Така, на пример, М. Рани на 28 јули на Лозанчев му пишува дека тој не бил избран, бидејќи „не го сакале“, додека на Рилскиот конгрес неговото име не се среќава во ниедна комбинација за што било.

[128] Исто, 28.

[129] Исто, 29.

[130] 36 години във ВМРО..., 405.

По пристигнувањето во Софија, Лозанчев во почетокот живеел на товар на својот вујко Лазар Тасев.[131] Бидејќи со скромниот финансиски надомест што го добивал од Задграничното претставништво одвај успевал да го обезбеди својот опстанок, а камоли и семејството, Лозанчев почнал да шие патрондаши, чанти, колани, навлаки за револвери и слична опрема за потребите на четниците и војводите.[132] Овој занает набрзина го научил од својот вујко, кој бил сарач по занимање. Самиот Лозанчев вели дека од ова заработувал два-три пати повеќе, за разлика од она што го добивал како надомест од Задграничното претставништво. Ваквата преориентација на Лозанчев само ја потврдува неговата работливост, претприемливост и осет за профит.

Во меѓувреме, за да биде подалеку од сите што го „дразнеле и нервирале", прифатил чиновничка служба во Софија, а подоцна заминал на државна служба во с. Белово (подоцна Земен).[133] Од постојните извори не успеавме да утврдиме кога Лозанчев заминал за Белово, но од достапната кореспонденција се гледа дека до крајот на 1905 година сè уште живеел во Софија.[134]

Во средината на 1905 година, Анастас Лозанчев постепено се дистанцирал од тековите во македонското револуционерно движење. Оттука, во втората половина на 1905 година, на организациски план ја бележиме само неговата комуникација со македонското братство во Силистра. Последново, во средината на септември, се обратило до него за совет каде да ги внесат собраните средства за македонското ослободително дело.[135] А. Лозанчев на тоа им одговорил дури кон крајот на годината, со препорака парите да ги внесат кај Петар Поп Арсов, кој бил касиер на Претставништвото, или пак за оваа сума да испратат револвери за Битола.[136]

Во овој период, грижите на Анастас Лозанчев биле насочени кон несреќите што го засегнале брат му Кирил,[137] кој како тр-

---

[131] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 125, 303.

[132] Исто, 303.

[133] Исто, 304.

[134] Од писмото до Еврипид од 17/30 декември 1905 година се гледа дека Лозанчев бил сè уште во Софија со адреса Бул. „Драгоман" бр. 31 (Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 296).

[135] Исто, 323.

[136] Исто, 327.

[137] Кирил Лозанчев е роден во 1878 година. Во 1901 година бил избран за член на Битолскиот околиски комитет. По занимање бил трговец. Во март 1905 година во Солун бил ранет од агенти на грчката пропаганда. Во октомври

говец на крупно поседувал магазин во Али-пашиниот безистен во Солун. Тој на 17/30 март 1904 година, во безистенот бил нападнат и ранет од активисти на грчката пропаганда,[138] но властите го ослободиле напаѓачот, иако тој бил фатен од жртвата.[139] На 18/31 октомври 1904 година, Кирил повторно бил нападнат во Битола. Властите и овој пат наместо да ги гонат напаѓачите, по дваесетина дена го затвориле Кирил.[140] Два дни по ранувањето на Кирил во Битола, А. Лозанчев реагирал жестоко до членовите на Битолскиот окружен комитет, при што ги прекорува за бездејство, па дури ги повикува да си поднесат оставки.[141] Иако во писмото изречно не е спомнат инцидентот со Кирил, алузијата на А. Лозанчев е јасна, тој повикува на одмазда. Поради затворањето на Кирил, А. Лозанчев се обратил до Еврипид, од кој побарал да преземе сè што е можно за неговото ослободување.[142] Во врска со Кирил, А. Лозанчев во март 1906 година побарал интервенција и од бугарскиот трговски агент во Битола.[143] Токму поради затворањето на Кирил и некоректниот однос на властите и меѓународните реформатори, А. Лозанчев ја загубил вербата во Мирцштегските реформи, за кои дотогаш сметал дека ќе придонесат за подобрување на положбата во Македонија.

Поради зафатеноста со работата, грижата за семејството и за блиските во Битола, затворањето на Кирил дошло како капак на неговите „растроени нерви“.[144] Поради сето тоа, во интерес на сопственото здравје, А. Лозанчев целосно се повлекол од македонското револуционерно движење. Независно од тоа, тој продол-

---

истата година, повторно бил нападнат во Битола. Набрзо потоа бил затворен од османлиските власти и осуден на три години затвор. Бил амнестиран во 1907 година. Починал во Битола, каде што е и погребан во 1950 година (Борис Николов, Вътрешната македоно-одринска организация 1893-1934. Биографически – библиографски справочник, София 2001, 94).

[138] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 290-291.

[139] Исто, 295.

[140] Исто.

[141] Исто, 297.

[142] Исто, 295–296.

[143] Исто, 302.

[144] Во врска со тоа, А. Лозанчев во писмото од 16/29 декември 1905 година до Д. Петков вели дека не бил во состојба да му одговори навреме, поради занесеност и работа, поради немоќ и домашни грижи, како и грижи за своите во Битола, каде што бил затворен Кирил. Поради сето тоа, Лозанчев додава: „Таквите причини, ситни за друго време, лошо влијаат на моите растроени нерви, сега и јас сум разнебитен“ (Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 327).

жил да комуницира со своите блиски познајници, особено со П. Тошев. Оттука, кога последниов кон крајот на 1907 година бил затворен од бугарските власти поради убиството на Б. Сарафов и И. Гарванов, само затоа што бил идејно близок со групацијата околу Сандански, А. Лозанчев се застапил за неговото ослободување. Поради тоа, П. Тошев искрено му се заблагодарил со писмо.[145]

По ликвидацијата на Б. Сарафов и И. Гарванов, конзервативните сили во Организацијата под водство на Х. Матов, во почетокот на март 1908 година, закажале Конгрес во с. Жабокрт (Ќустендилско).[146] Според Излагањето од ова советодавно собрание, Анастас Лозанчев, иако бил избран за делегат на Конгресот, се откажал од мандатот.[147] Таквата постапка само ја потврдува одлучноста на А. Лозанчев да остане настрана од постојните групации во македонското револуционерно движење.

---

145 Албумъ Алманахъ „Македония“, София 1931, Табло XCIV.

146 Повеќе за тоа види: Хр. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори..., 551–556.

147 Вътрешната македоно-одринска революционна организация... Документи на Централните ръководни органи..., т. 1, част, 1, 688.

# Нови надежи – нови разочарувања

1. Во првата половина на 1908 година, како последица на глобалните прегрупирања меѓу Големите сили, македонското прашање одново се нашло на зелените маси пред европските играчи. Овој пат, причина за негово придвижување биле концесиите што Османлиската Империја ѝ ги дала на Австро-Унгарија за поврзување со Солунската железница и турската понуда за воена соработка со двојната монархија.[1] Тоа значело засилување на австроунгарското влијание во Македонија, а оттука и во Медитеранот.

Англија и Русија во австро-турското приближување гледале загрозување на нивните глобални интереси. Оттука рускиот цар Николај II и англискиот крал Едвард VII, во јуни 1908 година, се сретнале во Ревал за да ги усогласат ставовите за своите глобални политики, наспроти германскиот и австроунгарскиот пробив кон југоисток. На средбата, меѓу другото, било разгледано и прашањето за нови реформи во Македонија.[2] Притоа се предвидувало назначување на генерален губернатор за Македонија, кој ќе биде под меѓународна контрола и меѓународен воен контингент.[3] Со евентуално спроведување на спомнативе мерки, откинувањето на Македонија од Османлиската Империја би било само прашање на време и на техника.

Младотурскиот комитет „Единство и напредок", согледувајќи ја опасноста по територијалниот интегритет за Империјата од новата англо-руска иницијатива за реформи во Македонија, ги забрзал подготовките за враќање на уставноста во земјата. Со овој отпорано проверен рецепт, требало да се избијат аргументите на Големите сили за замешување во внатрешните работи на Империјата. Своите ставови во контекст на македонското прашање, битолскиот комитет на „Единство и напредок" ги обелоденил

---

[1] Ю. А. Петросян, Младотурецкое движение (вторая половина XIX и начало XX в.) Москва 1971, 280; Јусуф Хамза, Заемните односи меѓу прогресивните османски кругови и македонското революционерно движење во втората половина на XIX и почетокот на XX век, Скопје, 1988, 161.

[2] Ю. А. Петросян, Младотурецкое движение..., 280–281.

[3] Исто, British documents on the origins of the war, 1898-1914, vol.V, London 1928, 240.

во мај 1908 година преку Меморандумот до дипломатските претставници на Големите сили (со исклучок на Русија).[4] Во него е нагласено дека изворот на злото во Македонија не произлегува од земјата, туку од апсолутистичкиот режим и постојната власт. Поради тоа Младотурците ја повикуваат Европа ако „навистина сака да ги усреќи Македонците“ да помогне за уривање на постојниот апсолутизам.[5] Според Меморандумот, за Младотурците не постоело „македонско прашање“ а за проблемите во Македонија биле виновни бугарските, српските и грчките чети, кои работеле за нејзино присоединување кон соодветните земји. Поради тоа, Младотурците апелираат, доколку Европа сака во Македонија да завладеат ред и мир, да им забрани на Србите, Бугарите и Грците да испраќаат чети во Македонија.[6] Кон крајот на Меморандумот се вели: „Доколку Европа се повлече од Македонија и доколку се откаже од разгорувањето на тоа прашање и од занимавањето со него, тогаш Македонците сами ќе се договорат меѓу себе, и, решавајќи ги проблемите и недоразбирањата, кои се резултат на влијанијата на странските пропаганди, четите и страшните странски влијанија ќе бидат уништени“.[7] Меморандуми со слична содржина биле издадени и по средбата во Ревал.[8]

Со овие активности Младотурците ја навестиле револуцијата, која започнала на 3 јули 1908 година со одметнувањето на Нијази-беј во Ресен. Движењето за враќање на Уставот од 1876 година добило масовна поддршка од Третиот армиски корпус кој бил стациониран на територијата на Македонија. Младотурските офицери, кои во суштина биле османлиски патриоти-националисти, со исфрлањето на паролата за слобода, братство и еднаквост меѓу сите поданици, ги добиле симпатиите и поддршката на населението, особено во европскиот дел од Империјата. Младотурците преку армијата брзо ја презеле контролата низ македонските градови, при што ги ослободиле политичките затвореници и организирале свечени манифестации на кои биле промовирани нивните идеи. Дваесетина денови по започнувањето на „револуцијата“, султанот Абдул Хамид II, спроти 24 јули, издал указ со кој објавил дека Империјата прераснува во уставна монархија.

---

[4] Спомени на Нијази (превод, предговор и коментар: Драги Ѓоргиев), Скопје 2011, 66–76.

[5] Исто, 69–70.

[6] Исто, 74.

[7] Исто, 75.

[8] Ј. Хамза, Заемните односи..., 161.

Со трансформирањето на Империјата од апсолутистичка во уставна монархија, Младотурците сметале дека го амортизирале македонското прашање, а во тоа настојувале да ја убедат и Европа.[9] Таквата политика му одговарала и на Султанот, кој сметал дека со трансформацијата бил обезбеден интегритетот на Империјата, па оттука реакцијата спрема Младотурците била мека и со малку жртви.[10]

Со воведувањето на уставниот парламентаризам и со општата политичка амнестија, се создале реални претпоставки за легализирање на сите претставници од македонското револуционерно движење и нивно вклучување во јавниот и општествено-политичкиот живот. Центар на сите политички збиднувања станал Солун, каде што се наоѓало седиштето на Младотурскиот комитет. Стотици луѓе од внатрешноста секојдневно пристигале со специјални возови за да ја прослават слободата, да го положат оружјето и да се помират со власта.[11] Во славеничката еуфорија во градот се слевале разни чети од сите страни. Нивните војводи кои до скоро се прогонувале со османлиските офицери, овојпат се братимеле со нив во неформалната македонска престолнина. Сличен амбиент со помали размери завладеал и во внатрешноста на земјата. Младотурската парола за слобода, рамноправност, братство и единство, барем во прво време, го постигнала посакуваниот ефект. Во меѓувреме, покрај тоа што се легализирале четите, во земјата почнале да се враќаат компромитираните револуционери кои подолго време престојувале на територијата на Бугарија.

При таква промена на работите во Османлиска Македонија, Анастас Лозанчев со своето семејство решил да ја напушти Бугарија и да се врати во Битола. Таквата одлука јасно говори за неговиот копнеж кон татковината и вербата дека работите во Македонија се промениле кон подобро.

Лозанчев од Софија тргнал истовремено со Пере Тошев. Притоа Лозанчев тргнал преку Одрин, а П. Тошев преку Кулата и серски Демир Хисар, каде што повторно се сретнале.[12] Оттаму за-

---

[9] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т. 6, Скопје 2006, 372.

[10] Исто, 362; Австриски документи за реформската акција на европските големи сили во Македонија 1903–1909, предговор и редакција д-р Михајло Миноски, избор на документите и превод м-р Ѓорѓи Стојчевски, Скопје 2002, 382.

[11] Otautau Standard and Wallace County Chronicle, IV/183, 3. 11. 1908, 2.

[12] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев ..., 333.

минале за Солун, каде што останале два дни, од каде што заминале за Битола. П. Тошев останал 3-4 денови на гости кај Лозанчев, а потоа заминал за Прилеп. Заедничкото патување и отседнувањето на П. Тошев кај Лозанчев во Битола само ја потврдува довербата и блискоста помеѓу првиот претседател и првиот секретар на Битолскиот окружен комитет.

А. Лозанчев во своите спомени вели дека за време на престојот во Битола не земал активно учество во организациските активности, иако речиси по сите прашања си го кажувал мнението. Токму поради тоа, во една од битолските кафеани, дошло до вербален конфликт помеѓу А. Лозанев и Ѓорѓи Поп Христов.[13]

Во документација од активистите на македонското ослободително движење, мемоарската литература, како и во дипломатските извештаи од овој период, името на А. Лозанчев не се спомнува. Единствен исклучок претставува едно писмо од Х. Татарчев до Х. Матов, со кое, покрај другото, го информира дека Ташето (Анастас) Лозанчев, заедно со Лигушот и Церов, бил замешан во убиството на црногорецот Јово Јовановиќ (учесник во Илинденското востание).[14] Оваа информација на Х. Татарчев е заснована врз кажувањето на Никола Наумов пред Иван Дорев.[15] Меѓутоа, во материјалите кои конкретно се однесуваат на убиството на Ј. Јовановиќ, А. Лозанчев не се спомнува во ниеден контекст.[16]

Неоспорно е дека А. Лозанчев во периодот на Хуриетот, иако ги следел настаните, разочаран од претходните поделби во македонското револуционерно движење, а во исто време поради личните и семејните интереси, свесно стоел настрана и не зел активно учество во настаните. Покрај тоа, во 1911 година поради компликации со срцето, околу еден месец останал в постела.[17]

2. Младотурската револуција претставува последно превртување на османлискиот песочен часовник на Балканот, кој по пет векови очигледно бил испразнет и истрошен. Додека Младотурците се занимавале со идејата за „отоманска нација“, соседните земји – претенденти на османлиското наследство на Балканот,

---

[13] Исто.

[14] Д-р Христо Татарчев. Спомени, документи, материали..., 334.

[15] Исто.

[16] Во врска со тоа, види: Убийството на Йово Йованович, Ил. Илинденъ, г. IV/(4/34), София 1931, 3-4; В. Георгиев и С. Трифонов, Македония и Тракия в борба за свобода..., 646.

[17] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 333.

во чиј центар била Македонија, го создале таканаречениот „Балкански сојуз“.[18]

По формалното упатување на еден ултиматум за реформи во корист на христијанското население во европскиот дел на Империјата[19] и прекинувањето на дипломатските односи меѓу сојузниците и Османлиската Империја,[20] на 18 октомври 1912 година започнала Првата балканска војна. По еден месец, на територијата на Македонија од Османлиите останале само културно-историските споменици, празните касарни и колоните бегалци. Битола, родниот град на А. Лозанчев, била окупирана од српската војска. Само десетина километри на југ биле грчките војски, а на исток преку Вардар – бугарските. Божемните ослободители, станале нови господари.

Поразената Империја, откако ги загубила териториите на Балканот, кон крајот на 1912 година на Лондонската конференција излегла со предлог Македонија да се организира како вазално кнежество под суверенитет на Султанот, на чело со кнез – протестант од неутрална држава.[21] Очигледно, Империјата лицитирала со она што веќе не ѝ припаѓало. Ниеден од сојузниците не сакал да слушне за автономија на Македонија, зашто тие во војната влегле за нејзината територија. Додека траела Лондонската конференција, на површина избиле сите недоразбирања околу поделбата на пленот – наречен Македонија. Поради тоа, само еден месец по потпишувањето на Лондонскиот договор, на 29 јуни 1913 година, избила Втората балканска војна, која завршила со Букурешкиот мировен договор.[22] Со Балканските војни не само што бил раскинат живиот македонски организам во територијален поглед, туку истовремено било разнебитено и деморализира-

---

[18] Види: И. В. Гешов, Балканскиятъ съюзъ, Спомени и документи, София 1915, 73–89; С. Скоко, Други балкански рат 1913, т. 1, Београд 1968, 365–399; Петар Стојанов, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна 1912–1918, Скопје, 1969, 24-36: Исмет Кочан, Битка за Македонија. (Турската историографија за Балканските војни 1912–1913 со посебен осврт за Македонија), Скопје 2010, 65–69; Βασίλης Αναστασόπουλος, Α' Βαλκανικός πόλεμος (1912-1913), Αθήνα 2012, 25-29

[19] Љ. Лапе, Одбрани текстови..., II дел, 745–755; И. Кочан, Битка за Македонија..., 80–81.

[20] П. Стојанов, Македонија во политиката на Големите сили во време на Балканските војни 1912–1913, Скопје 1979, 144; И. Кочан, Битка за Македонија..., 81–82.

[21] Историја на македонскиот народ, т. 4, Скопје 2000, 40.

[22] Види: Документи за борбата на македонскиот народ..., т.1, 572–574.

но македонското револуционерно движење кое се борело за автономија на Македонија во рамките на османлиската држава.

Анастас Лозанчев со своето семејство, за време на Балканските војни, бил затечен во родната Битола. Во периодот помеѓу двете балкански војни, кога било актуелно прашањето за српско-бугарското разграничување во Македонија, во домот на А. Лозанчев се нашол Андреј Љапчев,[23] бугарски политичар од македонско потекло. Лозанчев тогаш го предупредил А. Љапчев дека Србите нема да го испочитуваат договорот[24] за поделба на Македонија, според кој Битола требало да ѝ припадне на Бугарија. А. Љапчев тогаш дури му ја нацртал картата за поделба на Македонија која била предвидена со договорот и истакнал дека меѓу Србите и Бугарите може да дојде до спор околу Струга, Кичево, Гостивар, Скопје и Куманово, но не и за Битола.[25] Во таа смисла, А. Лозанчев разговарал и со д-р Гатев (поранешен бугарски министер) во Солун.

При започнувањето на Втората балканска војна, А. Лозанчев бил подготвен да земе учество во неа, меѓутоа по совет од лекар тоа не го сторил. Веднаш по Букурешкиот договор, со измените во Уставот на Србија, новоосвоените територии формално биле анектирани. Наместо според Уставот, Србите во новоосвоените земји управувале со специјална Уредба за обезбедување на општествената безбедност.[26] Според тоа, на територијата на Македонија завладеал нов режим и диктатура. Притоа први на удар се нашле поранешните македонски револуционери. При такви околности, Анастас Лозанчев со своето семејството повторно ја напуштил Битола и заминал за Софија, при големи материјални жртви.[27]

3. Неполна година по Балканските војни, започнала Првата светска војна (јули 1914 година). До вклучувањето на Бугарија

---

[23] Андреј Љапчев (1866, Ресен–1933, Софија). Бугарски политички деец од македонско потекло. Бил министер за земјоделство и трговија (јануари 1908–септември 1910); министер за финансии (септември 1910–март 1911; јуни–декември 1918); министер за војна (ноември 1918–мај 1919); премиер на Бугарија (јануари 1926–јуни 1931), едновремено со тоа бил и министер за внатрешни работи и за народно здравје.

[24] Станува збор за Тајниот анекс кон договорот помеѓу Србија и Бугарија од март 1912 година, со кој била предвидена поделбата на Македонија (Види: Документи за борбата на македонскиот народ..., т.1, 535–537).

[25] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 333.

[26] Историја на македонскиот народ, т. 4..., 71.

[27] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 333.

во војната (октомври 1915 година), Македонија повторно станала монета за балкански поткусурувања меѓу Централните сили и Антантата. Земјите од двата сојуза, имајќи го предвид незадоволството на Бугарија од добиениот дел во балканските војни, почнале да ѝ ветуваат делови од Македонија под српска и грчка власт за да ја придобијат на своја страна.[28] Реваншистички настроената Бугарија тактизирала со двете страни, притоа очекувајќи ја подобрата понуда. Конечно, во септември 1915 година, помеѓу Бугарија и Германија била потпишана спогодба, според која последнава на првата ѝ гарантирала анексија на цела српска Македонија, на делови од југоисточна Србија, како и на дел од Македонија под грчка власт, доколку Грција застане на страна на Антантата, против Централните сили.[29] При таква понуда, во октомври 1915 година Бугарија влегла во војна против Србија. До крајот на годината, Бугарија ги окупирала српските територии во Македонија, а во почетокот на 1916 година окупирала и дел од југоисточна Македонија, кој бил под грчка власт. Со влегувањето на Бугарија во војната и создавањето на Македонскиот фронт,[30] Македонија станала арена на крвави судири меѓу Антантата и Централните сили, во чиишто рововски позиции меѓусебно се истребувале и самите Македонци.

Во тоа време голем дел од актуелните, но и од поранешните дејци во македонското револуционерно движење, поради поделбата на Македонија, а особено поради српскиот и грчкиот репресивен режим, претпочитале присоединување на цела Македонија кон Бугарија, отколку таа да остане разделена. Меѓу таквите се вбројува и Анастас Лозанчев. Пред почетокот на војната, Лозанчев од д-р Владов бил информиран за преговорите на Бугарија со Антантата и со Централните сили и нивните понуди во Македонија. Во врска со тоа, Лозанчев имал средба и со тогашниот бугарски премиер Васил Радославов.[31] Лозанчев сметал дека преговорите ќе завршат во прилог на Бугарија. Оттука тој го поддржувал влегувањето на Бугарија во војната и се пријавил како доброволец. Меѓутоа, поради здравствени причини (во 1915 годи-

[28] П. Стојанов, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна..., 273–291.

[29] Б. Кесяков, Принос към дипломатическата история на България 1878–1925, София 1925, 73-74.

[30] П. Стојанов, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна..., 291–319.

[31] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 335.

на прележал нервна криза) бил запишан во резервата.[32] Така, во текот на Војната, времето го поминал во резервната дружина во Књажево, потоа во одделот на воениот суд во Софија и како сметководител во болница.[33]



Анастас Лозанчев

Во декември 1917 година, А. Лозанчев го среќаваме како потписник[34] на протестниот Мемоар што бил испратен до Холандско-скандинавскиот комитет.[35] Преку него потписниците протестираат против предлозите за мир што биле изнесени на меѓународната социјалистичка конференција во Стокхолм. Всушност, во Манифестот што бил усвоен на Конференцијата за воспоставување на мирот на Балканот, било предвидено Србија да ја добие западна Македонија со Вардар, кој ќе ѝ служи за врска со Белото Море, а на Бугарија да ѝ припаднат земјите источно од Вардар.[36] Наспроти тоа, во Мемоарот се вели дека Македонија, отсекогаш, во политички и етнички однос, била и треба да остане неразделен дел од бугарските земји.

Анастас Лозанчев таквите ставови во однос на решавањето на македонското прашање ги променил кон крајот на Војната, кога станало јасно дека Македонија нема да ѝ припадне на поразената Бугарија. Во меѓувреме, А. Лозанчев со интерес ги следел настаните околу улогата на Бугарија за трагедијата на Македонија. Оттука, не случајно во неговата лична архива, меѓу другото, се нашол Протоколот од Парламентарната испитна комисија од 1915 година, која имала за цел да ги утврди причините за воената катастрофа на Бугарија во Втората балканска војна.[37] Покрај тоа, во неговата архива се нашол и еден извештај од јули 1917 година изготвен од чиновникот за порачки при Штабот на партизанските

[32] Исто.

[33] Исто, 333–334.

[34] Во документот нема потписи, туку само имиња на лица со елементарни информации за нивното учество во македонското револуционерно движење, кои најверојатно спомнативе лица ги дале сами за себе.

[35] Весник, „Родина“, г. I, бр. 501, Скопие 27 декември 1917, 1–2.

[36] Исто.

[37] Види: Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 336–358.

одреди кој бил испратен до Александар Протогеров – началник на партизанските одреди.[38] Интересно е што чиновникот што го изготвил извештајот при обиколката на западна Македонија констатирал големо незадоволство на населението поради корумпираноста на претставниците на власта и старите револуционери кои биле во нејзина услуга. Во тој контекст во извештајот пишува: „Со жар во срцето, населението признава дека при бугарскиот режим во Македонија има поголема корупција, отколку во турско, или српско време. Како последица на оваа корупција, во ослободена Македонија се создало едно настроение кое е сосема неповолно за нас“.[39] Впечатливо е што цитираниве редови доаѓаат од чиновник на власта, која настојувала да се претстави како ослободител, меѓутоа самиот признава дека населението бугарскиот режим го доживувало полошо од турскиот и од српскиот.

По пробивот на Македонскиот фронт, на 29 септември 1918 година, во Солун бил потпишан договор за примирје помеѓу Бугарија и Антантата. Според него, Бугарија требало да ги напушти окупираните територии во Србија и во Грција, да изврши демобилизација на армијата, да прифати делумна окупација, како и да ја отвори својата територија за слободен премин на силите на Антантата.[40] На тој начин Бугарија излегла од војната како поразена страна.

При такви околности, македонските дејци во Бугарија одново го актуализирале прашањето за статусот на Македонија. За таа цел во зградата на Софискиот универзитет биле одржани неколку собранија со триесетина поранешни дејци од македонското револуционерно движење. Тогаш било отворено прашањето за настапот пред Големите сили во поглед на иднината на Македонија и кој да ги застапува нејзините интереси.[41] Учесниците на собирот, поаѓајќи од фактот дека ВМРО на чело со Т. Александров и А. Протогеров за време на војната била компромитирана поради што не може да ги претставува македонските интереси пред сојузниците, одлучиле оваа улога да ја преземе поранешниот Извршен комитет на македонските братства во Бугарија. Но, со оглед на фактот што претседател на поранешниот Извршен комитет бил А. Протогеров, а секретар Ѓ. П. Христов, собирот избрал

[38] Исто, 359-362.

[39] Исто, 362.

[40] Љ. Лапе, Одбрани текстови..., II дел, 857–858.

[41] Костадин Палешутски, Македонското освободително движение след първата световна война (1918–1924), София 1993, 9.

привремено биро за чиј претседател бил избран Иван Каранџулов, а секретар Никола Милев.[42] Делегатите усвоиле директива според која Извршниот комитет требало да дејствува за неделива Македонија и за нејзино присоединување кон Бугарија.[43]

При утврдувањето на целта на Извршниот комитет, кичевското братство доставило декларација во која било нагласено: доколку е невозможно обединување со Бугарија, тогаш да се апелира за автономија на Македонија под протекторат на Големите сили. Оваа декларација била поддржана од Анастас Лозанчев, Христо Татарчев, Ѓорче Петров и Павел Христов.[44] Споменатава декларација не извршила никакво влијание врз официјалните документи на Извршниот комитет, иако повеќето учесници биле свесни дека нема да биде допуштено присоединување, поради што интимно претпочитале независна Македонија, отколку да остане поделена.

Лозанчев на собранијата во Софискиот универзитет, пред официјалното конституирање на Извршниот комитет, учествувал како истакнат деец во македонското ослободително движење. Според него, за време на подготвителните заседанија, повеќе „учени глави" зборувале дека македонската емиграција треба да дејствува за присоединување на Македонија кон Бугарија. Кога Лозанчев забележал дека треба да се размислува и да се дејствува за автономна или самостојна Македонија, Никола Милев се заканил дека секој што ќе се осмели да зборува за Автономна Македонија ќе заврши во „Курт Бунар" како заточеник.[45] Набрзо потоа почнале јавни закани против сите што не мислеле како Н. Милев, Т. Александров, А. Протогеров и Симеон Радев.[46]

Кон крајот на ноември 1918 година, Извршниот комитет бил официјално конституиран на чело со И. Каранџулов.[47] Оттогаш започнале и неговите редовни заседанија со избраните делегати од македонските братства. За претставници на битолското

---

42 Исто, 10.

43 Исто, 11.

44 Исто.

45 Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 29–30.

46 Исто, 30.

47 Покрај Каранџулов како претседател, за потпретседатели на Извршниот комитет биле избрани: д-р Б. Татарчев и Д. Михајлов, секретар – Н. Стојанов, касиер – Г. Баждаров, а за советници: Т. Павлов и д-р К. Станишев (К. Палешутски, Македонското освободително движение след първата световна война..., 12).

братство биле избрани Анастас Лозанчев и Д. Михајлов.[48] Меѓутоа, Лозанчев поради здравствени причини не учествувал на конститутивното собрание.[49] Затоа му пишувал на Д. Михајлов да настојува во Извршниот комитет да бидат избрани „достојни лица" кои ќе можат да ѝ дадат правилна насока на неговата работа. Истовремено му пишувал дека поради политичката ситуација, треба да се размислува за издигање на знамето за Автономија на Македонија.[50] Во таа смисла, Лозанчев на Д. Михајлов му испратил писмо за да го прочита пред Извршниот комитет. Меѓутоа, последниов тоа не го сторил.

На третото редовно заседание на Извршниот комитет (крајот на јануари), дел од делегатите побарале промена на Директивата, при што наместо присоединување, безусловно да се бара самостојност за Македонија.[51] По неколкудневни дискусии во врска со ова прашање, на 2 февруари била усвоена резолуција, според која Извршниот комитет бил задолжен да дејствува за зачувување на целоста на Македонија. Еден ден пред усвојувањето на оваа резолуција, Анастас Лозанчев и Ѓорче Петров го информирале И. Каранџулов дека тие се договориле за заеднички настап со серчани. Истовремено побарале Извршниот комитет да се откаже од втората точка од ноемвриската директива со која се барало присоединување на Македонија кон Бугарија.[52] А. Лозанчев образложил дека поради политичката ситуација и етничкиот карактер на Македонија, автономијата била најпогодно решение. Поради тоа бил прекинат и обвинет за предавник.[53]

А. Лозанчев своите погледи за самостојна Македонија ги изнел и пред управата на битолското братство, од каде што произлегувал неговиот мандат. Притоа истакнал дека луѓето кои се залагале за обединување со Бугарија „не можат да ја бранат со жар каузата на македонските интереси" бидејќи тие биле „специфични од оние на Бугарија".[54] Поради тоа, претседателот на Братството му се обратил со зборовите „Со каков сурат вие автономистите ќе излезете пред бугарското општество, ако не се даде

---

48 Исто, 65, белешка 6.

49 Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев...,30.

50 Исто.

51 К. Палешутски, Македонското освободително движение след първата световна война..., 13.

52 Исто, 13.

53 Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 31.

54 Исто, 34.

автономија на Македонија, како ќе поскате да останете да живеете во Бугарија?".[55] Со оглед на фактот што луѓето околу Извршниот комитет брзо ја смениле тактиката и почнале да зборуваат за автономија, или како што би рекол Лозанчев, откако станале „поголеми ројалисти од кралот" тој им го упатува прашањето „дали се убедени автономисти, или уште се плашат од помислата со каков сурат ќе се појават пред бугарското општество во случај на неуспех".[56]

По раскинувањето со Извршниот комитет, А. Лозанчев до битолското братство поднел декларација која требало да послужи како насока за дејноста на неговите делегати во иднина. Во декларацијата се вели: 1. Собирот со сите свои средства треба да работи само за самостојна Македонија, без никакви договори; 2. Извршниот комитет да се повлече, бидејќи со мемоарот до сојузничките сили и промената на директивата, си ставил крст на својата дејност; 3. Собирот и неговите избраници да немаат никакви врски со владата и да не чекаат директиви од неа, бидејќи интересите на Македонија се различни од оние на Бугарија; 4. Средства да бара од својата средина, меѓу емиграцијата, а не од бугарската влада или од компромитираниот комитет на „Гурко"; 5. Собирот не може да се состанува без делегати од целата емиграција, кои треба да бидат застапени сразмерно со бројот на членовите на месните организации, а такви треба да има од Горноџумајско и Струмичко, или воопшто од новите земји.[57]

Разочаран од активноста на Извршниот комитет и неговите ставови по македонското прашање, кои не се разликувале од оние на официјална Бугарија, А. Лозанчев се свртел кон серчани, кои биле доследни бранители на принципот за автономија на Македонија. Од името на серчани преку перото на Димо Хаџи Димов, во октомври 1918 година произлегла познатата Декларација за решавање на македонското прашање.[58] Во неа, меѓу другото, се истакнува дека „Македонија треба да се воспостави во нејзини географски граници, главно врз базата: Солун, Вардарската долина, Скопје и Битола, (кои б.н.) треба да си имаат свој природен, географски и стопанско-економски хитерланд".[59] За така воспоставената македонска држава се предвидува уредување

[55] Исто, 33.

[56] Исто.

[57] Исто, 35.

[58] Д. Х. Димов, Одбрани дела, книга втора..., 139–150.

[59] Исто, 139.

по примерот на Швајцарија. Ставовите на серчани подробно се елаборирани во брошурата на Д. Х. Димов „Назад кон автономијата“.[60]

Декларацијата на серчани и понудениот концепт за решавање на македонското прашање го привлекла вниманието на дејците од западна Македонија. Оттука, во јануари 1919 година, Анастас Лозанчев, Ѓорче Петров, Павел Христов и Петар Ацев прифатиле заеднички настап со серчани за независна и самостојна Македонија.[61] Сплотувањето на серчани со дејците од западна Македонија било ажурирано и од дејноста на Извршниот комитет и ВМРО на Т. Александров и А. Протогеров, кои со посебни Меморандуми се обратиле до мировната конференција во Париз, со барање за присоединување на Македонија кон Бугарија.[62]

Врз основа на идејата за самостојна Македонија, поранешните дејци од Серскиот округ и оние од западна Македонија се обединиле во единствена организација позната како Привремено претставништво на поранешната внатрешна организација. Веќе на 9 март 1919 година, Привременото претставништво се обратило со „Апел кон македонското население и кон македонската емиграција во Бугарија“.[63] Во него е осудена политиката на Извршниот комитет, при што му се оспорува правото да ги изразува желбите, интересите и стремежите на македонската емиграција во Бугарија и на Македонците воопшто. Резимирано, барањата и погледите на Привременото претставништво се состојат во следново: 1. Македонија да се зачува цела и неделива како самостојна политичка единица на Балканот во нејзините природни и географски граници врз базата: Солун како заеднички центар, Вардарската долина, Скопје и Битола со нивите стопански и економски заднини; 2. Македонската држава да добие полна самоуправа, со еднакви права за сите националности без разлика на бројност, без фаворизирање на некои од нив преку духовни, или политички инсти-

---

[60] Исто, 151–234.

[61] К. Палешутски, Македонското освободително движение след първата световна война..., 25.

[62] Љубен Лапе, Идејните основи на Привременото претставништво на бившата обединета внатрешна македонска револуционерна организација и неговата активност на Париската мировна конференција 1919 година, Историја, IX/2, Скопје 1973, 56–57.

[63] Апелъ къмъ македонското население и къмъ македонската емиграция въ България, Архивско одделение на Институтот за национална историја – Скопје, ф. Никола Киров Майски, Документи за делото в строя за Македония, сл. IV, 242/II, док. No. 7.

туции; 3. До целосното внатрешно зацврстување и смирување на страстите меѓу различните народности, додека тие се ослободат од надворешните влијанија, Македонија да добие солидни гаранции за својата неутралност и да биде под меѓународна заштита од надворешни завојувања; и 4. Барањето за самостојна Македонија не произлегува од желбата за непријателство, туку од желбата за живот и мир.


профанирвали съ присъствието си ~~решенията на~~ никого, както каза г. Д-р Н. Иванов, когато искахъ да напусна събранието първия день, защото тогава освенъ че не ми се позволи да се изкажа, нъ ал останахъ в началото съ утвърдението, че само изборъ ще стане безъ всякакви разисквания и директиви.

Директива за нашитѣ делегати.

1. Съборътъ съ всички свои срѣдства ще работи само за самостойна Македония безъ всякакви оговорки.

2. Досегашния Изпълн. Комитет да се оттегли, защото слѣдъ подаденият отъ него меморандум до Съглашенскитѣ сили, в последните избори, който като измѣни директивата направо пукна кръстта на своята дѣйность.

3. Съборътъ не трѣбва да има и неговите организации никакви връзки съ правителството и да не чака заповѣди отъ него, защото специфичните интереси на Македония отъ онія на България при съществующето политическо положение.

4. Срѣдствата да търси изъ



съвѣтъ сега, изъ срѣдѫ емигра-
цията, а не отъ бълг. прави-
телство или отъ Тошкова ком-
прометиранъ Комитетъ около
Чурко 22.
5. Съборътъ не може да се състои
ако не се явятъ избрани делегати
отъ цѣлата емиграция, съразмѣрно
числото на членоветѣ въ мѣстнитѣ
организации. Такива трѣбва
да има отъ Гюмурджинско,
Струмишко или изобщо отъ нови-
тѣ земи.

Факсимил од декларацијата на Лозанчев

Ниедна народност во Македонија не сака туѓо политичко господство, ниту раскинување на една земја, која по протерувањето на Турците стана жртва на балканските политики кои го фрлиле нејзиното население заедно со балканските браќа во катастрофално самоистребување. Под овие барања стојат потписите на повеќе од дваесетина поранешни раководители на МРО, меѓу кои: Ѓорче Петров, Петар Поп Арсов, Анастас Лозанчев, Туше Делииванов, Петар Ацев, Таската Спасов (Серски), Димо Хаџи Димов, Михаил Герџиков и други.

За претставување на своите барања пред Мировната конференција во Париз, Привременото претставништво го овластило Пол Христов – викар на унијата во Тракија.[64] Тој на 10 април 1919 година, од името на Претставништвото, испратил протест до претседателот на Мировната конференција во Париз – Жорж Клемансо. Со него се оспорува правото Извршниот комитет да настапува од името на Македонија, бидејќи луѓето околу него биле „бугаризирани Македонци, коишто наполно интересите на својата родна земја ѝ ги жртвувале на Бугарија“.[65] Од друга страна, Прив-

[64] Љ. Лапе, Идејните основи..., 70–76, Полномоштвото на Пол Христов, меѓу другите било лично потпишано и од А. Лозанчев (Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 32).

[65] Документи за борбата на македонскиот народ..., т.1, 610.

ременото претставништво во Софија, на 2 јуни 1919 побарало од бугарската влада да ја поддржи идејата за независна Македонија.[66]

За пропагирање на своите идеи меѓу населението, во почетокот на април 1919 година, Претставништвото почнало да издава сопствен „Билтен“, кој во исто време бил и негов официјален орган.

А. Лозанчев, откако прифатил ангажман во Привременото претставништво, неколкупати со Ѓ. Петров оделе кај И. Каранџулов и од него побарале Извршниот комитет да не испраќа мемоари до Мировната конференција за обединување на Македонија со Бугарија, како и да ги прекине врските со А. Протогеров и Т. Александров, кои поради учеството во Војната биле корумпирани пред сојузниците.[67] Покрај тоа, А. Лозанчев, заедно со М. Герџиков, се сретнал со генерал Кретиен (командант на окупационите сили во Бугарија), пред кого Герџиков ги изложил барањата на Привременото претставништво и во таа смисла му доставиле писмено Излагање.[68]

А. Лозанчев во Привременото претставништво влегол со голем ентузијазам. Покрај моралната, тој давал и значајна финансиска поддршка, како за трошоците околу престојот на П. Христов во Париз, така и за печатењето на Билтенот и другите материјали. Лозанчев во врска со тоа вели дека донирал 14 000 лева (по стариот), односно 163 000 лева по новиот курс. При потпишувањето на една расписка од 10 000 лева, Ѓ. Петров му забележал „Еј Лозан, баба што правиш? Ти си тешка фамилија, не си здрав, па и не си некаков богаташ, мислиш ли што правиш?“.[69] Лозанчев смета дека со донациите му олеснило на душата, бидејќи на тој начин ѝ се оддолжил на Македонија за средствата што ги добивал во текот на 1904/1905 година како надомест од Задграничното претставништво, кога ја исполнувал улогата на негов домаќин. Лозанчев целосно се внел во идејата за која се застапувало претставништвото и на секој начин ја помагал неговата активност. Оттука Димо Хаџи Димов, во едно писмо до М. Герџиков,

[66] Македония, Сборник од документи и материали..., 632–639.

[67] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 31–32.

[68] Исто, 334–335. Пол Христов во едно писмо од Париз го информира Претставништвото дека генерал Кретиен и Џеимс Баучер дале извесна надеж за независна Македонија (Бюлетинъ на временото претставителство на обединената бивша революционна организация, No. 3, София, 23 май 1919), 2.

[69] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 335.

критикувајќи ги другите што гравитирале околу Претставништвото поради нивната лежерност, меѓу другото, пишува: „Душа има само во Лозанчев и затоа ми станува сè помил“.[70]

Барањата на Привременото претставништво, како и оние на Извршниот комитет, воопшто не биле земени предвид на Парискара мировна конференција. Победниците од војната диктирале мир и кроеле карти според своите интереси и потреби. На Париската конференција, единствена промена во однос на Македонија е одземањето на Струмица од Бугарија и нејзиното припојување кон Кралството на Србите, Хрватите и Словенците. Со оваа корекција поделбата на Македонија била запечатена. Со тоа Анастас Лозанчев, како и сите негови соборци, доживеале уште еден удар, уште едно тешко разочарување.

---

[70] Михаил Герджиков. Спомени, документи, материали (съставители: Любомир Панайотов, Константин Пандев, Надежда Недкова), София 1984, 288.

# Немирен спокој

1. После сите премрежија, кризи, недоразбирања и разочарувања поради состојбата во Организацијата и поделбата на Македонија, по 1919 година, Анастас Лозанчев едноставно ќе го снема од сцената на македонското револуционерно движење. Тоа што се случило дотогаш, се чини, било премногу за еден фамилијарен човек, кој е приврзан кон семејството, а по природа работлив и со претприемлив дух, но со чувствително здравје и избувлив темперамент.

Впрочем, Лозанчев и порано во моменти кога не успевал да се наметне, или пак, кога на сцената доминирале други, едноставно се повлекувал. Таков бил случајот во 1900/1901, потоа во почетокот на 1904, и повторно во 1905 година. По последното повлекување, тој останал настрана сѐ до 1919 година, кога поради политичката ситуација привремено се активирал. Оттогаш не зел никакво учество во македонското революционерно движење. За неговото последно повлекување, покрај дотогашните разочарувања, многу повеќе влијаеле настаните, кога сцената на револуционерното движење ја зазеле Т. Александров, А. Протогеров, В. Михајлов, Петар Шанданов и други. А. Лозанчев за нив имал негативно мислење до крајот на животот, а поради теророт што го наметнале, ги нарекува „квази патриоти“.[1] Оттука, тој со олеснување ја дочекал одлуката на бугарската влада за забрана на ВМРО во 1934 година.

Оддалечувајќи се од настаните во револуционерното движење, А. Лозанчев целосно се посветил на работата и на семејството. Притоа, во Софија отворил работилница со две машини за ткаење фитиљ. Со текот на времето работилницата и дејноста се проширува, при што во еден период биле ангажирани околу 50 работници, претежно бегалци од Македонија, вклучително и брат му Христо Лозанчев.[2] Таквиот успех е уште една потврда за претприемливиот дух на А. Лозанчев и неговите организаторски способности. Во овој период, А. Лозанчев живеел во с. Банкја, во близина на Софија. Меѓутоа, имал куќа и во Софија, каде што прес-

---

[1] ДАРМ, фонд Анастас Лозанчев, оп. 1, ае 7, л. 1–6.

[2] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 364, белешка 156.

тојувал повремено.[3] Во с. Банкја останал до средината на 1944 година, кога се преселил во с. Мошино (Перничко), каде што биле пренесени машините и работата.[4]



Семеен портрет на Лозанчев

Ако успехот во работата претставува своевидна сатисфакција за спокој на личноста и компензација за отуството од јавноста, на друга страна е непредвидливата судбина за да внесе неспокој. Во 1927 година, на 27-годишна возраст, од туберкулоза починал прворождениот син на Анастас – Цветан Лозанчев,[5] По девет години, во 1936 година, починала и сопругата на Анастас – Параскева Лозанчева.[6] Сепак, за мала семејна утеха, тука биле семејствата на ќерка му Елена и син му Владимир. При свадбата на

[3] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 407.

[4] А. Лозанчев во писмото до А. Кецкаров од 17 јули 1944 година пишува дека се преселил од с. Банкја (Софиско) во с. Мошин (Перничко), бидејќи таму биле неговите деца, а истовремено таму биле пренесени дел од работата и машините што ги имале, но дел од машините кои биле сепак прецизни и деликатни останале да скапуваат во Софија. Според истото писмо, во компанијата биле ангажирани 5 семејства, заедно со Јордан Биолчев (роднина на сопругата на А. Лозанчев), 6–7 мајстори, сметководители и други (Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 426–427).

[5] Исто, 169.

[6] Параскева А. Лозанчева..., 14–15.

Владимир, А. Лозанчев се пошегувал со зборовите: „Е, сега лебот го обезбедивме, останува уште да ја извојуваме слободата на Македонија, а потоа старите можат да си заминат, а младите да ги развеат Илинденските знамиња“.[7]

Нов немир кај Анастас Лозанчев настапува по 1925 година, кога професорот Љ. Милетич преку Македонскиот научен институт почнал да ги објавува спомените на дејците од македонското револуционерно движење. Во 1927 година, Илинденската организација почнала да го издава списанието „Илустрација Илинден“, во коешто доминираат содржини од илинденскиот период. Поради актуелноста на темата, спомени од преживеаните дејци почнал да запишува и Бојан Мирчев. Во исто време, некои од преживеаните дејци почнале сами да ги запишуваат своите сеќавања.



Цветан Лозанчев

Анастас Лозанчев со особен интерес ги собирал и ги анализирал објавените материјали во врска со македонското револуционерно движење. При нивното проучување ја забележал критичката нишка што се провлекувала по неговата адреса во врска со донесувањето на одлуката за Илинденското востание, и дека не бил вброен меѓу „големците“. Испровоциран од сето тоа, А. Лозанчев во 1930 година, прифатил да ги раскаже своите спомени пред Бојан Мирчев, кој во детските години се дружел со неговиот прворoден син.[8] Со оглед на фактот што Лозанчев спомените ги раскажувал под чувство на обвинет, и тоа во момент кога Илинденското востание добивало на публицитет, во спомените силно се чувствува неговиот револт и тенденцијата за пресметка со другите. Оттука, неговите спомени честопати ги преминуваат границите на коректното и објективното. Свесен за раскажаното, а во меѓувреме најверојатно плашејќи се од евентуална репресија од страна на ВМРО која се гордеела со своето минато и неговите апостоли, Лозанчев побарал спомените да бидат објавени по неговата смрт.

[7] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 75.
[8] Македония в пламъци, Спомени на Анастас Лозанчев..., 97.



Семејна фотографија од свадбата на Владимир Лозанчев

По три години, откако Лозанчев ги раскажал кратките спомени и видувања пред Б. Мирчев, во 1933 година, Христо Силјанов го објавил првиот том од Ослободителните борби на Македонија. Силјанов, како современик на настаните за кои пишува и еден од поборниците за Востание, во својот труд ги акцептирал ставовите од спомените на одделни личности кои имале критички поглед кон А. Лозанчев во врска со одлуката за Востание. Покрај тоа, Силјанов не го вбројува Лозанчев меѓу капиталците на Организацијата. Ова прво сериозно дело за илинденскиот период дополнително го огорчило веќе етикетираниот „виновник“. Личноста и суетата на А. Лозанчев дефинитивно биле длабоко повредени. Меѓутоа, времето за одговор сè уште не било погодно.

Се чини поволен период за А. Лозанчев настапил по 1934 година, откако бугарската влада со административна одлука ја забранила ВМРО. Опседнат од „обвиненијата“, но растоварен од политичкиот страв, а веројатно и поради осаменоста што го обзела по смртта на неговата сопруга (февруари 1936), А. Лозанчев сам запишал спомени во проширена варијанта од она што го раскажал пред Б. Мирчев. Бидејќи и овие спомени, како и претходните, се пишувани под силни импресии од критиките на негова адреса, тие во висок степен наликуваат на сметка со веќе објавеното и од дејците од кои некои од пред три децении веќе не биле меѓу живите. Оттука и во овие, како и во претходните спомени, субјективноста доминира наспроти објективноста. Покрај тоа, Лозанчев сочинил и забелешки за веќе објавените материјали (спо-

мени, статии и книги) во врска со македонското револуционерно движење. Во нив А. Лозанчев настојува да пронајде аргументи за оправдување на своите постапки при носењето на одлуката за Востание, а во исто време да ги нападне другите. Во декември 1936 година, по еден примерок од своите ракописи депонирал во архивите на Илинденската организација и на Македонскиот научен институт. Притоа, условот бил материјалите да бидат отворени по неговата смрт.

Конечно, во март 1937 година, А. Лозанчев преку статијата „Зошто бев за Востание“,[9] првпат јавно проговорил за она што го измачувало. Во неа во збиена форма ги презентира ставовите што претходно ги запишал во спомените во врска со прашањето поради кое бил изложен на критика. Во тој контекст, Лозанчев пишува „И до ден денешен, по повеќе од 30 години, сум напаѓан за мојот став за Востание. Изјавувам дека мене, скромен работник, само најчисти, највозвишени побуди ме тераа да бидам приврзаник на едно востание, а не некакви лични сметки, или од болна амбиција, од која и тогаш страдаа, па и сега страдаат мнозина дејци.



Анастас и Параскева Лозанчеви во Рилскиот манастир

Ја прифаќам врз мене целата одговорност, или колку што може да понесат моите плеќи, и ги прашувам живите коишто и денес ме напаѓаат: Дали Организацијата во својата 40-годишна дејност има пославни дела од Солунските атентати и Илинденското востание?... Ако Востанието во 1903 година не успеа, кој може да ме увери дека, на пример, ќе успееше во 1905, или во 1910 година, или кога било ќе успееше повеќе... Всушност, Востанието успеа, ние предизвикавме вмешување на европските држави, но, како ѝ секогаш – не бевме доволно умни и предвидливи да го искористиме ова вмешување... во 40-годишниот живот на нашата Организација испакнаа мнозина, макар и мали Гарибалдовци, но ниеден најмал Мацини... Белки ние живите што останавме од онаа славна епоха, останати живи не по наша вина, како и сите Маке-

[9] А. Лозанчевъ, Защо бѣхъ за въстание..., 8–9.

донци, ќе бидеме среќни да ги видиме Битола, Охрид, Костур и други како и цела Македонија, слободни. Да живее Македонија. Да живее Илинден“.[10]


ИЛИНДЕНСКА ОРГАНИЗАЦИЯ
РЪКОВОДНО ТѢЛО
ул. Солунъ № 54 Телефонъ № 19-32
София, 21. XII 1936 год.

Разписка

Подписаниятъ, Антонъ Е. Кецкаровъ, касиеръ на Илинденската организация, получихъ за съхранение опечатани записки—спомени отъ г. Анастасъ Д. Лозанчевъ, съгласно неговото желание.

Расписка од Ил. организација за примени спомени од Лозанчев

Се чини, отворањето на Лозанчев преку овој текст само привремено го ослободило од наметнатата „вина“. Но, кога ќе се проследат материјалите од пред крајот на неговиот живот, се добива впечаток дека тој никогаш не се ослободил од товарот што го носел.

За тоа најдобро сведочат зборовите од неговото претсмртно завештание од 1945 година: „И до ден денес, по 42 години, се фрлаат укори, особено од дејците на ВМРО одовде - Вардарци, за ненавремено подигање на Илинденското востание, како и за неговата неуспешност“.[11]

[10] Исто.

[11] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 379.

# Анастас Лозанчев во Втората светска војна

Точно две децении по завршувањето на Првата светска војна, светот бил зафатен од нова светска војна, која однела повеќе жртви од сите дотогашни војни заедно. По брзиот пробив на германската воена машинерија на Балканот во почетокот на април 1941 година, и уште побрзата капитулација и окупација на кралствата Југославија и Грција, фашистичка Бугарија со дозвола на Германија го окупирала делот од Македонија под југословенска (српска) власт (без Струга, Дебар, Кичево и Тетово), како и териториите на југоисточна Македонија под грчка власт.[1] На тој начин Битола, родниот град на Лозанчев, повторно се нашол под бугарска окупација.

Бугарските власти, преку разни организации, окупирањето на Македонија настојувале да го претстават како ослободување од српска власт. За таа цел била искористена и популарноста на старите револуционери и на македонските емигрантски организации во Бугарија, особено на Илинденската организација,[2] која претходно стекнала предзнак на чувар на илинденското наследство. Нејзиниот претседател, Лазар Томов, во 1941 година го посетил Скопје и учествувал при создавањето на нејзиниот огранок во Битола.[3] Во негово присуство, на 2 август 1941 година, во Битола била организирана прослава на Илинден.[4] Всушност, тоа било генерална проба за следната година.

Анастас Лозанчев, како човек со две татковини, од кои првата во претходните војни била распарчена, а втората која претендирала врз неа, се претставувала во улога на ослободител и обединител, окупацијата на Македонија од фашистичка Бугарија ја прифатил како ослободување и обединување на Македонија, под

---

[1] Види: Историја на македонскиот народ т. 5, Скопје 2003, 51–56; 423–424;

[2] Илинденската организација, чувствувајќи го политичкиот курс на Бугарија и нејзиното приближување кон фашистичките земји, на 15 јули 1940 година усвоила декларација за обединување на цела и неделива Македонија кон Бугарија. (Ил. Илинденъ, XIII/4 (124), София 1941, 5.

[3] Јован Кочанковски, Битола и Битолско во Народноослободителната и антифашистичка војна на Македонија (1941–1945), т. 1, (1941–1943), Битола 2010, 165.

[4] К. Хр. С., Илинденъ въ Битоля, Ил. Илинденъ XIII/ 7 (127), София 1941, 12–14.

капата на „мајка Бугарија“. Секако, за тоа придонел и фатот што неговата родна Битола се нашла во рамките на неговата втора татковина. Оттука, по воспоставувањето на бугарската воена и цивилна администрација во окупираниот дел од Македонија, А. Лозанчев во 1941 година првпат, дури по 28 години, го посетил родниот град.[5] За оваа посета на Лозанчев немаме никакви информации, ниту за времето, ниту за целта. Во секој случај, таа не била за време на прославата на Илинден. Оттука, неоспорно е дека посетата била мотивирана од приватни побуди, бидејќи станува збор за родниот град. Меѓутоа, со оглед на идниот ангажман на Лозанчев, изгледа дека посетата сепак била во некаква врска со активноста на Илинденската организација, која била во служба на окупаторската власт. Неоспорно, Лозанчев како единствен жив член од Главниот штаб на Илинденското востание, неопходно ѝ бил потребен на Илинденската организација, која се ставила во функција на бугарската „ослободителна“ пропаганда во Македонија.

Мошне впечатливо е тоа што А. Лозанчев, кој повеќе од две децении отсуствувал од јавноста и од општствено-политичките збиднувања, одеднаш пројавил активност и започнал да ги обновува врските со повеќе стари дејци од македонското револуционерно движење и со разните организации, особено со Илинденската.

Така, на пример, на 21.11.1941 година, Никола Петров Русински (поранешен војвода во Битолскиот округ) го информира А. Лозанчев дека од пред шест месеци се вратил во родниот крај и дека повел иницијатива за собирање средства за подигање споменик на Даме Груев и на другите што загинале со него кај Русиново. Покрај тоа, Русински го известува дека поради лошата финансиска состојба не успеал да напечати ниту една од своите книги за „револуционерното минато“.[6]

Во пресрет на новата 1942 година, Милан Дамјанов – претседател на Македо-одринското ополчение, му упатил честитка на А. Лозанчев. Во одговорот на честитката, Лозанчев, меѓу другото, ќе запише: „Честита беше 1941 година за Вас и Ополчението, честита беше за мене и за Илинденци, честита беше за целиот бугарски народ поради обединувањето што се случи“.[7] На 6 јануари

---

[5] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 380.

[6] Исто, 385.

[7] Исто, 384.

1942 година, А. Стршенов од Битола, честитајќи му ја новата година, на А. Лозанчев му посакува повторно видување, но во оние „покраини кои уште се под туѓа власт". Притоа го информира за пошумувањата на голините околу Битола.[8] На 27.02.1942 година, Анастас Лозанчев донирал 1000 лева кај епископот на Битолската епархија, кои требало да бидат искористени според нивните намери. Истовремено, Лозанчев го замолува епископот Харитон да се помоли за „присоединување на останатите бугарски земји под туѓа власт", како и за брзо и успешно завршување на војната за бугарскиот народ. По еден месец, епископот Харитон му се заблагодарил на А. Лозанчев за донацијата и го информирал дека средствата ќе бидат искористени за помош на сиромашните. Истовремено, му пишува дека лично ќе се моли за неговото здравје, за да може со свои очи да ги види неослободените земји, обединети со Бугарија".[9]

Во меѓувреме, во јуни 1942 година, починал Никола Петров Русински. А. Лозанчев, откако дознал за тоа, на 20 јуни 1942 година се обратил со писмо до кметот на с. Русиново. Притоа, откако го нагласува местото на Н. П. Русински во македонското револуционерно движење, го замолува кметот да ги прибере необјавените „книшки" на Русински и да ги испрати во Илинденската организација, зашто тие ќе бидат „значаен придонес кон историјата на македонската ослободителна борба".[10]

Во меѓувреме, раководството на Илинденската организација на 29 мај 1942 година, ги информира претседателите на нејзините друштва, дека со дозвола на Министерот за внатрешни работи и народно здравје, во Битола од 2 до 4 август ќе се одржи конгрес на Организацијата.[11] Поради тоа е побарано друштвата набрзо да одржат собранија и, во согласност со Уставот, да изберат делегати за Конгресот и да ги доставaт нивните имиња до раководството на Организацијата. Истовремено, Илинденската организација ги информира друштвата дека направила постапки за отпуштање на „народни пензии за заслужни илинденци" и дека тоа било „ветено" од власта, но дека треба да се причека усвојувањето на законот.[12]

---

[8] Исто, 386.

[9] Исто, 388.

[10] Исто, 389.

[11] Окръжно писмо No. 577 отъ 29 V 1942 год. Ил. Илинденъ 5 (135), София 1942, 11.

[12] Исто. Ветениот закон бил донесен во почетокот на 1943 година. Види: К. Хр. Пенсиите, Ил. Илинденъ 2 (142), София 1943, 1–3.

Во исто време, Илинденската организација објавува „Илинден е нашето најславно дело во поновата историја. Илинден е ѕвезда светилка, факел за иднината“.[13] Поради тоа, Илинденската организација наредила на 2 август секаде да се одржат свечени собранија, панихиди и говори. На крајот од соопштението се вели: XII конгрес на Илинденската организација ќе се одржи во Битола, „во центарот на Илинденското востание“, каде што ќе се сретнат сите делегати за да се прегрнат со своите браќа и „да дадат ветување за верна служба на царот, народот и државата“.[14] Од изнесеново јасно е дека Илинденската организација била ставена во функција на политиката на фашистичка Бугарија. Притоа, за нејзино промовирање во окупираните краишта, била искористена 39-годишнината од Илинденското востание. Преку таквото искористување на локалната историја, окупаторот настојувал да се доближи до народот и да му се претстави како негов ослободител.

За илинденскиот поход кон Битола, кој бил режиран од Софија, а за кој била издадена и дозвола од министерот за внатрешни работи на Бугарија, требало да се најдат достојни водачи, познати меѓу тамошното население. Најрепрезентативен примерок за тоа бил единствениот жив член на Главниот штаб на Илинденското востание. Оттука, на 19 јуни, К. Жостов го информира А. Лозанчев дека тој бил избран за водач на делегацијата, за бајрактар Антон Кецкаров, а ѓакон Т. Николов и поп Јордан за крстоносци.[15] Таквата улога апсолутно му импонирала на Лозанчев. Така, човекот кој бил една од најкритикуваните личности за постапките при носењето на одлуката за Востание, ослободен од другите авторитети, ги добил своите пет минути, и тоа како централна фигура во парадата, за да ја каже својата приказна.

Со истото писмо, К. Жостов го информирал Лозанчев дека подготвува некаква студија за „Илустрација Илинден“ и го бара неговото мислењето во врска со „националниот стремеж на македонските Славјани“, бидејќи во земјата се „шират разни мненија за тоа прашање“ кои произлегувале од „непријателите на бугарскиот народ“, па затоа било важно да се објасни прашањето и да се „истакне бугарската национална припадност на македонскиот Бугарин“.[16] Засега не знаеме дали Лозанчев воопшто одговорил,

---

[13] Ил. Илинден и конгреса на Илинденци. Ил. Илинденъ 5 (135), София 1942, 1.

[14] Исто.

[15] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 393.

[16] Исто.

или евентуално како одговорил на ова прашање. Едно е сигурно, некој се плашел од „националните стремежи на македонските Славјани“ па затоа сакал да ја истакне нивната „бугарска национална припадност“.

А. Лозанчев зел активно учество во привлекувањето на некои од старите дејци на Организацијата за делегати за Конгресот во Битола. Во таа смисла се обратил до Лазар Димитров, со кој очигледно дотогаш не комуницирал. Информирајќи го за претстојниот Конгрес, Лозанчев, меѓу другото, му пишува: „Меѓу оние, кои со најголемо право би требало да учествуваат на тој Конгрес, на едно од првите места треба да седиш ти. Само ти, единствениот противник на идејата за подигање Востание за време на Солунскиот конгрес, и јас, најубедениот за Востанието, учествувавме во Илинденското востание. Сите викачи во Солун, кои сигурно не знаеја што сакаат, откако се определија за Востание, за нивни срам и презир, ги немаше никаде кога требаше да се дејствува“.[17]

Утрото на 30 јули 1942 година, 300 илинденци (делегати и гости), со специјален воз тргнале од Софија преку Цариброд, Ниш и Скопје за Битола.[18] Следниот ден, попладне, илинденците биле свечено пречекани на Железничката станица во Битола. Одборот за пречек го предводел обласниот директор Антон Козаров, а покрај него биле: началникот на дивизијата, полковник Маринов, и битолскиот градоначалник Илија Нанчев.[19] Меѓу гостите централно место заземале А. Лозанчев, Лука Џеров, Тома Николов и Антон Кецкаров. Вечерта во киното „Балкан“ било одржано свечено собрание, на кое Крсто Велјанов зборувал за Илинденското востание.

Вистинските церемонии почнале утрото на 1 август со посети на командантот на гарнизонот, полковник Маринов, градоначалникот И. Нанчев и обласниот директор, А. Козаров.[20] Вечерта на градскиот стадион била организирана свеченост. Притоа бугарската војска ги пречекала илинденците со плотуни, а хорот „Ѓорѓи Сугарев“ им приредил културно-уметничка програма, но тука бил и воениот оркестар. Главен говорник бил командантот на гарнизонот, полковник Маринов, кој ја величал улогата на

[17] Исто, 392. Меѓутоа, Лазар Димитров, поради здравствени причини, не отишол на Конгресот во Битола, туку само испратил поздравна телеграма (Ил. Илинденъ, г. XIV/7-8 (137–138), София 1942, 28.

[18] На конгреса въ Битоля, Ил. Илинденъ, г. XIV/7–8 (137–138), София 1942, 4.

[19] Исто, 6.

[20] Исто, 6–7.

бугарската армија за „ослободувањето“ и обединувањето на „бугарскиот народ“.[21]

Утрото на 2 Август во црквата „Св. Богородица“, под чиноначалство на епископот Харитон, била отслужена панихида за паднатите илинденци. Во црквата пригодни говори одржале: обласниот директор, командантот на гарнизонот и градоначалникот.[22] Оттаму, под звуците на воената музика, со портретите на Цар Борис III, Хитлер и Мусолини, илинденската поворка, следена од претставници на разни профашистички организации, заминува на плоштадот „Александар Турунџев“. Токму на ова место во 1905 година бил обесен А. Турунџев. За неговиот лик и дело реч одржал претседателот на Илинденската организација – Л. Томов.[23] Додека на местото каде што загинал Јонче Чамов, пригодна реч одржал Ѓорѓи Поп Христов.[24]



Анастас Лозанчев на конгресот во Битола

Приквечер, по благословот на епископот Харитон, Лазар Томов го отворил XII конгрес на Илинденската организација. За претседател на привременото биро бил именуван Тома Николов,

[21] Исто, 7–8.

[22] Илинденъ въ Битоля, Ил. Илинденъ, г. XIV/7–8 (137-138)..., 9.

[23] Исто.

[24] Исто.

како најстар делегат.[25] Покрај делегатите и гостите, на Конгресот присуствувале: Петар Габровски – министер за внатрешни работи и народно здравје на Бугарија (како специјален пратеник на цар Борис III), Симеон Радев – полномоштен министер без ресор, А. Козарев – областен директор, И. Нанчев – градоначалник на Битола, Никола Коларов – инспектор за пропаганда, и други. [26] Присуството на министерот за внатрешни работи покажува кој бил режисер на свеченоста, додека, пак, присуството на инспекторот за пропаганда ја покажува целта на собирот.

До Конгресот стасале поздравни телеграми од бугарскиот цар Борис III, премиерот Богдан Филов, министерот за просвета, германското и јапонското дипломатско претставништво во Бугарија,[27] како и од разни организации, здруженија и поединци.[28]

По свеченото отворање, за претседател на Конгресот бил избран Кирил Христов. Во свечениот дел од Конгресот поздравно обраќање имале: министерот за внатрешни работи,[29] началникот на гарнизонот во Битола,[30] претседателот на Сојузот на резервните подофицери,[31] претседателот на Македонскиот научен институт Христо Станишев,[32] претседателот на Тракискиот научен институт Христо Караманџуков,[33] делегатите од Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија,[34] училишниот инспектор, потоа Лазар Киселинчев како претставник на илинденските дејци од Костурско, Леринско и Воденско,[35] Апостол Христов од името на Македонското ополчение,[36] како и заменик градоначалникот на Битола – Константин Робев.[37]

---

[25] Величествениятъ ни конгресъ, Ил. Илинденъ, г. XIV/7–8 (137–138), София 1942, 10.

[26] Исто.

[27] Височайше внимание къмъ Илинденци, Ил. Илинденъ, г. XIV/7–8 (137–138), София 1942, 1.

[28] Исто, 15; 22–32.

[29] Вдахновения поздравъ на м-ра на Вътрешнитѣ работи г. П. Габровски, Ил. Илинденъ, г. XIV/7–8 (137–138), София 1942, 2.

[30] Величествениятъ ни конгресъ..., 11.

[31] Исто.

[32] Македонскиятъ Наученъ Институтъ на конгреса въ Битоля, Ил. Илинденъ, г. XIV/10 (140) София 1942, 4.

[33] Тракийци на конгрес въ Битоля (изъ речьта на Хр. Караманджуковъ), Ил. Илинденъ, г. XIV/9 (139), София 1942, 12.

[34] Величествениятъ ни конгресъ..., 12.

[35] Исто, 12–13.

[36] Исто, 14.

[37] Исто.

Говорите, пораките и желбите на спомнативе говорници се скоро исти: Илинденското востание е дел од борбата за обединување со Бугарија; величање на бугарскиот цар, на владата и армијата и на нивните фашистички сојузници поради „ослободувањето“ и обединувањето на Македонија со Бугарија; желба за скорешно обединување со неослободените делови на Македонија. Намерата на говорниците била окупирањето на Македонија од страна на фашистичка Бугарија да се претстави како ослободување и обединување со матицата земја.

По свечениот дел на Конгресот, биле формирани следниве комисии: 1. Комисија за проверка на полномоштвата на делегатите; Комисија за измена на уставот на Илинденската организација; Комисија за подготвување резолуција; и Финансиска комисија.[38] Анастас Лозанчев бил избран во Комисијата за резолуциите.

На 3 август, прв пред Конгресот зборувал Анастас Лозанчев со реферат под наслов „Како се стаса до Илинденското востание и неговото значење“.[39] Рефератот на Лозанчев се темели врз раскажаното и запишаното во неговите спомени (кои сѐ уште не биле познати за јавноста). Единствена разлика претставува поумерениот тон. Во него тој дава краток пресек на развојот на ослободителното движење во Битолскиот револуционерен округ и на донесувањето на одлуката за Востание. Повикувајќи се на предупредувањето од Н. Колушев од 1903 година дека Бугарија нема воено да интервенира во прилог на Востанието, Лозанчев нагласил дека Востанието не било „диригирано од Софија“.[40] Независно од тоа, Лозанчев во говорот истакнал дека Илинденското востание е велико и свето дело, не само за „македонските Бугари, туку и за целиот бугарски народ“.[41] Затоа, А. Лозанчев на Конгресот му предложил во Битола да се подигне „Споменик на Илинденското востание“ и за таа цел истиот ден при Општината во Битола донирал 10 000 лева за основање фонд со кој треба да се подигне споменикот.[42] Таквата иницијатива на Лозанчев била под-

---

[38] Исто.

[39] Исто. За целиот реферат на А. Лозанчев види: Илинденъ. Какъ се достигна до Илинд. въстание...,1-3.

[40] Илинденъ. Какъ се достигна до Илинд. въстание..., 2.

[41] Исто.

[42] Исто, 3. Истиот ден А. Лозанчев испратил писмо до Битолскиот градоначалник со кое го информира дека на Општината ѝ донирал 10 000 лева за основање фонд за подигање споменик на Илинденското востание. Истовреме-

држана со 20 000 лева од раководството на Илинденската организација.[43] На крајот од говорот А. Лозанчев, како и сите претходни говорници, изразил верба дека Хитлер и Мусолини ќе допуштат обединување на сè што е бугарско со Бугарија.[44] Во таа смисла, на крајот се заблагодарил кон бугарскиот цар и сојузниците: Германија, Италија и Јапонија.



До Господина
Общинския Кметъ на гр. Битоля.

Уважаемий Господинъ Кмете,

Съ настоящето имамъ честь да Ви явя, че въ днешната моя речь предъ делегатитѣ на дванадесетия конгресъ на Илинденската Организация тукъ изтъкнахъ мисъльта за постройката на Паметникъ за Илинденското Възстание. За да се тури основа на единъ фондъ за постройка на такъвъ паметникъ, тукъ приложени изпращамъ Ви двадесеть хиляди лева.

Въ отдѣленъ пликъ изпращамъ Ви и единъ преписъ отъ сказаната речь за библиотеката на Общината.

Желая всичко добро на моя роденъ гр. Битоля и доброто на цѣлокупна България.

Моля приемете Уважаемий Господинъ Кмете
Искренъ почитатель

А. Лозан[illegible]

Битоля
3 Августъ 1942 г.

Писмото на Лозанчев до битолскиот градоначалник

но му испратил и еден примерок од својот реферат за општинската библиотека (Х. Тзавелла, Спомени на А. Лозанчев..., 394). На 14 септември, градоначалникот со писмо му се заблагодарил на Лозанчев за донираните средства и го информира дека во најбрзо време ќе формира комитет за собирање средства за подигање на Споменикот и му ветува дека ќе го држи во тек со работите (Исто, 408).

43 Величественеиятъ ни конгресъ..., 14.

44 Илинденъ. Какъ се достигна до Илинд. въстание..., 3.

На крајот од работата, Конгресот ја прифатил Резолуцијата која била подготвена од посебна комисија во која учествувал и А. Лозанчев. Според неа, Илинденската организација изразила: 1. Благодарност и вечно признание кон цар Борис III за неговата љубов и грижи за ослободувањето на поробените браќа; 2. Благодарност кон бугарската влада за мудрата политика и ослободувањето на браќата што копнееле за слобода; 3. Благодарност кон бугарска војска која дала илјадници жртви за ослободувањето, благодарност и почит кон мајките на паднатите борци за слобода, благодарност и почит кон паднатите борци, нивните жени и сираци; 4. Благодарност и почит кон сојузничките армии и народите на Германија, Италија и Јапонија; 5. Благодарност кон браќата Бугари од слободниот дел на бугарската татковина за нивната пожртвуваност кон неослободените Бугари; 6. Надеж и верба дека носителите на божјата правда (фашистичките земји) нема да дозволат ниту еден Бугарин да остане под туѓо ропство; 7. Како приврзаници на идејата за Голема и обединета Бугарија со еден народ, цар и држава, апелираат за сплотеност околу царот и владата за да се исчистат сите гангрени кои го загрозуваат единството и обединувањето; 8. Поздрав до браќата Хрвати кои се ослободиле истовремено со поробените Бугари и ја разрушиле Југославија; и 9. Горди на своето бугарско сознание, илинденци храбро извикуваат: Да живее Бугарија! Да живее царот на Бугарите и неговата храбра армија! Ураа за бугарскиот народ и неговите сојузници![45]

Според усвоената Декларација, излагањата на говорниците, учеството на официјалните владини лица, како и иконографијата, XII конгрес на Илинденската организација во Битола поминал во знак на официјалната политика (иако мнозина од учесниците немале ништо со фашистичката идеологија) и во функција на бугарската „ослободителна“ мисија кон Македонија.

Вечерта на 3 август, во присуство на министерот за внатрешни работи, хорот „Ѓорѓи Сугарев“ извел културно-уметничка програма. Истовремено била изведена и една претстава за четничкиот живот од Војдан Чернодрински, во која настапил и самиот тој.[46] Следната вечер, во салонот „Пелистерски јунак“, била организирана заедничка вечера за околу 400 души на која присуствувал и министерот за внатрешни работи. Со ова завршиле церемониите во Битола, но не и во Битолско. Утрото на 5 август по-

[45] Резолюция, Ил. Илинденъ, г. XIV/7–8 (137–138)..., 21.

[46] Следъ конгреса, Ил. Илинденъ, г. XIV/7–8 (137–138)..., 16.

веќето гости, вклучително и Анастас Лозанчев, со воени камиони и автомобили во придружба на началникот на гарнизонот заминале за Смилево, каде што главен домаќин бил Ѓорѓи Чуранов. Таму енорискиот свештеник во сослужение со петмина свештеници – илинденци, одржал панихида за паднатите борци во 1903 година. Притоа реч држел Ангел Узунов (брат на Христо Узунов). Тој, меѓу другото, истакнал дека Илинденското востание, иако не ѝ донело слобода на Македонија, станало симбол и инспирација за борците кои ја продолжиле борбата до моментот на обединувањето со Бугарија.[47] Во центарот на вниманието биле Анастас Лозанчев, Ѓорѓи Поп Христов, Лука Џеров, но и командантот на Гарнизонот. Под звуците на воената музика, сретсело кај црквата, била организирана заедничка веселба, а во училишната зграда заеднички ручек. На крајот од веселбата поздравна реч одржал полковникот Маринов.[48] Тој ден Анастас Лозанчев заедно со Ѓорѓи Поп Христов, Христо Станишев, полковникот Маринов и битолскиот градоначалник, го посетиле домот на Ѓорѓи Чуранов. Посетата е овековечена со заедничка фотографија.[49]



Лозанчев во Смилево

Само три дни пред тоа, точно на Илинден, кога Илинденската организација прославувала во Битола, македонскиот пар-

[47] Исто.

[48] Исто, 17.

[49] Види ја насловната страница на Ил. Илинденъ, г. XIV/10 (140), София 1942, 1.

тизански одред „Даме Груев“ извршил симболичен напад на Смилево.[50] Притоа ја зеле општинската машина за пишување.[51] Со оваа акција на Илинден, одредот Даме Груев отворено им пркосел на окупаторските власти и настојувал да покаже дека помеѓу Илинденското востание и македонската националноослободителна борба постои континуитет.

Интересно е што во „Ил. Илинден“, во текстот во кој опширно пишува за прославата на Илинден во Смилево, нападот на Смилево е претставен како дело на млади развратни луѓе, кои биле корумпирани со „цури“ специјално доведени од Србија. Според, „Ил. Илинден“, овие луѓе со своите постапки им нанеле срам на македонските Бугари и на нивната борба за слобода и обединување. Оттука, „Ил. Илинден“ прашува: Македонија против Бугарија! Дали е можно тоа?... Дали за бугарската слобода, Македонија не водеше толку тешки борби...? Дали за слободата на Македонија, Бугарија не принесе стотици илјади жртви... и милијарди средства? Дали таа, толку пати не го стави на карта своето постоење, за да ја поткрепи борбата за слобода на поробените браќа?“.[52]

Сепак, Редакцијата изразува верба дека престапниците, кои биле мал процент, ќе исчезнат набрзо, откако „здравата десница на власта ќе ги постави на своите места“.[53]

Очигледно „Ил. Илинден“, во согласност со официјалната идеологија, наполно ја игнорирала македонската националноослободителна и антифашистичка војна и неа ја претставила како дело на млади престапници, корумпирани од српските јавни куќи во Битола. Натамошен коментар на овој крајно пропаганден текст е излишен. Всушност, токму за елиминирање на македонската национална борба, под будното око на бугарските власти преку Илинденската организација, на македонскиот народ му била сервирана прослава на неговото славно минато, нешто за што во претходниот режим не било допуштено ниту да се зборува.

На 8 август 1942 година, Анастас Лозанчев со останатите конгресисти, во придружба на началникот на Битолскиот гарни-

---

[50] Повеќе за тоа види: Ѓорѓи Танковски-Лилин и Јован Д. Кочанковски, Битолско-преспанскиот партизански одред „Даме Груев“ 1942–1944, Битола, 1998, 46–63.

[51] Следъ конгреса, Ил. Илинденъ, г. XIV/7–8 (137–138)..., 17–18.

[52] Исто.

[53] Исто, 18.

зон и на воена музика, го посетил с. Цапари.[54] Оттаму заминале за Охрид, каде што домаќин бил Антон Кецкаров, кој по бугарската окупација во 1941 година се вратил во родниот град.



Лозанчев во Охрид

А. Лозанчев заминувањето на Конгресот во Битола го прифатил со задоволство и речиси еуфорично. Оттука дошла и неговата донација како основен влог за формирање фонд за подигање споменик на Илинденското востание во Битола. Меѓутоа, по враќањето во с. Банкја, А. Лозанчев повторно не бил задоволен. За тоа најдобро сведочат неговите зборови во едно писмо до Ѓорѓи Поп Христов од 31 август 1942 година. Во него, меѓу другото, пишува: „Лани, кога одев за Битола, бев весел, весел бев и кога се вратив. Весел бев и сега кога заминував на Конгресот, а напротив многу тажен, многу бев поразен при враќањето“.[55] Причината за таквото чувство кај Лозанчев ја срекаваме во следните редови од писмото: „Слушај Ѓорѓи, нема сомнеж дека и ти забележуваш дека има тенденција, особено меѓу издигнатите средини, како од Македонците, така и кај тие од стара Бугарија, сè што се вика ВМРО и Илинденско востание (дека, б.н.), е дело на 2–3, или 4 организирани асови. Така мислат старите интелектуалци, а младите и

[54] Исто, 18–20.

[55] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 407.

ним не им признаваат ништо. Младите велат: 'Ние и само ние ја ослободивме Македонија'. За младите нема повеќе да зборувам, а ете зошто од принципиелна гледна точка ќе видиш дека сум прав: Важно е кој ги изработил плановите за една машина, важно е кој ја конструирал таа машина, но таа машина би била мртво железо, мртва материја, ако немаше кој да ја пушти во движење. Ние, повеќе или помалку, зедовме учество во изработувањето на плановите на машината, да ја наречам ВМРО. Ние зедовме учество при нејзиното конструирање, но и најважното, ние ја пуштивме во движење".[56] Од цитираниве редови очигледно е дека Лозанчев за време на Конгресот во Битола, забележал како меѓу помладите, така и старите интелектуалци им оддавале предност на „2–3, или 4 асови", како најзаслужни за ВМРО и за Илинденското востание, при што тој не бил вброен меѓу нив. Поради тоа, служејќи се со еден машински речник, на Ѓ. П. Христов му пишува дека и тие зеле учество во конструирањето на машината – ВМРО, но најважно било што тие ја пуштиле во движење. Последната навидум скромност на Лозанчев изразена со множинската форма „ние", во исто време во две други писма се претвора во прво лице еднина со заменката „јас". Од исти побуди и во исто време, А. Лозанчев му пишува на С. Радев: „Зедов учество на Солунскиот конгрес, го организирав со моите другари, но повеќе јас, отколку секој друг и Смилевскиот конгрес и Илинденското востание е повеќе мое дело. Важно е кој ја конструирал таа машина, но машината би била мртво железо, или материја, ако не се најде човек, кој ќе ја пушти во движење. Јас учествував во изготвувањето на плановите на ВМРО и во нејзиното организирање, а што се определив за нејзиното пуштање во движење, тоа е повеќе мое дело, отколку на секој друг. Тоа треба да се знае".[57] Во исто време, А. Лозанчев на С. Радев му ја испратил и својата реч што ја одржал во Битола, надевајќи се дека со тоа ќе го промени неговото мислење во врска со прашањата околу историјата на ВМРО и Илинденското востание.

Во тој период, незадоволниот Лозанчев почнал да им држи лекции и на професорите. Така, на проф. Г. П. Ванев му пишува: „При нашата средба минатата година, по случај панихидата за Даме, ви реков дека вашите статии по народните прашања секогаш ми правеле силен впечаток. Целта на ова е да ги пополните вашите познанија за овие прашања, бидејќи сум сигурен дека во

---

[56] Исто.

[57] Исто, 395.

поголем дел не ви се познати“.[58] Поради тоа, како и на С. Радев, А. Лозанчев му го испратил својот реферат од Конгресот во Битола. И во ова писмо, Лозанчев ја повторува истата машинска приказна: „ Треба да се знае едно нешто г-не професор, важно е кој изработил една машина, важно е кој ја конструирал таа машина, но еднакво важно е и кој ја пушти таа машина во движење. Мртво железо, мртва материја, би била таа машина, ако не биде пуштена во движење. Јас зедов учество при изработката на плановите на ВМРО. Јас зедов учество при организирањето на таа Организација. Организирањето на Илинденското востание се должи првенствено на мене, а потоа на кој и да е друг... Сега малку, по мојата смрт повеќе“.[59]

Најверојатно донацијата на Лозанчев за споменик на Илинденското востание и неговото излагање на Конгресот не го сменило мислењето на другите за неговото место и улогата во македонското револуционерно движење. Оттука, тој од Битола се вратил разочаран. Мошне интересно е тоа што ако дотогаш А. Лозанчев се обидувал да се правда зошто бил за востание и на разни начини да ја споделува одговорноста со постапките на другите, овој пат почнува да зборува дека Илинденското востание е пред сѐ негово дело.

Незадоволен од третманот и определеното место во историјата, А. Лозанчев повторно се зафатил со собирање дополнителни материјали за револуционерното движење, со надеж дека по завршувањето на војната тие ќе ѝ послужат на историјата,[60] се разбира за да се исправат неправдите. За таа цел стапил во контакт со старите соборци и познајници, за кои сметал дека се запоставени. Токму поради тоа стапил во контакт со Ѓорѓи Поп Христов. Притоа, од него побарал да собира: портрети на раководителите на Битолскиот револуционерен округ од пред Востанието; портрети на сите горски началници во Округот, како и на разни дејци и работници кои се издигнале со својата работа; портрети на загинати војводи и четници.[61] Покрај тоа, Лозанчев го информира Ѓ. П. Христов дека зборувал со Манаки да му испрати фотографии од обесувањето на А. Турунџев, од четата на П. Къа-

---

[58] Исто, 398.

[59] Исто. Со последната реченица, Лозанчев алудира на своите депонирани спомени, од кои професорот можел да научи повеќе по неговата смрт, кога тие требало да станат достапни.

[60] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 407.

[61] Исто.

шев и други. Покрај тоа, Лозанчев истакнува дека треба да се собираат писма, материјали, или копии од нив, додека е време за да може да се зачуваат. За сета оваа активност, Лозанчев вели дека бил подготвен да ги поднесе материјалните трошоци. Истовремено и нему му испратил копија од своето излагање на Конгресот во Битола и го замолува за сугестии.

А. Лозанчев со иста намера стапил во контакт и со Лазар Киселинчев, кој претходно му го доставил своето „тефтерче“ со белешките за борбите во Костурско.[62] Притоа, Лозанчев му признава на Киселинчев дека белешките во неговото „тефтерче“ му оставиле подобар впечаток, отколку оние на В. Чекаларов. За да може опширно да зборуваат по прашањата за револуционерното движење, Лозанчев го поканил Киселинчев да дојде кај него во с. Банкја и таму да отседне неколку денови, бидејќи кога престојувал во куќата во Софија постојано бил зафатен со работа. Мошне интересно е што А. Лозанчев пред Л. Киселинчев се отворил интимно и се исповедал дека пред 3–4 години бил во состојба да посегне по сопствениот живот како Иван Попов, или најмалку да дојде во состојба на тотална депресија како Христо Матов.[63]

Во потрага по материјали за македонското револуционерно движење, А. Лозанчев стапил во контакт и со Спиро Петров (брат на Ѓ. Петров). Него го информирал дека собира разни писма, ракописи, печатени книги и дека подготвува табло со фотографии од живи и починати дејци, особено за Битолскиот крај.[64] Лозанчев, знаејќи го фактот дека Ѓ. Петров своевремено подготвувал биографија за П. Тошев и дека ракописот се наоѓа кај брат му Спиро, од него побрал да му достави копија од спомнатиов ракопис. Притоа се обврзува дека материјалот нема да биде искористен без негова согласност за ништо, освен за својата збирка, како придонес за историјата на револуционерните борби во Македонија. Покрај тоа, Лозанчев му пишува на Спиро дека мнозина дејци од револуционерното движење неосновано биле издигнати, многу високо, а таквите како Ѓорче и Пере биле во заборав, поради што тој ветува дека ќе ги „лансира напред“ и дека историјата кога и да е ќе си ја каже вистината, но затоа биле потребни факти.[65]

Во потрага по информации за почетоците на револуционерното движење во Битолскиот револуционерен округ, А. Ло-

[62] Исто, 412.
[63] Исто.
[64] Исто, 101.
[65] Исто.

занчев одржувал контакти и со Никола Кочов од Битола,[66] кој своевремено го посветил во Организацијата. Меѓутоа, од две писма што Кочов ги испратил до Лозанчев, се гледа дека информациите што тој ги доставил се крајно непрецизни, дека може да предизвикаат само конфузија, а не појаснување на нештата.

А. Лозанчев со собирачка дејност продолжил да се занимава до крајот на животот. Меѓутоа, се чини дека повеќе собирал објавени материјали (статии, книги, исечоци од весници и сл.) кои во основа ги користел за составување белешки и текстови за оспорување на местото и улогата на другите дејци поради нарушени лични, или други односи. Така, на пример, во почетокот на јануари 1943 година, Лозанчев сочинил една кратка белешка со остар критички тон на адреса на Б. Сарафов, Т. Александров и П. Шанданов.[67] Кон крајот на истата година, врз основа на објавените материјали, составил еден крајно некоректен текст на адреса на Дамјан Груев.[68] Без сомнение, поводот за овој текст е појавата на вториот том од Ослободителните борби на Македонија од Х. Силјанов, во кој Лозанчев не се пронашол себеси, наспроти Д. Груев, кој секогаш имал почесно место.

Во 1943 година, кога настанува пресврт во Втората светска војна во корист на антифашистичката коалиција, а истовремено македонската национална ослободителна борба зела замав, Анастас Лозанчев останал со надеж за присоединување на „неослободените“ делови од Македонија кон Бугарија. Тоа се гледа од неговата телеграма до претседателот на Илинденската организација во Сер по повод 40-годишнината од загинувањето на Гоце Делчев,[69] како и од неговата поздравна телеграма до друштвото на Илинденската организација во Битола по повод 40-годишнината од Илинденското востание.[70]

Во 1944 година, А. Лозанчев комуницирал со Антон Кецкаров од Охрид, со кого заемно се информирале за воената ситуација, како во Охрид, така и во Софија. Покрај тоа, од писмото на А. Кецкаров од 22 мај 1944 година, дознаваме дека А. Лозанчев од порано донирал 2000 лева за хуманитарното друштво „Св. Климент Охридски“, кои биле заведени како фонд „Анастас Ло-

---

[66] Исто, 419; 424-425.

[67] ДАРМ, фонд Анастас Лозанчев, оп. 1, ае 7, л. 1–6.

[68] Види: Даме Груев. Живот и дело (сборник), част I..., 293–306.

[69] Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 414.

[70] Исто, 415.

занчев“.[71] Во меѓувреме, Лозанчев му испратил на Кецкаров уште 300 лева поради некаков долг за портрети. Но, бидејќи А. Кецкаров не се сеќавал за каков долг станувало збор, го информирал дека овие средства ќе ги заведе во фондот „Анастас Лозанчев“ при друштвото „Св. Климент Охридски“.[72] Од своја страна, А. Лозанчев на 17 јули 1944 година го известува Кецкаров за своето преселување од с. Банкја (Софиско) во с. Мошино (Перничко). А. Лозанчев, кој дотогаш се пројавува во улога на донатор, што несомнено зборува за неговата материјална положба, во последново писмо до Кецкаров зборува за економската криза и за поскапувањата во Бугарија, за големите финансиски издатоци при преселбата на работилницата, како и за корумпираноста и експлоатацијата кои доаѓале од сите страни.[73] За разлика од другите писма, во ова изостануваат желбите за обединување на Македонија со Бугарија. Несомнено, сето тоа е последица на реалната воено-политичка ситуација и пресвртот во Втората светска војна.

[71] Исто, 431.

[72] Исто.

[73] Исто, 426–427.

# Лебедовата песна на Анастас Лозанчев

„На Илинден 1942 година ѝ реков збогум засекогаш на Битола, сега на сите ви велам збогум. Може да се видиме пак, но нема да ме слушнете другпат. Тоа е мојата лебедова песна!“

А. Лозанчев, 7 септември 1945

На 2 август 1944 година, точно на Илинден, во манастирот „Св. Отец Прохор Пчински“ како резултат на успехот во антифашистичката и народноослободителна војна на македонскиот народ е одржано Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија. Тогаш делот од Македонија од Кралството Југославија е прогласен за конститутивна држава во рамките на југословенската федерација. Така на еден дел од територијата на Македонија, која била поделена со Балканските војни, реалноста е сменета. Во меѓувреме, фашистичка Бугарија капитулирала и застанала на страната на антифашистичките земји. Новите власти во Бугарија и тамошните македонствувачки фактори, требало да се соочат со новата реалност – македонската држава во составот на југословенската федерација. Со овој факт требало да се соочи и Анастас Лозанчев, некогашниот член на Главниот штаб на Илинденското востание, кое било кренато за автономија на Македонија во рамките на Османлиската Империја.

А. Лозанчев, кој половина од својот живот го поминал во Османлиска Македонија, а другата половина во Бугарија, човекот чиишто визии за македонското прашање се прекршувале низ времето зависно од условите и се движеле од автономија и независност до обединување со Бугарија, новата македонска реалност ја прифатил како поделен човек помеѓу две татковини.

Неговите ставови во контекст на македонската реалност од политички и национален аспект се изложени во неговиот по-

следен ракопис, кој е завршен на 7 септември 1945 година, во с. Банкја.[1]

Според овој ракопис, А. Лозанчев во политички поглед со задоволство го прифаќа создавањето на македонската држава во југословенската федерација и прогласувањето на Илинден за државен празник. Во врска со тоа, Лозанчев пишува: „Јас сум радосен што Македонската држава го прифати за народен празник 'Илинден'. Илинден го заслужува тоа".[2] Со ова, А. Лозанчев го определува вистинското место на Илинден и неговата припадност.

А. Лозанчев, кој до пред една година се залагал за обединување на Македонија со Бугарија, при новата политичка реалност има сосема спротивен став. Во врска со тоа, тој пишува: „Јас сум за Македонија да биде член на вистинска Демократска федеративна Југославија како прва етапа, за втора етапа го сметам не присоединувањето на Македонија кон Бугарија, како што се мислеше некогаш, туку нешто обратно – присоединување на Бугарија во една целосна вистинска Демократска федеративна Југославија, а во третата етапа, таа Југославија да се влее во големото море на СССР. Ако се случи тоа, тогаш ќе имаме еден реален сојуз на сите словенски народи. Речиси не може да се спори дека Полска си го најде местото, а тоа треба да се случи и со Чехословачка."[3]

Очигледно, Лозанчев, при новата реалност, целосното решавање на македонското прашање го гледа низ призмата на панславизмот во една сесловенска федерација под капата на СССР, до која треба да се стаса низ три етапи. Овој поглед Лозанчев го гради врз основа на специфичната местоположба на Македонија и постојаните војни околу неа, поради што таа треба да има моќен заштитник. Во врска со тоа, Лозанчев пишува: „Господ ни определил лошо место на земјата отсекогаш, сè војни, сè борби. Треба да се стави крај на сето зло кое го теглел нашиот народ. Треба да имаме грб на кого можеме да се потпреме при потреба. Јас не им верувам на слатките приказни за вечен мир по земјата. Војни секогаш ќе има и тешко и горко нам, ако сме без грб. Единствен можен таков грб, е само посочениот".[4]

Од национален аспект, А. Лозанчев кон македонското прашање пристапува како „македонски Бугарин". Тоа се гледа од не-

---

[1] Види: Х. Тзавелла, Спомени на Анастас Лозанчев..., 379–383.
[2] Исто, 380.
[3] Исто, 380-381.
[4] Исто, 381.

говите зборови: „Не само што не одобрувам, но и протестирам против оној повик против сѐ што е бугарско. Не можат нашите синови, како неговото Превасходство г. Лазар Колишевски.... не може и мојот пријател Димитар Влахов да нѐ учат дека ние сме само Македонци, а не македонски Бугари. Лично јас сум Бугарин од пред да имало бугарска егзархија и бугарска држава“.[5] Во контекст на националното прашање, А. Лозанчев посочува дека другите југословенски народи (Срби, Хрвати, Црногорци ...) иако биле Југословени, дека тие си ја задржале својата народност, па оттука го поставува прашањето дали македонското население треба да прави концесија во поглед на националното прашање. „Тоа што го правиме ние да не наликува на нашето: 'речи му аго, да му стане драго'. Не им прилега на стари и млади револуционери да го прават тоа. Се вели дека тоа го правеле од тактички причини. И тоа не ме топли. Толку ли од тенко кршливо стакло се врските меѓу Македонија и Југославија, па да правиме такви непотребни концесии, при што се понижуваме себеси“.[6]

Според последново, А. Лозанчев очигледно не сфатил дека нациите на Балканот се производ на државата и на нејзините институции. Впрочем, и неговата бугарска национална определба е производ на таквите институции.

Во истиот текст, А. Лозанчев врз основа на два броја од весникот „Нова Македонија“ се произнесол и за македонскиот јазик кој во тоа време бил во фаза на нормирање. Притоа забележува на употребата на некои термини како што се зборовите „путује“ и „тугује“. Во таа смисла, истакнува дека во цела Македонија наместо овие се користеле зборовите „патува“ и „тажи“. Оттука, Лозанчев иронично прашува дали Венко Марковски се плашел да ги користи овие форми бидејќи „патува“ е поблиску до „пътува“, а „тажи“ до „тъжи“. Поради тоа вели дека не било големо зло да се користат спомнативе македонски форми, иако се поблиску до бугарскиот јазик.[7]

Во врска со најавите за усвојување на македонска азбука, А. Лозанчев сугерира дека подобро е да се мисли за западна Македонија (Кичевско, Струга и Преспа), како и за деловите од Македонија што останале под грчка власт, отколку да се занимаваат со прашањето на азбуката, за да не се налутат Светите Кирил и Методиј, Св. Климент и Кирил Пејчиновиќ, како и Гоце Делчев.

[5] Исто.
[6] Исто.
[7] Исто, 383.

Сепак, А. Лозанчев во врска со тоа вели: „Доброто прифаќајте го, а лошото исфрлајте го, иако е бугарско. Цел свет, сите народи, треба да исфрлат многу старо, но и од старото треба многу да се задржи“.[8] Според последново, очигледно е дека А. Лозанчев ги признава потребите на современата македонска реалност, но од друга страна укажува да не се раскинува целосно со минатото. Во врска со прашањето за „македонскиот јазик“, којшто Лозанчев го именува со неговото вистинско име, вели дека сакал многу да пишува и да каже, но самиот признава дека не бил граматичар.

Во истиот ракопис, А. Лозанчев истакнува дека официјална Бугарија „никогаш немала правилен поглед кон македонското прашање“ бидејќи постојано се нишала од еден до друг пол „ту крајна македонофобија, ту голем национализам“.[9] Притоа македонофобијата секогаш се чувствувала по големите неуспешни војни.

Со таквите погледи, Анастас Лозанчев потврдува дека човекот со две татковини останува раскинат помеѓу нив до крајот на животот.

Два месеца по заклучувањето на овој текст, на 8.11.1945 година, Анастас Лозанчев починал во Софија.[10]


За мен не важи дали някой е доволен от това което ще чуе от мен или не е доволен. Да мълча тогава, когато трябва да кажа нещо е непоносимо за мен.
Казах що казах.
Повече - - . точка.
А. Лоз
Пред Илинденци на 27/VII 1945
P.S.
Не може ... да учат на акъл кокошките.
Не е патриот тоз, който използува патриотизъма за ... поза!
София

Последната страна од претсмртната исповед на Анастас Лозанчев

[8] Исто.
[9] Исто, 381.
[10] Б. Николов, Вътрешната македоно-одринска организация..., 94.

# Индекс

Абдул Хамид II, османлиски султан 214, 215, 217
Абдул Керим паша, битолски валија 70, 76
Абдурахман Дине 110, 111
Австрија 21
Австро-Унгарија 41, 43, 182
Аданар Фикрет 105
Азија 144
Албанија 41, 196
Албанци 22, 23
„Александар Турунџев“, плоштад 242
Али Ферух беј 149
Али-пашин безистен 211
Алтипармаков Коле 39, 53, 64
Aličić Ahmed 19, 20, 261
Америка 141
Американец 26
Анастасов Иван Грчето 13, 136, 262
Анастасов Наум 160
Андреев А. 11, 13, 36, 264, 266
Англија 21, 213
Антонов В. 142, 143
Антанта 219, 221
Арнаути 22, 23
Арсов Наќе 172
Арсов Славејко 11, 13, 137, 144, 152-158, 160, 174, 177, 266
Асенов Крсто 128-129, 134
Αθήνα 217, 261
Ахил, псеводним за Гоце Делчев 129
Ахмед, бегликчија 70
Ацев Петар 152, 154, 157, 160-161, 193, 195, 202, 208, 225, 227, 262
Ачков Бојан 83

Бабино, село 166
Бадевъ Йорданъ 53, 262
Баждаров Г. 222
Баир маало 85
Балканска телеграфска агенција 195
Балкански војни 217-219, 267
Балкански Полуостров /Балканот 15, 21, 23, 41, 42, 43, 44, 46, 216, 217, 220, 225, 238, 257
Балкански сојуз 217
Баница, село 112
Банкја, село 231-232, 249, 252, 254, 256
Барда Томе 75
Батанџиев Христо 45
Баучер Џеимс 228
Белград 31, 34, 44, 124, 133, 197, 217, 260, 262, 266
Белев Георги 114, 265
Бело Море 220
Белово, село 210
Белчев Христо 38
Берешани, село 80, 81
Бигла, плаина 171, 174, 176
Биљарски Цочо 12, 16, 37, 46, 69, 104, 116, 149, 151, 152, 171, 259, 260
Биолчев Ничо 63
Биолчев Бојан 113
Биолчев Милан 166
Биолчев Јордан 232
Битола 8, 15, 19-25, 28-29, 31-39, 50-59, 62-67, 71-91, 94-95, 97-100, 112-114, 119-120, 123, 129,

144-145, 147-148, 150-154, 159, 163-167, 169, 173, 175, 179, 181-183, 186, 188-193, 196-198, 208-211, 215-218, 224-254, 259, 262-264, 266, 267
Битолска каза, 20
Битолска егзархиска црковноучилишна општина 35, 36, 39, 63, 80, 85
Битолска егзархиската гимназија „Св. Кирил и Методиј“ 61, 91-92, 94, 97, 145, 146
Битолски вилает 10, 17, 19-21, 42, 50, 52, 55-56, 64, 70-72, 83, 94, 95, 102, 106-108, 110-112, 127, 150, 175, 181, 192, 262
Битолски окружен комитет 10, 52, 54, 60-64, 66-68, 73-77, 79-81, 84-91, 94-103, 109, 112-113, 118-125, 136, 144, 148, 152, 153-155, 157, 164, 189-191, 201, 209, 211, 216,
Битолски околиски комитет 101, 210
Битолски револуционерен округ 9, 11, 17, 38, 51, 68, 82, 91, 94, 97, 99, 102, 103, 106-107, 117, 119, 122, 128, 136-139, 141, 147-148, 152, 157-158, 160-164, 167, 169, 171, 187-188, 190-191, 209, 238, 244, 251-252, 263
Битолски санџак 20
Битолско 36, 55, 89, 137, 142, 147, 154, 168, 177, 189, 202, 237, 246, 264, 266, 267
Битоски Крсте 84, 97, 127, 140, 150, 262
Бицанов Лазар 119
Благадуша Лили 163, 261
Боди Д. 72
Боишко, село 170, 173,
Боишки Планини 176
Божиновска Зорица 42
Бојаџиев Коце 172
Болно, село 174
Бора, месност 167-168
Борис III, бугарски цар 242-243, 246
Босна 21
Босна и Херцеговина 42
Бошњак ан 49
браќата Кирил и Методиј 91
браќа Манаки 22
Brancoff M. D. 23, 262
Брезово, село 178-179
Брејлсфорд Хенри Ноел 25-27, 262
Бугарија 10-11, 15, 24, 28, 41, 44, 69, 70-76, 86, 95, 104-106, 114-115, 118, 120, 123, 127, 132-133, 140-141, 144, 147-152, 157-159, 166, 174, 175, 186, 191-192, 195-196, 200-201, 209, 215, 218-228, 229, 237-240, 243-248, 253-256, 258, 262
Бугарин 25, 26, 27, 28, 47, 131, 240, 246, 256-257
Бугари 22-23, 26-27, 214, 218, 244, 246, 248, 257
Бугарска егзархија 27-29, 33, 47-48, 62, 80-81, 85, 87, 91, 92, 257, 262
бугарска влада 12, 70, 86, 106, 115, 130-132, 148-151, 175, 199, 205-206, 224, 228, 231, 234, 244, 246
Булгар милет 27
Букурешки мировен договор 217, 218
Бурилкова Ива 12, 16, 116, 152, 206, 259-261, 264
Буф, село 163, 169

Вазов 39
Валона 21
Вардар 16, 116, 136, 141, 147, 217, 220, 224
Вардарска црква 49
Вардарска долина 225

Вардарски, псевдоним на П. П. Арсов 45, 47, 262
Варналиев Георги 139
Василев Камен, месност 167-169
Велес 21, 138
Велика Британија 44
Величков К. 133
Велјанов Крсто 241
Велјов Мице 167, 168, 173
Велков Михаил (Мише) 63,90, 189
Велмевци, село 172
Венев Г. П. 8, 16
Виена 34, 73, 95
Виница 75
Виничко 75
Вирово, село 176
Висока Порта 41, 42, 151, 181, 182
Витоша 108, 266
Владов, д-р 219
Влавот Митре 118
Власи 22-24, 29
Влахов Димитар 257
Влахов Христо 139
ВМОРО 8, 116, 260
ВМРО 7, 12, 16, 28, 44, 47-48, 52, 67-78, 79, 99, 102, 106, 116-124, 128-134, 139, 142, 150, 154, 162, 164-165, 169-170, 173, 175, 181, 183, 186, 190, 202, 209, 221, 225, 231, 233-234, 249, 250-251, 260-261
Внатрешната револуционерна организација, 46, 114-115, 122, 132-133, 151, 187, 193, 199, 201, 206
Воден 21, 129
Воденско 115-117, 119, 139, 243
Војводић Михајло 44, 262
Врховен македонски комитет /ВМК 46, 77, 103-106, 113-114, 120, 122, 128, 132-134, 140, 148, 149
Врховисти 100, 104, 115, 117, 130, 131 , 143
Врховистичко востание 115, 128, 130-131, 134-135, 139, 142
Втора балканска војна 217-218, 220
Втора светска војна 237, 253, 254
Wiessbaden 105

Габровски Петар 243, 262
Гавазов Јордан 76, 84
Гајков Петар 119, 124
Галабов Јованче 179
Ганчев Димитар 136
Гарванов Иван 10-11, 36, 104-106, 113-114, 128-141, 143, 203, 208, 209, 212, 260, 266
Гарибалдовци 14, 186, 235
Гатев, д-р 218
Гачев Најдо 168
Гевгелиско 115, 116
Геле, учител 107
Георгиев Величко 69, 130, 149, 150, 216, 259-260
Герасим, битолски архиерејски намесник 85
Герман, село 58, 60
Германија 15, 49, 219, 237, 245, 246
Геројски Никола 82
Герџиков Михаил 13, 55, 95, 135, 136, 142-143, 203, 208, 227-228, 262
Гешов В. И. 133, 217, 260
Главен штаб на Илинденското востание/ ГШ 10, 15, 160, 162-164, 165-177, 182-183, 186-188, 196, 238, 240, 255
Голем Гар, месност 174
Горна Џумаја 115
Горна Копачка 160
Горна река 20
Горни Дебар 20
Горничево, село 193
Горноџумајско/Џумајско 74, 115, 116, 130, 148, 224
Горноџумајско востание 127-128,

135, 139
Горничево, село 193
Гостивар 218
Грамос 108-111, 266
Грамош 20
Гребена 20
Григориј, егзархиски владика 71, 84, 85-86, 91-92, 165
Грк 25, 27
Гркоман/и 23, 66, 67, 83
Гроздов, псевдоним за А. Лозанчев 122
Груев Дамјан 10, 12-13, 32, 35-39, 45, 50-59, 72-74, 76, 79, 87-105, 109, 146, 152-155, 158-160, 166-169, 171-175, 177, 179, 183, 186-193, 195-199, 201-202, 208-209, 238, 248, 253, 260, 262, 263, 266, 267
Групчев Лука 154
Грци 22-23, 25, 27, 29, 84, 118-199, 214
Грција 24, 44, 106, 123-125, 140, 219, 221, 237
грчко-турската војна 83

Давидов Тома 148
„Даме Груев“, партизански одред 248
Дамјанов Милан 238
Дамјанов Неделко 35, 39, 51, 53, 64, 94, 95, 101
Данев Стојан 132, 134, 149, 151
XII конгрес на Илиненската организација 15, 51, 240, 242, 246
Дебар 20, 237
Дебарлијата Димитар 119
Дебарско 36, 119, 264
Дебарски санџак, 20
IX конгрес на македонските друштва 105
Дедо Андре 110
Дедото Димо 70, 71
Делииванов Туше 113, 132, 142, 227
Делев Иван 160
Делчев Гоце 32, 74-78, 88, 97, 99-101, 105-106, 113-114, 116, 123, 128-129, 132, 135-136, 142-143, 257, 260, 262, 264
Демерик Н. 193
Демир Хисар (серски) 215
Демирхисарски заговор 31
Демирхисарско 103, 154, 157, 166, 170-172, 174, 177-178
Демократска федеративна Југославија256
Дечев Димитар 154, 161-162, 172
Димевски Славко 33, 91, 262
Димески Димитар 19-20, 32-33, 49, 52, 55-56, 58, 63, 65, 70-71, 74, 76-77, 82-85, 91, 94-95, 97-99, 102, 106-108, 110-114, 118, 119, 121, 135, 159, 188, 208, 262-263
Димитриевиќ Петар 83
Димитров Андон 74, 91, 263
Димитров Апостол 208
Димитров Дејан 154
Димитров Лазар Димитровъ Л. 11, 36, 113, 136, 138-139, 140-142, 144, 241, 263, 264, 266
Димов Насто 197
Добруџа 24
Долна Копачка 160
Долна Река 20
Долни Дебар 20
Донев Јован 44, 261
Донева афера 76, 77
Донски Стојан 82
Дорев Аце 88-90, 94, 95, 101, 103, 120, 145, 146, 164, 169, 188, 190
Дорев Иван 216
Дорев Панчо 164
Доревски Трајко (Трајче) 51, 53, 54, 56
Драгор, река 31
Дракул Симон 215, 260

Дреновска афера 70, 71, 84
Дренски Иван 98
Дуков Стојчо 38
Думбалков Димитър 114, 265
Думев Велко 136, 139
Дупница 206
Дуртанчев Никола 36

Ѓоргиев Драги 42, 163, 214, 260, 261, 266
Ѓорѓиев Ванчо 28, 32-33, 35-36, 39, 43, 44-45, 47-48, 50, 52, 67, 69-70, 72, 76-79, 83-84, 87, 90-92, 94-95, 100, 102-106, 116-118, 120-124, 127-129, 131-132, 134-135, 139-140, 142-143, 150, 152, 154, 162, 164, 165, 169-174, 177, 181-183, 187, 188, 190-192, 201-202, 208, 260, 262, 263
„Ѓорѓи Сугарев“ хор 241, 246
Ѓорев Гроб, месност 174
Ѓурѓовденски масакр 159

Едвард VII, англиски крал 213
Единство и напредок 213
Евла, село 174
Евреи 22, 23, 29
Еврипид 184, 185, 210-211
Европа 129, 144, 170, 214
Европска комисија 42
Европска Турција 41, 43
Евтимов 165
Егзархисти 23, 48, 81
Еласона 20
Елбасан 20, 21
Елбасански санџак 20
Елдъров Светлозар 159, 263
Екши Су, село 109-110, 112
Ерменци 23
Ерусалим, псевдоним за Битола 129
Ерџелија, село 75, 76
Ефремов Коце 76
Ефтимов Александар 89, 95, 101

Жабокрт, село 212
Железаров Петар 102, 103
Жостов К. 240

Загоричани, село 115, 117-121, 124
Загреб 124
Задгранично претставништво/ЗП 116, 122-123, 128-135, 138, 142, 190, 197, 198, 202, 210, 260, 106
Закон за вилаетите 42
Занешев Димитар 139
Зелениче, село 112
Земен, село 210
Златари, село 169
Зографски Данчо 166, 260
Зографовъ Никола 47, 263

Иванов Георги, види: Лерински Марко
Иванов Трифун 95
Иванчова провала 106
Извршен комитет на македонските братства 222-225, 227-229, 243
Илиев Велјан (Веле) 154, 160
Илинден 7, 14-16, 47, 51, 55, 97, 151, 169, 171, 188, 236, 237, 238, 240, 247, 248, 255-256
Илинденска организација 13, 15, 51, 233, 235, 237, 238-240, 242, 244-248, 253
Илинденско востание 8, 9, 11, 13, 15-17, 23, 25, 38, 51, 93, 159, 163, 169, 170-171, 177, 181-182, 187, 197, 198, 216, 233, 235-236, 238, 240-241, 244, 247-251, 253, 255
Индија 21
Ингилизов Иван 139,
Истанбул 21, 31, 42, 151, 195
Источна Румелија 41, 42
Италија 21, 50, 245-246

Јанев Јанаки 160
Јанешлиева Љубица 25, 262
Јанков Атанас 114-125, 128, 148, 149, 157, 265
Јапонија 245, 246
Јени маало 65, 85
Јовановиќ Јово 216
Јовановски Далибор 44, 260
Јовков Арсениј 165
Јосиф I, бугарски егзарх 85-86
Јосиф, јероѓакон 33, 66, 82
Јосифова провала 102-103, 106
Југословени 257
Југословенска федерација 16, 255, 256
Југославија 15, 238, 254, 256-257
Јудовчанецот Тасев Дуко 82
Јуруков Петар 13, 136, 262
Яворов П. К. 264

Кавадарци 50
Кадиноселска провала 106
Кајлари 20
Кандиларов Георги 33
Каравангелис Германос 107
Карајовов Томо 113
Карамани, село 192
Караманџуков Христо 243
Каранџулов Иван 222, 223
Карастојанов Иван 34
Карев Никола 154, 157, 160, 161
Катарџиев Иван 11, 55, 266
Кесяков Б. 219, 264
Кецкаров Антон 81, 232, 240-241, 249, 253-254
Киселинчев Лазар 243, 252
Китанов Валентин 46, 104, 151, 193, 194, 260, 267
Китанчев Трајко 33, 72
Кичево 66, 80, 175, 218, 237
Кичевска егзархиска црковно-училишна општина 80
Кичевска каза 20
Кичевска провала 116
Кичевски околиски комитет, 82
Кичевско 36, 66, 71, 82, 103, 154, 171, 172, 257, 264
Клемансо Жорж 227
Књажево 220
Кљашев Пандо 11, 13, 107-108, 112, 118-119, 121, 125, 137-138, 152, 154-156, 158-160, 265-66
Ковачев Славчо 142
Козаров Антон 241
Козма Пречистански 36, 39, 85
Кожани 20
Коларов Никола 243
Коларчето Аце 167, 168
Колишевски Лазар 257
Колоња 20
Колушев Неделко 140, 150-151, 244
Кондов Коста 75, 267
Кономладски Циле 121
Конско, село 59
Константивнов Хр. Душан 22, 264
Корчанска каза 20
Корчански санџак 20
Косинец, село 34
Косово 21, 41
Косовски вилает 42
Костадинов 165
Костур 8, 20, 80, 82, 103, 116, 118, 120, 124, 236
Костурско 34, 66, 94, 107-108, 112, 114-117, 119-121, 141, 154, 157, 168, 177, 243, 252, 265
Котев Лазар 35
Котор 197
Коце, четник 110
Кочан Исмет 217, 264
Кочани 75
Кочанковски Јован 237, 248, 264, 267
Кочов Никола 36, 64, 253
Кочовски Кочо 174
Кошка Александар 171
Крал Аугуст 166, 196
Кралство Југославија 255

Кралството на Србите Хрватите и Словенците 229
Кретиен, генерал 228
Критски органски устав 42
Крстевски (Крстиќ) Латовски Мицко 84, 201, 202
Крушево 97, 172, 262
Крушевско 66, 97, 98, 154, 166, 175
Кулата 215
Куманово 218
Кукуречани, село 165, 166
Куслев Христо 136, 262
Курт Бунар, логор 222
Кушевски Војо 98, 266
К'нчов Васил 22, 23, 264

Лазаров Кърсто 12, 264
Лазаров Тодор 12, 138
Лазе од Цапари 167, 173
Ламбров Руков Христо 34
Ламсдорф 140
Лапе Љубен 11, 19, 97, 137-138, 142, 144, 154, 164, 169, 170, 177, 188, 191, 217, 221, 225, 227, 260, 264, 265
Лахчани, село 172
Леништа, село 170
Лерин 80, 82, 108, 119-122, 124,
Леринска каза 20
Леринска околија 103, 107, 112
Леринска провала 107, 112, 124, 128
Лерински Марко 106-112
Лерински Кочо 208
Лерински реон 161
Леринско 36, 66, 94, 107-113, 115, 117, 119-121, 125, 141, 148, 154, 163, 169, 177, 243, 264
Лесково, село 176
Лешко, село 116
Лефтеров 119
Лигушот (Лигушев Петар) 216
Лимончев Димитар 84
Лозанчев Владимир 232
Лозанчев Диме 31-32, 37, 60, 65
Лозанчев Кирил 101, 184, 186, 210-211
Лозанчев Христо 31
Лозанчев Цветан 93, 100, 165, 232, 233
Лозанчева Анча (Анна) 31, 90, 100
Лозанчева Елена 93, 165, 232
Лозанчева Параскева 92-93, 165, 179, 204, 232, 235, 265
Лондонскиот договор 217
Лондонската мировна конференција 217
Лори Бернар 23, 264
Луканов Тодор, псеводнимк за Герџиков Михаил 95
Лукарев 165
Луков, офицер 73-74

Љапчев Андреј 56, 58, 72, 218

Майски К. Н. 64, 225, 259, 264
Макдермот Мерсия 136, 264
Македонија 7-8, 10-12, 14-16, 19, 24-26, 28-29, 35, 37, 40-50, 58, 68-72, 74, 77-79, 105, 114-116, 118, 120, 124, 127-128, 133, 140, 142, 144, 146, 148-151, 158, 164, 166, 170, 173, 177, 181-184, 186, 188, 190, 195, 197-198, 200-201, 211, 213-215, 217-229, 231, 236-238, 244, 246-248, 250, 252-257
Македонската држава 16, 225, 256
Македонска револуционерна организација /МРО 35, 41, 45-47, 49, 50-56, 58, 61-63, 66-68, 71-74, 76-77
Македонски комитет /МК 69-75
Македонски научен институт 13-14, 233, 243
Македонски фронт 219, 221

Македоно-одринско ополчение 238, 243,
Македонец 25, 47, 48, 55, 78-79, 124
Мала Азија 103, 144
Малесија 20
Малешевско 115, 127, 129, 147
Малкоец, село 82,
Манаки 251
Манасиев Аргир 12, 264
Манастир 19
Маринов Аргир 154
Маринов, полковник 241, 247
Марков Веле 97
Марковски Венко 257
Мартинов Спас 138
Марсеј 32
Мат 20
Матлиев Димитар 154, 178
Матов Милан 91-92
Матов Христо 33, 87, 104, 133-135, 140, 142, 160, 163, 175, 186, 188, 198, 202-203, 205, 208, 212, 216, 252
Мацини 8, 14, 186, 235
Меѓународна комисија 42
Мелничко 74, 127
Мелничко востание 72-73
Милев Никола 222
Милетич Љубомир 7, 10-11, 36, 52, 90, 107, 233, 262, 265-266
Миљуков П. 197, 199
Министерството за надворешни работи и вероисповед на Бугарија 86, 149, 150
Миноски Михајло 41, 44, 87, 192, 259-261, 265
Мирасчиев Димитар 187-188, 197-198, 208
Мирдита, област во Албанија 196
Мирчев Бојан 11-12, 16, 33, 50-51, 89, 168, 233-234, 264, 265
Мирчев Димитар 91, 114, 117, 120, 125, 138-141, 190, 203, 265
Мирцштег 185
Мирцштегски реформи 14, 182, 183, 184, 186, 192, 211
Мис Стон 100
Мисир, ан во Прилеп 75
Мисирков Петков Крсте 145-146, 260
Михајлов Ванчо 12, 231
Михајлов Д. 222-223
Михајов Сава 136, 203, 262
Михајловски Стојан 104, 105, 132, 149
Михајљану 104
Мицо Смилевецот 167
Мицков Арсо 160, 172
Мицков Ванчо 154
Мичуков Ванче 160
Мишев Димитар 23
Младотурски комитет 214, 215
Мадотурци 214, 215
Могила, село 39
Мончев Васил 49
Москов Јанаки 119
Москов Лазар 121
Мошино, село 232, 254
Муслимани 22, 23, 28
Мур Фредерик 25, 26, 27, 265
Мурцев Атанас 56
Мусолини 242, 245

Најдо, свештеник 167
Наколец, село 58
Нанчев Илија 241, 243
Населица 20
Насер-паша 172
Наумов Никола 54, 56, 113, 142, 216
Начович Григор 151, 193, 194
Неврокопско 74
Недкова Надежда 229, 261
Неокази, село 112
Нијази беј 214
Николај II, руски цар 213
Николица, војвода 31-32
Николов Борис 138, 211, 258, 261, 265

Николов Иван 33
Николов Михаил 160
Николов Тома 11, 61, 63-67, 80, 84, 90, 94, 96, 100-101, 147, 154-155, 163, 240, 242, 265
Николов Стефан 120
Николовъ М. 265, 117
Нина-Орница, месност 170, 173, 174
Ниџе 111
Ниш 124, 197
Новопазарски санџак 42

Обедник, село 82
Одрин 136, 215
Одрински округ 78,137-138
Одринско 69, 77-78, 150-151, 170
Одринец 47, 78, 79
Одринци 134
Окули П. 22
Опатија 197
Ориенталните железници 170
Османлиската влада 151, 173
Османлиска Империја / Империјата 19, 21, 27-28, 41, 43-44, 46, 68-70, 140, 148-149, 151, 170, 192, 194, 213-215, 217, 254
Османлиската држава 42, 146, 193, 218
Османлиска Македонија 19, 24, 28, 44, 124, 254
VIII конгрес на македонските друштва 105
Охрид 8, 15, 21, 27, 50, 55, 58-59, 79-80, 236, 249, 253
Охридска архиепископија 48
Охридска каза 20
Охридски околиски комитет 79, 101
Охридски револуционерен реон 160, 161
Охридско 27, 103, 119, 154, 157-158, 172, 176
Охридско Езеро 59
Павлов Георги 160
Павлов Глигор 177
Павлов Марко 196
Павлов Т. 222
Палешутски Костадин 223, 225-265
Панајотов Александар 160-161
Панайотов Любомир 229, 261
Пандев Константин 87, 105, 114, 134, 229, 261, 265
Пандевска Марија 127, 265
Пандевски Манол 137-138, 144, 154, 161, 164, 172, 176-177, 181, 187, 265, 267
Пандуров 171-172
Паница Екатерина 12, 264
Папанчев Александар 154
Папанчев Ѓорѓи 11, 36, 125, 161, 264, 266
Паприков Стефан 140, 158
Паралово, село 147, 152
Paskaleva V. 22, 261
Пасков Васил 94-96, 151, 154, 208
Пасков Румен 140, 265
Пасков Христо 12, 161, 178-179, 264
Пателе, село 109-112
Париз 23, 225, 227-228, 262
Париска мировна конференција 225, 229
Парламентарна испитна комисија 220
патријаршисти 23, 29, 48, 67, 81
Пачемска Петреска Даринка 98, 266
Пејков Тодор 139
Пејчиновиќ Кирил 257
Пелагонија 19
Пелагониски митрополит 71, 84-86
Пелистер 19, 167-168, 173-174
Пелтеков Александър 61, 145, 260, 265
Перничко 232, 254
Петков Димитар 143, 151, 211,

265
Петков Драган 160
Петреско, село 112
Петричко 116, 127
Петров Велјан 174
Петров Ѓорче 10-11, 13, 32-33, 52, 61-68, 72-75, 77-78, 103-105, 137, 140-143, 157, 160, 167, 183, 188-192, 203, 208, 222-223, 225, 227-228, 252, 265
Петров Јанаки 160
Петров Нашко 177-178
Петров Никола 139, 154
Петров Рачо 175
Петров Спиро 252
Петров Трајко 95
Петросян А. Ю. 213, 265
Пеќин 20
Пешков Ѓорѓи 51-53, 55-56, 64-65, 73, 75-76, 81, 84, 88, 90, 94-95, 98-102, 147-148, 153-154, 157, 160, 193, 195
Пиперката Јордан 82, 154, 160
Плаќе, село 176
Поганчев Петар 118-119, 124
Подвис, село 172
Подмочани, село 174
Подрум Кале 103
Полска 256
Поп Арсов Петар 32, 45, 56, 76-77, 203, 208, 210, 262
Поп Христов Ѓорѓи 11, 13, 16, 36, 84, 88, 90, 94-96, 98-99, 101-102, 137, 152-155, 158, 160, 164-165, 188, 191, 216, 221, 227, 242, 247, 249-251, 266
Поп Коцев Христо 13, 33, 138-141, 191, 203
Поп Петров Сребрен 109
Поп Петров Стефан 109
Поп Јордан 240
поп Ставре 94-95
Поп Трајков Лазар 160
Попадија, село 111-112
Попев Григор 12, 50-53, 55-56, 58-59, 61-65, 73, 75-76, 79, 91, 264-266
Поплазаров Ристо 84, 265
Попов Васил 154
Попов Иван 161, 252
Попов Жеко 143, 151, 265
Попставревата провала 89, 95, 104, 106
Порече 154, 160
Прв македонски конгрес 69
Прва балканска војна 217
Прва светска војна 217-219, 237, 266
Преспа 168, 257
Преспанско 36, 58-59, 119, 171, 177, 264
Преспанско Езеро 59
Прибилци, село 178
Прилеп 21, 39, 50, 56, 58, 66, 75-76, 83, 91-93, 99, 103, 189-190, 216, 267
Прилепска каза 20
Прилепски околиски комитет 76-77, 99
Прилепско 66, 70-71, 154, 167, 190-191
Прличев Кирил 7, 99, 102, 142, 202-203, 205, 209, 261
Протестанти 23, 217
Протогеров Александар 203, 221-222, 225, 228, 231
Пушкаров Никола 13, 136, 142, 262

Работинкскол 160
Радев Александар 132
Радев Симеон 16, 63, 222, 243, 250-251
Радев Трајче 63
Радославов Васил 219
Разлошко 127
Рајнов Божин 33
Ракитничката провала 106
Ракиџиев Михаил 102-103
Рани Михаил 203

Расим, разбојник 70-71
Ревал 213-214
Река (Горна и Долна) 20, 160
Ремко, разбојник 82
Ресен 51, 54-56, 58-59, 176, 214, 218, 266
Ресенско 66, 103, 137, 154, 157, 166, 174
Ресенско советување 51-52, 55-56, 58, 60, 63
Реџо 82
Риека 197
Ризај Скендер 19, 266
Ризов Димитар 197, 199-201, 205
Рилски(от) конгрес 187-188, 209
Рилски манастир 235
Римокатоличка црква 48
Ристе, работник на Организацијата 83-84
Ристиќ М. 95
Ристовски Блаже 208, 266
Рич, село 116
Робев Д. 204
Робев Константин 243
Робев Никола 92
Розов Манол 160
Романија 24, 41, 69
Ростковски 146, 165
Руља, село 107, 118
Рулската река 121
Рум милет 27
Румелиски ејалет 19
Руменов Владимир 113
Русе 32
Русија 43-44, 114, 118, 146, 182, 213-214
Русиново, село 238-239
Русински Петров Никола 97-98, 106, 153, 155, 157-158, 161, 163, 238-239, 266

САД 49
Самарџиев Ристо 64
Самарџиев Христо 67
Самуилова тврдина 27
Сандански Јане 10, 13, 55, 136, 206, 212, 262, 266
Санстефански договор 41
Сапунаров Иван 139
Саракинов 119
Сарафов Борис 7, 10, 13, 32, 36, 55, 104-105, 114, 140-143, 147-148, 152-154, 157-162, 165-177, 186, 191, 201-203, 206, 208-209, 212, 253, 265-266
Сарафов Петко 33
Сарафовци/Сарафисти 105, 205-206
Св. Ахил, остров 58-59
Св. Ахил, црква 59
Света Богородица, црква во Битола 65, 95
Света Недела, црква 147, 165
Св. Кирил и Методиј, празник 91
Св Кирил и Методиј, црква во Ресен 55-57, 266
Св. Климент Охридски, друштво 253-254
Светиот синод 86
Свеќарчето Петре 75
Секулички Марко 198
Селце, село 190
Семов Минчо 43, 266
Серски округ 78, 136-137, 139, 143, 225
Серфиџе 20
Серфиџески санџак 20
Сетино, село 111
Силистра 210
Симиќ С. 208
Силјанов Христо 8, 11-13, 37, 42, 95, 103, 108-112, 115-121, 123-124, 127, 133, 137, 139-140, 142-143, 154, 157, 159, 160, 171, 173-174, 176-177, 181, 212, 234, 253, 266
Синве Александар 22
Скадар 197
Скопје 21, 62, 105, 136, 192, 201, 218, 224-225, 237, 241

Скопски округ 78, 138-139, 208
Скопско 189
Скоко С. 217, 266
Слепче, село 176
Сливнички манастир 58
Слоештица, село 174-176
С'лп, село 82
Смилево, село 15, 35-39, 56, 94, 96, 153, 159, 164, 167, 171-176, 179, 192, 196, 247-248, 262
Смилевски конгрес 10-11, 137, 152, 156, 163-164, 174, 188, 250
Смилевска корија 177
Смилевскиот регион 166-167, 172, 175, 177
Смрдеш, село 119, 121
Солун 21, 33, 45, 49-50, 56, 62, 64, 66, 72-74, 76-77, 79, 87-89, 103-104, 113, 117, 122-123, 128, 130, 134-137, 141-144, 149-150, 152, 155-156, 158, 166, 169, 190, 193, 210-211, 215-216, 218, 221, 224-225, 241, 259, 263
Солунско 189, 191
Солунска егзархиска гимназија 33-34, 49, 66, 138
Солунски атентати 8, 159, 235
Солунски вилает 19-20, 32, 42, 50, 83, 87-88, 263, 266
Солунски конгрес 1896 47, 62, 67, 77-79, 83
Солунскиот конгрес, 1903 10-11, 134-139, 141-144, 155, 163, 209, 250, 263
Солунско пристаниште 21, 146
Солунска провала 104-105
Солунски револуционерен округ 78, 137-139, 208
Сотир војвода 178
Софија 34-35, 38, 69-75, 77, 86, 88, 105, 113-114, 116-118, 120-124, 128-129, 134-135, 142, 143, 149-151, 158-159, 169, 181, 185-188, 191, 197-199, 201-205, 208-210, 215, 218, 220, 228, 231-232, 241, 244, 252-253, 258, 260, 265-266
Софиски универзитет 10, 221-222
Софиско 232, 254
Спасов (Серски) Таската 227
Спространов Ефтим 48, 134, 261
Спростање, село 172
Србија 21, 24, 41, 44, 83, 203, 218-221, 248, 262
Србин /Срби 25, 27-28, 118, 199, 201, 205, 214, 218, 229, 257
Србомани 23
СССР 256
Стамболов Стефан 53, 69
Станишев Христо 114, 132, 243, 247
Станишев К. 222
Станков Тодор 55-56, 266
Старова 20
Стефанов Алеко 13, 168-169, 178-179, 266
Стефанов Димитар 132, 142, 187-188, 203, 206
Стефанова С. 41, 261
Стоилов А. 91
Стојанов Захариј 39
Стојанов Н. 222
Стојанов Петар 217, 219, 266-267
Стојков Димитар 160-161
Стојчев Јане 82
Стојчевски Ѓорѓи 215, 259
Стокхолм 220
Странджа 108-111, 266
Стрезов Славејко 56
Струга 50, 55, 58, 59, 218
Струговски планини 176
Струма, весник 115
Струма, река 73
Струмица 116, 129, 229
Струмички револуционерен округ 78, 127, 137-139
Струмичко 115-116, 127, 134, 137,

224
Стршенов А. 239
Сугарев Ѓорѓи 99, 101-102, 154, 156-157, 159-160, 167-168, 174, 176, 191, 193, 195, 202-204, 267
Суровичево, село 110, 112

Тајна македоодринска револуционерна организација/ ТМОРО 47-48, 78-79, 82-83, 87, 91, 97-98, 103-108, 113, 115, 117, 120-123, 127-128, 130-131, 133-135, 142-143, 150, 152, 154, 169, 181, 263
Тајнобугарско револуционерно братство 87, 90-91, 103-104
Тане од Горничево 193
Танковски - Лилин Ѓорѓи 248, 267
Тасев Лазар 210
Татарчев Христо 13, 45-47, 52, 54-56, 58, 62, 72-74, 77-78, 104, 128, 133-135, 138, 140, 142-143, 151, 163, 175, 186, 188, 197-198, 202-203, 205, 208, 216, 222, 261, 266-267
Татарчев Божидар 222
Тетово 237
Тирана 21
Тзавелла Христофор 8, 10, 13, 15-16, 31, 33-35, 37, 39-40, 50-53, 55, 58, 61-62, 64, 66-68, 75, 79-80, 82-84, 87, 89-90, 92, 96-97, 99-101, 108-109, 111-112, 117-118, 136, 138-139, 142, 147-148, 152-153, 156, 159-160, 164-169, 171-174, 176-179, 183-184, 186, 189, 191-192, 196-199, 201-202, 204, 206, 208-211, 215-216, 218-220, 222-223, 227-228, 231-233, 236, 238, 240, 245, 249, 251, 253, 256, 267
Тодоровска Катерина 44, 260
Тодоровски Глигор 182, 187, 192-193, 261, 267
Тодоровски Зоран 12, 91, 265
Томов Лазар 242
Тошев Андреј 193-195
Тошев Пере 32-33, 50-56, 60-65, 67, 73-77, 80-82, 87-88, 104, 142, 160, 165-167, 183, 188-191, 193, 208, 212, 215-216, 252, 264-265
Тошев Стојанов Доне 75-77
Тракија 42, 88, 130, 216, 227
Тракијски научен институт 243, 260, 265
Трайчев Г. 75, 267
Тренков Јордан (Ордан) 154, 161
Трет (III) армиски корпус 21, 214
Трифонов Стайко 69, 130, 149-150, 216, 259-260
Трсје, село 107-110
Трст 124
Турци 22-23, 27, 31, 39, 108, 116, 124, 143, 169, 172, 196, 199, 227
Турција 41-43, 54, 140, 146, 170
Турунцев Александар 242, 251
Туфекчиев Наум 72
Тушимско востание 117

Ќосето Андон 12, 264
Къосев Дино 75, 88, 260
Ќустендил 198, 206
Ќустендилско 212

Узунов Ангел 247
Узунов Христо 138, 154, 160, 191, 197, 206-207, 247
Улцињ 21, 197
Успение на Пресвета Богородица 56

Фанија, мајка на М. Велков 90
Февруарскиреформи 128, 144, 146, 152, 182
Фердинанд, бугарски кнез 70,

104-106, 116, 130-132, 134, 148, 151
Филипчев Никола 79-80
Филов Богдан 243
Фирмилијан 105
Фотев Наум 160
Франција 21
Француски крстоносци 26
Французи 26

Хаджимишев Мите 12, 264
Хамза Јусуф 213-214, 267
Харитон, епископ 239, 242
Хаџи Димов Димо 13, 187, 224, 227-228, 267
Хаџи Николов Иван 45, 47, 49, 55-56, 72-74, 103-104, 142, 265-266
Хаџи Панов Александар 51, 56, 58-59
Хаџи Попе Михајло 83-84, 86
Хитлер Адолф 242, 245
Холандско-Скандинавски комитет 220
Хрвати 229, 246, 257
Христијани 22-23, 27-28, 43, 181-182
Христов Александар 44, 261
Христов Апостол 243
Христов Веле 161
Христов Кирил 243
Христов Коте 107, 119-121, 124
Христов Павел 80, 94, 188-192, 222, 225
Христов Пол 227-228
Христов Тасе 154
Христов Тале 154, 157
Христов Тодор 161
Христовска Виолета 25, 262
Хрлев Никола 139
Хуриет 216
Хусеин Хилми паша 182, 193, 195, 204

Цапарево, село 116
Цапари, село 15, 159, 167-169, 173, 249
Цар Самуил 58
Цариброд 241
Цариград 77, 115, 133, 140-141, 144, 193
Цариград, кафеана 73
Цариградска(та) патријаршија / Патријаршијата 27-29, 80-81
Цариградско 139
Цветан од с. Световраче 160
Цветков Парашкев 147, 154-155, 160, 164
Централен комитет 45, 49, 52, 62, 122, 137-138, 188, 190, 191
Централисти 7, 117
ЦК на МРО 45, 55, 56, 66, 72-74, 76
ЦК на ТМОРО 11, 87, 103-106, 112-114, 117, 120, 122, 123, 125, 128-138, 140-142, 147, 150, 154, 169, 181, 188, 190-191
Централни сили 219
Церово, село 112, 176
Церовски планини 176
Цетиње 197, 199-201
Цигани 22-23
Цоков Иван 91-92
Цолев Димов Ѓорѓи 159, 267
Цончев Иван 7, 105-106, 118, 120, 123, 132-135, 143, 149, 203, 208
Цончевци /Цончевисти 105, 203, 205-206
Црн Врв 176
Црна Гора 41
Црногорци 257

Чакарев Наум 160
Чакаров Александар 33, 56, 75
Чакарова Славка 200
Чакре Диме 31
Чакре Михајле 32
Чакреви, браќа 31
Чамов Јонче 242

Чекаларов Васил 107-108, 118-119, 121, 123, 152-157, 159-161, 163, 203, 208, 252, 261
Чеков Михаил 154, 193
Чемков Христо 65
Черда, река 160
Чернодрински Војдан 246
Чернопеев Христо 13, 127, 134, 136-137, 140, 203, 206, 262
Чехословачка 256
Чикаго, псевдоним за Смилево 153
Чуранов Ѓорѓи 247

Џеров Лука 11, 13, 36, 39, 101-103, 145, 147, 160, 165, 172, 216, 241, 247, 264, 266
Џони Марко 196

Шаламанов Трајко 116
Шанданов Петар 231, 253
Шахов Коста 114
Швајцарија 80, 225
Шестово, село 119
Шипка 114, 118
Широк сокак 73
Шкориев Евстатиј 205
Шопов Атанас 130, 193
Штерјов Димитар 32
Шурленци, село 59
Штип 50, 74-77, 138
Šulek Vladimir 43, 267

# Преглед на користени извори и литература

## ИЗВОРИ:

### а) Фондови и збирки во Државниот архив на Република Македонија (ДАРМ)

Анастас Лозанчев
Бугарски генерален конзулат – Солун (мф. 4277, 4278)
Бугарско трговско агентство – Битола (мф. 4297, 4300, 4301)
Македонско революционерно минато
Пелагонийска българска митрополия
Политичко одделение (мф. 445)

### Б) Архивско одделение на Институтот за национална историја (ИНИ) - Скопје

Никола Киров Майски, Документи за делото в строя за Македония, сл. IV, 242/II
Спомени на Анастас Лозанчев, ракопис, сл. IV/68; сл. IV/84.

## ОБЈАВЕНИ ДОКУМЕНТИ:


Австриски документи за реформската акција на европските големи сили во Македонија 1903–1909, предговор и редакција д-р Михајло Миноски, избор на документите и превод м-р Ѓорѓи Стојчевски, Скопје 2002
Архив Христо Матов. Документален сборник, съставител: Цочо Билярски, София 2004
Британските конзули во Македонија 1797–1915, Документи, (редакција м-р Драги Ѓоргиев, избор и превод м-р Драги Ѓоргиев и Зорица Божиновска), Скопје 2002
British documents on the origins of the war, 1898-1914, vol.V, London 1928
Вътрешната македоно-одринска революционна организация (1893–1919), Документи на Централните ръководни органи, съставителство: Цочо Билярски и Ива Бурилкова, т. 1, част, 1, София 2007
Георгиев, Величко и Трифонов, Стайко, История на българите 1878-1944 в документи, том I, 1878-1912, част втора, София 1996

Георгиев, Величко и Трифонов, Стайко, Македония и Тракия в борба за свобода (краят на XIX и началото на XX век). Нови документи, София 1995

Гешов, В. И., Балканскиятъ съюзъ, Спомени и документи, София 1915

Гоце Делчев. Писма и други материали, издирил и подготвил за печат Дино Кьосев, София 1967

Даме Груев. Живот и дело, сборник, част I-II, предговор, съставителство и бележки: Цочо В. Билярски, София 2006

Даме Груев – Спомени. Кореспонденција (предговор, съставителство и бележки Цочо Билярски), София 1999

Дневник на Кръсте Мисирков, 1903 г. Публикуван за пръв път от А. Пелтеков в „Известия на държавните архиви“

Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том први, Скопје 1982

Дракул, Симон, Македонија меѓу автономијата и дележот, т. 6, Скопје 2006

Ѓорѓиев, Ванчо, ВМРО 1893–1903. Поглед низ документи, Скопје 2013

Иван Гарванов, Спомени, документи, Съставители: Валентин Китанов и Цочо Билярски, София 2005

Из архивата на Гоце Делчев. Задграничното претставништво на ВМОРО в София до края на 1902 г, (подготвили за печат: Ива Бурилкова и Цочо Билярски), София 2003

Извештаи од 1903–1904 година на австриските претставници од Македонија, превод, редакција и коментар: Данчо Зографски, Скопје 1955

Извештаи од 1903 година на српските консули, митрополити и училишни инспектори во Македонија, редакција и коментар Љубен Лапе, Скопје 1954

Јовановски, Далибор и Тодоровска, Катерина, Македонија меѓу Белград и Атина 1892-1899, Скопје 2013

Китанов, Валентин, Принос към дипломатическата история на Бъгария. Григор Начович и българско-турското споразумение од 1904 г., София 2004

Княжеството България и македонския въпрос. Протоколи от конгресите на Върховния македоно-одрински комитет 1895-1905, съставител: Цочо В. Билярски, София 2002

Лапе, Љ., Документи за положбата во Македонија и во Организацијата во првата половина на 1904 година, ГИНИ V/2 Скопје 1961

Лапе, Љубен, Нови документи за Илинденското востание, Илинденски зборник 1903–1953, Скопје 1953

Лапе, Љубен, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, II дел (трето дополнето и проширено издание), Скопје 1975

Македонија во билатерални и мултилатерални договори на балканските држави 1861–1913, редакција и коментар д-р Михајло Миноски, Скопје 2000

Македония и Одринско 1893-1903. Мемоаръ на Вѫтрѣшната организация, 1904

Македония през погледа на австрийски консули 1851–1877/78, том III, София 2001

Македония, Сборник од документи и материали, София 1978

Mazedonien in der Wahrnehmung Österreichischer Konsuln 1851-1877/78, Herausgegeben von V. Paskaleva, Band III, Sofia 2001

Международни актови и договори 1868-1918, съставител: С. Стефанова, София 1958

Миноски, Михајло, Македонија во билатералните и мултилатералните договори на балканските држави 1861–1913, Скопје 2000

Михаил Герджиков. Спомени, документи, материали (съставители: Любомир Панайотов, Константин Пандев, Надежда Недкова), София 1984

Николов, Борис, Непубликувани документи из архивата на Христо Узунов, Исторически преглед, кн. 5, София 1990

Окрѫжно писмо No. 577 отъ 29 май 1942 год. Ил. Илинденъ 5 (135), София 1942

Резолюция, Ил. Илинденъ, г. XIV/7-8 (137-138), София 1942

Спространов, Ефтим, Дневник, т.1 (1901–1907), София 1994

Татарчев, д-р Христо, Спомени, документи, материали (съставител Цочо Билярски), София 1989

Тодоровски, Глигор, Неколку нови документи од активноста на Внатрешната организација по Илинденското востание, ГИНИ, XV/3, Скопје 1971

Турски документи за Илинденското востание од султанскиот фонд „Јилдиз“ (превод, редакција и коментар Драги Ѓоргиев и Лили Благадуша), Скопје 1997

Христов, Александар и Донев, Јован, Македонија во меѓународните договори 1875–1919, Скопје 1994

Чекаларов, Васил, Дневник, съставителство Ива Бурилкова и Цочо Билярски, София 2001

## ЛИТЕРАТУРА:

36 години във ВМРО. Спомени на Кирил Пърличев, съставител и редактор Кирил Пърличев, София 1999

Аданар, Фикрет, Македонския въпрос, София 2002

Албумъ Алманахъ „Македония“, София 1931

Aličić, Ahmed, Uredba o Organizaciji vilajeta 1867, Prilozi za orijentalnu filologiju, XII-XIII/1962-1964, Sarajevo 1965

Αναστασόπουλος, Βασίλης, Α' Βαλκανικός πόλεμος (1912-1913), Αθήνα 2012

Ацевъ, Петър, Конгресът на Битолския революционненъ окръг в село Смилево през 17, 18, 19, 20, 21,22, 23 и 24 април 1903 година, Ил. Илинденъ, V/7-8 (47-48), София 1933
Бадевъ, Йорданъ, Даме Груев (живот и дело), София 1943
Битоски, Крсте, Грчката „македонска“ борба, Скопје 2001
Битоски, Крсте, Македонија и кнежеството Бугарија, Скопје 1977
Битоски, Крсте, Околу прашањето за вклучување на македонските социјалисти во Македонската револуционерна организација. Прилози за Илинден (1976), Крушево 1978
Brancoff, M. D., La Macédoine et sa Population Chrétienne, Paris 1905
Брејлсфорд, Ноел Хенри, Македонија. Нејзините народи и нејзината иднина (превод од ангиски: Љубица Јанешлиева и Виолета Христовска), Скоје 2003
Вардарски (Петар Поп Арсов), Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници (превод, редакција, предговор и коментар: Ванчо Ѓорѓиев), Скопје, 2006
Вдахновения поздравъ на м-ра на Вѫтрешнитѣ работи г. П. Габровски, Ил. Илинденъ, г. XIV/7-8 (137-138), София 1942
Величествениятъ ни конгресъ, Ил. Илинденъ, г. XIV/7-8 (137-138), София 1942
Височайше внимание къмъ Илинденци, Ил. Илинденъ, г. XIV/7-8 (137-138), София 1942
Въ Македония и Одринско, Спомени на Михаил Герджиковъ, София 1928
Војводић, Михајло, Србија у међународним односима крајем XIX и почетком XX века, Београд 1988
Движението отсамъ Вардара и борбата съ върховиститѣ. По спомени на Яне Сандански, Чернъо Пѣевъ, Сава Михйловъ, Хр. Куслевъ, Ив. Анастасовъ Гърчето, Петъръ Хр. Юруковъ и Никола Пушкаровъ, (сообщава. Љ. Милетичъ), София 1927
Димевски, Славко, Просветната политика на Егзархијата и училишните бунтови во Македонија, Скопје 1960
Димески, Димитар, Аферите во Битолскиот вилает 1895–1903, Скопје 1993
Димески, Димитар, Гоце Делчев, Скопје 1994
Димески, Димитар, Ѓурѓовденскиот масакар во Битола 1903 година, Историја, VII/2, Скопје 1971
Димески, Димитар, Конгресот на Скопскиот округ на МРО (јануари 1905 година), Историја, XXVIII/1–2 Скопје 1992
Димески, Димитар, Македонската револуционерна организација по Илинден (во пресрет на окружните конгреси), Годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн. 19 (45), Скопје 1992
Димески, Димитар, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893–1903), второ издание, Скопје 1982

Димески, Димитар, Револуционерната дејност на Даме Груев во Битолскиот револуционерен округ на МРО (1898–1902). Прилози за Даме Груев, Битола 1983
Димитров, Андон, Спомени, Сб. Борбите в Македония и Одринско (1878–1912), София 1981
Димитровъ, Л., Моето участие въ революционното движение въ Македония, Ил. Илинденъ, XIV/9 (139), София 1942
Димитровъ, Лазаръ, Съ порѫчение въ Солунъ и Битоля, Ил. Илинден, г. XV/ 1 (141), София 1943
Ѓорѓиев, Ванчо, Автономијата – тактика или цел на МРО, Зб. 100 години Илинден 1903–2003, прилози од Nаучен собир одржан на 6–8 мај 2003, том I, МАНУ, Скопје 2005
Ѓорѓиев, Ванчо, Заложништовото на Даме Груев кај просрпскиот војвода Мицко, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, книга 69, Скопје 2010
Ѓорѓиев, Ванчо, Македонија во османлискиот период, Македонија милениумски културно-историски факти, т. 4, Скопје 2013
Ѓорѓиев, Ванчо, Подземната република. Дамјан Груев и македонското револуционерно движење, Скопје 2010
Ѓорѓиев, Ванчо, Последиците за ТМОРО во Струмичко од активноста на месниот комитет во Ново Село (1901–1902), Историја, XLIV/1–2, Скопје 2008
Ѓорѓиев, Ванчо, Револуционерната идеја и дејноста на Даме Груев до формирањето на МРО (1890–1893), Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје 2008, книга 61
Ѓорѓиев, Ванчо, Реформи за мир или одлагање на конфликтот, 100 години од Валканските војни. Прилози од Nаучниот собир одржан на 3-4 декември 2012, МАНУ, Скопје 2013
Ѓорѓиев, Ванчо, Слобода или смрт. Македонското револуционерно движење во Солунскиот вилает (1893–1903), Скопје 2003
Ѓорѓиев, Ванчо, Солунскиот конгрес на ТМОРО од 1903 година и прашањето за востание, Историја XL/1-2 Скопје 2004
Елдъров, Светлозар, „Голямото разочарване“ България и въстанието. 100 години от Илинденско-Преображенското въстание 1903 г. Сборник от доклади од международната научна конференция, София 26–27 септември, София 2003
Зографовъ, Никола, Строежа на живота, София 1927
Ил. Илинден и конгреса на Илинденци. Ил. Илинденъ 5 (135), София 1942
Илинденъ. Какъ се достигна до Илинд. въстание и неговото значение, Ил. Илиндеъ, XV/ 3 (143), София 1943
Историја на железниците во Македонија, Скопје 1973
Историја на македонскиот народ, книга втора, Скопје 1969
Историја на македонскиот народ, т.3, Скопје 2003
Историја на македонскиот народ, т. 4, Скопје 2000

Историја на македонскиот народ т.5, Скопје 2003
Яворов, К. П., Гоце Делчев, София 1989
Кесяков, Б., Принос към дипломатическата история на Бъгария 1878-1925, София 1925
Към борбитѣ въ Югозападна Македония (Кичевско, Битолско, Леринско, Преспанско, Дебърско). По спомени на Лука Джеровъ, Г. П. Христовъ, А. Андреевъ, Г. Папанчевъ и Л. Димитровъ, София 1926
Кънчов, Васил, Избрани проиведения, т. 1-2, София 1970
Константивнов, Хр. Душан, Битола 1903, Битола 1983
Коцевъ, Хр., Пред прага на 1903 г, Сб.Илинденъ 1903-1921, София 1921
Кочан, Исмет, Битка за Македонија. (Турската историографија за Балканските војни 1912–1913 со посебен осврт за Македонија), Скопје 2010
Кочанковски Јован, Битола и Битолско во Народноослободителната и антифашистичка војна на Македонија (1941–1945), т. 1, (1941–1943), Битола 2010
Кочанковски, Јован, Странски дипломатски претставништва во Битола, Зборник: Творештвото на браќата Манаки, Скопје 1996
К. Хр. С., Илинденъ въ Битоля, Ил. Илинденъ XIII/ 7 (127), София 1941
К. Хр. Пенсиитѣ, Ил. Илинденъ 2 (142), София 1943
Лапе, Љубен, Идејните основи на Привременото претставништво на бившата обединета внатрешна македонска револуционерна организација и неговата активност на Рариската мировна конференција 1919 година, ИсторијаIX/2, Скопје 1973
Лозанчевъ, А., Защо бѣхъ за въстание, Ил. Илинденъ, IX/3 (83), София 1937
Лори, Бернар, Архаичност и модерност на формите на насилие в Македония по времето около Илинденското въстание (1903). 100 години от Илинденско-преображенското въстание (1903 г.), Сборник доклади от международната научна конференция, София 26–27 септември 2003, София 2003
Майски, К. Н., Изъ споменитѣ ми за Пере Тошевъ, Ил. Илинденъ, VI/1-2 (51-52), София 1933
Макдермот, Мерсия, За свобода и съвршенство. Биография на Яне Сандански, София 1987
Македония в пламъци. Освободителните борби на българите от Македония в спомени на дейци на Вътрешната македоно-одринска революционна организация, Андон Кьосето, Анастас Лозанчев, Григор Попев, Аргир Манасиев, Христо Пасков, Мите Хаджимишев, Кърсто Лазаров, Екатерина Паница, записал Боян Мирчев, съставителство: Ива Бурилкова, Цочо Билярски, София 2003
Македония и Одринско. Статистика на населението от 1873 г. София 1995
Македнскиятъ Наученъ Институтъ на конгреса въ Битоля, Ил. Илинденъ, г. XIV/10 (140) София 1942

Матов, Христо, Македонската революционерна система, София 2001

Мѣрки за засилване на революционната организация. (Изъ запискитѣ на Ив. Х. Николовъ) , Ил. Илинденъ, 2 (72), София 1936

Миноски, Михајло, Пере Тошев, Скопје 2013

Миноски, Михајло, Политиката на Австро-Унгарија спрема Македонија и македонското прашање 1878–1903, Скопје 1982

Мирчев, Боян, Спомени на някои активни дейци на македонското революционно движение (Ан. Лозанчев, Гр. Ст. Попев, М. Хаджимишев), Известия на Института за БАН, София 1956

Мирчев, Димитар, Спомени (предговор и редакција д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2010

Moore, Frederick, The Balkan trail, London 1906

На конгреса въ Битоля, Ил. Илинденъ, г. XIV/7-8 (137-138), София 1942

Николов, Борис, Вътрешната македоно-одринска организация 1893-1934. Биографически–библиографски справочник, София 2001

Николовъ, М., Революционното движение въ Костурско, Спомени. София 1937

Николов, Тома, Спомени от моето минало, съставителство, предговор и белешки: Александър Пелтеков, София 1989

Освободителната борба въ Костурско. По спомени на Пандо Кляшевъ, (сообщава: Л. Милетичъ), София 1925

От София до Костур. Освободителните борби на българите од Македония в спомени на дейци от Врховния македоно-одрински комитет. (полковник Анастас Янков, майор Димитър Думбалков, поручик Борис Сарафов, инж. Христо Станишев, Георги Белев, Коста Шахов), София 2003

Палешутски, Костадин, Македонското освободително движение след първата световна война (1918-1924), София 1993

Пандев, Константин, Националноосвободителното движение в Македония и Тракия 1878-1903, София 1979

Пандевска, Марија, Струмичкиот револуционерен округ (1893-1903), Скопје 2001

Пандевски, Манол, Македонското ослободително дело во XIX и XX век, т. II, Скопје, 1987

Параскева А. Лозанчева, Ил. Илинденъ VIII/2 (72), София 1936

Пасков, Румен, Борис Сарафов 1872-1907, София 1996

Петров, Ѓорче, Спомени. Кореспонденција, (вовед, коментар и редакција: проф. Љубен Лапе), Скопје, 1984

Петросян, А. Ю., Младотурецкое движение (вторая половина XIX и начало XX в.) Москва 1971

Поплазаров, Ристо, Грчката политика спрема Македонија во втората половина на XIX и почетокот на XX век, Скоје 1978

Попов, Жеко, Димитър Петков за българската политика по македонския въпрос (1903-1907), Македонски преглед, XXI/2, София 1998

Пречки и опасности (Изъ запискитѣ на Ив. Х. Николовъ), Ил. Илинденъ, II (82), София 1937

Първиятъ централенъ комитетъ на ВМРО, Спомени на д-р Христо Татарчевъ, (сообщава: Љ. Милетичъ), София 1928

Революционната борба в Битолския окръг, Спомени от Георги п. Христов, София 1953

Революционната дейност въ Демирхисаръ (Битолско). По спомени на Алеко Стефановъ (демирхисарски войвода). Сообщава Боянъ Мирчевъ, София 1931

Ризај, Скендер, Управно-политичке реформе у Македонији (Косовском, Битољском и Солунском вилјаету) 1875-1881, Зборник: Македонија во Источната криза 1875-1881, Скопје 1978

Ристовски, Блаже, Даме Груев во извештаите на српскиот дипломатски застапник во Софија во 1905 година, Зб. Даме Груев 1871–1906, (истражување и материјали), Битола 1981

Русински, Петров Никола, Спомени (предговор, редакција и коментар Даринка Петреска-Пачемска и Војо Кушевски), Скопје, 1997

Семов, Минчо, Великите сили и българския национален въпрос, София 1991

Силянов, Христо, Освободителните борби на Македония, том I, (фототипно издание), София 1983

Силяновъ, Хр., Освобдителнитѣ борби на Македония, том втори, София 1943

Силянов, Христо, Писма и изповед на един четник. Спомени од Странджа от Витоша и Грамос, София 1984.

Скоко, С., Други балкански рат 1913, т.1, Београд 1968

Следъ конгреса, Ил. Илинденъ, г. XIV/7-8 (137-138), София 1942

Спомени: И. Х. Николов, Д. Груев, Б. Сарафов, Ј. Сандански, М. Герџиков, Х. Татарчев, (редакција: Иван Катарџиев), Скопје 1995

Спомени на Григор Стефанов Попев, Зб. Даме Груев 1871-1906, (истражување и материјали), Битола 1981

Спомени на Дамянъ Груевъ, Борисъ Сарафовъ и Иванъ Гарвановъ, (съобщава: Л. Милетичъ), София 1927

Спомени на Лука Джеров, сп. Македонска мисъл, I/7-7, София 1946

Спомени на Нијази (превод, предговор и коментар: Драги Ѓоргиев), Скопје 2011

Спомени: С. Арсов, П. Кљашев, Л. Џеров, Г. П. Христов, А. Андреев, Г. Папанчев, Л. Димитров (стручна редакција: Иван Катарџиев), Скопје, 1997

Станковъ, Тодоръ, Нѣкога и сѣга (спомени на преживелци), Съборътъ въ гр. Ресенъ, по случай освещаването на новата черква „Св. Кирилъ и Методий“ на 15 августъ 1894 г. Първа сбирка на револювионната организация, Ил. Илинденъ, г. 3/7 (27), София 1930

Стојанов, Петар, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна 1912–1918, Скопје 1969

Стојанов, П., Македонија во политиката на Големите сили во време на Балканските војни 1912–1913, Скопје 1979
Страници отъ миналото (Извлечения отъ дневника на К. Кондовъ) Ил. Илинденъ, г. II/ 4 (14), София 1929
Synvet, A., Les Greks de l' Empire ottoman: Etude statistique et ethnographique, Constantinopole, 1878
Татарчев, д-р Христо, Вътрешната македоно-одринска революционна организация като митологична и реална сщност (съставители: Цочо Билярски и Валентин Китанов), София 1995
Татарчев, d-р Христо, Спомени отъ миналото, Сб. Илинденъ, София 1922
Танковски-Лилин, Ѓорѓи и Кочанковски, Д. Јован, Битолско-преспанскиот партизански одред „Даме Груев" 1942–1944, Битола, 1998
Тзавелла, Христифор, Спомени на Анастас Лозанчев, член на главния щаб на Илинденското въстание, София 2007
Тодоровски, Глигор, Македонското прашање и реформите на големите европски сили, Скопје 1989
Трайчев, Г., Градъ Прилепъ, София 1925
Тракийци на конгрес въ Битоля (изъ речьта на Хр. Карамаджуковъ), Ил. Илинденъ, г. XIV/9 (139), София 1942
Убийтвото на Йово Йованович, Ил. Илинденъ, г. IV/ (4/34), София 1931
Хамза, Јусуф, Заемните односи меѓу прогресивните османски кругови и македонското револуционерно движење во втората половина на XIX и почетокот на XX век, Скопје, 1988
Хаџи Димов, Димо, Одбрани дела, редактор Манол Пандевски, Скопје 1984, т. 1
Цолев, Димов Ѓорѓи, Ѓорѓи Сугарев, Битола 1988
Šulek, Vladimir, Diplomatska historija centralnih sila 1882–1915, t. 1, Zagreb 1938

## ВЕСНИЦИ:

Otautau Standard and Wallace County Chronicle
Право
Революционненъ листъ
Родина
Свято дѣло